Димитар
ЉОРОВСКИ ВАМВАКОВСКИ

# **ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС**
## ГРЧКАТА ПРОПАГАНДА ВО КОСТУРСКАТА ЕПАРХИЈА
## (1900 – 1903)

70 години 1948–2018

ИНСТИТУТ ЗА
НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

Димитар Љоровски Вамваковски
**ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС**
ГРЧКАТА ПРОПАГАНДА ВО КОСТУРСКАТА ЕПАРХИЈА
(1900 – 1903)

*Издавач*
Институт за национана историја, Скопје

*За издавачот*
проф. д-р Драги Ѓорѓиев

*Главен и одговорен уредник*
проф. д-р Драги Ѓорѓиев

*Резензенти*
проф. д-р Марија Пандевска
проф. д-р Македонка Митрова

*Јазична редакција*
проф. д-р Лилјана Гушевска

*Техничко уредување и печат*
АВАНТ ПРЕС, Скопје

*Тираж*
250 примероци

Публикацијата е поддржана од
Министерство за образование и наука на Република Македонија

Димитар
ЉОРОВСКИ ВАМВАКОВСКИ

# ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС

## ГРЧКАТА ПРОПАГАНДА ВО КОСТУРСКАТА ЕПАРХИЈА (1900 – 1903)

Скопје, 2017

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР . . . . . . . . 7

ВОВЕД . . . . . . . . 13

ГЛАВА ПРВА

ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА
НА ГРЧКАТА ПОЛИТИКА . . . . . . . . 29

ГЛАВА ВТОРА

ПОЈАВАТА НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА
ОРГАНИЗАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА И КОСТУРСКО . . . . . . . . 53

1. Македонската револуционерна организација – програма, средства и ширење . . . . . . . . 53
2. Костурско – општи карактеристики: територија и население . . . . . . . . 64
3. Македонската револуционерна организација во Костурско: појава, ширење и резултати . . . . . . . . 75

ГЛАВА ТРЕТА

ДЕЈНОСТА НА ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС ВО КОСТУРСКО
ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ . . . . . . . . 99

1. Назначување на Германос Каравангелис за костурски митрополит . . . . 99
2. Почетните обиди на Каравангелис за организирање на вооружената борба против Македонската револуционерна организација . . . . . . . . 104
3. Создавање на платенички групи од месното население . . . . . . . .114
4. Грчкиот пропаганден триаголник во османлиска Македонија . . . . . . . . 121
5. Судири на Каравангелис со структурите на Македонската револуционерна организација . . . . . . . . 133
6. Авантуристичкиот поход на полковникот Анастас Јанков во костурската револуционерна околија . . . . . . . . 157
7. Костурската револуционерна околија во предвостаничка атмосфера . 166
8. Воената „проповед“ на Каравангелис во Костурско и првата грчка паравоена чета – десеттемината криќани . . . . . . . . 179

ГЛАВА ЧЕТВРТА
ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС И ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ . . . . . . . . . 191
1. Илинденското востание: реакциите на Кралството Грција и на грчките пропагандни институции во османлиска Македонија . . . . . . . 191
2. Почетокот на Илинденското востание во костурската револуционерна околија: активноста на гаваскиот одред на Каравангелис . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 198
3. Ослободувањето на Невеска . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 210
4. Соработката на Германос Каравангелис со османлиската власт во текот на Востанието. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 217
5. Дејноста на Германос Каравангелис за време на задушувањето на Востанието . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 224

ЗАКЛУЧОК. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 239
ABSRTACT . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 245

КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 251
РЕГИСТЕР НА ЛИЧНИ ИМИЊА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 259
РЕГИСТЕР НА ГЕОГРАФСКИ ИМИЊА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 263

# ПРЕДГОВОР

На прв поглед, за многумина оваа книга ќе претставува синоним или индиректно ќе се поврзува со повеќегодишниот наметнат мултидимензионален грчко-македонски спор. Истовремено, кај одредени поединци можеби ќе се појави и критичка настроеност, која ќе се базира на влијанието и на улогата што овој проблем (сам по себе) би му се наметнал и на авторот во конечниот изглед на овој труд. Затоа сметам дека сосема на почетокот, накусо треба да се осврнам на оваа тема. Имено, за време на пишувањето на оваа книга се соочував и со дилеми кои, во суштина, не беа поврзани со историјата како наука, туку произлегуваа од политичките околности околу корпусот прашања поврзани со грчко-македонскиот спор за терминот „Македонија". Преку истражувањето и презентирањето на дејноста на митрополитот Германос Каравангелис во Костурската епархија постоеше опасност да навлезам во директна колизија со позициите на официјална Атина. Имено, овој митрополит има значајно место во грчката историја и во хиерархијата на грчките национални херои, а Костурската Каза, како во минатото така и во сегашноста, се доживува само како дел од грчките историски територии. Официјална Атина тврдеше и сè уште тврди дека само таа има ексклузивно право на историјата на делот од територијата на Македонија кој од 1913 година се наоѓа во составот на грчката држава. Под тоа се подразбира дека таа е и дел од националниот мит за бесмртноста на грчката нација и територија која во современието, без разлика на разните историски периоди, е национално хомогена. Од страна на грчката држава се потенцира тезата дека во македонската национална историја се вклучуваат територии коишто денес се наоѓаат во границите на Северна Грција или личности што се родиле и настани што се случиле во тој дел од османлиска Македонија. Се оди до таму што од одредени грчки кругови ова дури го толкуваат како неспорен доказ за постоење иредентистички цели на Р Македонија кон државните граници на Р Грција?! Меѓутоа, ако размислуваме од таков агол, веднаш се поставува следното прашање: дали официјална Атина пројавува иредентизам кон територииите на современата турска држава ако грчките историчари истражуваат одредени настани кои

во минатото се случиле на териториите на тогашната Османлиска Империја, а денес се во рамките на државните граници на Република Турција, и ако таквите трудови се дел од богатата библиографија од грчка провениенција на овие теми? Во тој контекст, а како одговор на ваквите неосновани тврдења, можеме да упатиме на неспорниот факт дека светската историска наука истражува личности, настани и процеси коишто се случиле во минатите векови без разлика на актуелните државни граници, затоа што тие тогаш не постоеле.

На апсурдноста и неиздржаноста на погореспоменатите позиции на официјална Атина се надоврзува и фактот што оваа книга истражува период од историјата на Македонија кога таа сѐ уште се наоѓала во рамките на Османлиската Империја, а кога, всушност, грчката држава (како и другите балкански држави претенденти на територијата на османлиска Македонија) се водела единствено од сопствените потреби и иредентистички цели кон суверeноста и територијалниот интегритет на османлиската држава. Ако ја прифатиме реториката на грчката политика, тогаш последната констатација може да послужи како одговор на неоснованоста на нивните барања. Сепак, изјавите од овој тип, без разлика дали доаѓаат од официјални претставници во Скопје или во Атина, можат да се перцепираат само врз основа на дневнополитичките релации меѓу двете држави во однос на наметнатиот спор за името на Република Македонија. Ваквиот пристап не смее и не може да влијае врз историјата како научна дисциплина. Тоа не смее да претставува причина за да му се ограничи на еден научник да истражува одредени личности, настани и процеси од историјата дури и при постоење на различни научни становишта. Едноставно кажано, на минатото никој нема право на ексклузивност.

Истовремено, а во однос посочените дилеми, неминовна фаза во развојот на поголемиот дел од историчарите е способноста пред себе постојано да ги реактуелизираат своите погледи за одредени настани и процеси од историјата. Ваквиот пристап и досегашното искуство во научноистражувачката работа придонесоа за тоа и јас постепено да ги надградувам своите првобитни сознанија за историската наука, а истовремено да созревам и да се надградувам како научник. Оттука, како што истакнал британскиот историчар Едвард Кар, историчарот не му припаѓа на минатото, туку на сегашноста, но, уште повеќе, дека внесувањето емоции во историјата може да изроди романтизам. Исто така, конкретен кон ова прашање бил и францускиот филозоф и историчар Ернст Ренан, кој во еден текст од втората половина на XIX век појаснува дека заедничкото минато кое ја создава историјата на

еден народ не би смеело да биде помешано со неговата вистинска историја. Сепак, треба да бидеме реални дека постигнување апсолутна објективност перцепирано од научен аспект претставува илузија, меѓутоа тенденцијата кон објективност е должност кон која треба да стреми секој историчар.

Во прв план, оваа книга ја проучува дејноста на митрополитот Германос Каравангелис во Костурската епархија во периодот од почетокот на XX век до крајот на Илинденското востание. И покрај фактот што Каравангелис ја извршувал должноста на костурски митрополит сѐ до 1907 година, целта на овој труд е да ѝ ја доближи на пошироката публика неговата почетна пропагандна активност во Југозападна Македонија. Одлуката да се истражи само оваа, навидум, куса временска рамка се должи на развојната етапа на грчкото пропагандно дејствување во османлиска Македонија, во кое значајно место зазема и самиот митрополит. Поточно, тоа било времето на постепеното трансформирање на грчката пропаганда од религиозно-просветна во вооружена. Последната, пак, кулминира во периодот на грчката т.н. „македонска борба“ (1904 - 1908).

Покрај интересот за настаните и процесите во однос на грчката политика кон османлиска Македонија кон крајот на XIX и во почетокот на XX век, влијание врз одлуката да го проучувам овој период беше и поврзаноста, т.е. испреплетеноста на грчката т.н. „македонска борба“ со појавата и развојот на Македонската револуционерна организација. За овие сложени процеси од македонската историја, исто така, имав особен интерес. Истовремено, одлуката да се истражи и да се презентира почетната дејност на костурскиот митрополит Каравангелис се базираше на неговата улога како централна личност во андартското движење во овие предели на османлиска Македонија и како еден од главните иницијатори и организатори на вооруженото дејствување против македонското националноослободително и револуционерно движење во периодот пред и за време на Илинденското востание.

Содржината на книгата е обработена и хронолошки и тематски. Па така, во самиот нејзин концепт паралелно со хронолошкиот тек на настаните, неопходно беше и тематско истражување на субјектите кои биле главни протагонисти во процесите што се обработени во овој труд. Затоа покрај основните аспекти на грчката пропаганда во османлиска Македонија при крајот на XIX и почетокот на XX, со особен осврт на дејноста на митрополитот Каравангелис, се опфатени и развојните етапи на македонското ослободително и револуционерно движење во османлиска Македонија и детално во костурската околија. Ваквиот концепт на работа

беше потребен, пред сè, поради еден круцијален факт. Имено, во грчката историографија доцноосманлискиот период од историјата на Македонија, со акцент на грчката активност во оваа област, е прикажан како борба на елизинизмот за ослободување на Македонија од османлиска доминација. Оттука, поголемиот број грчки историчари, занемарувајќи ги другите околности, субјекти и процеси, во согласност со грчкиот национален мит, овој период го прикажуваат како една од клучните национални етапи во обликувањето на модерната грчка нација-држава. Посебно значење им се придава на грчките институции и организации кои учествувале во овој процес, а најзначајните нивни борци се издигнати на ранг на национални херои, вклучително и митрополитот Германос Каравангелис.

Но, изворното историско градиво пред историчарот ги поставува основните прашања: против кого се бореле овие грчки херои и дали навистина нивниот мотив бил ослободувањето на османлиска Македонија? Впрочем, и една од целите на оваа книга е да даде аргументиран одговор токму на овие прашања поткрепен со изворни документи. Имено, пишувајќи од грчка перспектива, грчките историчари како најголем непријател во правото и борбата за ослободување на Македонија, покрај османлиската власт, ја детектираат и ја прикажуваат пропагандната дејност на соседните балкански држави, во прв ред на Кнежеството Бугарија и на Егзархијата. Грчката историографија во корпусот бугарски пропагандни институции и организации кои дејствуваат во османлиска Македонија ја вклучува и Македонската револуционерна организација (МРО), сметајќи ја за продолжена рака на официјална Софија и на нејзините интереси во османлискиот Балкан. Меѓутоа, МРО, која изникнала од македонскиот простор и која се водела од интересите и потребите на месното македонско население (се градела врз специфичните услови во доцноосманлискиот период), претставувала антипод не само на официјалната бугарска политика тука и на целите и интересите на другите балканските претенденти на османлиска Македонија. Споредбената анализа на посочениот период, всушност, ѝ ја доближува на пошироката јавноста објективната дејност на митрополитот Каравангелис и на грчките пропагандни институции. Впрочем, изворите докажуваат дека, на теренот, најголем непријател на грчките интереси била МРО и нејзината програма за создавање автономна Македонија. Оттука, костурскиот митрополит не само што не се борел за ослободувањето на Македонија од османлиска доминација туку, напротив, го правел спротивното и на секој начин, најчесто и во содејство со османлиската власт, се обидувал да ја уништи идејата на МРО за слободна и посебна македонска држава.

И сосема на крајот, како што е вообичаено, во овој дел од предговорот авторот им се заблагодарува на сите оние што на еден или на друг начин помогнале во создавањето на книгата. Затоа, најнапред сакам да им се заблагодарам на моите ментори од Институтот за национална историја. Најпрво на проф. д-р Крсте Битовски, кој на почетокот ме воведе во пишувањето на историско-популарни текстови, а потоа како ментор и на магистерскиот труд. Голема благодарност изразувам до проф. д-р Марија Пандевска, која несебично ме водеше и ме насочуваше како ментор во најголем дел од магистерските, а потоа и на докторските студии. Во оваа пригода би сакал да ја цитирам Пандевска, која честопати знаеше во текот на изработката на овој труд да ми каже: „Димитар, како што ти учиш од мене", мислејќи на сето она што еден ментор може да му го понуди на својот кандидат перцепирано од историско-методолошка гледна точка, „така и јас учам од тебе", нагласувајќи ги историските сознанија кои ги стекнала во процесот на изработката на трудот, а поврзани со грчката политика кон т.н. „македонското прашање". Ваквиот пристап на Пандевска и многуте часови поминати во дискусии околу одредени историски настани и процеси поврзани со самата тема беа постојан поттик и инспирација ова дело да го добие својот конечен изглед. Оваа книга во никој случај немаше да може да биде оформена на овој начин без целосната поддршка од мојата мајка, Елефтерија Вамваковска Љоровска, која постојано ми беше морална поткрепа и ми пружи логистичка и стручна помош при изработката на темата (таа беше една од ретките познавачи на грчката катаревуса во Р Македонија). За жал, таа не успеа да ја дочека нејзината финална верзија во облик на публикувана монографија. Му искажувам благодарност и на моето семејство, кое за цело време беше покрај мене и покажуваше разбирање додека ја подготвував книгата. Исто така, голема благодарност упатувам и кон Институтот за национална историја во Скопје, кој ми овозможи соодветни услови најпрво да магистрирам, а подоцна и да работам на конечната верзија на монографијата. Секако, оваа книга немаше да ѝ биде достапна на пошироката читателска публика ако не беше финансиската поддршка од Македонското меѓународно движење за човекови права, или „Macedonian human rights movement international" (MHRMI), „Авто-мото сојуз на Македонија" (АМСМ) и „Пирин Експорт – Скопје".

Скопје, 2016 г. Димитар Љоровски Вамваковски

# ВОВЕД

`

Во периодот од крајот на XIX и почетокот на XX век територијата на османлиска Македонија веќе била инкорпорирана во големодржавните иредентистички проекти на балканските држави, кои меѓусебниот антагонизам го претвориле во жестока пропагандна конфронтација. Истовремено, не изостанувале и перманентните напори за наметнување примат врз т.н. македонско прашање пред европската јавност. За таа цел биле поставувани, а најчесто и измислувани најразлични историски, етнографски, јазични, културни, црковни и други критериуми, преку кои се докажувал грчкиот, бугарскиот или пак српскиот карактер на османлиска Македонија. На тој начин, во меѓусебните надмудрувања, главните конкурентски национални доктрини создале одредени предности или недостатоци во користењето на сопствените компаративни пропагандистички методи: јазикот, свеста, образованието, финансиското влијание и историјата.[1] Најголемиот проблем за овие претенденти било непостоењето или немањето доминантно свој етникум на териториите кои ги зацртале во своите идни државни граници. Од друга страна, преднационалниот османлиски милет-систем ја фаворизирал црковната припадност на сметка на етничките граници/разлики. Во такви услови, освен пројавите на македонски протонационализам кај месното население, може да се смета дека броењето и пребројувањето на „својата националност“ на балканските претенденти во османлиска Македонија претставува инпортиран процес, кој служел, пред сè, за остварување на националистичките големодржавни проекти. Оттука, дејноста на костурскиот митрополит Германос Каравангелис единствено може да се разгледува како дел од пропагандната активност на грчката држава, како редок пример кој напоредно ги пракитикувал т.н. мирна (образовна и духовна) и вооружената пропаганда во југозападниот дел на османлиска Македонија.

Во текот на целиот XIX и во почетокот на XX век, во развојот на општествено-политичките односи на малите држави на Балканскиот По-

[1] Michalis Kaliakatsos, „Ion Dragoumis and ‘Machiaveli’: Armed struggle, propaganda and hellenization in Macedonia and Thrace (1903–1908)“, *Journal of Modern Greek Studies*, volume 31, number 1, may 2013, стр. 59.

луостров од круцијално значење била политиката на Големите сили. Во оваа насока можат да се посочат два значајни аспекта на геополитиката на европските држави кон Балканот.

Првиот аспект е поврзан со влијанието на новите модерни општествени феномени, кои извршиле драматични трансформации и модернизација во повеќе сегменти од социјалното, економското и од политичкото живеење во Западна Европа. Овие идеи постепено (најчесто преку балканската интелектуална елита, но и преку заемната интеракција на народите) започнале да навлегуваат и во Османлиската Империја. Просветителството, романтизмот и неокласицизмот влијаеле на борбата на христијанските народи против османлиската доминација, при што „духот на слободата извирал од Француската револуција, чии универзални визии биле доживувани како средство за ослободување од различните потиснувања и доминации во најразличните сегменти од секојдневниот живот на поединецот“.[2]

Во овој контекст, од посебна важност била и појавата на општествениот феномен на модерната нација, а оттука и на националната идеологија. Идеите за овие феномени, продирајќи на Балканот, а испреплетени со локалните менталитети и влијанието на православието и на османлискиот милет-систем ја определиле формата на развојот на балканските нации-држави. Ако, од една страна, поимањето на националниот идентитет/припадност сè уште не биле искристализирани и заокружени како научно верифицирани сознанија низ Европа, од друга страна, средината на XIX век е период на т.н. „ера на триумфалниот буржоаски либерализам“. Преку него, претставите создадени за тоа како треба да изгледа една национална држава несомнено влијаеле и врз политиката на балканските држави.[3]

Во суштина, станува збор за тогашната либерална теорија на нациите, која посебно ја има елаборирано познатиот марксист и британски историчар Ерик Хобсбаум.[4] Имено, во основата на овие либерални теории се наоѓа претпоставката дека во светот можат да постојат само т.н. животоспособни национални држави. Критериумите, пак, за „животоспосбност“ биле т.н.

---

2 Димитар Љоровски Вамваковски, „Создавање на грчката нација-држава: градење на националниот мит“, *ГИНИ*, Скопје, 2014, стр. 106.

3 Ленина Жила, „Детерминација на Балканските војни од гледна точка на сфаќањата за ’живтоспособност‘ на државите“, *100 години од Балканските војни; прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година, МАНУ*, Скопје, 2013, стр. 229, 230.

4 Ерик Хобсбаум, *Нациите и национализмот по 1870. Програма, мит, стварност*. Скопје, 1993.

принципи на достигнување на прагот: опширна територија, задоволителна бројност на население и излез на отворено море. Кога европските држави низ оваа призма ги третирале малите балкански држави, направиле исклучок. Причината за ова се наоѓала во тенденцијата на дел од Големите сили (Русија и Австро-Унгарија) за истиснување на Османлиската Империја од европскиот контитенент. На ова се надоврзува и судирот на интереси на „цивилизираните" држави на Балканот во насока на поделбата на свои сфери на влијание. Во тој контекст, балканските држави, базирајќи се на претставите формирани од либерланите теории за нациите, својот стремеж кон целосно осамостојување (постигнување целосен суверенитет) го врзувале со територијалната експанзија на сметка на османлиската држава.[5] Оттука, набргу по своето создавање, прифаќајќи ја оваа идеологија, новите балкански нации-држави ја инкорпорирале во своите национални доктрини. На тој начин, балканските престолнини, преку пропагандните институции што постојат во империјата, го започнале процесот на наметнување на сопствените национални идеологии врз православните поданици на султанот.

Вториот аспект на ова прашање биле геополитичките интереси на Големите сили во однос на Балканскиот Полуостров. Во тој контекст „македонското прашање"[6] претставувало само еден сегмент од т.н. источно прашање.[7] Балканот поради својата стратешка местоположба во текот на целиот XIX век, па сè до почетокот на Првата Светска војна бил поле на силен антагонизам и конфронтација меѓу големите европски сили, посебно меѓу Австро-Унгарија и Русија, како т.н. повеќе заинтересирани сили: Австро-Унгарија како географски сосед на османлиската држава, а Русија како империја на православието. Оттука, дел од европските држави (Англија, Франција, Италија и Германија) се залагале за статус-кво на империјата заради заштита на својот капитал во неа. Овие држави инсистирале и помагале во спроведувањето реформи во османлиската држава. Од друга страна, пак, Русија и Австро-Унагрија се залагале за нејзино распаѓање, надевајќи се дека на таков начин ќе ги реализираат своите геостратешки

5 Л. Жила, „Детерминација на Балканските војни..., стр. 229,

6 „Македонското прашање" официјално се појавило на Берлинскиот конгрес од 1878 година за време на *Големата источна криза* (1875 – 1881).

7 Според рускиот историчар Фјодор Успенски, суштината на „источното прашање" била политичката форма која ја одржувала државната и економската положба на христијанското население на Балканскиот Полуостров и прашањето за европските територии на османлиската држава. Фјодор И. Успенски, *Источно питање*, Београд, 2003, стр. 18.

цели. Во 1897 година британскиот премиер и министер за надворешни работи, лордот од Солзбери Роберт Гаскоњ-Сесил, на следниот начин го претставил големиот проблем на тогашната дипломатска современост: „(...) како да се отстранат Турците од каква било форма на власт во областите на Османлиската Империја, а истовремено да се задржи нејзината независност и територијален интегритет“.[8] Лордот од Солзбери, фактички, ја пресликал реалната политика кон која се стремеле дел од Големите сили, кои имале директни економски привилегии во империјата. Од една страна, преку ограничување, т.е. „отстранување“ на апсолутистичката власт на султанот и наметнување реформи, европските сили се натпреварувале за влијание и внатрешно мешање во политиката на Високата порта, што само по себе значело своевиден протекторат. Од друга страна, пак, поради меѓусебните конфронтации и антагонизам во тој период, Големите сили цврсто стоеле на принципот за статус-кво, односно за зачувување на територијалниот интегритет на империјата, занемарувајќи ги во најголем процент барањата на балканските народи. Обидувајќи се да ги заштити своите интереси во Османлиската Империја, секоја од големите европски сили се обидувала да го наметне своето влијание врз Високата порта, но и врз политиките на малите балкански држави, а со тоа, индиректно, и врз нивните пропагандни институции во империјата.

Во целосно испреплетени политички констелации меѓу балканските нации-држави за идна превласт врз територијата на османлиска Македонија и реална контрола врз македонското православно население, како и во текот на развојните етапи во националистичкиот судир на пропагандните институции, на политичко-општествената сцена се појавило автохтоното македонско преродбенско и националноослободително движење. Оттука, историјата на македонскиот етникум претставува историја на еден балкански народ, кој во периодот на втората половина на XIX век ги започнал процесите на своја еманципација и национално изградување. Овие појави воделе кон процес на негово самодефинирање. Процесот започнал како резултат на отпорот против Патријаршијата како единствена призната христијанска црква во Османлиската Империја (до 1870 година), која од XIX век престанала да функционира како Вселенска (сехристијанска) и сè повеќе наликувала на грчка национална институција, па продолжил до одделувањето на својата посебност во однос на другите блиски словенски

---

8 Μιραντα Παξιμαδοπουλου-Σταυρινου, *Η διπλωματια των Δυναμεων και οι μεταρυθμισεις στη Μακεδονια, 1903-1904*, Αθηνα, 2009, стр. 13.

народи: бугарскиот и српскиот. Сите овие процеси се одвивале во периодот на македонската преродба и во рамките на националноослободителното и револуционерно движење предводено од Македонската револуционерна организација – МРО (1893 – 1908).

Фазите во развојот на посебниот македонски национален идентитет во доцниот XIX и во првата половина на XX век можат да се следат и низ теоријата на чешкиот историчар и политички теоретичар Мирослав Хрох.[9] Појавата на МРО (од 1896 г. ТМОРО, од 1905 г. ВМОРО) на историската сцена го означува почетокот на новата, „поразвиена фаза на развојот на националното конституирање на македонскиот народ“.[10] Во нејзиниот првиобитен развоен стадиум, „Македонската револуцонерна организација и нејзниот прием кај христијанското население на Турција во Европа не открива присуство или отсуство на национален идентитет, туку процес на интеракција и свесно предедување (прераспределување) [кон] различните лојалности“.[11] Создавањето лојалност кон македонското револуционерно движење ги нарушило дотогашните воспоставени ориентации на македонското православно население кон пропагандните институции на балканските држави, кои потекнувале од лојалноста на одреден милет во империјата. Во тој контекст, МРО започнала да ги менува тогашните текови во османлиското општество, на тој начин навлекувајќи го на себе непријателството на државните иредентистички политики на официјалните Атина, Софија и Белград. Политичката програма на Организацијата, која предвидувала автономија на Македонија, заедно со девизата „Македонија на Македонците“, несомнено водела кон национално оформување на македонското словенско население, кое во тој период било именувано како грчко, односно бугарско, врз основа на црковната припадност. Ваквиот развој на настаните предизвикал силни реакции и прегрупирање кај соседните државни, црковно-училишни пропаганди, кои дотогаш се сметале за единствени репрезенти на целото македонско православно население.

Во ваква констелација на односите на османлискиот Балкан настанала и промената во приоритетите на националната политика на грчкото кралство.

---

9 Мирослав Хрох, *Општествени предуслови за националната преродба во Европа; Компаративна анализа на општествениот состав на патриотските групи кај помалите европски нации*, Скопје, 2014, стр. 22–30.

10 Манол Пандевски, *Националното прашање во македонското ослободително движење* (1893–*1903)*, Скопје, 1974, стр. 293.

11 Кит Брун, *Верни до смрт: Довербата и теророт во револуционерна Македонија*, Скопје, 2014, стр. 50.

Имено, ако дотогаш се давало предност на настаните поврзани со островот Крит, во овој период реалноста налагала „македонското прашање“ да биде третирано како суштинско за националните интерси на грчката надворешна политика. Но, поразот на грчката држава во грчко-османлиската војна од 1897 година налагал официјална Атина да се однесува крајно претпазливо во спроведувањето на својата политика кон османлиска Македонија. Поради овој факт, таа се одлучила на постепено затоплување на билатералните односи со Високата порта, надевајќи се дека на тој начин ќе ги заштити интересите на *елинизмот* во империјата. Во исто време, грчкото кралство било во постојани дипломатски преговори, односно надмудрувања со другите претенденти на османлиска Македонија (во прв план со Србија и со Бугарија). Сепак, како резултат на „просторното совпаѓање на нивните национални претензии“, тие предизвикувале „силен антагонизам меѓу балканските дражави“.[12]

Од друга страна, сè повеќе се зголемувал притисокот врз официјална Атина од разните грчки национални друштва и организации за поактивно ангажирање и промена на стратегијата кон „македонското прашање“. Како резултат на ваквиот константен притисок, грчката влада постепено се ориентирала кон промена на политиката во однос на „поробениот“ *елинизам* во османлиска Македонија. Во таа насока, грчката држава започнала засилено, кадровски и, пред сè, материјално, да ја помага грчката образовна пропаганда во империјата, но и да го менува ставот кон Вселенската патријаршија. Имено, во последните години на XIX и на почетокот од XX век официјална Атина била во конфликт со Патријаршијата околу начините на водење на грчката национална политика во османлиската држава.

По формирањето на Егзархијата во 1870 година, главна цел на Цариградската патријаршија (преку своите врски и контакти во престолнината) било отстранувањето на седиштето на егзархиската црква од Истанбул и нејзиното лишување од диецеза во империјата. Истовремено, патријаршиските чиновници се обидувале да ги убедат османлиските власти да ја признаат Егзархијата само како шизматичка црква и да ги натераат егзархиските свештеници да носат облека различна од нивната; на тој начин и симболично би се потврдило исклучителното право на Вселенската патријаршија да ги претставува православните христијани во империјата.[13] Од друга страна,

---

12 Κωνσταντινος Α. Βακαλοπουλος, *Νεοελληνικη ιστορια (1204-1940)*, Θεσσαλονικη, 1990, стр. 326.

13 Юра Константинова, *Българи и Гърци в борба за османското наследство*, Фабер, 2014, стр. 33

променатa на политиката на грчката влада кон Вселенската патријаршија значело и нејзино директно мешање во изборот на новиот патријарх Јоаким III (1901) откако тој се согласил владата да ја има раководната улога во решавањето на националните прашања. Во тој контекст, грчките власти, по промената на патријаршискиот трон, почнале да водат посебна грижа за „добриот избор и за назначувањето искусни и проверени митрополити, кои би биле во можност да одржуваат добри односи со месните власти, а воедно и да работат со љубов кон татковината“.[14] Промената на старите митрополити, кои според грчките дипломатски претставници во империјата биле претставени како неспособни, несовесни и не одговарале на сериозноста на национална ситуација[15], и постепеното назначување нови, „национално погодни“, го исфрлиле на историската сцена Германос Каравангелис.

Стилијанос Каравангелис е роден на 16 јули 1866[16] година во селото Стипси на островот Лезбос.[17] Во 1868 година неговото семејство се преселило во градот Адрамити во Мала Азија, каде што од претходно работел неговиот татко. Во своите спомени Каравангелис ќе раскаже: „(...) таму се родија моите шест сестри, едната умре многу мала и последниот брат Еврипидис, кој, исто така, умре млад.“[18] Во 1882 година, по препорака на митрополитот Агатангелос од Ефеос, се запишал на христијанското Теолошко училиште на островот Халки. Во тоа време Халки, кој се наоѓа во Мраморното Море (близу самиот Истанбул), претставувал еден од повеќето духовно-образовни центри на Цариградската патријаршија. За време на школувањето, Каравангелис се зближил со Павлос Скилицис Стефановиќ, кого во своите спомени го нарекува „старател“.[19]

Стилијанос дипломирал во 1888 година и истата година од патријархот Дионисиос V бил хиротисан за ѓакон, по што го добил монашкото име Германос. Тој ја одбил понудената работа во Патријаршијата и по сугестија на своите професори одлучил образованието да го продолжи во Европа. Во

---

14 Κ. Α. Βακαλοπουλος, *Νεοελληνικη...,* стр. 319.

15 Исто, стр. 318.

16 Датумите во продолжение се даваат според стар стил.

17 Во тој период островот Лезбос бил дел од Османлиската Империја.

18 Германос Каравангелис, *Македонскаѿа борба (мемоари)*, превод Васко Караџа, Скопје, 2000, стр. 7.

19 Μιχαήλ Στάϊκος, „Η συμβολή του μητροπολίτη Καστοριάς Γερμανού Καραβαγγέλη στον μακεδονικό αγώνα“, *Εταιρεία Μακεδονικών Σπουδών,* „Μακεδονικός αγών: εκατό χρόνια από τον θάνατο του Παύλου Μελά“, επιστημονικό συνέδριο, Θεσσαλονίκη, 2004, стр. 41.

1888 година се запишал на Филозофскиот факултет во Лајпциг. Престојот во Европа извршил големо влијание врз интелектуалното надградување на Каравангелис, пред сè со изучувањето на општата и на црковната историја и на филозофијата. Во 1891 година тој се стекнал со титулата доктор по филозофија. Истата година Каравангелис бил назначен и за професор во Теолошкото училиште во Халки. Тука предавал црковна историја и други теолошки предмети, а својот престој во училиштето го завршил во 1896 година, кога од страна на патријархот Антимос VII бил назначен за митрополит на Перан.[20] Во тој дел од градот биле сместени голем број странски амбасади. Во ова опкружување се испреплетувале интересите на разни религиозно-училишни пропаганди институции во Османлиската Империја.



Германос Каравангелис – Лајпциг (1881-1891)

[20] Перан е населба во Истанбул, поточно во стариот дел од градот, сместена на северниот дел од брегот на Златниот Рог.

Престојот на Каравангелис во Перан имал големо значење за следната етапа од неговата дејност и како драгоцено искуство подоцна го искористил во Костурската епархија. Имено, за време на началствувањето во престолнината на империјата, за првпат на дело ги видел значењето и силата на религиозно-училишната пропаганда. Неговата национална посветеност и ангажираност биле добра препорака за повисоките институции на грчката држава, при што на нивно инсистирање бил испратен на својата најзначајна животна мисија – да биде костурски митрополит. По сугестија на грчката влада, на таа позиција бил поставен од патријархот Јоаким III. Каравангелис пристигнал во Костур во есента 1900 година, а функцијата ја извршувал сѐ до 1907 година.

Подоцнежната кариера на Каравангелис продолжува со неговото поставување за митрополит на Амасија (5 февруари 1908 година), што претставува и следна етапа од неговата црковно-национална мисија. Амасија се наоѓа во северниот дел од областа Понд, сместена меѓу јужното крајбрежје на Црното Море и Анадолија. Оваа област била со мешана структура на населението, меѓу кое најбројни биле Пондите, потоа Ерменците, Курдите, Турците, Арапите итн. Основната дејност на Каравангелис меѓу христијаните во Понд била отворањето црковни и световни училишта, изградба на цркви и честа обиколка на населените места во епархијата.

Германос Каравангелис на двапати се кандидирал и за патријаршискиот престол (во 1913 и во 1921 г.), но и во двата случаи бил одбиен при изборот за таа позиција. Тој одиграл значајна улога и во настаните од Првата светска војна. Во 1914 година го спречил обидот за населување на муслиманско население во пондските села, а наредната година спасил и голем број Ерменци од османлискиот терор.[21] Насилствата и убиствата извршени од османлиската држава во текот на војната врз христијаните во Понд предизвикале вооружен отпор од страна на месното население. Младотурците како главен организатор и виновник на бунтот го посочиле токму Каравангелис. Како резултат на обвинувањата на османлиската власт, во 1917 година тој бил затворен. Во 1922 година, и покрај смртната пресуда изречена од младотурците, митрополитот успеал да ја напушти османлиската држава благодарение на новодобиената служба како јанински митрополит. Во грчката престолнина бил предложен за архиепископ на Атина, но повторно, како и во случајот со патријаршискиот престол, по

[21] Παναγιώτης Τσαγκάρης, Γερμανός Καραβαγγέλης. Ο Παπαφλέσσας της Λέσβου, http://www.aegeantimes.gr/pigizois/BIBLIA/germanos.htm.

наредба на тогашниот грчки премиер Стилијанос Гонатас не бил избран на таа позиција.

Каравангелис на чело на јанинската митрополија останал само една година. Како истакнат венизелист, по падот на владата на Елефтериос Венизелос,[22] тој бил „прогонет од ројалистите“.[23] Имено, политичкиот живот во грчката држава во периодот на Малоазиската војна (1920 – 1922) и непосредно по нејзиното завршување се карактеризирал со нестабилност, што резултирало со чести промени на владејачката гарнитура, која се менувала меѓу Либералната партија на Венизелос и ројалистичката Народна партија. Во тие политички судири не ретко страдал и самиот Каравангелис, како, на пример, во 1921 година, кога токму поради инструкциите на тогашната влада на ројалистите не бил избран за патријарх. На 15 април 1924 година Каравангелис бил поставен за митрополит на Унгарија и егзарх на Централна Европа, додека на 12 август истата година бил избран за митрополит на Амасија и Централна Европа со седиште во Виена. Последните години од својот живот ги поминал во сиромаштија, изолиран и игнориран од грчката државно-политичка и црковна елита.

Германос Каравангелис починал во Виена на 11 февруари 1935 година. Грчката влада по неговата смрт не дозволила телото да биде пренесено во Атина. Во својот тестамент гордо напишал дека „на нацијата ѝ пружив сѐ што било можно за еден свештеник“, но и со своевидна огорченост изразил желба дека „не прифаќам да присуствуваат на мојот погреб ниту претставници на државата ниту на црквата“.[24] Во 1959 година, по иницијатива на Друштвото за македонски студии од Солун, посмртните останки на Каравангелис биле пренесени најпрвин во Солун, а од таму во Костур, каде што и ден-денес се наоѓа неговиот гроб. Изборот на локацијата за неговото вечно почивалиште доволно јасно го покажува денешното значење и симболиката која грчката национална политика му ги придава за работата додека бил костурски митрополит.

Спомените на Германос Каравангелис се еден од основните историски извори кои се користат од истражувачите за историските настани поврзани со грчката политика кон османлиска Македонија од почетокот на XX век, со

[22] Елефтериос Венизелос тогаш бил на чело на грчката влада по петти пат (11 јануари – 6 февруари 1924 година), од вкупно седумте пати колку што бил премиер на Грција.

[23] Μ. Στάϊκος, „Η συμβολή του μητροπολίτη Καστοριάς..., стр. 47.

[24] Исто, стр. 47.

посебен акцент на илинденскиот период и времето на грчката „македонска борба“. Во 1959 година, на иницијатива на Друштвото за македонски студии, покрај пренесувањето на моштите на Каравангелис од Виена во Костур, биле издадени и неговите спомени, кои до денес се преиздадени неколку пати.[25] Во 2000 година се објавени и на македонски јазик од издавачката куќа „Култура“, а во превод на Васко Караџа.

Познато е дека спомените имаат двојно значење: историско и филолошко. Како историски материјал, тие претставуваат второстепен, т.е. индиректен извор, во кој раскажувачот се соживува со настанот и, се разбира, го зазема централното место. Филолошкото значење е тесно поврзано со говорниот јазик на раскажувачот, со неговиот начин на изразување, особено во времето во кое живее и пишува.

Субјективизмот е една од особеностите на овој вид историски извор, се разбира, некаде изразен во поголема, а некаде во помала мера. Карактеристично за спомените поврзани со т.н. македонска борба било премолчувањето на одредени настани и личности поради фактот што се пишувани долго време откако тие се случиле и живееле. Од друга страна, учесниците во грчката „македонска борба“ ги раскажувале или ги пишувале своите спомени неколку децении подоцна, и тоа по нарачка, најчесто финансирани од грчките државни институции. Грчкиот историчар Василиос Гунарис за ваквиот вид извори (во предговорот на дневникот на грчкиот *македономах,* „борец за Македонија“, Ефтимијос Каудис) ќе заклучи дека за историчарот се лесно сфатливи „условите на нивното пишување и временското растојание, кои, од една страна, ги ограничуваат важните детали на секојдневниот живот, а од друга, стануваат повод за идеолошка историја“.[26]

Влијанието на грчката државно-национална политика во периодот на нивното создавање била несомнено присутна. Тоа, од друга страна, го принудува истражувачот при нивното користење да се однесува со голема претпазливост и секогаш да прави компарација со други извори од примарно или од секундарно значење. Спомените поврзани со грчката „македонска борба“ денес, како и во периодот на нивното создавање, во голем степен се користат во политичко-националните цели на грчката држава и во настојувањето споменатиот историски период да се издигне на рамниште на

---

25 Спомените на Каравангелис ги преобјавува издавачката куќа „Барбунакис“ од Солун. Според податоците со кои располагаме, тие се преиздадени во 1994 и во 2003 година.

26 Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, *Φθινοπωρο του 1904 στην Μακεδονια; Το ανεκδοτο ημερολογιο του Μακεδονομαχου Ευθυμιου Καουδη*, Θεσσαλονικη, 1992, стр. 9–10.

важност какво што имале грчкото востание и борбата за создавање грчка држава (1821 – 1830). За разлика од потенцираното наметнување на ваквиот вид литература и извори, грчкиот публицист Димитрис Литоксоу смета дека „некои официјални документи и дневници се чуваат херметички затворени во одредени архиви и никогаш нема да бидат објавени“.[27] Во секој случај, и покрај постоењето на голем број спомени, мал број од нив биле публикувани. Сепак, во последните години се забележува тенденција на зголемено издавање на досега необјавени спомени и дневници на *македономахи*, но од приватни лица или од независни издавачки куќи.

Спомените на Каравангелис се напишани во 1930 година. Начинот на нивното составување кај современициите од тој период, но и кај голем број денешни историчари, предизвикуваат сомнеж за целосната веродостојност како историски извор. За разлика од митрополитот, кој спомените ги раскажал пред Антигони Бељу и Пинелопи Делта, најголем дел од учесниците во грчката „македонска борба“ своите спомени ги напишале своерачно.[28] Споменатата Антигони Бељу била лична секретарка на Пинелопи Делта, една од најпознатите грчки писателки од првата половина на XX век, која спомените на *македономахите* ги собирала „како основна граѓа за пишување на своите историски романи“.[29] Па така, од еден текст во грчкиот весник „Елефтеротипија“, всушност, дознаваме дека станува збор „за шест раскажувања кои ги запишала (...) Антигони Бељу, додека писателката [Пинелопи Делта] поставувала прашања“.[30] Од почетните шест спомени на

---

[27] Δημήτρης Λιθοξόου, *Μειονοτικά ζητήματα και εθνική συνείδηση στην Ελλάδα – Ατασθαλίες της ελληνικής ιστοριογραφίας*, Λεβιάθαν, Αθήνα, 1992, стр. 17.

[28] Така, на пример, грчкиот историчар Ангелос Хоцидис прави разлика помеѓу „спомените на Георгиос Диконимис-Макрис, П. Папазанатеас, Германос Каравангелис и други“ и оние што „ги напишаа сами“. Наспроти тоа, на симпозиумот одржан во Солун во 1984 година по повод 80 години од почетокот на грчката „македонска борба“, во својата статија „Спомени за македонската борба, прв преглед и осврт“, авторот Атанасиос Каратанасис констатира дека „текстот на спомените Каравангелис го диктирал речиси 30 години по случувањата на Антигони Бељу-Трипсијади, по нарачка на Пинелопи Делта“. Αγγελος Α. Χοτζιδης, *Ευθυμιος Καουδης, Ενας κρητικος αγωνιζεται για τη Μακεδονια: Απομνημονευματα (1903-1907)*, Μουσειο Μακεδονικου Αγωνα, Θεσσαλονικη, 1996, стр. 32; Αθανασιος Ε. Καραθανασης, „Τα απομνημονευματα του Μακεδονικου αγωνα. Μια πρωτη προσεγγιση και καταγραφη“, *Ο μακεδονικος αγωνας; Συμποσιο, Θεσσαλονικη - Φλωρινα - Καστορια - Εδεσσα, 28 οκτωμβριου - 2 νοεμβριου 1984*, Θεσσαλονικη, 1987, стр. 136.

[29] Исто.

[30] εφ. Ελευθεροτυπια, 7.7.2002.

македономахите, според сознанијата на весникот, до денешен ден не се издадени уште спомените на Јоанис Деместикас, Г. Кукулидис и Папа Дракос.[31]

Овие сознанија на весникот се поклопуваат со тврдењата на грчкиот историчар П. А. Занас, кој во предговорот на дневникот на Делта со наслов „Елефтериос К. Венизелос“ нагласува дека архивата на Пинелопи Делта била позната само по објавување на спомените на тројца личности (Георгиос Диконимос – Макрис, Германос Каравангелис и П. Папазанатеас), за кои ќе заклучи дека „станува збор за пишани или усни раскажувања (...) и се објавија со општ наслов ’Архива на Пинелопи Делта за македонската борба‘“.[32] За овие спомени историчарот Василиос Гунарис симптоматично ќе заклучи, како што го прават тоа и голем број други грчки историчари без да дадат конкретно објаснување, дека биле „познати околностите“ под кои биле напишани.[33]

Авторите[34] на текстот објавен во весникот „Елефтеротипија“, пак, ќе констатираат дека станува збор за „систематско изменување на изворите за историјата на македонската борба, кои се издадени од официјални и соодветни институти во државата, како што се Друштвото за македонска борба и Институтот за балканолошки студии“.[35] Авторите го поткрепуваат ваквото тврдење со споредбена анализа на оригиналите на спомените кои се наоѓаат во Архивот на музејот „Бенакис“ (архив П. С. Делта, лист 561) и на оние кои официјално се издадени од грчката држава. Притоа, тие утврдиле „најмалку 25 отфрлени [делови] или измени во спомените на Каравангелис, 20 кај Папзанатеас и 39 кај Диконимос“.[36] Можноста за интервенција во спомените се должи на долгиот временски период поминат од нивното составување до нивното издавање, како и на „потребата“ за отфрлање или изменување на оние делови што не биле во согласност (според проценката на редакторите) со националните интереси на грчката држава.[37]

---

[31] Исто.

[32] Πηνελόπη Δέλτα, *Ελευθέριος Κ. Βενιζέλος,* Αθηνα, 1988, стр. 8.

[33] Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, *Φθινοπωρο του 1904...*, стр. 10.

[34] Тасос Костопулос, Димитрис Тримис, Ада Псара и Димитрис Псарас.

[35] εφ. Ελευθεροτυπια, 7.7.2002.

[36] Исто.

[37] Така, на пример, во предговорот на спомените на Каравангелис, напишан од Василиос Лурдас, ќе прочитаме: „(...) некои фрази кои немаат врска со темата на спомените се одземени“, додека во оние на Диконимос-Макрис, авторот им се заблагодарува „на господата К. Вавускос, Г. Модис и К. Бонис, со кои заедно ги прегледавме раскажувањата“. εφ. Ελευθεροτυπια, 7.7.2002.

За да се добие целосна слика за можната, делумна, неверодостојност и за околностите под кои биле напишани спомените на костурскиот митрополит, ќе ги искористиме необјавените спомени на *македономахот* Филолаос Пихеон, попознат како капетан Филотас, родум од градот Костур. Во последниот дел од спомените бил додаден текст од неговиот брат Константинос Пихеон со наслов „Дополнителната дејност на капетан Филотас“. Овој текст служи како надополнување на спомените, во кои авторот, како современик на настаните на грчката „македонската борба“, се обидел на одреден начин да ја негира целосната веродостојност на спомените на Каравангелис. На почетокот К. Пихеон го искажал „големото изненадување и двоумење“ за намерното „запоставување на името на мојот брат Филолаос Пихеон на списокот на војводите на македонската борба кои дејствувале во Костур и во други предели на западна Македонија“.[38] Во продолжение авторот констатира дека тој и голем број други костурчани знаеле дека многу настани во спомените на митрополитот се испуштени или погрешно опишани, а кои „современиците на македонската борба ги забележаа и му укажаа [на митрополитот] “.[39] Според Пихеон, причините за „големиот број пропусти и грешки“ се должеле на „начинот на кој биле составени неговите спомени“.[40] Имено, Пихеон смета дека П. Делта го искористила привремениот престој на Каравангелис во Атина, од кого ги побарала спомените. За таа цел, таа ја задолжила својата секретарка, која, во согласност со митрополитот, почнала да ги собира неговите спомени и „внимателно ги пишувала и ги дополнувала во канцеларијата на П. Делта“.[41]

Во продолжение на текстот авторот го приложува својот став околу настанокот и веродостојноста на спомените на Каравангелис. Пихеон посочува дека овие околности не можат целосно да се образложат, ниту во детали ниту опширно, и дека во нив лесно се запоставуваат многу податоци. Понатаму, тој прави разлика меѓу своерачно напишаните спомени и оние што раскажувачот ги диктира на друго лице. Така, на пример, според него, во првите, главниот лик „се труди да се сети на сè што виде, слушна и доживеа“, додека во другите, т.е. конкретно за оние на Каравангелис, тој ќе заклучи: „(...) спомените на митрополитот ги напишала секретарката,

---

[38] *Απομνημονευματα Καπεταν Φιλοτα; Ανθυπιλαρχου Φιλολλου Πηχεων*, αριθ. ειχ. 17346, Επιμελεια Αναστασιου Πηχιων, стр. 1.

[39] *Απομνημονευματα Καπεταν Φιλοτα; Ανθυπιλαρχου...,* стр. 1.

[40] Исто, стр. 1.

[41] Исто.

која фаќала забелешки така како што слушала, а не како што би било да ги диктирал митрополитот за објавување, што се докажува и од јазичниот израз, кој, секако, не е својствен за митрополитот, кој секогаш пишувал на катаревуса“.[42]

Во секој случај, како заклучок може да се каже дека спомените на Каравангелис имаат големо значење за периодот пред Илинденското востание, но и за настаните во текот на грчката „македонска борба“. Сепак, поради погоренапишаното, односно поради воочувањето на некои недоследности и невистинити настани и процеси во текот на проучувањето на неговите спомени, при нивното користење треба да се однесуваме крајно внимателно и најчесто да ги употребуваме во компарација со други историски извори. Во прв ред ќе ги споредуваме со историски факти кои произлегле од официјални документи на МРО, како и од дневници и спомени на дејците на македонското револуционерно движење. Потоа, во книгата се користени официјални грчки извештаи, пред сѐ од грчкиот конзулат во Битола, грчкото Министерство за надворешни работи и документи од Цариградската патријаршија. За конечниот изглед на монографијата од посебно значење беше и достапната објавена архивска граѓа на предводниците на грчкиот национализам кон османлиска Македонија, без разлика дали станува збор за интелектуалната елита или за офицерскиот кадар на грчката армија. Исто така, за целосно расветлување на дејноста на митрополитот Каравангелис се користени и официјални дипломатски извештаи од претставниците на европските и на балканските земји во османлиската држава, но и документација од пропагандните институции на другите балкански држави во империјата.

[42] Исто, стр. 2.

# ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ГРЧКАТА ПОЛИТИКА

Во текот на првата половина на XIX век, на територијата на Балканскиот Полуостров најсилно се чувствувало грчкото културно влијание. Цариградската патријаршија, до создавањето на современата грчка нација држава, но и долги години потоа била главен носител на грчката културна пропаганда меѓу православното население во европскиот дел на империјата. Во своето дејствување, таа ги користела привилегиите добиени од султанот Мехмед II Освојувачот (1451 – 1481). Имено, привилегираната положба на рум-милетот во империјата била гарантирана во 1453 година со султанските права дадени на христијаните и на нивниот верски лидер – вселенскиот патријарх, а потоа обновени и проширени од подоцнежните султани. Овие привилегии (гарантирани со берат) ѝ дале право на Патријаршијата да има верска и политичка контрола врз поголемиот дел од православната заедница во османлиската држава.[43] Оттука, Цариградската патријаршија била прогласена за единствен легитимен претставник на православните христијани на османлискиот Балкан. Меѓутоа, и покрај фактот што се декларирала како Вселенска (екуменска) црква, сепак за балканските народи таа претставувала пропагандна институција само на грчкиот јазик и култура. Во почетокот на XIX век, покрај вообичаените црковни активности, таа спроведувала и ситематска политика на асимилација на православното негрчко население во европските делови од Османлиската Империја. Така, на пример, патријархот Григориј V во 1806 и во 1819 година издал циркулари до сите митрополити, со кои ги повикал да работат на ширење на грчкиот јазик и на грчкото образование меѓу православното население

[43] Во овие права влегувале: слобода на практикување на верата, сопственост и управување на имотите на црквата, на верските, образовните и на добротворните институции, вклучувајќи и собирање посебни даноци, како и спроведување на правдата. Helen Gardikas Katsiadakis, *Greece and the Balkan imbroglio: Greek foreign policy*, Athens, 1995, стр. 16.

под негова јурисдикција.[44] Во тој контекст, социологот Страшко Стојановски разликува два периода кај грчката пропаганда: пред создавањето на грчката нација-држава и потоа. Според Стојановски, пропагандата што му претходела на грчкиот национализам имала сеправославен карактер и во неа доминирала улогата на Цариградската патријаршија, а грчката идентификација многу често била од општествено-статусна природа, врзувајќи се за професијата, граѓанството и за образованието.[45]

Османлискиот милет-систем бил правната основа врз која Цариградската патријаршија можела да работи на ширењето на грчката култура и на грчкиот јазик меѓу балканското православно население. Од друга страна, процесот на национално формирање најпрво меѓу христијаните, а потоа и меѓу муслиманите во османлиската држава во XIX и во почетокот на XX век бил условен од општествено-етничката структура и религиозниот идентитет кој произлегувал од милетот.[46] Овој систем претставувал верско-образовна институција во рамките на османлиската држава, развиван врз база на привилегиите дадени од страна на султанот Мехмед II. Со одреден милет управувал верски поглавар (на чело на рум-милетот се наоѓал цариградскиот патријарх), а под заштита на султанот, и во него се практикувале одредени верски закони, култура, традиции и јазик. Според Стојановски, религијата овозможувала универзален систем во секој посебен милет, додека, пак, етничките и лингвистичките разлики овозможувале дивизии и субдивизии во рамките на секој од двата христијански милета во империјата (рум-милетот и ерменскиот милет).[47]

Оттука, поради блискиот афинитет помеѓу религијата и етникумот, којшто бил главно обележје на културниот идентитет на просторите на османлиската држава, биле зачувани и адаптирани специфичностите на османлискиот систем на тој начин што требало да се овозможи милетите

---

44 Крсте Битоски, *Дејноста на Пелагониската митрополија (1878–1912); Грчки религиозно-просветни и вооружени акции*, Скопје, 1968, стр. 17; Далибор Јовановски, *Грчката балканска политика и Македонија (1830–1881 год.)*, Скопје, 2005, стр. 6–7.

45 Страшко Стојановски, *Од милет до нација; Создавање на нациите и национализмите на Балканот*, Штип, 2016, стр. 249.

46 Kemal Karpat, „Millets and nationality: the roots of the incongruity of nation and state in the post-ottoman era“, *Christians and Jews in Ottoman Empire: The functioning of a plural society*, New York, London, 1982, стр. 141.

47 С. Стојановски, *Од милет до нација; Создавање...*, стр. 83.

да бидат уникатна институција во социјалната историја.[48] Користејќи ги овие специфичности на милет-системот, Цариградската патријаршија од почетокот на XIX век започнала процес на наметнување на грчката култура, традиција и јазик на сите припадници на рум-милетот. Како резултат на ваквите тенденции, се појавила огорченост кај негрчките припадници на рум-милетот, пресликана во отпор кон грчката црковна, јазична и културна доминација. Според британскиот историчар Ричард Клог, општо познат и прифатен историски факт е „дека националните движење на христијанските народи на Балканот биле одговор не само на османлиската хегемонија туку и на грчкото црковно и културно угнетување“.[49]

Следната етапа во обидите за грцизирање на православното население, со веќе изразени претензии и кон македонската територија, била поврзана со формирањето на грчката држава.[50] Процесот на создавање на грчката нација и на грчкиот национален идентитет, кој ниту започнал ниту завршил со формирањето на грчката држава, бил од круцијално значење за креирањето на иредентистичката политика на новоформираното кралство кон териториите на Османлиската Империја. Во тој поглед пресудни биле поставените критериуми, кои, патем речено, често се менувале, варирале и/или се приспособувале. Врз основа на овие варијабилни критериуми се определувала можноста да се биде или не инкорпориран во рамките на тогашната грчка нација. Така, етничките маркери: припадноста кон православието, користењето на грчкиот јазик, историјата, територијалноста, како и националната идеологија и митологија се користеле во континуитет или повремено, поединечно или групно, за одредени балкански етникуми со цел да се „докаже“ нивниот грчки идентитет или, едноставно, да бидат индоктринирани, привлечени или асимилирани во „грчкото национално ткиво“.[51]

---

48 Исто, стр. 83.

49 Richard Clogg, „The Greek Millet in the Ottoman Empire“, *Christians and Jews in the Ottoman Empire: The Functioning of a Plural Society*, New York and London, 1982, стр. 185–207.

50 Политичката независност на Грција била усвоена со посебен протокол на 3 февруари 1830 година, со кој биле одредени и границите на новата држава. Подоцна нејзината државност била потврдена со договорот од 7 мај 1832 година меѓу трите големи сили (Русија, Велика Британија и Франција) и Баварија. Во согласност со овој договор, малолетниот син на баварскиот крал Лудвиг, Отон, бил прогласен за наследен крал на Грција, со титулата „крал на Грција“. K. A. Βακαλοπουλος, *Νεοελληνικη ιστορια...*, стр. 135, 151.

51 Д. Љоровски Вамваковски, „Создавање на грчката нација-држава..., стр. 105–120.

Новосоздадената грчка држава постепено формирала институции и креирала закони со цел да ја отпочне, но и да ја оправда својата иредентистичка политика кон османлиските територии. Во прилог на создавањето на грчкиот иредентизам било и тоа што во границите на новата нација-држава не биле вклучени територии кои подоцна од страна на грчкиот национализам биле прогласени за „историски грчки земји" (Крит, Кипар, Тесалија, Епир, јонските острови, Македонија, Тракија, западниот брег на Мала Азија и околните острови). Во поглед на османлиска Македонија, базичниот темел на грчкиот иредентизам бил нејзиниот јужен дел од територијата, кој претставувал лимитрофна зона меѓу грчкиот и македонскиот етникум, но и со бројни енклави од османлиско, влашко, албанско, ромско и од еврејско население.[52] Кај официјална Атина постоела тенденција за материјално и кадровско зајакнување на постојните патријаршиски пропагандни институции во османлиската држава, со што индиректно би ги ставила под своја контрола.

Темелите на грчката надворешна политика биле поставени на 3 април 1833 година со формирањето на Секретаријатот на државата и на Државниот секретаријат на кралската куќа и на надворешните работи, со кои значително се придонело во репрезентирањето на грчките национални интереси во Европа, а особено на Балканот.[53] Паралелно со одвивањето на т.н. мирна пропаганда, грчката држава, во согласност со своите интереси и можности, иницирала или поддржувала востанички акции на територијата на империјата, пред сè на островот Крит, но честопати и самата се втурнувала во авантури, како што биле војните со Високата порта од 1878 и од 1897 година. Овие војни, според францускиот социолог Доминик Шнапер, можат да се окарактеризираат како „националистички", бидејќи политичкиот поредок во Грција веќе бил организиран во форма на нација-држава.[54]

На 15 јануари 1844 година грчкиот премиер Јоанис Колетис[55] во говор пред грчкиот парламент ја поставил основата и „главната идеологија на

---

52 Лимитрофната граница меѓу македонскиот и грчкиот етникум во османлиска Македонија започнувала јужно од градот Костур, потоа врвела јужно од Кајлари и северно од градот Кожани, за потоа да помине меѓу градовите Негуш и Бер и да се упати кон Солун, оттаму кон градот Сер, за да заврши кај градот Драма.

53 Д. Јовановски, Грчката балканска политика..., стр. 15.

54 Доминик Шнапер, *Заедница на граѓани: кон модерната идеја за нацијата*, Скопје, 2003, стр. 6.

55 Јоанис Колетис (1773 – 1847) е грчки политичар од влашко потекло. Колетис одиграл значајна улога во грчкото востание за независност (1821 – 1830). Функцијата премиер на Кралството Грција ја извршувал од 1844 до 1847 година.

новонастанатата држава“ во надворешната политика.[56] Имено, тогаш била промовирана познатата *мегали идеја*. За да може да се разбере концептот на националниот развој на Грција и на нејзината надворешна политика во текот на XIX и во првата половина на XX век, неминовно е да се сфати суштината на оваа национална доктрина. Општо земено, таа претставувала своевидна национална програма и била една од главните карактеристики на модерната грчка држава околу која се градела грчката национална идеологија. Појавувањето на *мегали идејата* во историското време не било изолирана појава во контекстот на тогашната ситуација на Балканскиот Полуостров. Таа настанува во периодот на појавување на национализмот, романтизмот и на националните движења, како и на иредентистичките барања на младите нации држави. На Балканот тие барања, пред сѐ, биле насочени кон териториите на Османлиската Империја.[57]

Во тој контекст, во историјата, и Србите, и Романците, и Бугарите и Албанците имале сопствени големодржавни конструкции, кои тежнееле да ги реализираат.[58] Така, Колетис во грчкиот парламент прокламирал: „Кралството Грција е само еден дел од Грција, најмалиот и најбедниот. Грк не е само тој што живее во Грција, туку и тој што живее во Турција. Елинизмот има два центри, Атина и Цариград (…) Цариград е големата престолнина (…) на сите Грци.“[59] Колетис, несомнено, се водел од потребата за животен простор на новата држава, кој би го обезбедил нејзиното економско опстојување. Според грчките политичари, создавањето на Голема Грција можело да се постигне не само преку територијално проширување на грчкото кралство туку и преку наметнување на *елинизмот*[60] во Османлиската Империја.[61]

---

[56] Ричард Клог, *Историја грчке новог доба,* Београд, 2000, стр. 50.

[57] Димитар Љоровски Вамваковски, „Грчката мегали идеја и османлиска Македонија: појава, дилеми и флуктации“, *ГИНИ*, бр. 1–2, Скопје, 2013, стр. 71.

[58] Р. Клог, *Историја грчке...*, стр. 50.

[59] Крсте Битовски, „Преглед на историјата на Грција во XIX и почетокот на XX век“, *Педагошки завод на Македонија*, Скопје, 1992, 39.

[60] Според бугарската историчарка Јура Константинова, во текот на втората половина од XIX век, терминот *елинизам* не ги означува само Грците во и надвор од границите на Кралството, туку ја вклучувал и идејата за исклучителната улога на грчкиот дух, кој доминира на територијата во Османлиската Империја асимилирајќи ги другите народи и грцизирајќи го христјанството, за одново да триумфира на Истокот, како единствена бариера пред пансловенизмот. Ю. Константинова, *Българи и Гърци в борба...*, стр. 23.

[61] Исто, стр. 23.

Во овој период (1844), во границите на грчката држава влегувале само полуостровот Пелопонез и централниот дел на копнена Грција, односно на север до линијата Арта – Волос, како и некои егејски острови. Според *меѓали идеја*, требало да биде возобновена Византија како држава на грчкиот народ. Подоцна биле определени и границите на таа држава. Според првата програма, која се сметала за максимлна, се предвидувало во рамките на Голема Грција, во склоп на поголемиот дел од Балканскиот Полуостров, да влезе и целата територија на османлиска Македонија. Од друга страна, пак, минималната програма, која за грчките националистички фактори била „пореална", предвидувала северната граница на идната држава да започне од Драч и да заврши до Егејското Море, минувајќи северно од Сер на исток до Битола и Охрид на запад. Претензиите биле базирани врз наводните „историски права" на новосоздадената грчка држава. Во таа насока, Атинскиот универзитет[62] и целокупниот образовен систем започнале да ја шират идејата за континуитет на античка Грција (вклучувајќи ја тука и историјата на античките Македонци) со Византија и со новата грчка национална држава, која се појавила како „природна наследничка на грчката историја, култура и територија".[63]

Политиката на Грција кон териториите што ги сметала за свои набргу била претставена на дело, доаѓајќи на тој начин во судир со Османлиската Империја. Така, на пример, во ноември 1843 година, за време на заседавањето на Уставотворното собрание, во грчкиот парламент биле присутни претставници од т.н. јужни османлиски владенија, т.е. од териториите на Псарос, Македонија и на Тесалија. На ваквиот состав на Уставотворното собрание остро реагирала Високата порта, при што од официјална Атина било побарано да ја повлече ваквата одлука. Грција го одбила барањето, со што билатералните односи биле дополнително заострени, а кулминирале во 1847 година со повлекувањето на османлискиот амбасадор од Атина. Тоа, всушност, значело и прекинување на дипломатските односи меѓу двете држави.[64] Оттука, *меѓали идејата* претставува нешто повеќе од една изборна парола во грчката држава. Таа, во суштина, била врската помеѓу

---

[62] Атинскиот универзитет бил основан со кралска наредба од 1836 година, додека официјално бил отворен во 1837 година.

[63] Во 1884 година Византија официјално се прифаќа како дел од грчката историја, додека Александар Македонски од освојувач на Грција се „претвора во апостол на грчката цивилизација и симбол на единството". Юра Константинова, *Балканската политика на Грция в края на XIX и началото на XX век,* София, 2008, стр. 77.

[64] Д. Јовановски, *Грчката балканска политика*…, стр. 30–37.

националистичките движења во независна Грција и грчките пропагандни иснтитуции во Османлиската Империја.[65] Во овој период, и покрај појавата на грчката држава која ја промовирала големогрчката идеја, во османлиска Македонија најактивна на теренот и понатаму останала Цариградската патријаршија.

Постои уште еден фактор кој ги става османлиските „Грци" во привилегирана положба, а се должи на т.н. режим на капитулации. Имено, станува збор за систем на меѓународни договори кои на европските држави и на нивните државјани им давале одредени економски, судски и други привилегии во империјата. Првиот таков договор бил потпишан меѓу Франција и Османлиската Империја во 1533 година, а подоцна тоа се случило и со другите западни држави. Со договорт од Канлица од 23 мај 1855 година, и Грција добила свои капитулации. Треба да се нагласи дека на почетокот Високата порта овие привилегии ги давала доброволно, но подоцна, како што слабеела нејзината економска и воена моќ, тие биле изнудувани.

Како резултат на тоа, во втората половина на XIX век властите во Истанбул почнале да ги ограничуваат веќе дадените права поради нивната злоупотреба од одредени држави, чија цел била промовирање на своите државни интереси во Османлиската Империја. Во тоа предничела официјална Атина. Станува збор за развојот на т.н. штитенички систем, со кој османлиските поданици можеле да се здобијат со странско државјанство или странска заштита без да се бара од нив да престојуваат во државата што ја доделува заштитата, а со тоа би можеле да имаат право на капитулациски привилегии на соодветната држава во империјата. Моќта која таквата практика им ја дала на грчките конзулати се сметала за злоупотреба и Портата се обидела да ја ограничи. Во јануари 1869 година османлиската власт издала закон со кој ја поништила странската натурализација без овластување. Овој чин значел дека османлиските поданици кои се стекнале со грчко државјанство не се ослободени од товарот на османлиското право и веќе не се штитеници, освен ако Портата не ги смета за такви.[66]

Во првата половина на XIX век поизразено започнал да се манифестира отпорот на негрчките православни христијани на Балканот кон

[65] Стеван Павловић, *Историја Балкана*, Београд, 2001, стр. 95.

[66] H. Gardikas Katsiadakis, *Greece and the Balkan imbroglio...*, стр. 16. 17.

сè позасилените обиди за нивна грцизација.[67] Во османлиска Македонија отпорот кон ваквата тенденција на грчката пропаганда се појавил меѓу припадниците на рум-милетот, т.е. во функционирањето на црковно-училишните општини. Во прво време, овие самоуправни институции на милет-системот биле составени од митрополити, архиерејски наместници и нивни соработници, кои, по правило, секогаш биле Грци или припаѓале на грцизираното православно население. Меѓутоа, со зголемување на бројот на македонското словенско население во градските центри и создавањето на новиот граѓански слој (општинските првенци, трговците, занаетчиите и интелигенцијата), се зголемил стремежот за тој да учествува и да влијае во овие самоуправни органи.[68] Црковно-училишните општини „ќе играат незаменлива улога во религигиозниот и во културно-просветниот живот на православното население, а со тоа и во народносното осветување на македонскиот човек, што од своја страна, пак, беше основна претпоставка за појавата на револуционерно-ослободителните борби на македонскиот народ“, констатира Битовски.[69]

Појавата на народно-просветителското движење претставува важна етапа во отпорот против грчката духовна доминација и веќе систематски организираната образовна асимилација на македонското словенско население. Зголемувањето на словенскиот елемент во градските населби, преку миграцијата село – град, придонело за тоа „збогатеното македонско граѓанство (…) [да пројави] стремеж да го истисне грчкиот јазик од богослужбата, училиштата, и во световната употреба воопшто и да навлезе и раководи со црковните општини“.[70] Во овој период биле создадени општествено-економски и политички услови за реакција на тогашната

---

67 До средината на XVIII век Вселенската патријаршија ја нагласувала универзалноста на религијата за сметка на етничката и на јазичната различност во рамките на рум-милетот. Меѓутоа, Патријаршијата, со обидот (од втората половина на XVIII век) да ја воскресне Византиската Империја преку грцизација на етничките и на јазичните групи кои биле дел од рум-милетот, предизвикала одбранбена реакција кај негрчките православни христијани во Османлиската Империја. K. Karpat, „Millets and nationality: the roots of…“, стр. 142.

68 Љубен Лапе, „Селото и градот во Македонија од крајот на XVIII век и почетокот на XIX век“, *Историја*, број 1, Скопје, 1973.

69 Крсте Битовски, *Континуитетот на македонските националноослободителните борби во XIX и почетокот на XX век*, Скопје, 1998, стр. 10.

70 Александар Трајановски, *Црковно-училишните општини во Македонија,* Скопје, 1988, стр. 94.

мала словенска македонска интелегенција во обидот да се спречи сè поагресивното настапување на грчката пропаганда.

Несомнено, силно влијание во овие процеси има и промената на политиката на Русија по Кримската војна (1853 – 1856), која постепено го промовира пансловенизмот меѓу словенското население на Балканскиот Полуостров. Новите руски политички цели, кои биле засновани на поддршка на словенското население и поттикнување на неговата духовна, културна и образовна еманципација, се базирале на спротивставување на англо-францускoто влијание во Источниот Медитеран. За таа цел, во 1858 година во Москва била формирана Словенската добротворна комисија, а голем број османлиски Словени станувале стипендисти на руските универзитети.[71] Од друга страна, и зголемениот број грчки училишта овозможил преку образовниот процес да се создаде македонски интелектуален кадар, кој подоцна „ќе стане главен носител на борбата за народната македонска просвета и црква“.[72] Кај тие поединци започнала да се буди свеста за сопствената словенска припадност, што само по себе предизвикало реакција за преземање конретни акции за добивање сопствена црква и просвета на мајчин јазик. Најпрвин македонските градови заинтересирни за народна просвета најмногу учители ангажирале од српската држава, но и од територијата на османлиска Бугарија. Исто така, биле ангажирани и домашни учители, кои своето образование го стекнале во некоја од словенските земји. Првите световни училишта биле отворени во градови во кои преовладува словенскиот елемент, додека грчкото влијание било минимално. Покрај основната образовна функција, тие имале силно влијание во истиснување на грчката култура и просвета од османлиска Македонија. Така, на пример, покрај отворањето народни училишта на македонски народен јазик, тој бил воведен и во патријаршиските училишта во Прилеп, Струга, Кукуш и во Охрид. За првенци на македонската преродба се сметаат: Димитар и Констатнтин Миладинови, Јордан Хаџи Константин-Џинот, Рајко Жинзифов, Григор Прличев, Партениј Зографски, Кузман Шапкарев и други. Сите тие, на еден или на друг начин, во текот на својот животен пат дошле во судир со грчката пропаганда во османлиската држава.

Ваквиот тек на настаните не поминал без отпор и реакција на Патријаршијата и на другите грчки пропагандни институции во османлиска Македонија. Во таа насока, во 1861 година во Истанбул бил формиран

---

71 К. А. Βακαλοπουλος, *Νεοελληνικη ιστορια...*, стр. 211, 212.

72 К. Битовски, *Континуитетот на македонските…*, стр. 15.

Филолошкиот силогос за ширење и негување на грчката писменост во Османлиската Империја, додека во 1869 година сличен таков – Силогос за ширење на грчката писменост, бил создаден и во Атина. Основна идеологија и цел на овие организации биле „пошироко распространување на грчкото образование, преку кое ќе се наложи грчкото национално самосознание“.[73] За грчката пропаганда „непроценлив бил придонесот“ на првоспоменатиот силогос, кој „имал силна морална и материјална помош од грчката држава и посебно придонесувал за огромниот образовен развој во Тракија и во Македонија“. Тој „одржувал многубројни грчки училишта во (т.н.) неослободени територии и испраќал големи количини на книги и учебници“.[74] На овој начин, националните организации, кои, всушност, биле продолжена рака на официјална Атина во османлиската држава, постепено ја презеле од Цариградската патријаршија раководната улога во грчкото образование и во османлиска Македонија.[75] Процесот на просветителството, кој го зафатил поголемиот дел од Европа (некаде дури и многу порано во зависност од економско-општествената ситуација), условил триумф на колоквијалните јазици.[76] Но, за разлика од западна Европа, во повеќето примери на Балканот се забележува процес кој се одвива во две фази: најпрвин отфрлање на грчкиот црковен јазик и воведување на црковнословенскиот јазик, па дури потоа воведување на колоквијалните јазици. Во таа насока, отворањето народни училишта или претворањето на грчките црковни во народни училишта продолжил и покрај напорите на грчката пропаганда да го неутрализира нивното влијание.

Формирањето на Бугарската егзархија во 1870 година значело крај на „ексклузивното право“ на Цариградската патријаршија врз православните христијани во европскиот дел од Османлиската Империја. Една од главните карактеристики во општествениот живот на османлиска Македонија во последната четвртина од XIX и во почетокот на XX век бил антагонизмот кој се појавил меѓу овие две институции. Со етаблирањето на Егзархијата се појавил нов субјект на историската сцена, кој имал значајна улога во настаните и во процесите поврзани со „македонското прашање“. Во соглас-

73 Ю. Константинова, *Балканската политика на Гърция в края на XIX…*, 121.

74 Κ. Α. Βακαλοπουλος, *Νεοελληνικη ιστορια...*, стр. 215.

75 Σοφια Βουρη, *Εκπαιδευση και εθνικοσμος στα Βαλκανια; Η περιπτωση της βορειοδυτικης Μακεδονιας 1870-1904*, Αθηνα, 1992, стр. 21.

76 Види повеќе кај: Бенедикт Андерсон, *Замислени заедници*, Скопје, 1998, стр. 62–75, 101–121.

ност со тогашните критериуми на изедначување на црковната определба со некаква си јазична припадност, делот од македонското население кое ја прифатило Егзархијата административно станало булгар-милет, па оттаму и „бугарско“. Ако до формирањето на Егзархијата терминот „Бугарин“ носел неопределена конотација на Словен или стратификациска определба на селаниец/земјоделец, со нејзиното формирање бугарското именување на поголем дел од македонското словенско население се „устоличило“ на една повисока инстанца. Всушност, Егзархијата со својата словенска провениенција успеала лесно да се накалеми меѓу словенското население и да ги присвои сите придобивки од народно-просветителските процеси во османлиска Македонија од времето на 60-тите и на 70-тите година од XIX век.[77] На тој начин Егзархијата и Патријаршијата, како пропагандни институции, започнале жестока конфронтација за зголемување на бројот на своите верници меѓу православното население во османлиска Македонија. Со султанскиот ферман од 1870 година, на новата црква ѝ биле отстапени речиси сите епрахии во Северна и во Јужна Бугарија и во еден дел од Србија, додека во Македонија, под нејзина јурисдикција влегла само Велешката епархија. Така, врз основа на милет-системот, црковното определување на населението се изедначувало во рамките на империјата со некаква јазична припадност, додека однадвор, од страна на Грција и на Бугарија, со некаква си етничката припадност, а тоа им овозможило на двете црковно-пропагандни институции да го прогласат македонското православно население за „грчко“, односно за „бугарско“.[78]

Грчката државна пропаганда, според грчкиот антрополог Анастасија Каракасиду, т.н. грчкото население во османлиска Македонија го определувала според следниве карактеристики: религиозната припадност, учеството во грчкиот образовен систем, како и знаењето и употребата на грчкиот како

---

77 Манол Пандевски, „Преродбенското движење во Струмичко до 70-тите години на XIX век“, *Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата*, МАНУ, Скопје, 1968.

78 Во грчкиот (рум) милет влегувале териториите под јурисдикција на Цариградската патријаршија во составот на Османлиската Империја, додека бугарскиот (булгар) милет се засновал на Егзархијата, формирана како автономна црква во 1870 година. Според грчкиот публицист Георгиос Пецивас, „терминот Бугари немал ниту родска, ниту национална смисла, туку црковна, се мисли на припадници на Егзархијата, како што со терминот Грци се мисли на припадниците на Патријаршијата“. Γιώργος Πετσίβας, *Ιωάννης Καραβίτης, Ο μακεδονικός αγών, απομνημονεύματα*, εκδόσεις Πετσίβα, τ. Α, Αθηνα, 1994, стр. 7.

втор јазик.[79] Во однос на бугарската доктрина, Каракасиду потенцира дека македонското словенско население било карактеризирано како „бугарско“ според народниот говор (кој го сметале како дел од бугарскиот јазик) и поимањето на т.н. „расно потекло“.[80] Во случајов, под „расно“ за периодот на XIX век се подразбира словенско потекло. Ваквиот пристап на двете православни цркви кон „македонското прашање“, покрај нивниот меѓусебен конфликт, имал значајни последици и за националното формирање на македонското население, успорувајќи го тој процес.

Нова етапа во развојот на грчкото пропагандно влијание во османлиска Македонија се случило во периодот од 1875 до 1881 година, или во историјата попознато како време на *Големата источна криза*. Овој период бил од круцијално значење за опстојување на Османлиската Империја во Европа. Како дел од третата и од четвртата етапа[81], Разловечкото (1876) и Македонското (Кресненско) востание (1878), како и многубројните други видови отпор на македонското словенско население во текот на Источната криза, но и во годините потоа, сериозно ја загржиле официјална Грција и грчките пропагандни институции во империјата. На грчките национални фактори им станало јасно дека пропагандната дејност која ја развивале не ги дала очекуваните резултати и дека Големите сили тешко ќе им поверуваат на „доказите“ за постоење компактно доминантно грчко население во Македонија.[82]

Во овој период била создадена и бугарската национална држава (1878), која постепено, во годините што следувале, ги презентирала своите аспирации кон територијата на османлиска Македонија. Националната доктрина на новата држава се базирала на прелиминарниот мировен договор од Сан Стефано од март 1878 година склучен меѓу Русија и Османлиската Империја. Ако за Русија овој договор, според кој во новосоздадената бугарска

[79] Анастасија Каракасиду, Протокол и парада: Како се славаше нацијата во северна Грција, Марк Мазовер, *Откако војната заврши*, Скопје, 2007, стр. 83.

[80] А. Каракасиду, Протокол и парада: Како се славаше нацијата..., стр. 83.

[81] Марија Пандевска, „Периодизация великого восточного кризиса (1875–1881)“, *Балканот и Русија: општото и специфичното во историскиот и културниот развиток*, Институт за национална историја и Институт за славистика при РАН, Скопје, 2010, 23–34.

[82] За Големата источна криза и појавата на „македонското прашање“, види повеќе кај: Манол Пандевски, *Македонија и Македонците во годините на Источната криза 1876–1878*, Скопје, 1978; Крсте Битоски, *Македонија во време на Големата источна криза (1875-1881)*, Скопје, 1982.

држава требало да влезе и најголемиот дел од османлиска Македонија, бил од геостратешко значење за проширување на своето влијание на Балканскиот Полуостров, тогаш на „Бугарите им ги оставил во наследство границите на 'Голема Бугарија'", на тој начин „формирајќи го јадрото на нивниот национализам и национални идеали, кои оттогаш биле стабилно фиксирани".[83] Територијалните преклопувања на двете национални доктрини, грчката и бугарската, набргу предизвикале жесток конфликт меѓу нивните пропагандни институции во османлиска Македонија, од кој најмногу страдало македонското словенско и влашко население. Од друга страна, иако седиштето на Егзархијата и понатаму останало во Истанбул, сепак таа веќе станала национална црква на бугарската држава, активно анагажирана во реализирање на нејзините големодржавни аспирации. Во тој поглед, официјална Софија застанала финансиски и кадровски зад Егзархијата. На тој начин овие две државни пропагандни машинерии сè повеќе ги засилувале своите активности. Нивниот антагонизам, освен во османлиска Македонија, се префрлил и во Европа, сè со цел да ги покажат и да ги докажат „историските права" врз населението и врз територијата кои ги сметале за свои.

Во овој период во Македонија започнале да се чувствуваат пропагандите и на другите балкански држави. Српските политички власти, ќе констатира Каракасиду, инсистирале на тоа дека Македонија била српска во времето на османлиското освојување и дека доминантен јазик во неа бил српскиот.[84] Како и да е, најсликовито претставување на тогашната ситуација ни дава грчкиот историчар Николаос Влахос: „Во Атина се планирала Грција до Црно Море, во Софија – Бугарија до Олимп, во Белград – голема Србија до Егејско Море и во Букурешт – илузорно, Романија до Пинд."[85] Оттука, лесно е воочливо географското вкрстување на оние што во своите национални доктрини ја имаат за центар територијата на османлиска Македонија.

Деценијата по Големата источна криза се смета за релативно мирен период, карактеристичен по интензивното навлегување на надворешните пропаганди, кои, пред сè, ги користат „мирните средства" (цркви, училишта, разни здруженија) за ширење на своето влијание меѓу православните христија-

83 M. Παξιμαδοπουλου-Σταυρινου, *Η διπλωματια των Δυναμεων...*, стр. 27, 28.

84 Анастасија Каракасиду, *Полиња жито, Ридишта крв*, Скопје, 2002, стр. 17. Македонка Митрова, *Кралството Србија и османлиска Македонија (1903-1913): политика на интервенција*, Скопје, 2012.

85 Νικολάου Βλάχου, *Το μακεδονικόν ως φάσις του ανατολικού ζητήματος*, Αθήναι, 1935, стр. 1–4.

ни. Овие институции биле задолжени да „произведат“ Грци, Бугари и Срби во султанските владенија на Балканот. На таков начин сметале дека ќе се зголеми нивното право на одредени делови од територијата на османлиската држава, вклучувајќи ја тука и Македонија. Одредени кругови во Грција констатирале дека нивната држава се однесува индиферентно кон „загрижувачката состојба“ со *елинизмот* во империјата. Ваквиот став се должи, пред сѐ, на нереагирањето на официјалните меморандуми и извештаи кои грчките конзули ги испраќале од османлиска територија. Така, кон крајот на 1889 година битолскиот конзул Г. Фонтанас, по извршената обиколка во Југозападна Македонија, испратил предупредување за состојбата со *елинизмот* во Македонија.[86] Фонтанас констатира „дека грчките пари во славофоните општини [во Битолскиот Вилает] биле расфрлани напразно, бидејќи не постои напредок во однос на националното [грчко] чувство и на грчката писменост“.[87] Според грчкиот историчар Константинос Вакалопулос, „македонското прашање“ во тој период во официјалната грчка политика било третирано повеќе како внатрешен отколку како надворешен проблем, т.е. дека тоа повеќе се користело во меѓупартиските пресметки на политичките субјекти во Грција отколку како ефективна работа на теренот.[88]

Во овој период дошло и до промена, т.е. до намалување на граничниот опсег на плановите за експанзија на грчката држава кон териториите на османлиска Македонија. Ваквиот потег на грчката влада се должи на неодржливата реалност на аспирациите кон целата нејзина територија, односно неможноста да се докаже дека таа е населена со мнозинско грчко население, како и на појавата на територијалните претензии на другите балкански држави. Сепак, основата на ваквиот чекор на идеолозите на грчката национална политика била да се обезбеди и да се зајакне копнената врска меѓу Кралството Грција и нивните мегаломански планови за освојување на Истанбул и на делови од Мала Азија кои поминувале низ Македонија и низ Тракија.[89] За таа цел била конструирана теорија, според која, османлиска Македонија била поделена на три зони: северна, од која се откажале,

---

86 Κωνσταντίνος Α. Βακαλόπουλος, *Ο Βόρειος Ελληνισμός κατά την πρώϊμη φάση του Μακεδονικού Αγώνα (1878-1894)*; *Απομνημονεύματα Αναστασίου Πηχεώνα*, Θεσσαλονικη, 1983, стр. 283.

87 Σ. Βουρη, *Εκπαιδευση και εθνικοσμος στα Βαλκανια...*, стр. 94.

88 Κωνσταντίνος Α. Βακαλόπουλος, „Το πολιτικό καθεστώς του ελληνισμού της Μακεδονίας στις παραμονές του Μακεδονικού Αγώνα (1904-1908)“, *Ο Μακεδονικός αγώνας: Συμπόσιο (1984)*, Θεσσαλονικη, 1987, стр. 50.

89 Ю. Константинова, *Българи и Гърци в борба...*, стр. 25.

јужна, која била „чисто грчка“, и средна, т.е. „спорна зона“, кон која имале аспирации и Бугарите и Грците.[90] Минималната цел на грчката политика била инкорпорирањето на јужната зона во границите на грчката држава, што би овозможило понатамошен продор и во средната зона. Овој план, кој го предложил грчкиот национален историчар Константинос Папаригопулос, станал основа на грчката политика кон „македонското прашање“, а бил објавен од страна на тогашниот грчки премиер Харилаос Трикупис уште пред 1885 година.[91]

Во османлиска Македонија во последната деценија од XIX век се појавува нов политички субјект, кој во основата ги нарушува пропагандните планови на балканските држави. Со појавата на Македонската револуционерна организација и нејзината програма и цел за создавање посебна македонска држава се наметнува и опасноста од неуспех на нивните аспирации кон Македонија и на нивните големодржавни планови. Создавањето на МРО ги направило второсепени меѓусебните конфликти на двете главни држави – Грција и Бугарија (претенденти на територијата и на населението на Македонија). Идеологијата на Организацијата, која била заснована на нејзината програма за ослободување од османлиска доминација и формирање македонски државен ентитет[92], но и на спроведувањето автохтона политиката во однос на претензиите на балканските држави, претставувала реална опасност за националистичките планови на Грција и на Бугарија.[93] Балканските држави на секој начин се обидувале да го спречат текот на настаните, но, сепак, како што експлицитно констатира историчарот Крсте Битовски, „Македонија, иако со едно поголемо задоцнување во своите напори за национално ослободување поминала сличен пат што го изоделе и другите народи на Балканот кои што биле под османлиска доминација“.[94] МРО настапува како фактор кој може да ги затвори вратите на мегаломан-

---

90 Во средната зона влегувале градовите Охрид, Битола, Прилеп, Гевгелија, Струмица, Мелник и Неврокоп.

91 Ю. Константинова, *Българи и Гърци в борба...*, стр. 27.

92 Ванчо Ѓорѓиев, *ВМРО 1893-1903; преглед низ документи*, Скопје, 2013.

93 Според Георгиос Цорбазоглу (службеник – преведувач во грчката амбасада во Истанбул), учител од редовите МРО „посетува голем број (…) села и како Македонец проповеда за независноста на знамето на Македонскиот комитет од бугарската и од грчката политика“. Извештај бр. 12, 26.7.1904 година.

94 Крсте Битовски, „Некои аспекти на илинденските националноослободителни борби“, *Сојуз на историчарите на Република Македонија, Историја*, Скопје, г. XXXIX, 2003, бр.1–2, стр. 11.

ските планови на владите во Атина и во Софија, па и во Белград, што се должи на фактот дека е создадена на македонска територија, со автохтон карактер и со политичка платформа за автономија на Македонија. Нејзината програма за автономија на Македонија, која во ваков облик, патем речено, отсуствува кај балканските пропагандни институции, станува главен мобилизирачки фактор на широките народни маси. Согледувајќи ја опасноста од динамичен развој на МРО, владите во Бугарија и во Грција се обиделе да ја преземат, да ја дисквалификуваат или целосно да ја уништат.

Политиката на Кралството Грција во однос на османлиска Македонија била јасна. Во согласност со поставките на *мегали идејата*, се планирало анектирање на цела или на поголемиот дел од нејзината територијата, а доколку тоа не е возможно, нејзино останување во рамките на Османлиската Империја. Секој оној што не се согласува со овој став, од Грција бил прогласуван за „непријател на елинизмот и против него се водела беспоштедна војна“.[95] За таа цел, а во интерес на грчката официјална политка и во согласност со веќе започнатата пропагандна војна меѓу неа и Бугарија, Грција ја прогласила МРО за продолжена рака на бугарскиот двор во Македонија. За Атина, всушност, најлесно било да го претстави движењето како уште една бугарска пропагандна институција, со што уште на самиот почеток го деградирала. Во корист на оваа цел одел и фактот што Османлиската Империја не ги модернизирала средновековните именувања на македонското словенско население како Бугари, термин кој многу повеќе го носел предзнакот на Словен и земјоделец, а потоа и на егзархист, отколку што било некакво си именување во национална категоризација, бидејќи империјата и нејзината управа до крајот на своето постоење останале анационални

Набргу по формирањето на МРО, кога таа сè уште била во својот зародиш, двете најзаинтересирани држави, Грција и Бугарија, своите аспирации и интереси кон османлиска Македонија ги претставиле и по вооружен пат. Официјална Софија, користејќи ја многубројната македонска емиграција во Бугарија и преку штотуку формираниот Македонски комитет (подоцна преименуван во Врховен македонски комитет, ВМК), во 1895 година организирала четничка интервенција во североисточна Македонија, или попозната како Мелничко востание.[96] Целта била јасна: пред Европа се

---

95 К. Битовски, *Континуитетот на македонските*..., стр. 378.

96 За четничката интервенција види повеќе кај: Крсте Битовски, *Македонија и Кнежевството Бугарија (1893-1903)*, Скопје, 1977, стр. 407; Иван Катарџиев, *Борба до победа, Пирин се буди*, Том I, Скопје, 1983, стр. 366–386; Марија Пандевска, *Струмичкиот револуционерен округ (1893-1903)*, Скопје, 2002, стр. 72–85.

сакало да се актуелизира понижувачката положба на „бугарското население“ во Македонија, но и јасно да се покажат аспирациите кон тие делови од Османлиската Империја.[97] Реакцијата на Грција на ваквата провокација била жестока. Во самата држава се развила силна пропагандна активност за божемната опасност за *елинизмот* и за можноста да се изгуби „најгрчката“ територија – секако, во согласност со предвидената големодржавна идеја. На националните идеолози им станало јасно дека и Грција мора да преземе, до одреден степен, идентична акција доколку сака да им се спротивстави на плановите на своите конкуренти.

Меѓутоа, одговорот не пристингал од официјалната Атина, туку од организацијата наречена „Етиники етерија“. Оваа организација била создадена во пролетта 1894 година од група грчки офицери и таа за две години прераснала во сериозна политичка и воена сила во грчката држава.[98] „Етники етерија“ во пролетта 1896 година, користејќи ги немирите на островот Крит, одлучила да испрати вооружени групи во османлиска Македонија, поточно во делови од Солунскиот и од Битолскиот Вилает.[99] Вооружената акцијата завршила неславно, слично како и онаа на ВМК. Можностите и целите на вооружените групи испратени од грчката држава на османлиска територија во никој случај не биле и не можеле да бидат насочени кон дес-

---

[97] Мелничката востаничка провокација се надоврзала на претходното прекршување на Берлинскиот договор, кога било прогласено спојувањето на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија (1885), со што бугарската држава се претставила како единствен двигател на внатрешните состојби во османлиска Македонија. Во таа насока, историчарот К. Битовски констатира дека „по овие настани во Европа често се пишувало за положбата во Македонија, за страдањето на населението и за борбите што ќе бидат организирани и раководени од Внатрешната организација, и често на настаните ќе им се дава бугарска боја; инспираторот и причините за ’метежот‘ ќе се бараат во Бугарија; одговорни и виновни ќе бидат бугарската влада и македонските комитети во Бугарија. Така, ослободителната борба во Македонија, раководена од Внатрешната организација, ќе добие незаслужени епитети, нејзе ќе ѝ се припишуваат наполно незаслужени цели и задачи, чија последица ќе биде компромитација на револуционерното движење како автохтоно движење на Македонија.“ К. Битовски, *Континуитетот на македонските…*, стр. 234–235.

[98] „Етники етерија“ била формирана како резултат на пасивната грчка надворешна политика во однос на Македонија и на островот Крит. Во суштина, нејзините членови се стремеле вооружено да го поддржат *елинизмот* во османлиската држава со испраќање паравоени формации на нејзина територија. К. А. Βακαλοπουλος, *Νεοελληνικη ιστορια...*, стр. 293.

[99] Види повеќе кај: Крсте Битовски, *Грчката „Македонска борба“*, Скопје, 2001, стр. 44–57.

табилизирање на османлиската власт во Македонија. Напротив, нивната цел била да се презентираат грчките територијални аспирации пред Европа и да се спротивстават на бугарската пропаганда, но и „да го подигнат националниот морал на грчкиот елемент и да го пренасочат вниманието на Високата порта кон воените случувања на Крит“.[100] Оваа организација и во наредната 1897 година испратила вооружени групи на македонска територија. Во нивниот состав влегле и познатите офицери на „Етники етерија“ и едни од подоцнежните првенци на грчката „македонска борба“: Павлос Мелас и Констандинос Мазаракис. Овие вооружени формации ја доживеале судбината на претходните, т.е. неподдржани од месното население, многу бргу биле ликвидирани или прогонети од страна на османлиската војска.

Во политиката на официјална Атина кон „македонското прашање“ настанала пресвртница по поразот на Грција во војната со Османлиската Империја од април 1897 година. Имено, кризата во која западнала грчката држава во 90-тите години од XIX век кулминирала со овој настан. Воено неподготвеното кралство, следејќи ја замислената концепција за *мегали идејата*, ја започнало војната преку постојани провокации на паравоени групи на пограничните османлиски територии населени претежно со грчко население. Жестоката реакција на османлиската војска, која за неколку дена ги освоила Тесалија и Епир, го најавила воениот пораз на грчката држава. Меѓутоа, навремената интервенција на европските сили го спречила военото напредување на Османлиите кон внатрешноста на Грција. Така, Високата порта, иако воено била надмоќна, во мај 1897 година била принудена да склучи примирје, а потоа да потпише и мировен договор.[101]

За надворешната политика на грчката држава, периодот по воениот пораз од 1897 година е време на самопреиспитување и отрезнување во однос на сопствениот воен потенцијал. Краткотрајната војна покажала дека секој самостоен обид за остварување на *мегали идејата* е осуден на пропаст. Станало очигледно дека Грција, без оглед на слабостите на Османлиската Империја, во секој иден меѓусебен вооружен конфликт „веројатно би го извлекла подебелиот крај“.[102] По овој настан, владата во Атина започнала да води крајно претпазлива политика во однос на Високата порта, поради што од грчките националистички кругови била прогласена за предавничка на грчките интереси и на *елинизмот* во империјата. Позицијата во која се

[100] Μ. Παξιμαδοπουλου-Σταυρινου, *Η διπλωματια των Δυναμεων...*, стр. 66.

[101] Ю. Константинова, *Балканската политика на Грция в края на XIX...*, стр. 277.

[102] Р. Клог, *Историја грчке..., стр.* 75.

наоѓала Грција не ѝ дозволувала отворено мешање во „македонското прашање“. Преземањето на каква било иницијатива на османлиска територија би претставувало ризичен потег со далекусежни последици за позициите на грчката пропаганда во Македонија, но и за самата Грција.

Во периодот по грчко-османлиската војна, балканската политика на грчката влада се карактизирала со желба за запазување на статус-квото во регионот поради фактот што таа не била во состојба да ги заштити своите интереси во евентуалното повторно активирање на источното прашање.[103] Во интерес на ваквата нејзина политика бил и австро-рускиот договор од мај 1897 година, со кој се потврдува статус-квото на Балканскиот Полуостров.[104] Во корист на грчките интереси во османлиска Македонија, грчката влада се одлучила на постепено приближување кон Високата порта, што на теренот значело соработка помеѓу месната османлиска власт и грчките пропагандни структури. Оттука, последователно, официјална Атина во борбата против МРО ќе пронајде сојузник во османлиската администрација. Тогашната ситуација и нивните интереси наполно се совпаднале. Имено, двете влади ги зближила борбата против ослободителната програма на македонското револуционерно движење, а следователно тие ја прогласиле МРО за „бугарска“ организација. Разбирливо е дека за меѓусебната соработка повеќе биле заинтересирани Грците отколку Османлиите. Според историчарот Крсте Битовски, за тоа постеле две причини. Првата била достоинството кое не ѝ дозволувало на Османлиската Империја да бара „помош“ од држава што ја поразила пред само неколку години, додека втората се однесувала на грчката пропаганда во Македонија, која освен преку шпионирање, на никаков друг начин не можела да ѝ помогне на османлиската власт.[105]

Користејќи ја победата од војна во 1897 година, Високата порта со посредништво на германската влада успеала да му наметне на Кралството Грција неколку договори. Овој процес започнал уште во 1898 година. Во наредните години османлиската власт во неколку наврати ѝ нудела на владата во Атина договор за склучување сојуз придружен со воена конвенција, кој бил одбиен од грчката страна.[106] Може да се протолкува дека ваквата одлука на грчката влада била резултат на сè уште свежите спомени од не-

---

103 Ю. Константинова, *Балканската политика на Гърция в края на XIX…*, стр. 279.

104 Μ. Παξιμαδοπουλου-Σταυρινου, *Η διπλωματια των Δυναμεων…*, стр. 40.

105 К. Битовски, *Континуитетот на македонските…*, стр. 381.

106 За првпат таков договор бил понуден во ноември 1898 година, потоа во пролетта 1899 година, во април 1901 година и во декември 1902 година.

одамнешниот воен судир и на евентуалната негативна реакција на грчката јавност. Сепак, во април 1901 година била потпишана грчко-османлиска конзуларна конвенција, што му овозможило на Кралството засилување на пропагандниот апарат преку зголемување на своите конзуларни претставници во Македонија.[107] Во 1903 година била потпишана и трговско-поморска конвенција меѓу двете држави. Овие договори, меѓутоа, не завршиле со писмен договор за грчко-османлиско сојузништво и со воена конвенција, иако на територијата на османлиска Македонија до одреден степен се практикувале. Ваквата политика на грчката држава од страна на православното население во империјата била сметана за туркофилска, но одговорните фактори во Грција сепак се надевале дека добрите односи со османлиските власти би им донеле одредени бенефиции, какви што добиле Бугарија и Србија со неутралниот став за време на војната од 1897 година. Тие барале и се надевале дека властите во османлиска Македонија ќе ги заштитат грчките интереси како награда за сојузничкиот однос на Грција кон официјален Истанбул. Од друга страна, претпазливоста на владите во Атина во однос на зближувањето со Османлиите се должела на постојаните преговори со другите заинтересирани претенденти за анектирање и поделба на македонската територија.

Во последните години од XIX и во почетокот на XX век, во Грција се појавиле две спротиставени концепции за начинот на водење на државната политика кон „македонското прашање". Првата била владината, т.е. официјалната, која без разлика на политичката партија што се наоѓала на чело на државата, секогаш се придржувала кон курсот на добрососедски односи со Османлиската Империја. Спротивно од ваквата политика, националистичките кругови предводени од офицерите на „Етники етерија" (која поради жестоките критики била во процес на распаѓање) сметале дека нивната држава премалку се грижи за *елинизмот* во империјата и води „анационална политика".[108] Овие структури барале поагресивно настапување и работа на терен. Во таа насока, извесен Мацос, очигледно член на „Етники етерија", барал во османлиска Македонија да се создадат грчки вооружени групи кои би се бореле против „бугарските чети".[109] Дотогашната практика на

[107] Георги Даскалов, *Българите в Егейска Македония: мит или реалност*, София, 1996, стр. 43.

[108] „Етники етерија" била распуштена во текот на 1900 година. Нејзиниот капитал од околу 120 000 драхми бил префрлен на Сегрчкото стрелачко друштво. Ιωνος Δραγουμης, *Τα Τετραδια του Ιλιντεν, Γιωργος Πετσιβας*, Αθηνα, 2000, стр. 331.

[109] *Ο Μακεδονικος αγων και εις Θρακην γεγονοτα, Γενικον επιτελειον στρατου*; Διευθυνσις ιστοριας στρατου, Αθηνα, 1979, стр. 123.

„организирање протести и промени“ и изведување „ексклузивни прошетки низ Европа за запознавање на европската јавност“[110] со „македонското прашање“ требало да бидат засилени со конкретни активности за повторно враќање на влијанието на Цариградската патријаршија и за зајакнување на грчките училишта во османлиска Македонија.

Според грчката историографија, главна причина за ваквиот индолентен однос на владите во Атина била катастрофалниот пораз од Османлиската Империја во војната од 1897 година. Така, на пример, грчкиот историчар Константинос Вакалопулос смета дека „последиците од 1897 година“ несомнено воделе кон „дефинитивно напуштање на македонскиот елинизам од страна на официјалната грчка политика“,[111] додека историчарот Апостолос Вакалопулос војната ја нарекол „неразумна“, притоа констатирајќи дека таа ја покрила Грција „со еден темен облак на срам“ и предизвикала „страшна рана во срцето на нацијата“.[112] Влијателната Наталија Мела, сопруга на уште повлијателниот Павлос Мелас, напишала дека војната „повеќе морално, отколку материјално ѝ наштетила на државата“[113], мислејќи на последиците за надворешната политика на кралството. Меѓутоа, не треба да се заборви на фактот дека османлиска Македонија во тој период била на второ место во агендата на владите во Атина. Погледите на Грција биле насочени кон островот Крит и неговиот статус во рамките на Османлиската Империја.[114] И тоа било разбирливо, затоа што борбата на Крит претставува дело на Грци и токму поради тоа, тие ја добивале целосната поддршка од грчката држава и од грчкиот народ, а особено што геостратешката положба на островот била важна и за дел од европските поморски империи. Наспроти тоа, за грчките граѓани и за голем број политичари „Македонија во голем степен била непозната земја“.[115] Наталија Мела за тогашната интелектуална елита напишала дека тие „не знаеја ниту едно езеро, река или планина во

---

110 Γ. Χ. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη μακεδονικη ιστορια*, Θεσσαλονικη, 2007, стр. 222–223.

111 Κ. Α. Βακαλοπουλος, *Νεοελληνικη ιστορια...*, стр. 301.

112 Αποστολου Ε. Βακαλοπουλου, *Ο μακεδονικος αγωνας (1904-1908) ως κορυφαια φαση των αγωνων των Ελληνων για τη Μακεδονια*, Θεσσαλονικη, 1985, стр. 25.

113 Ναταλια Μελα, *Παυλος Μελας,* Αθηνα, 1926, стр. 160.

114 Островот Крит по војната од 1897 година добил автономија под османлиски суверенитет. Во ноември 1899 година, за висок комесар на островот бил поставен Георги, вториот син на грчкиот крал Георги I.

115 Димитрис Литоксоу, *Грчкаша аншимакедонска борба I; Од Илинден до Загоричани (1903-1905)*, превод Васко Карацa, Скопје, 2004, стр. 40.

Македонија, не знаеја каде да погледнат на картата за да ги најдат. Знаеја само за еден Солун, кој беше космополитско општество (…).“[116] Грчкиот премиер Теотокис ги сметал за „лудаци“ т.н. борци за Македонија[117], кои само ѝ наштетуваат на интересите на грчката држава.

Во секој случај, меѓу другото и како резултат на ваквата политика, грчката пропаганда забрзано почнала да ги губи своите приврзаници во Македонија, што значело и губење на начелото: чие е населението, нему му припаѓа територијата. Во одредени националистички кругови во Грција, кои, патем речено, биле дел и од официјалните државни институции, вознемиреност предизвикале информациите кои пристигнувале од самиот терен, а од кои јасно се гледале програмските цели на МРО. Така, Јон Драгумис, еден од главните идеолози на грчкиот иредентизам кон османлиска Македонија, во февруари 1903 година (период кога ја извршувал должноста секретар во грчкиот конзулат во Битола) напишал: „Комитетот (МРО, б.н.) им ја покажа сликата на слободата. Комитетот и четите велат ’Македонија на Македонците‘, не ги принудуваат (…) да станат шизматици, ниту да ги напуштат грчките училишта (…) Овие не бараат бугаризам, туку бараат автономија (…).“[118] Обединувајќи се зад паролите „автономија на Македонија“ и „Македонија на Македонците“, населението тргнало кон патот на социјално и економско ослободување од османлиската доминација. Во тој контекст, во еден напис во весникот „Право“ од 1902 година, кој во тоа време се користел понекогаш и како неофицијален орган на Организацијата, се потенцира: „Внатрешната организација ќе му даде на секој да разбере дека работи за единството и независноста на Македонија како слободна држава на Балканскиот Полуостров. Таа организација давала и во иднина ќе дава докази дека не е агент на ниту една од соседните држави, туку агент само на македонската слобода и независност. Со такви докази таа постепено ќе ги отстранува племенските разлики во Македонија и ќе го организира идниот, како разнобоен, но способен да самоуправува мирно и тивко, македонски народ.“[119]

---

116 N. Μελα, *Παυλος...*, стр. 160.

117 Според мемоарите на Александрос Кондулис. Д. Литоксоу, *Грчката антимакедонска...,* стр. 40.

118 I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 19.

119 Вътрешната революционна организация, Право, II/31 (39), 22.9.1902, стр. 2. Преземено од Ванчо Ѓорѓиев, *Подземната република; Дамјан Груев и македонското револуционерно движење*, Скопје, 2010, стр. 92.

Во овој случај е интересно користењето на терминот „племенски“ на сметка на други термини кои биле достапни: народ, род, народност. Претпоставка е дека употребата на терминот „племенски“ можеби била во корелација и со регионалниот идентитет (костурчани, леринчани итн.) и со основната цел на Организацијата за сплотување во едно на сите незадоволни елементи во Македонија без разлика на народноста. Грчките пропагандни органи, вклучувајќи ја тука и Цариградската патријаршија, „го следеле успехот на Македонската револуционерна организација, но дури на преминот на дваесеттиот век (…) сфатиле што всушност им се ’случило‘“.[120] Во перцепцијата на грчките националисти, опасност претставувало прифаќањето на идеите на МРО од голем број патријаршисти, кои грчката пропаганда, меѓу другото, ги имала прогласено за свој етникум во османлиска Македонија. Сплотувањето на македонското православно население од различна црковна припадност за грчката политика значело губење на правото да претендира на историска Македонија. „Доказите“ на грчката држава презентирани пред Европа за божемната доминација на нивниот етнички елемент ќе немале никаква вредност без тој дел од македонските верници.

За таа цел, во Македонија често биле испраќани доверливи луѓе со задача на самиот терен да направат истражувања, кои подоцна биле користени во креирањето на идната пропагандна политика. Резултатите добиени од ваквите истражувања биле крајно спротивни од желбите и очекувањата на пропагандните институции во Атина. Така, на пример, Георгиос Цорбазоглу, службеник и преведувач во грчката амбасада во Истанбул, за време на својата посета на Македонија, стапувајќи во контакт со месното македонско население, заклучил: „(...) карактеристично е (…) дека и ден-денес многу се чести и секаде се склучуваат бракови меѓу нив (патријаршисти и егзархисти, б.н.), со исто почитување шизматиците (егзархистите, б.н.) посетуваат православни (патријаршиски, б.н.) цркви и обратно.“[121] Ова недвојбено упатува на фактот дека меѓу патријаршистите и егзархистите не постоела етничка граница.[122] Ваквите и слични сознанија

---

120 К. Битовски, „Некои аспекти на илинденските…“, 18.

121 Извештај бр. 4, 9.4.1904 година. Marija Pandevska, „The term Macedonian(s) in Ottoman Macedonia: on the map and in the mind“, *Nationalities papers*, The Journal of Nationalism and Ethnicity, A publication of the Association for the Study of Nationalities, Volume 40, Issue 5, 2012, 747–766,.

122 Frederik Bart, „Etnicke granice i njihove granice“, Filip Putinja, Zoslin Stref-Fenar, *Teorije o etnicitetu,* Beograd, 1997, стр. 221–259.

имале поразително влијание за грчките националистички кругови, но, од друга страна, им давале поголем мотив да преземат порадикални чекори во намерите за спроведување на големогрчките планови. Оттука, Ј. Драгумис сметал дека во предилинденскиот период е потребно да бидат реализирани две главни и меѓусебно поврзани цели. Првата цел, според Драгумис, била изолирање на т.н. „славофоно население од бугарското влијание", во кое, покрај другите, според грчката доктрина, била вклучена и МРО. Втората цел се однесувала на одржување и ширење на грчкото влијание во османлиска Македонија, под што се подразбирало задржување на т.н. „славофони православни селани под духовната јурисдикција на Патријаршијата и/или развој на прогрчка или на грчка свест кај нив".[123] Националистичките кругови го гледале спасот од постојаното губење на своето влијание врз патријаршиските верници и во започнувањето отворена војна против МРО, вклучувајќи вооружен начин на дејствување против силите на македонското револуционерно движење.

Во почетокот на XX век и понатаму, како најактивна грчка пропагандна институција во Османлиската Империја останала Цариградската патријаршија. Последната, заедно со другите грчки пропагандни протагонисти, била сведок на константниот развој на МРО, но, истовремено, била и сè поразочарана од пасивниот однос на грчката држава кон настаните и процесите што се случувале во османлиска Македонија. Проценките на грчките пропагандни претставници се движеле во насока на создавање грчка вооружена сила, проценувајќи дека таа на најдобар начин би ѝ се спротивставила на развиената илегална мрежа на македонското националноослободително движење. Овие вооружени групи првенствено би биле создадени во Кралството Грција, но и од поединци од месното македонско население (најчесто отпадници од МРО), кои за својата работа би добивале месечна плата. Во османлиска Македонија најактивен во оваа намера бил патријаршискиот костурски митрополит Германос Каравангелис, на кого слободно може и да му се припише идејата за започнување на организираното грчко вооружено дејствување против МРО.

[123] M. Kaliakatsos, „Ion Dragoumis and 'Machiaveli': Armed struggle, propaganda and hellenization...", стр. 57.

ГЛАВА ВТОРА

# ПОЈАВАТА НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА И ВО КОСТУРСКО

## 2.1. МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА – ПРОГРАМА, СРЕДСТВА И ШИРЕЊЕ

Во последните децени од XIX век, на територијата на османлиска Македонија се случиле крупни настани, кои придонеле за тоа дел од македонското христијанско население да го бара својот пат кон ослободувањето од османлиската доминација во организираниот начин на вооружено дејствување. Ваквиот тек на настаните бил вообичаена реакција на балканските народи во процесот на стекнување сопствена државност на териториите на кои егзистирале. Зад појавата на македонското революционерно и ослободително движење, кое го трасирало патот и кон македонското национално оформување, постоеле голем број објективни предуслови, како внатрешни така и надворешни. Покрај економските предуслови и несигурноста во сите сегменти од секојдневното живеење, големо влијание имала и ситуацијата на Балканот и во Европа, т.е. нивните аспирации кон османлиското наследство.

Имено, кризата во општественото, економското и во политичкото живеење во Османлиската Империја, која започнала од порано, не само што продолжувала туку и сериозно се продлабочувала. Основната карактеристика на овој процес се манифестирала, во прв ред, во вид на сеопшто и постепено опаѓање на материјалното производство и на осиромашување на империјата во целост. Ваквата тенденција станува особено видлива кога положбата во османлиската држава се споредува со материјалниот и културниот прогрес во соседните балкански држави, а особено со константниот развој во Европа.[124] Обесправеноста и постојаната експлоатација

[124] Манол Пандевски, „Положбата на Македонија во Османлиската империја кон крајот на XIX и почетокот на XX век“, *Македонското ослободително дело во XIX и XX век*, том петти, Скопје, 1986, стр. 7.

на христијанското население и анархијата која постоела во тогашниот политички ситем претставувале само еден од најважните предуслови во создавањето на македонското револуционерно движење. Покрај неиздржливата економско-социјална ситуација, во османлиска Македонија „се надоврзувале и хегемонијата врз духовниот живот на црковно-просветните пропаганди на соседните балкански земји, вешто испреплетени со нивните големодржавни агресивни претензии кон османалиското наследство на Балканот“.[125]

Идното револуционерно движење се темелело на барањето за решавање на „македонското прашање“ преку спроведување на членот 23 од Берлинскиот договор. Високата порта, користејќи го неединството и нерешителноста на Големите сили за спроведување во целост на реформите наметнати однадвор, во најголем случај успешно го избегнувала нивното реализирање. Според Христо Силјанов, империјата секогаш извлекувала драгоцени поуки од практикувањето на европската политика кон неа, така што „искуството ја научило дека длабоките противречности меѓу силите остануваат во сила и тогаш кога тие дејствуваат во Цариград со видлива солидарност и дека недостатокот на целосна хармонија на Европскиот концерт е адут со кого може вешто да се игра“.[126] Големите сили секогаш биле водени од своите интереси, на тој начин игнорирајќи ги желбите и барањата на помалите балкански народи. Во тогашната констелација на силите, не можејќи да се договорат за териториите на Османлиската Империја и за своите сфери на влијание на Балканскиот Полуостров, европските држави диктирале состојба на статус-кво.

Во периодот на ослободителното движење на македонскиот етникум против османлиската доминација и во процесот на неговото национално формирање, неминовна фаза била создавањето организирано револуционерно движење.[127] Во тој контекст, академик Манол Пандевски констатира дека појавувањето на македонското револуционерно движење само ја

[125] М. Пандевска, *Струмичкиот револуционерен...*, стр. 9.

[126] Христо Силјанов, *Ослободителните борби на Македонија*, Том I, Скопје, 2003, стр. 42.

[127] Чешкиот историчар и теоретичар Мирослав Хрох детектира три фази во процесот на формирање на „малите“ нации: фаза А (период на научна заинтересираност, или во македонскиот случај, „ерата на преродбата“); фаза Б (период на патриотско агитирање, т.е. формирањето на МРО); фаза В (подем на масовното национално движење, или периодот на Илинденското востание). М. Хрох, *Општествени предуслови за националната преродба...*, стр. 23.

одбележува повисоката етапа од развојот на ослободителните борби на дел од македонското население против османлиската власт.[128] Оттука, созревањето на општествено-економските и на политичките услови во османлиска Македонија го трасирале патот кон формирањето на Македонската револуционерна организација.[129] Основачите на организацијата биле свесни за идејата што ги обединува и за целите поради кои биле собрани, но, сепак, првобитно тие не можеле да ги предвидат мноштвото аспекти на своето дејствување, особено тоа дали организацијата што планирале да ја формираат ќе ги „преживее детските болести“ и ќе успее да се профилира како главен двигател и примарен политички фактор во ослободувањето и националното конституирање на македонскиот народ.

Поради ваквите околности, сеќавањата на шестемина протагонисти за првите неколку средби се прилично ограничени, но и доста противречни. Така, според расположливите извори, на основачката средба на 23 октомври 1893 година тие не донеле никакви значајни нормативни акти за своето идно функционирање.[130] На втората средба, одржана повторно во Солун на 5 јануари 1894 година, биле донесени првите конкретни акти и решенија. Имено, било одлучено дека целта на Организацијата е добивање автономија на Македонија врз основа на членот 23 од Берлинскиот договор и дека таа ќе се нарекува Македонска революционерна организација, а Солунскиот комитет бил прогласен за Централен македонски револуционерен комитет (ЦМРК). Петар Поп Арсов бил задолжен да го направи првиот Устав на Организацијата. На наредните средби шесте-

[128] М. Пандевски, „Револуционерното движење наспрема територијалниот интегритет, пропагандите и автономијата на Македонија“, *Македонското ослободително дело во XIX и XX век*, том петти, Скопје, 1986, стр. 187.

[129] Македонската револуционерна организација била формирана на 23 октомври 1893 година во градот Солун од страна на шестмина млади македонски интелектуалци: Даме Груев, Иван Хаџи Николов, д-р Христо Татарчев, Петар Поп Арсов, Андон Димитров и Христо Батанџиев.

[130] Единствено што се договориле било да ги шират своите идеи и да врбуваат истомисленици. Во своите спомени еден од учесниците на првата средба, Христо Татарчев, напишал дека групата разменила мислења за идната политичка дејност и дека секој од нив ќе влијае на други поединци со цел да ги привлече кон истата идеја. Понатаму Татарчев констатира дека групата на оваа прва средба се конституирала како друштво без писмен протокол и без да се избере раководство. Д-р Христо Татарчев, *Спомени, документи, материали*, София, 1989, стр. 27.

мина го прифатиле Уставот и во согласност со со него го избрале првиот Централен комитет (ЦК).[131]

Паралелно со поставување на идеолошко-програмската основа, организацијата ги правела своите први чекори за доближување кон македонското население. Почетното плетење на организациската мрежа се изведувало во строга конспиративност и со голема претпазливост. Првите зачленувања на поединци во редовите на движењето биле извршени во Солун и во неговата околија, а постепено тоа се ширело и во внатрешноста на Македонија. Најголема заслуга за формирање на првите комитети од мал број доверливи луѓе ја има Д. Груев.

Континуираниот развој на македонското револуционерно дело, со сите свои позитивни и негативни амплитуди, единствено може да се проучува и да се толкува како жив организам подложен на надворешни и на внатрешни влијанија, при што се евидентни нагорнини и стагнации, успеси и опаѓања, како и жилаво опстојување на историскиот ветромет.[132] Балканските претенденти на територијата и на населението на османлиска Македонија, во политичката платформа на МРО препознале опасност, обидувајќи се на секој начин да ја контролираат, да ја деградираат или да ја уништат. Со таквиот нивен однос единствено ја зајакнале решеноста и одлучноста на голем број членови на Организацијата да издржат во целта што ја имале поставено. Од друга страна, тешките услови во периодот на нејзиното создавање ја принудиле на приспособувања, но и на отстапки, кои вешто биле користени од соседните големодржавни пропаганди во обидите за нејзино разнебитување. Во својот развоен пат, македонската ослободителна организација поминала низ одделни фази. Имено, историчарот Димитар Димески изделува три фази во развојниот пат на МРО во предилинденскиот период (1893 – 1903). Првата фаза го опфаќа периодот од формирањето на Организацијата до 1896 година, втората од 1896 до 1902 година, додека последната – трета фаза, од 1902 до 1903 година.[133]

---

131 Прв претседател станал Х. Татарчев, а секретар и благајник Д. Груев. Подоцна И. Хаџи Николов го напишал, а ЦК го усвоил, Правилникот „за раководење на месните комитети“. *Историја на македонскиот народ*, том 3, Скопје, 2003, стр. 162.

132 Манол Пандевски, „Македонската револуционерна организација меѓу 1893–1918 – формирање и развиток“, *Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание,* Скопје, 1994, стр. 21.

133 Димитар Димески, „Македонската револуционерно ослободително движење (1893–1903)“, З*борник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје*, 1993, стр. 31–41.

Во првата фаза, покрај усвојувањето на основните начела на оваа илегална организација, а преку кои биле поставени темелите на револуционерното движење, таа се соочила со сериозни потешкотии во ширењето на делото меѓу македонското население. Условите на самиот терен биле крајно неповолни за масовно промовирање на идејата за ослободување на Македонија преку револуционерна борба. Претпазливоста и строгата конспиративност се должеле на опасностите од османлиската власт, но и од црковно-училишните пропаганди, особено патријаршиската и егзархиската, под чија јурисдикција се наоѓало речиси целото христијанско население.[134] Во овој период навлегувањето на организацијата во патријаршиските средини било отежнато, а од друга страна, кај егзархистите постоел отпор, но не од самото население, туку од Егзархијата како институција на бугарската пропаганда во Македонија. Затоа, со право, историчарот Крсте Битовски истакнува: „Егзархијата со речиси целиот свој броен апарат беше категорички против организирањето на каква и да е асоцијација или акција која би била надвор од нејзината контрола и особено беше против секаква револуционерна иницијатива."[135] Како и да е, одреден дел од пониските чиновници во црковно-образовните институции на Егзархијата во османлиска Македонија, се мисли, пред сè, на дел од учителскиот кадар, биле носители на револуционерната идеја или поддржувачи на МРО. Овие дејци биле основата и главниот пренесувач на идејата кај дел од македонското население за ослободување на својата татковина преку вооружена борба.

Во почетната фаза од развојот на МРО се појавила опасност од застранување од основните цели, како и за пасивизирање на делото. Разните погледи за идните активности, но и немањето претстава за теренското организирање на револуционерното движење на најголем дел од членовите на ЦК, претставувале сериозни пречки кои морале да се надминат. Се чувствувала потреба од свеж кадар, со нови идеи и етузијазам, сили кои ќе го поведат движењето во идните предизвици и ќе му ја дадат неговата вистинска физиономија. Пресвртот настанал со вклучувањето на Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев и на други личности во Организацијата, кои, според академик Пандевски, „дури и повеќе одошто на некои иницијатори, им прилега епитетот на основоположници".[136] Нивното појавување

[134] К. Битовски, *Континуитетот на македонските...*, стр. 213.

[135] Исто, стр. 213.

[136] М. Пандевски, „Македонската револуционерна организација меѓу 1893–1918...", стр. 23.

на историската сцена во македонското ослободително движење значело и негово приближување до широките народни маси во македонските села. Најзаслужен за тоа бил Г. Делчев, кој постојано бил во движење и во агитација меѓу македонското селанство. Подоцнежниот историски развој на револуционерното движење покажал дека токму оваа категорија од македонското население ја имала една од клучните улоги во национално-ослободителните процеси во османлиска Македонија.

Со создавањето на Врховниот македонски комитет (ВМК), во Кнежеството Бугарија се појавил уште еден противник на македонското револуционерно движење. Историјата покажува дека дејноста на ВМК имала катастрофални последици по функционирањето на МРО. Врховниот комитет бил создаден кон крајот на 1894 и почетокот на 1895 година, обединувајќи ги постепено мноштвото македонски емигрантски друштва во Бугарија. Македонската револуционерна организација во многубројната македонска емиграција во Кнежеството ја гледала можноста за финансиска и за морална помош. Но оваа легална организација (ВМК) многу бргу по нејзиното создавање била изманипулирана, а подоцна и целосно ставена под контрола на бугарската држава. Новата политика на официјална Софија кон „македонското прашање“ набргу била презентирана и на терен преку паравоениот упад во Североисточна Македонија од 1895 година, или во историјата познат како Мелничка востаничка провокација.

Потребата од изнаоѓање нови форми на дејствување, приспособување кон состојбите на теренот, како и од натамошно изградување на организациските структури претставувале повод за одржување на Солунскиот конгрес на МРО во 1896 година. Овој настан, според „карактерот на донесените решенија и завршената работа, (…) со право може да се нарече основачки конгрес на Организацијата“.[137] Ваквиот став во своите спомени го изнел и Ѓ. Петров, кој констатира дека „тоа собрание (се мисли на Конгресот, б.н.), така да се рече, беше основачко“,[138] додека според најголем дел од современите историчари, Конгресот се смета за пресвртница во развојот на македонското революционерно движење. Воедно, со овој настан започнала и втората фаза од развојниот пат на МРО во предилинденскиот период. На неколкудневните средби се дискутирало за клучни прашања, за кои биле донесени конкретни решенија. Биле разгледани врските и односите на МРО и ВМК, при што било одлучено дека „организацијата (…) ќе биде

[137] Хр. Силјанов, *Ослободителните борби…*, стр. 68.

[138] *Спомени на Ѓорче Петров*, Скопје, 1950, стр. 47.

самостојна и независна од надворешни влијанија (…) [и] ќе се инспирира исклучиво од интересите на Македонија и нејзиното обесправено население“.[139] Притоа, било решено да се донесат нов Устав и Правилник, како основни документи врз кои ќе се базира идната дејност на движењето. Тие биле напишани во 1897 година од Ѓ. Петров и Г. Делчев по нивното заминување во Софија како задгранични претставници (ЗП), одлука која, исто така, била донесена на Конгресот. На него било одлучено новото име на Организацијата да биде Тајна македонско-одринска революционерна организација (ТМОРО). Меѓутоа, таа најчесто неофицијално се нарекувала „Внатрешна“, со што се правела дистинкција од „Надворешната“, т.е. ВМК во Софија. Била спроведена реорганизација на територијата на османлиска Македонија на окрузи, додека секој округ бил составен од неколку околии. Во своите спомени Ѓ. Петров забележал: „Доколку ми иде на ум, окрузите беа, прв Солунски, втор Битолски, но со право така што град Прилеп да може и направо да општи со ЦК, Скопскиот – друг округ, потоа имаше Штипски, округ Струмица и Џумаја (а не Сер) (...) Еден округ Велес и Штип со право да општи директно со ЦК. Одрин го примивме за округ.“[140] Највисоко раководно тело и понатаму останал ЦК, со кој директно можеле да комуницираат окружните комитети[141], додека преку последните, индиректно, со ЦК можеле да комуницираат и околиските комитети. Биле изработени тајни шифри за кореспонденција и псевдоними за лични и за географски имиња.

Во втората фаза од развојот на МРО продолжило масовизирањето и вклучувањето на македонското село во движењето, „а со тоа и поместување на базата на Организацијата од градската мултиетничка, кон мнозинската македонска селска средина“.[142] Очекувањата на населението од револу-

---

[139] К. Битовски, *Континуитетот на македонските…*, стр. 243.

[140] *Спомени на Ѓорче Петров*, стр. 47.

[141] Во прво време, како што може да се забележи и во текстот, имало седум окружни комитети, но подоцна, поради практични организациски причини, останале само Солунскиот, Скопскиот, Битолскиот, Струмичкиот, Серскиот и Одринскиот округ. Велешко-тиквешкиот Реон отпаднал, а Велес добил право да кореспондира директно со ЦК, додека Штипскиот влегол во состав на Скопскиот револуционерен округ. Струмичко-џумајскиот се преорганизирал како Струмички округ, со што градот Горна Џумаја и источниот дел од џумајската околија, како и селата по левиот брег на реката Струма влегле во составот на новоформираниот Серски револуционерен округ. М. Пандевска, *Струмичкиот револуционерен...*, стр. 23, 24.

[142] Исто, стр. 14.

ционерното движење доста реално ни ги пренесува елинизираниот Влав од Битола и подоцнежен грчки историчар Георгиос Модис. Во неговите дела со восхит и своевидно идеализирање напишал: „Кога бев мал, мислев дека станува збор за нешто магично и прашував (…) што претставува тој (мислејќи на Комитетот, како што авторот ја нарекувал МРО, б.н.) (…) Ги сметав за полубогови (…) Се имаше впечаток дека многу нешта треба да очекуваме од нив.“[143] Модис, согледувајќи ги целите на Организацијата, сметал дека во неа има место за сите поробени христијани и дека нејзината борба е посветена на целото македонско население: „(...) паролата им беше 'Македонија на Македонците' и неуморно го вееја тоа знаме (…) Сите беа браќа во страдањето и во очекуваниот спас (…) Можеа да учествуваат сите што беа измачени и страдаа, сите со исти права и должности.“[144] „Без сомневање“, продолжува тој, „единствена беше смртната омраза кон Турците и нив ги посакуваа за свои противници“, за на крајот да заклучи дека целта била отстранување на османлискиот режим кој пет века спроведувал најразлични „злодела врз христијанското население“.[145] Ваквото сведоштво на Модис целосно соодветствува на првите два члена од Уставот на ТМОРО од 1897 година, во кои се бара „сплотувањето во едно цело на сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народноста, за извојување низ револуција полна политичка автономија (...)“, како и на борбата на Организацијата против разните национални расправии „кои го разединуваат и го ослабнуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател“.[146]

Македонската револуционерна организација, паралелно со ширењето на организациската мрежа, започнала да се подготвува за вооружен начин на дејствување. Според член 11 од Уставот на ТМОРО, од 1897 година било предвидено создавање Четничка институција, а најзаслужен за реализирање на оваа одлука бил Гоце Делчев. Спроведувањето на гореспоменатото решение и вооружувањето на населението претставувале логичен развој на настаните во согласност со планот на Организацијата за кревање вооружено востание против османлиската власт во Македонија.[147]

---

143 Г. Х. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη...*, стр. 143–144.

144 Г. Х. Μοδη, *Μακεδονικος αγων και μακεδονικες αρχηγοι*, Θεσσαλονικη, 1950, стр. 33.

145 Г. Х. Μοδη, *Μακεδονικος αγων και μακεδονικες...*, стр. 36.

146 *Историја на македонскиот...*, стр. 187.

147 Марија Пандевска, „На патот кон Илинден: формирањето и активностите на првата чета на ТМОРО“, *Гласник*, Скопје, 2003, 63–75.

Македонското револуционерно движење, како резултат на неговото масовизирање, формирањето голем број илегални комитети, зголемената динамика во неговото дејствување, создавањето канали за пренесување оружје, но и на активноста на соседните големодржавни пропаганди во османлиска Македонија, постепено започнало да ја губи својата конспиративност. Османлиската власт го констатирала постоењето на МРО во 1897 година, во текот на Виничката провала. До предилинденскиот период се случиле редица провали, кои имале негативни последици по револуционерното движење.

Во оваа фаза од развојот, исклучително улога имало ЗП на МРО во Софија под раководство на Г. Делчев и Ѓ. Петров. Активноста на двајцата се одвивала во повеќе насоки. Потребата од финансиски средства била хроничен проблем, кој ЗП се надевало дека, донекаде, ќе го реши со парите на македонската емиграција во Бугарија. Оваа постава на ЗП на МРО имала особена заслуга во екипирањето, снабдувањето и во испраќањето агитациско-организациски чети во Македонија, како и во набавувањето оружје и муниција за потребите на револуционерното движење и нивното пренесување преку илегалните канали на Организацијата. Без никакво двоумење може да се заклучи дека ЗП во Софија во тој период ја има водечката улога во организирање на движењето, потиснувајќи го на тој начин во втор план ЦК на МРО.

Во изнаоѓањето начини за добивање финансиски средства за потребите на Организацијата, пред сè за купување оружје и муниција, МРО се одлучила за киднапирање на видни претставници на османлиската власт, како и на секој оној од кого се надевале дека можат да се изнудат пари. По неколку неуспешни обиди, од втората половина на 1901 година до февруари 1902 година се одвивала познатата „афера Мис Стон“. Со киднапирањето на американската мисионерка Елена Стон, Организацијата и „македонското прашање“ добиле меѓународен публицитет. Во најголем дел, финансиските средства добиени од нејзиниот откуп биле искористени во одбивањето на нападите од соседните големодржавни пропаганди, пред сè од бугарската.[148]

Третата и последна фаза од развојот на МРО во предилинденскиот период, иако хронолошки била најкуса, по својата динамичност и историски настани се покажала како клучна во понатамошниот развој на револуционерното движење. Во граничните окрузи овој едногодишен период бил исполнет со постојани судири на МРО со четите на ВМК. Отворената војна

[148] Повеќе за овој настан види: Манол Пандевски, *Јане Сандански и мис Стон*, Скопје, 1992.

против македонското револуционерно движење се должела на обидот за завладување територии и население кои веќе биле организирани од Внатрешната организација. Во овој период се појавила и т.н. селска милиција, која го зголемила борбениот потенцијал на Организацијата. Кулминацијата на желбата за четничко инсталирање на бугарската пропаганда во османлиска Македонија се случила есента 1902 година. Вооружената паравоена провокација, или во историјата попозната како Горноџумајско востание, имала за цел повторно и понагласено да ги актуелизира аспирациите на Бугарија кон Македонија. Тежиштето на оваа пенетрација, разбирливо, било во пограничните реони на османлиска Македонија со Кнежеството, но синхронизирано имало обид за дејствување и во Југозападна Македонија. Во овие предели паравоените формации биле предводени од полковникот на бугарската армија Анастас Јанков.

Како и да е, Организацијата, како резултат на неколкуте последователни провали (од кои со најдалекусежни последици била Солунската провала од 1901 година)[149], останала без голем број истакнати дејци. Ваквиот тек на настаните несомнено имал штетни последици за нејзиниот понатамошен развоен пат. Во врвот на МРО постепено се инсталирале луѓе блиски до бугарската егзархиска пропаганда, кои го „туркале“ движењето кон едно предвремено организирано востание. Користејќи ја врховистичката вооружена провокација од 1902 година и шпекулациите за нејзино повторување, тогашниот претседател на ЦК на МРО, Иван Гарванов, во јануари 1903 година одржал конгрес, на кој било одлучено во пролетта 1903 година да се крене востание во Македонија. Окружните комитети за спроведување на решението и за извршување на неопходните подготовки биле задолжени да одржат посебни конгреси.

На Конгресот во Солун учествувале претставници од вториот и од третиот ешалон на Организацијата, односно членови кои малку биле запознаени со вистинската состојба на движењето на теренот, но и со меѓународното расположение кон „македонското прашање“. Реакција на решението од Солун многу бргу пристигнала од Софија, од состанокот на највисоките претставници на МРО, кои во тој период се наоѓале во Бугарија. Г. Делчев и Ѓ. Петров, со своите истомисленици, се спротивставиле на одлуката за предвремено кревање општо востание. За таа цел, Делчев

[149] Повеќе за оваа провала види: Манол Пандевски, *Илинденското востание во Македонија 1903*, Скопје, 1978; Ванчо Ѓорѓиев, „Солунската провала на ТМОРО во 1901 година (Повод: 110 години од настанот)“, *Гласник*, Скопје, 2011, стр. 105–117.

со чета влегол во Македонија, решен докрај да се бори за своите ставови. Надежта ја гледал во средбата со Д. Груев во Солун. Но, последниот, штотуку излезен од затвор, незапознаен доволно со состојбите во османлиска Македонија, ги одбил неговите барања. Напуштајќи го Солун, Делчев се упатил на закажаниот конгрес на Серскиот револуционерен округ. На 21 април / 4 мај 1903 година во селото Баница, во судир со османлиската војска загинал првиот меѓу еднаквите во македонското ослободително движење, Гоце Делчев. Неколку дена пред овој настан се случиле атентатите во Солун изведени од група млади македонски анархисти, или во историјата попознати како „гемиџии“.[150]

Конечната одлука, по која немало враќање назад, а настаните неповратно тргнале кон востание, се случила на Конгресот на Битолскиот револуционерен округ. Тој се одржал во селото Смилево од 20 до 25 април / 2 – 7 мај 1903 година и на него било потврдено решението на Солунскиот конгрес од јануари истата година. Грчкиот историчар Василиос Гунарис, за десетгодишниот предилинденски период во функционирањето на македонското националноослободително и револуционерно движење напишал дека организацијата „имајќи ја целосната иницијатива на движењето, се обиде и успеа во текот на десет години да создаде сериозно дело на револуционерна основа. [Таа успеа да] организира една успешна и доволно цврста мрежа на соработници и се погрижи (...) за создавање економски и други материјални залихи, особено во оружје и муниција, кои беа неопходни за идниот бунт. И на крајот, најважното, [организациски] водеше сметка за проширување на соодветна револуционерна идеологија (...).“[151]

Македонската револуционерна организација во споменатиот период се појавила и дејствувала според поставените цели за стекнување политичка, културна, социјална, економска и верска самостојност на македонското население. Во развојните фази на МРО јасно се гледаат нејзините успеси и одредени субјективни недостатоци на организациското дејствување, кое се појавило во специфичните услови на македонското поднебје. Организацијата морала да изнаоѓа сопствен, а во многу случаи и уникатен начин на дејствување, честопати приспособувајќи се или пак конфронтирајќи се со најразновидни појави, процеси и настани предизвикани од најразлични внатрешни и надворешни фактори.

---

[150] Повеќе за овие настани види: Крсте Битовски, *Солунските атентати 1903,* Скопје, 1985.

[151] Βασίλης Γούναρης, *Τα γεγονότα του 1903 στη Μακεδονία μέσα από την ευρωπαϊκή διπλωματική αλληλογραφία*, Θεσσαλονικη, 1993, стр. 15.

## 2.2. КОСТУРСКО – ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ: ТЕРИТОРИЈА И НАСЕЛЕНИЕ

Во административната поделба на Османлиската Империја од крајот на XIX и почетокот на XX век, Костурско било дел од Битолскиот Вилает. Тој, пак, бил поделен на пет санџаци: Битолски, Дебарски, Корчански, Елбасански и Серфиџенски. Санџаците понатаму се делеле на кази, при што Костурската Каза му припаѓала на Корчанскиот Санџак.[152] Македонскиот дел од Битолскиот Вилает кон крајот на XIX и во почетокот на XX век имал околу 620 000 жители, од кои, според историчарот Крсте Битовски, Македонци (христијани и муслимани) биле околу 315 000, Грци (христијани и муслимани) биле 88 000, Турци имало 85 000, Албанци (христијани и муслимани) 77 000, Власи 48 000 и околу 6 000 биле Евреи.[153] Во истиот период, Костурската Каза броела 127 населби, од кои 86 биле населени со Македонци, 16 биле со мешано население (Македонци, Власи, Турци, Албанци, Грци и Роми), во 11 села живеело само албанско население и 13 биле населени со грчко и/или грцизирано население.[154] Од вкупниот број жители во казата (75 000), Македонци православни биле 47 000, 4 300 биле Македонци муслимани, 9 500 биле Грци, околу 4 000 биле Власи и по исто толку Албанци и Турци.[155]

Костурската Каза на север се граничела со Леринската и со Битолската Каза, на исток и на југоисток со Кајларската и со Анселичката Каза, додека на запад и на југозапад со Корчанската Каза и со областа Епир. Во своите спомени војводата на МРО Михаил Николов од селото Бобишта напишал дека Костурско е одделено од соседните предели со доста високи планини, но и дека самата котлина се наоѓа на голема надморска височина.[156] Кос-

---

152 Димитар Димески, *Македонскоѿо националноослободиѿелно движење во Биѿолскиоѿ вилаеѿ (1893-1903)*, Скопје, 1981, стр. 82, 83.

153 Крсте Битоски, „Прилог кон прашањето за бројот и националниот состав на населението во Македонија во почетокот на XX век“, *Гласник на Инсѿиѿуѿоѿ за национална исѿорија,* Скопје, г. XXVI, бр.1, 1982, стр. 196.

154 Сьюз на македонските емигрантски организации в България, *Мемоар оѿ Косѿурско-Леринско-Кайлярскаѿа емиграция в София*, София, 1913, стр. 2.

155 Крсте Битоски, „Костурско во револуционерно-ослободителните борби на Македонија во втората половина на XIX и почеток на XX век“*, Гласник на Инсѿиѿуѿоѿ за национална исѿорија,* Скопје, г. XXIX, бр. 3, стр. 1985, стр. 131.

156 Материали изь миналото на костурско, *Революционноѿо движение вь косѿурско; сѿомени оѿь М. Николовь*, София, 1937, стр. 15.

турската Котлина од исток е опкружена со следните планини: Снежник, Мурик, Даул-дервен, Голината и Врбица – клон на Нередската Планина; од запад – Грамос (Воинова Планина); од север Вичо и Барбеш, исто така клон на Нередска Планина, и од југ со Хрупишкото Поле и Анселица.[157]

Костурска Каза била поделена на седум нахии: Пополе, Корештата, Нестрам, Клисура, Хрупиште, Костенерија и Борботско.[158] Костур бил административен, воен и економски центар на казата. Според статистиката на бугарскиот етнограф Васил К'нчов од крајот на XIX век, градот имал 6 190 жители, од кои 3 000 биле Грци, погрчени Македонци и Власи, 1 600 Турци, 750 Евреи, потоа 300 православни Македонци, 300 Албанци христијани и 240 Роми.[159]

---

157 Материали изъ миналото на костурско, *Черковно училищната борба (1868–1903 г.); Спомени на свещ. Златко Каратанасовъ*, София, 1937, стр. 7.

158 Во повеќето историските извори и литературата најчесто се споменува дека Костурската Каза била составена од седум нахии. Единствено кај историчарот Димитар Димески во делото Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903) сретнавме податок дека Костурската Каза имала само три нахии: Клисура, Хрупиште и Борботско. Оттука, заради подобар преглед на Костурската Каза, се одлучивме да ја обработиме според погорепоставената поделба. Сепак, ова прашање и понатаму останува отворено за идни истражувања.

159 При наведувањето на статистичките податоци за етничката структура на населението во костурската околија ги користиме податоците од Васил К'нчов. Треба да се нагласи дека во согласност со бугарската политика во тој период, К'нчов за македонското словенско население го користи терминот „Бугари", а за Македонците муслимани – „Бугари муслимани" или „Помаци". Сепак, во неговата книга „Орохидрографија на Македонија", објавена во 1911 година, речиси една деценија по неговата смрт (1902), во воведната глава е напишано: „При определувањето на границите, ние ќе се раководиме, главно, од општото мислење на месното население и од мислењата што ги изнесуваат највештите нови патешественици. Месните Бугари и Куцовласи, кои живеат во пределите на Македонија, се нарекуваат самите Македонци и околните народи ги нарекуваат така. Турците и Арнаутите не се кажуваат Македонци, но запрашани од каде се, одговараат: од Македонија, а исто така и Грците, кои живеат во јужните области, не се нарекуваат Македонци." Васил Кънчов, Орохидрография на Македония, Пловдивь, 1911. Наспроти тоа, во изданието на Македонскиот научен институт од Софија од 1945 година: *Македония катоприродно и стопанско цяло,* на чие публикување работел и бугарскиот етнограф и географ Димитар Јаранов, статистичките податоци за Македонија се преземени од К'нчов, но се употребуваат термините „Македонци" и „исламизирани Македонци". Васил Кънчов, *Македония, Етнография и Статистика*, София, 1900, стр. 265; *Македониая като природно и стопанско цяло*, Македонски научен институт, София, 1945.

Нахијата Пополе се протегала во северниот, североисточниот и источниот дел на Костурско. Во најголем процент овој дел бил планински, со мали исклучоци на рамничарски делови со населените места кои се наоѓале веднаш до Костурското Езеро. Во Пополе биле распространети 18 села со доминантно македонско словенско население.[160] Во пет села, покрај православни Македонци, живееле и Турци или Македонци муслимани, додека во едно село (Маврово), освен православни Македонци и Турци, имало и околу 230 Грци. Во овој дел од казата постоеле реални предуслови за развој на револуционерното движење поради бројноста на македонското словенско население и погодната географска конфигурација на теренот. Населени места кои се издвојувале со својата големина и бројност биле: Загоричани (околу 3 300 жители), Вишени (1 150 жители) и Куманичево (1 020 жители).

Западно од Пополе и северозападно од градот Костур се протегал делот со најкомпактно македонското словенско население, каде што се наоѓала и базата на револуционерното движење во Костурско – Корештата. Во оваа нахија имало вкупно 26 села. Високите планини и изолираноста на теренот овозможиле Организацијата во овој дел од казата да постави цврсти темели и непречено да ја шири ослободителната идеја. Од вкупниот број населени места, во 22 села живеело македонско православно население, едно било населено со Македонци муслимани, додека во 3 села живееле Албаници христијани и муслимани.[161] Најголемиот број од селата и од населението од оваа нахија биле активно вклучени во револуционерното движење, додека османлиските власти и грчките пропагандни институции најчесто го заобиколувале. Населени места кои најмногу се истакнале со својата активност во ослободителното дело, а воедно дале и голем број видни македонски револуционери биле: Смрдеш (1 780 жители), Косинец (1 360 жители), Д'мбени (1 650 жители), Габреш (455 жители), Кономлади (1 100 жители) и други.[162]

Нестрамската Нахија го опфаќала најзападниот дел од казата, како и селата распространети во близина на градот Костур – предел кој заедно со Корештата се граничел со албанската етничка граница. Близината до Костур, присуството на албанско население, силното патријаршиско влијание, како и големите рамничарски површини кои зафаќале голем

---

[160] В. Кънчов, *Македония, Етнография…*, стр. 265. Секретарот на грчкиот конзулат во Битола, Јон Драгумис, за време на својата посета на градот во текот на Илинденското востание, во својот дневник запишал дека „Костур има 1 700 куќи, грчки, турски, еврејски (…).“ Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 223.

[161] В Кънчов, *, Етнография…*, стр. 265–266.

[162] Исто, стр. 265–266.

дел од оваа нахија, претставувале доволна причина за тоа македонското револуционерно движење да започне подоцна да ја шири својата ораганизациска мрежа. Центар на нахијата било селото Нестрам, кое било населено со етнички Македонци, чиј број изнесувал 2 700 жители.[163] Од вкупно 32 села[164], во кои во голем дел населението било со мешан етнички состав, 22 биле населени со доминантно македонско христијанско население, во 11 села живееле Македонци муслимани, во 5 Албанци муслимани, едно село било населено со Албанци христијани и во 2 села имало Грци христијани.[165]

Клисурската Нахија се протегала источно од градот Костур. Таа била најмалиот дел по население и по површина во казата, со само едно гратче и три села. Центар на нахијата било влашкото гратче Клисура со 3 400 жители.[166] Две села биле населени со Македонци (Мокрени и Бобишта) и едно село со грчко население (Лошница).

Хрупишката Нахија се наоѓала јужно, југоисточно и југозападно од градот Костур. По својот етнички состав, нахијата бил најшаренолика во казата, но, сепак, со доминантно македонско словенско население. Нахијата била претежно рамничарска, но и со ридско-планински предели, а низ неа поминувала реката Бистрица. Центар на нахијата било гратчето Хрупиште со 2 690 жители, од кои 1 100 биле Македонци христијани, 700 Турци, 720 Власи и 170 Роми.[167] Од 23 села[168] во нахијата, 17 села биле населени со целосно или доминантно македонско христијанско население, едно село било населено со Македонци муслимани, 2 села со Турци, 4 населени места биле со Грци[169] христијани, во по едно село имало Грци муслимани, Албанци христијани и Албанци муслимани.[170]

---

163 Исто, стр. 266.

164 Добар дел од селата во оваа нахија биле мешани, т.е. не биле етнички хомогени.

165 Треба да се спомене дека одредени села биле мешани, односно во нив живееле по две или повеќе етнички или религиозни групи. В. Кънчов, , *Етнография…*, стр. 266–267.

166 Исто, стр. 267.

167 Исто, стр. 267.

168 И за оваа нахија важи истото што и за Нестрамската, т.е. дека голем број села биле со мешан етнички состав.

169 Треба да се нагласи дека голем дел од грчките села од оваа нахија, всушност, биле населени од погрчено словенско население. Таков е случајот со селото Богатцко (во некои извори се споменува и како гратче), кое во најголем дел било населено со, од поодамна, погрчени Словени.

170 В. Кънчов, *Етнография…*, стр. 267–268.

Костенаријата се наоѓала во југозападниот дел од казата. Од градот Костур била одделена со Нестрамската и со Хрупишката Нахија. Костенаријата се карактеризирала со мали села, ридско-планинска конфигурација и била изолирана од другите делови на Костурско. Имала 15 села, од кои 14 биле населени со Македонци христијани, во едно живееле Грци христијани, додека едно, покрај Македонци хрстијатни, било населено и со Турци.[171] Оддалеченоста од Корештата и од Пополе, силното влијание на грчката патријаршиска пропаганда, но и близината на грчки села во околината, придонеле за тоа МРО многу доцна да навлезе во овој дел од околијата.

Последната и најјужна нахија во Костурската Каза бил Борботската. Имала 8 села, во кои доминирало грчко население. Во 7 села живеело грчко христијанско население, а едно било населено со Албанци христијани.[172]

Во однос на прашањето за црковната припадност на православното население во Костурско, треба да се каже дека тоа подолг временски период било под духовна јурисдикција на Цариградската патријаршија. Имено, Костурската епрахија била дел од Охридската архиепископија сè до нејзиното укинување во 1767 година, кога епархиите од кои се состоела архиепископијата биле приклучени кон Цариградската патријаршија. Во однос на нејзината територија, епархијата ги надминувала административните граници на Костурската Каза и кон неа гравитирале и населени места од соседните кази.[173] Во нејзиниот состав влегувале делови од Леринската Каза, односно Невеската Нахија и дел од Корчанската Каза.[174] Во Невеската Нахија влегувале 9 села и едно гратче (Невеска), а нејзиниот етнички состав бил разнолик, т.е. доминирало македонско словенско население, но имало и голема влашка популација, а во помал број биле Турците, Албанците христијани и Ромите.[175]

Доминацијата на грчката пропаганда во образовно-религиозниот живот во овој дел од османлиска Македонија траела до 60-тите години од XIX век. Оттука, делумно успешна била националната стратегија на грчката држава за грцизација на македонското православно население и за наметнување на грчкиот јазик на негрчкиот јазичен елемент во Костур-

---

171 Исто, стр. 268.

172 Исто, стр. 268.

173 Материали изъ миналото на костурско, *Революционното движение въ костурско; спомени отъ М. Николовъ*, стр. 18.

174 Македонски дневник; *Спомени на отец Трпо Поповски*, София, 2006, стр. 5.

175 Васил Кънчов, *Етнография…*, стр. 250.

ско. Така, и Михаел Николов во своите спомени забележал дека одредени жители во некои села, посебно оние што се наоѓаат во близина на градот Костур, „сметаа за благородно да се поздравуваат на грчки“ и дека трговско-економските врски на околното население со градот имале огромно влијание врз нив во смисла на пропагирање на грчкиот јазик како јазик на „повисоката“ култура, но и како јазик на трговијата.[176] Имено, ваквата појава била резултат на социјалната стратификација, т.е. прифаќање на грчкото самоименување и користење на грчкиот јазик во обидот да се обезбеди припадност кон повисокиот општествен слој, бидејќи терминот „Грк“ означувал „благороден“, „културен“ и „образован“ наспроти понижувачкиот термин „Бугарин“, односно „селанец“, со кој најчесто биле идентификувани Словените. Американскиот антрополог Лори Харт со право констатира дека авторите кои пишувале за доцноосманлискиот период „препознавале нешто како јазични кодирани касти со наследни специјализации“, односно „трговците“ се идентификувале како „Грци“, „Србинот“ бил „интелектуалец“, „Власите“ биле препознавани како „овчари“, а „Бугарите“ биле „општи работници“.[177] Исто така, Харт заклучува дека поединци можеле да мигрираат од една во друга категорија од различни точки на потекло.[178] Ова ни го потврдува и самиот Николов, кој согледал дека многу „добри Бугари“ по нивното населување во Костур, за кус временски период „се претопуваа и веќе се кажуваа за Грци“.[179]

Првите обиди за воведување на црковнословенскиот јазик во црквите и на народниот јазик во училиштата датираат од втората половина на XIX век. Во таа насока, огромно влијание во борбата против грчката духовно-образовна доминација во Костурско имале печалбарите и дел од младината која своето образование го стекнала во други делови од империјата, првенствено во градот Истанбул. Најзаслужни за воведувањето на народна просвета на словенски јазик биле Трпо Поповски од селото Косинец (Костурско), Георги Динков, роден во Солун, по потекло од селото Држи-

---

176 Материали изъ миналото на костурско, *Революционнот̄о движение въ кост̄урско; сп̄омени от̄ъ М. Николовъ*, стр. 19.

177 Laurie Kain Hart, „Culture, civilization, and demarcation at the northwest borders of Greece“, *American ethnologist*, 26(1), 1999, стр. 201.

178 L. K. Hart, „Culture, civilization, and demarcation...“, стр. 201.

179 Материали изъ миналото на костурско, *Революционнот̄о движение въ кост̄урско; сп̄омени от̄ъ М. Николовъ*, стр. 19.

лово (Воденско) и монахот Герасим од селото Трсје (Костурско).[180] Во кус временски интервал тројцата гореспоменати отвориле народни училишта на словенски јазик во три различни села во Костурската епархија. Првото училиште започнало да работи во 1868 година во селото Загоричани и таму учителствувал Георги Динков, кој бил назначен како патријаршиски учител. Во истиот период почнало да функционира и училиштето на монахот Герасим во селото Трсје, а веќе во наредната година (1869) било отворено и училиште во селото Косинец од страна на Трпо Поповски.[181]

Реакцијата на грчката пропаганда во Костурско, пред сè на Костурската епархија на чие чело бил митрополитот Никифор, во врска со појавата на народни училишта на мајчин јазик била жестока. Како што споменува отец Поповски, митрополитот Никифор поткупил месни Албанци со цел да бидат убиени тројцата учители.[182] Како резултат на ваквата ситуација, но и на соработката на костурскиот митрополит со месните османлиски власти, народните училишта набргу биле затворени. Сепак, овие училишта биле пример и поттик за подоцнежно отворање училишта на мајчин јазик, кои понатаму, со навлегувањето на Егзархијата во Костурско, постепено се трансформирале во егзархиски.

Со формирањето на Егзархијата во 1870 година се појавила нова пропагандна институција во Костурската епархија. Македонското православно население ја чувствувало новата црковна институција како поблиска пред сè поради јазичната сличност и нејзината словенска основа. Но и Егзархијата првенствено била спроведувач на националната програма и на интересите на Кнежеството Бугарија. Во годишниот извештај за 1895 година на рускиот вицеконзул во Битола, Александар Ростковски, во делот за судирот меѓу двете православни цркви во Битолската, Леринската и во Костурската Каза се вели: „(...) без оглед на тоа, што голем дел од Славјаните (...) сè уште се наоѓаат под грчко влијание, бугарската пропаганда (...) со надеж да постигне полно обединување на Славјаните под водство на Егзархот, не забрзувајќи ги собитијата и воздржувајќи се од секакви отворени судири со грчката пропаганда, го подготвува движењето со помош на училиштата.“[183]

---

180 Македонски дневник; *Спомени на отец Трпо Поповски*, стр. 10.

181 Македонски дневник; *Спомени на отец Трпо Поповски*, стр. 22; К. Битоски, „Костурско во револуционерно-ослободителните…“, стр. 133.

182 Македонски дневник; *Спомени на отец Трпо Поповски*, стр. 26.

183 Симон Дракул, *Македонија меѓу автономијата и дележот; Зборник руска дипломатска документација, 1894-1913*, Том I, Куманово, 1995, стр. 170.

Така, според Ростковски, во Костурската Каза во овој период веќе биле формирани 35 бугарски (егзархиски) училишта, кои „стануваат спроведувачи на [бугарската] национална црковна пропаганда“.[184]

Судирот меѓу двете пропагандни институции во османлиска Македонија бил црковен, од што произлегува и политичкиот и територијалниот конфликт, односно судирот за придобивање верници. Разбирливо е дека во овој конфликт најмногу настрадало македонското словенско население. И покрај тоа што Егзархијата навлегла во голем број костурски села[185], а со тоа отворила и голем број егзархиски училишта[186], таа никогаш не успеала да формира своја епархија во околијата. Било издејствувано единствено поставување на егзархиски архиерејски наместник во градот Костур.[187] Во овој период единствен митрополит во Костур останал патријаршискиот, т.е. грчкиот.

Во поделбата на османлиска Македонија на револуционерни окрузи и околии од страна на МРО, Костурско било дел од Битолскиот револуционерен округ, кој понатаму се делел на повеќе револуционерни околии. Костурската револуционерна околија, како и другите револуционерни околии, била составена од градски и од селски комитети.

Во втората половина од XIX и во почетокот на XX век костурската револуционерна околија имала специфично значење за развојот на општествено-економската и на политичката ситуација во југозападниот дел на Македонија. Тоа се должело, пред сѐ, на нејзината географска местоположба во непосредна близина на грчко-османлиската граница. Оттука, костурскиот крај имал исклучителни предуслови за создавање организациски канал за пренесување оружје од грчката држава во Битолскиот револуционерен округ. Поради овие факти, на оваа револуционерна околија ѝ се придавала посебна важност во агендата на МРО.

Костурскиот револуционерен комитет ја опфаќал територијата на истоимената каза, но во некои делови никогаш не создал организациска мрежа. Таков бил случајот со Борботската Нахија, во која било доминантно грчкото население. Исто така, поделбата на територијата на османлиска Македонија на окрузи и околии, извршена од страна на македонското

---

184 С. Дракул, *Македонија меѓу автономијата и дележот*..., стр. 170.

185 Според Пандо Кљашев, во 1895 година само селата Д’мбени и Бобишта биле егзархиски, а малку подоцна, по создавањето на Организацијата во околијата, егзархиски станале Поздивишта и Руља. *Спомени на П. Кљашев*, стр. 159.

186 Егзархиско училиште било отворено и во градот Костур.

187 Константин Пандев, *Национално освободително движение в Македония и Одринско (1878–1903)*, София, 1979, стр. 26.




Карта на костурската революционерна околија составена од Лазар Поп Трајков, Васил Чакаларов, Пандо Кљашев, Манол Розов и Михаил Николов

револуционерно движење, не била строго дефинирана, т.е. меѓусебните граници или биле флуидни или пак долг период одредени погранични реони воопшто не биле определени. Во таа смисла, историчарката Марија Пандевска посочува: „(…) во случајот со граничните линии на Организацијата меѓу соседните револуционерни окрузи или околии не станува збор за реско определени граници, какви што се на пример државните или правно-административните. Напротив, тие повеќе биле еден вид на скицирани гранични линии, а нивното почитување од страна на припадниците на ТМОРО секогаш, во прв ред, било условено од конкретните потреби. Пропустливоста на граничните линии на ТМОРО меѓу блиските окрузи или реони уште повеќе се зголемила со формирањето на Четничката институција (…).“[188] Ваквата констатација на Пандевска се потврдува и со примерот кој го посведочил Христо Силјанов, а се однесува на граничната линија меѓу костурската и леринската револуционерна околија. Имено, од сведоштвото на Силјанов дознаваме дека до 1902 година не постоела

[188] М. Пандевска, *Струмичкиот револуционерен*..., стр. 26.

остра граница во организациските дејности меѓу костурската и леринската околија. На средбата во селото Загоричани во почетокот на јануари 1902 година, Г. Делчев пред организациските претставници на Леринскиот и на Костурскиот комитет го поставил на дневен ред прашањето за разграничување меѓу двете околии.[189]

Исто така, развојот на револуционерното движење во костурската околија не било рамномерно и истовремено во сите нахии. Корештата и Пополе биле областите каде што е создадено јадрото на револуционерното движење. Големата македонска словенска популација, но и самата географска конфигурација на овие предели биле од суштинско значење за брзиот развој на движењето во овие две нахии. Изолираноста и слабите врски со османлиските власти во градот Костур биле уште еден важен сегмент за развојот на МРО во овие два реона. Ваквите ставови ни ги потврдува и англискиот новинар и хуманист Хенри Ноел Брејлсфорд, кој запишал: „(...) селото сместено на рид или скриено во некоја недостапна долина, ужива извесен имунитет од насилство“,[190] што, од своја страна, придонело македонскиот селанец да чувствува поголема слобода и можност да се вклучи во револуционерното движење.

Кон крајот на 1901 година, за време на посетата на Г. Делчев на оваа територија, Костурскиот револуционерен комитет, поради брзиот развој на Организацијата во Корештата и во Пополе, бил поделен на два поткомитета.[191] Подоцна, за време на подготовките за изведување на Илинденското востание, била направена уште една прераспределба на револуционерната околија, односно таа била поделена на пет реона: Корештата на чело со војводата Митре Влашето; Пополе со војводата Иван Попов; Мокренско-кајларски (Кајларско иако не спаѓало во составот на Костурската Каза, сепак било организирано од страна на Костурскиот револуционерен комитет) пред-

---

[189] Од информациите кои ги пренел Христо Силјанов, кој бил сведок на овој настан, покрај разграничувањето на двете околиии, Делчев се зафатил и да ја „определи општата работа на четите во пограничните села [на костурската и на леринската околија]“. Христо Силянов, *Писма и изповеди на еден четник; Спомени од Странджа; От Витоша до Грамос*, София, 1984, стр. 33.

[190] Хенри Ноел Брејлсфорд, *Македонија; Нејзините народи и нејзината иднина*, Скопје, 2003, стр. 86–87.

[191] Со првиот поткомитет (Корештата) раководеле Лазар Москов и Васил Чакаларов како началници и Митре Влашето како војвода на реонската чета. Вториот поткомитет (Пополе) бил раководен од Пандо Кљашев и Кузо Стефов, како и од Атанас Петров како војвода на четата. К. Битоски, „Костурско во револуционерно-ослободителните борби на…“, стр. 161.

воден од Никола Андреев; Нестрамски со војводата Никола Добролицки и Костенаријата со Стерјо Ташков. Корештата и Пополе, поради подобра ефикасност и оперативност, биле поделени на неколку центри. Првиот реон бил поделен на три центри: Д'мбенски центар на чело со војводата Атанас Кршаков; Смрдешки центар предводен од Стерјо Стерјовски и Кономладски центар со Васил Котев, додека вториот реон бил поделен на два центри: Вишенски центар со војводата Димитар Дичев и Загоричански центар со Никола Трифунов. [192]

Населението во Костурската Каза се занимавало со повеќе дејности. Главни дејности во селата биле земјоделството, дрводелството и сточарството, додека во градот Костур и во помалите гратчиња – занаетчиството и трговијата. Големиот број членови во семејството, сиромаштијата и планинскиот карактер на казата го принудувале населението да се зафати со печалбарство. Во почетокот на печалба се одело низ разни делови на Османлиската Империја, најчесто во Истанбул, а потоа и во новите балкански држави, првенствено во Грција, а потоа и во Бугарија. Бугарскиот дипломат Атанас Шопов во еден свој извештај од 1894 година (во тој период бил главен секретар на Егзархијата во Истанбул) нагласува дека луѓето од казата „имаа една специјалност – млекарството (...) сите млекари и кајмакчии во Цариград, Солун и во други места се од Костурско".[193] Костурчани, исто така, како печалбари биле надалеку познати по своите ѕидарски способности. Погореспоменатата Наталија Мела запишала: „(...) кога бил студент (Павлос Мелас, б.н.) во Атина, често одел во кафеаните на улица 'Зинон' за да ги гледа ѕидарите Македонци (…)",[194] додека андартинот Наум Спанос во своите спомени бил уште поконкретен. Споменувајќи си за македонските печалбари во Атина, тој кажал: „(…) сите беа ѕидари, работници за малтерисување и претприемачи, сите од костурскиот крај."[195] По Илинденското востание било забележано големо мигрирање на

---

[192] Крсте Битоски, „Костурско во револуционерно-ослободителните борби на Македонија во втората половина на XIX и почеток на XX век", *Гласник на Институтот за национална историја*, Скопје, г. XXX, бр.1-2, 1986, стр. 45.

[193] Атанас Шопов, „Из живота и положението на българите във вилаетите", Величко Георгиев, Стайко Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, Том I, 1878–1912, част втора, София, 1996, стр. 61.

[194] N. Μελα, Παυλος..., стр. 167.

[195] *Ο μακεδονικος αγωνας, Απομνημονευματα Π. Αργυροπουλος, Α. Ζαννας, Κ. Μαζαρακης – Αινιαν, Α. Σουλιωτης – Νικολαιδης, Ναουμ Σπανος, Β. Σταυροπουλος,* Θεσσαλονικη, 1984, стр. 356.

македонско население од Костурско во европските и во прекуокеанските земји, пред сè во САД и во Канада.[196]

## 2.3. МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО КОСТУРСКО: ПОЈАВА, ШИРЕЊЕ И РЕЗУЛТАТИ

Вооружениот отпор против османлиската власт во костурската околија имал своја традиција уште пред формирањето на МРО. Во втората половина на XIX век најкарактеристична форма на отпор било ајдутството. За време на *Големата источна криза* овој вид вооружен отпор ја достигнал својата кулминација. Во овој период во околијата дејствувале повеќе ајдутски војводи со своите чети: Стефо Николов, Димитар Далипо, Васил Журката и други. Во текот на 1878 година овие чети неколкупати се судриле со османлиската војска и со башибозукот. Забележителен настан за развојот на ослободителното движење бил свикувањето на Националното собрание на Македонија, одржано на 21 мај 1880 година на планината Грамос. На собранието учествувале 32 претставници од цела османлиска Македонија. Била формирана и Привремена влада на Македонија, со свој печат, чија содржина гласи: „Централен комитет за ослободување". Во прогласот испратен до европските конзули во јули 1880 година се барало спроведување на членот 23 од Берлинскиот договор, назначување тричлена Привремена влада на Македонија со мандат да ги исполни решенијата од Берлинскиот договор итн. Ситуацијата во Костурско, но и во цела османлиска Македонија се смирила по 1881 година, или во историјата познат како период на „релативен мир", кој траел до почетокот на последната деценија од XIX век.[197]

Во втората половина од 1895 година започнува развојот на организираното македонско револуционерно движење во Костурско. Никулците на

[196] Така, на пример, од селото Статица, кое на почетокот од XX век броело околу 600 жители, во периодот меѓу Илинденското востание и Балканските војни на американскиот континент заминале 40 луѓе. АО ИНИ, Статица, Леринско, Хр. IV. 47, стр. 36–45. Во хрониката за селото Статица која се наоѓа во Институтот за национална историја во Скопје, тоа е претставено дека припаѓа на леринската околија, но сепак кон крајот на XIX и почетокот на XX век било дел од Корештата, т.е. од костурската околија.

[197] Види повеќе кај: К. Битоски, „Костурско во револуционерно-ослободителните...", стр. 136–144; К. Битовски, *Континуитетот на македонските...*, стр. 163-181; Д. Јовановски, *Грчката балканска политика...*, стр. 191–193.

Организацијата во околијата ги поставил Апостол Димитров. Тој е роден во селото Д'мбени, а своето образование го стекнал во градовите Костур и Солун. Основоположници на револуционерното движење во Костурско биле поединци кои своето образование го стекнале во машката егзархиската гимназија „Св. Кирил и Методиј" во Солун.[198] Во своите спомени Михаел Николов напишал дека по завршувањето на образованието, идните учители, пред да се вратат во своите родни краишта, имале средба со Даме Груев, кој ги приклучил кон револуционерното движење.

Првата фаза од развојот на МРО во Костурско се карактеризира со поставување на основите на идното револуционерно дејствување. А. Димитров ја започнал својата организациска активност во октомври 1895 година, кога ја извршувал должноста на учител во селото Смрдеш. Набргу успеал да придобие по неколку поединци од селата во Корештата и во Пополе. Неговото учителствување во Смрдеш било краткотрајно, а оттаму бил назначен за главен учител во егзархиското училиште во градот Костур, работа која му овозможила да продолжи да го развива револуционерното движење. Една од првите активности на костурските револуционери била купувањето оружје со пари добиени од Д. Груев, кој во тој период се наоѓал во Битола. Оружјето било планирано да се распредели низ целиот Битолскиот револуционерен округ, но поради одредени потешкотии во неговото пренесување, тоа останало само во костурските села Д'мбени и Загоричани. Во 1896 година Димитров го напуштил Костур и заминал за Пловдив. На негово место за главен учител во Костур, а со тоа и одговорен за Организацијата во околијата, бил поставен Иван Нелчинов, родум од градот Охрид.

Почетокот на втората фаза од развојот на МРО се карактеризира со вклучување млад местен кадар во движењето. Покрај тоа, во 1897 година организациското раководство во Битола донело одлука во костурската околија краткотрајно да престојува Анастас Лозанчев со цел „посета на селата, организирање собранија со селаните, поповите и со раководителите".[199] Сепак, овој план имал делумен успех, бидејќи за време на неговиот престој во Костур бил под постојан полициски надзор, за на крајот да биде депортиран во Битола.

Во учебната 1896/1897 година, Даме Груев ги вклучил во организациското дело Лазар Поп Трајков (родум од селото Д'мбени) и Кузо

---

198 *Революционното движение въ костурско; спомени отъ М. Николовъ*, стр. 26.

199 Анастас Лозанчев, *Илинденското востание*, Скопје, 2003, стр. 22.



Лазар Поп Трајков
(1878 – 1903)

Стефов (родум од селото Загоричани), и двајцата како ученици на Солунската машка гиманзија. Во текот на училишниот распуст солунските гимназијалци ги направиле првите чекори во организациската активност во Костурско. Лазар Поп Трајков, освен во своето село, агитирал и во други населени места во Корештата и во Пополе, додека Стефов дејствувал во Загоричани и во околните села. Како резултат на ваквата активност, во периодот 1896 – 1897 година, според Кљашев, „речиси во сите села имаше по неколкумина [вклучени] во делото“.[200] Л. Поп Трајков, за време на своите обиколки низ селата, речиси секогаш бил придружуван од својот соселанец и тогашен ученик во Битолската гимназија, Лазар Москов, кој подоцна станал еден од раководителите на Костурскиот комитет. По завршувањето на распустот, двајцата гимназијалци се вратиле во Солун. Л. Поп Трајков по завршувањето на образовнието се вратил во својот роден крај и ја продолжил агитацијата во полза на ослободителното движење. Во учебната 1898/1899 година тој бил поставен за учител во селото Д’мбени. Работното место му овозможило целосна ангажираност во корист на делото и поголема слобода во движењето и во агитацијата. Л. Поп Трајков не ја ограничил дејноста само на својата околија, туку често знаел да го посети и Леринско. Преку селото Пателе успеал да пренесе оружје за потребите на движењето и без никакви потешкотии да го префрли во костурските села.

Со поставувањето на Павел Христов (родум од селото Цапари, Битолско) за учител во костурската егзархиска прогимназија во учебната 1898/1899 година настапува нова етапа во развојот на ослободителното движење во околијата. П. Христов, ќе забележи М. Николов, „без да чека да биде назначен за околиски училиштен инспектор или за главен учител, должност која би му ги отворила широко вратите за почесто и послободно

---

200 *Спомени на П. Кљашев*, стр. 159.

обиколување на селата, се зафати со организирање на оние јадра кои веќе беа основани и со создавање нови во оние села каде што немаше такви“.[201] Помош во ширењето на револуционерната идеја добил и од голем број месни учители, кои во меѓувреме биле поставени во поважните селски центри во околијата. Според тврдењето на Кљашев, П. Христов и Поп Трајков одлучиле „во делото да вклучуваат и гркомани (патријаршисти, б.н.), кои се мнозинство и без кои не може да се направи ништо суштинско“.[202] Овој процес ни го потврдува и М. Николов, кој во своите спомени констатира дека „организацијата не правеше никаква разлика меѓу егзархисти и патријаршисти, а врбуваше работници еднакво и од двете категории, доволно беше тие да бидат чесни“.[203] Разбирливо, ваквата одлука не била донесена индивидуално, туку се базирала на решенијата усвоени на Конгресот на МРО од 1896 година и на Уставот од 1897 година. Со поставувањето на К. Поп Стефов за учител во Хрупиште, Организацијата почнала да ја шири својата мрежа во овој и во нестрамскиот реон. Кон крајот на XIX век во редовите на движењето биле вклучени и неколку поранешни ајдути, кои биле вешти во употребата на оружје, а од кои произлегла и првата нелегална вооружена група во околијата.[204]

Масовизирањето на македонското движење придонело тоа сè потешко да ја одржува конспиративноста во неговото дејствување. Тоа, од друга страна, ја зголемило и можноста за провала или предавство во неговите редови. Во костурската околија, поради ваквата можност, но и во напорите да се зачува конспиративноста на МРО, во јули 1899 година било извршено првото убиство од страна на Организацијата. Имено, станува збор за ликвидацијата на двајца чорбаџии од селото Загоричани, блиски до османлиските државни чиновници и спахии, извршена од страна на Л.

---

201 *Революционното движение въ костурско; спомени отъ М. Николовъ*, стр. 31.

202 *Спомени на П. Кљашев*, стр. 162.

203 *Революционното движение въ костурско; спомени отъ М. Николовъ*, стр. 34.

204 Во своите спомени Георги Поп Христов ја навел групата на Лечо Церовски од селото Церово, Леринско, кој бил учител во селото Апоскеп, Костурско, но набргу станал нелегален. Георги Попхристов, *Революционата борба въ битолския округъ*, София, 1933, стр. 14. Во книгата „Нелегалната армия на ВМРО в Македония и Одринско (1899–1908)“, пак, е напишано: „Веројатно во летото 1898 г. е формирана чета од 2–3 четници во Костурско.“ Тодор Петров, *Нелегалната армия на ВМРО в Македония и Одринско (1899-1908)*, ЕООД, 2002, стр. 23

Поп Трајков и Манол Розов.[205] Вакивот потег на организациските дејци бил прифатен со одобрување од месното население во Пополе, а, од друга страна, станало воочливо дека „Организацијата веќе излегува од својата пасивност и навлегува во поактивна дејност“.[206]

Во учебната 1899/1900 година Поп Трајков го продолжил учителствувањето во своето родно село. За време на една негова обиколка во Пополе (на враќање од Загоричани кон Д’мбени), во селото Черешница бил уапсен заедно со својот придружник Вељо.[207] Според Пандо Кљашев, апсењето се случило поради тоа што Поп Трајков и Вељо не ги поздравиле османлиските заптии. За време на претресот им биле најдени револвери, а кај Поп Трајков ги нашле и организацискиот печат, расписките и списокот на членови по селата. Поп Трајков најпрвин поминал три месеци во затворот во Костур, а потоа бил префрлен во Корча, каде што бил осуден на 2 години затвор, додека неговиот придружник Вељо бил ослободен. За време на овој настан била избегната и првата провала на Организацијата во костурската околија. Имено, по пронаоѓањето на организациските списоци кај Поп Трајков, османлиските власти во гратчето Клисура го повикале свештеникот Златко Каратанасов, кој во тој период бил учител во селото Мокрени. Во клисурскиот затвор Каратанасов негирал дека го познава Поп Трајков и покрај фактот што пред само неколку години му бил учител во Костур. Исто така, свештеникот со навременото информирање на другите организациски претставници спречил дел од организациските материјали да пристигнат од Клисура во Костур.[208] Ваквиот чин на Каратанасов ја покажува не само лојалноста и неговата посветеност на организациското дело туку и придржувањето кон основните програмски начела на МРО.

Првата организациска чета во костурската околијата била формирана во април 1900 година.[209] Ваквиот развој на настаните бил во согласност со препораките од членот 11 од Уставот на МРО од 1897 година, но и од иницијативата на ЦК со Окружното од октомври 1898 година. Со Ок-

---

205 Подоцна, членови на МРО, сакајќи да ги ликвидираат спахијата Демир и неговиот помошник Јумер-ага, по грешка убиле младо момче, Турчин. *Спомени на П. Кљашев*, стр. 162.

206 *Революционното движение вь костурско; спомени оть М. Николовь*, стр. 39.

207 *Спомени на П. Кљашев*, стр. 165.

208 *Спомени на свещ. Златко Каратанасовь*, стр. 39–40.

209 За војвода на оваа чета бил поставен Коте Христов од селото Руља, а четници биле: Митре Влашето, Демир Кономладски, Христо Цветков, Алексо Настев (Лечо Церовски), Нако од Шестово, Вељо и Иван Бужов.

ружното било предвидено да се распуштат терористичките групи и да се формираат регуларни околиски чети. Од друга страна, тешката положба на населението во околијата, предизвикана од постојаниот терор, претставувала уште една од причините за формирањето на костурската чета. Според грчкиот историчар Георгиос Модис, состојбата во Костурско била „најтешка, за разлика од другите [околии]. Имало премногу Албанотурците, кои вооружени го обиколувале местото, живееле без работа, го краделе народот без никој да ги контролира.“[210] Имено, ваква била ситуацијата во поголемиот дел од османлиска Македонија поради општата стагнација на Империјата и ниската платеност на османлискиот административен апарат. Сепак, разбојништвото било најизразено накај пограничните територии помеѓу Македонија и Албанија, бидејќи албанските муслимани, како дел од владејачката класа, имале право да поседуваат и јавно да носат оружје.

Во секој случај, набргу по формирањето на четата, околијата била ослободена од неколку злосторници, кои меѓу македонското население имале внесено страв и несигурност. Во две одделни акции биле убиени Касим-ага и Абедин-бег. Касим-ага бил убиен во април 1900 година во заседа на патот меѓу Лерин и Костур, во близина на селото Писодери. Причината за убиството на агата, кој, патем речено, бил спахија во селата од северозападниот дел од костурската околија, била теророт, грабежите и насилството врз месното македонско население.[211] Сличен бил примерот и со Абедин-бег, кој бил роден во Костур и имал чифлик во околината на градот, од каде што ги тероризирал блиските македонски села. Тој бил убиен во почетокот на јуни 1900 година во близина на селото Сетома.[212]

Карактеристично за оваа прва чета било тоа што во нејзиниот состав влегле поранешни ајдуци. За нив месното македонско население имало изградено своевиден мит како за заштитници од насилието на муслиманските разбојници, но, од друга страна, кај нив било тешко да се воспостави организациска дисциплина и работа. Предизвиците со кои се соочиле костурските раководители околу формирањето на првата чета ни ги пренесува М. Николов, кој заедно со П. Христов бил најзаслужен за нејзиното екипирање. Николов забележал дека биле неопходни поединци со висок морал и добро разбирање на работата, но на почетокот било многу тешко да се убедат евентуалните четници да го напуштат секојдневниот живот

---

[210] Г. Х. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και..*, стр. 144.

[211] Г. Попхристов, *Революционата борба...*, стр. 14.

[212] *Революционното движение въ костурско; спомени отъ М. Николовъ*, стр. 47, 48.

и да се зафатат со револуционерна и нелегална дејност. Од друга страна, „да се соберат во четата стари, испитани ајдути и насилници, какви што ги имаше многу во Костурско, беше многу опасно и ризично, затоа што се плашевме дека под превезот на Организацијата ќе почнат да го реализираат својот стар занает – грабежот“, констатирал Николов.[213] Костурскиот комитет, и покрај тоа што ги следел одлуките и инструкциите на највисоките раководни тела на Организацијата, не можел да очекува, а тоа се покажало и во пракса, дека оваа чета ќе има организациска и агитациска улога. Покрај последната констатација, според леринскиот раководител Георги Поп Христов, четниците „не живееја меѓу себе, често се караа, а некои се однесуваа и своеволно (...) никој никого не слушаше“.[214]

За ваквата ситуација бил запознаен и Окружниот комитет во Битола, кој бргу реагирал и во текот на јули 1900 година во костурската револуционерна околија го испратил војводата Марко Лерински. Тој претходно, од страна на Гоце Делчев и Ѓорче Петров, бил поставен за војвода на организациската чета во леринската околија. М. Лерински имал за задача да ја реорганизира четата и да воведе ред и дисциплина во неа. Како искусен организациски деец, Лерински ја имал сфатено суштината на револуционерното дело и како тоа треба да се реализира во пракса. Сепак, неговото пристигнување не било прифатено со воодушевување од страна на војводата на првата костурска чета, Коте Христов, и на неговите четници, така што дошло до конфликт меѓу нив. Понатамошните историски настани ќе покажат дека Коте не можел да ја разбере идејата и програмата на организираното револуционерно движење, да ја надмине личната суета, ајдучките навики и прифаќањето на решенијата од повисоките институции и личности во организациската структура на МРО.

Костурската чета набргу се распаднала по еден неуспешен обид за казнување предавник во селото Пателе, Леринско. Овој настан му послужил како повод на Коте да го искаже нетрпениeто кон Марко Лерински, при што се одделил од четата и со четворица други четници се вратил во Костурско. Раководителот на Костурскиот комитет, П. Христов, одлучил Коте да биде испратен во Бугарија, додека неговите другари да се распределат во други реони во османлиска Македонија или да заминат за Грција. Коте, божем, ја прифатил одлуката, но додека поминувал низ Леринско придружуван од месни организациски работници, бил ранет од куририот Тане од селото

[213] Исто, стр. 44.

[214] Г. Попхристов, *Революционаша борба...*, стр. 15.

Горничево. Според Пандо Кљашев, леринчани, „очигледно, имале таква наредба“.[215] Коте по овој настан, желен за одмазда, се вратил во Костурско, на тој начин оддалечувајќи се засекогаш од МРО. Во почетокот на летото 1901 година била формирана нова чета. Имено, откако не му било исполнето барањето на Павел Христов да му биде испратен нов војвода од Окружниот комитет од Битола, тој се одлучил на таа позиција да го постави Атанас Петров, родум од селото Шестево.[216] Костурското раководство било свесно дека Петров не е соодветна личност за таа позиција, меѓутоа околностите го принудиле на таков чекор.[217]

На почетокот на XX век, во костурската револуционерна околија биле формирани првите стабилни раководни тела на Организацијата. Според Пандо Кљашев, „дотогаш само се регрутираа членови, без да се организираат со намера еден ден да се искористат“, но во 1900 година, продолжува тој, „се формираа раководни тела во кои влегуваа по четворица примени меѓу првите“ членови.[218] Формирањето на селските (месни) комитети било од исклучителна важност за доближувањето на револуционерното дело до што поголем дел од населението во околијата.[219] По зголемувањето на бројот на создадени месни комитети, се пристапило кон формирање и на околиски комитет, кој се состоел од претседателите на поистакнатите селски комитети.[220] Четата постепено се трансформирала во агитациска, обиколувајќи ги селата и држејќи собранија на кои биле примани нови членови. Истовремено започнал да се уредува и каналот за пренесување

---

[215] *Спомени на П. Кљашев*, стр. 176.

[216] *Революционното движение въ костурско; спомени отъ М. Николовъ*, стр. 70.

[217] Во своите спомени, Кљашев за Петров запишал дека тој немал образование и бил неписмен, „итар човек, разговорлив, вешт, склон кон измислување и лажење“. Сличен став имал и Христов, кој сметал дека е „прост и недостоен човек, но поради потребата, го направил војвода“. *Спомени на П. Кљашев*, стр. 178, 179.

[218] Исто, стр. 175.

[219] Според Михаил Николов, селските комитети имале задача да го контролираат развојот на Организацијата во селата, да вклучуваат што поголем дел од населението во тајните на револуционерното дело, да собираат членски надоместок, да ја пречекуваат околиската чета во селото и да се грижат за нејзината безбедност, да бидат во координација и да го известуваат раководството во Костур за сите важни настани во своето населено место. *Революционното движение въ костурско; спомени отъ М. Николовъ*, стр. 55

[220] За членови на околискиот комитет биле избрани: поп Филип од село Д’мбени, Јанко од Хрупишта, Христо Наков од селото Бугарска Блаца, Дамјан Марков од Вишени, Михаил Гегата и Ламбо Порјазов од Костур и други. Исто, стр. 56.

оружје од Грција за потребите на Битолскиот округ. За таа цел, во Грција бил испратен штотуку завршениот гимназијалец Манол Розов од селото Бобишта, но поради неискуството и слабото познавање на грчкиот јазик, бил вратен назад. Наместо него, во октомври 1900 година од Бугарија во Грција бил испратен Васил Чакаларов, родум од селото Смрдеш. Тој успеал да го организира каналот и да пренесе одредено количество оружје.[221] Во овој период од Грција можело да се набави поголемо количество пушки од типот „гра" поради нивната замена со помодерно оружје во грчката армија.[222] Од друга страна, претставниците на револуционерното движење пред грчките трговци не смееле да се претставуваат кои се и за какви цели го набавуваат оружејто, „трговците (…) во тој случај не им продаваа пушки и им се закануваа со предавство и смрт. Затоа дејците на Организацијата (…) се претставуваа како Епирци, Арнаути и сл."[223]



Васил Чакаларов
(1874 – 1913)

На почетокот на 1901 година четата предводена од А. Петров, покрај агитацијата во Корештата и во Пополе, добила наредба од П. Христов да ја префрли дејноста и во Нестрамско. Целта била да се создаде организациска мрежа во тој дел од Костурско и „да се отвори пат за пренесување пушки" од Грција.[224] Во четата, покрај другите борци, се приклучил и Коте со дел од своите луѓе, при што во еден момент последниве се обиделе да ги ликвидираат Петров и К. Стефов, кој исто така бил дел од четата (овој настан детално ке го обработиме подолу во текстот). По оваа случка, Хри-

221 Никола Жежов, *Васил Чакаларов*, Скопје, 2014, стр. 22-24.

222 Мано Пандевски, „Вооружувањето на македонските револуционери и востаници во периодот на Илинденското востание (1893–1903)", *Македонското ослободително дело во XIX и XX век*, том петти, Скопје, 1986, стр. 207–251.

223 Ристо Поплазаров, *Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век*, Скопје, стр. 1973, стр. 43.

224 *Спомени на П. Кљашев*, стр. 180.

стов конечно одлучил дека Петров „не е соодветна личност за работата и му предложил да оди во Битола, од каде што сакаа да го префрлат во Ресенско“.[225]

Костурската револуционерна околија повторно останала без чета. Набргу за нов војвода бил поставен Тале Горанов од градот Прилеп. Потребата од ликвидирање на Нуредин-бег го вратила А. Петров на сцената.[226] Тој ја завршил задачата во мај 1901 година, но овој настан ја предизвикал познатата Нурединова провала, во која биле уапсени П. Христов и К. Стефов.[227] Пред да биде затворен, Христов му наредил на Горанов да го напушти реонот поради неговото недолично однесување.[228]

По затворањето на Павел Христов, на неговата позиција како главен на Костурскиот револуционерен комитет доаѓа Михаил Николов, кој воедно бил и директор на костурската егзархиска прогимназија. Според Кљашев, Мих. Николов ги немал квалитетите и авторитетот на својот претходник, а ретко го напуштал и градот да агитира меѓу населението.[229] Револуционерното движење во околијата ги консолидирало своите редови по доаѓањето на Лазар Москов и Васил Чакаларов. Првиот, откако го завршил седмиот клас во Битола на почетокот на јули 1901 година, (со полномошно на Окружниот комитет) пристигнал во околијата со цел да го преземе нејзиното раководење. Москов особено се ангажирал во формирањето на новата чета. Во истиот период од Грција пристигнал и Чакаларов со цел да го организира внатрешниот канал за пренесување на оружјето, но во околијата, со мали прекини, останал до крајот на Илинденското востание. Во тој период Чакаларов ја презел една од водечките улоги во организирање на ослободителното дело во костурската револуционерна околија.

---

225 Исто, стр. 181.

226 А. Петров, под изговор дека сака да ги види своите родители, се вратил во Костурско.

227 Аферата избила како резултат на неискуството на А. Петров и на некористењето на шифрираната азбука на МРО. Имено, писмото преку кое му била соопштена задачата од Комитетот било напишано со обична азбука. Откако го прочитал писмото, Петров не го уништил, а во истрагата што следувала тоа било пронајдено од османлиската власт. К. Битоски, „Костурско во револуционерно-ослободителните...“, стр. 153.

228 Поради својот карактер, Тале Горанов влегол во конфликт и со Окружниот комитет во Битола и затоа било одлучено тој да биде ликвидиран. Убиството на Горанов го извршил прилепскиот војвода Методиј Патчев во март 1902 година.

229 *Спомени на П. Кљашев*, стр. 186.

Најтешката провала во костурската околија во предилинденскиот период се случила на 27 јули 1901 година. Името Иванчова провала го добила по Димитар Георгиев-Иванчо, кој бил четник уште од првата чета под водство на Коте. По убиството на еден негов близок пријател во Битола, Иванчо, бегајќи од османлиските власти, се засолнил во патријаршиското костурско село Лепчишта. Оттаму заминал за Грција, каде што формирал вооружена група, по што се вратил во Костурско. При еден вооружен судир со османлиската војска бил ранет, но успеал да се извлече и да замине повторно за Грција. Во градот Лариса се поврзал со извесен Василаки, на кого му ги раскажал своите четнички доживувања. Иванчо, по препорака на Василаки, ги раскажал своите авантури и пред османлискиот конзул во градот, кој потоа го испратил во Битола, а оттаму во Корча. На споменатиот датум, преоблечен во турска облека и во придружба на 100 војници, под името Осман-чауш го започнал „походот" низ Костурско. Потерата, следејќи го списокот составен од Иванчо, поминала низ највидните организациски села. На него имало околу 400 имиња на организациски работници; од нив 78 биле уапсени и испратени во корчанскиот затвор, додека 150 успеале да се засолнат. Костурскиот комитет на неколкупати се обидел преку заседи да го ликвидира предавникот, но не успеал во тоа. [230]

Оваа провала ја парализирала дејноста на Организација и речиси два месеци не дозоволила нејзино нормално функционирање. Костурчани на двапати[231] барале помош и од Окружниот комитет во Битола, кој ги советувал доколку се во можност, да ја смират ситуацијата и да продолжат со работата. Како и да е, во „Мемоарот на Внатрешната организација" се наведува дека во костурската околија во предилинденскиот период имало најмногу провали (вкупно 14) во споредба со другите околии во османлиска Македонија.[232] Последиците биле катастрофални: биле опфатени 28 села, вкупно 234 луѓе биле упасени, а 225 физички малтретирани.[233]

Делумното смирување на ситуацијата по Иванчовата провала овозможило реорганизирање на околијата. За раководител бил поставен Л. Москов, додека раководното тело го сочинувале В. Чакаларов, П. Кљашев,

---

[230] *Македония и Одринско (1893 – 1903). Мемоар на Вътрешната организация*, 1904, стр. 60.

[231] Првиот пат во август за Битола заминале Чакаларов и Кљашев, а во септември само Кљашев.

[232] *Македония и Одринско (1893 – 1903). Мемоар на Вътрешната организация*, 1904, стр. 60.

[233] Исто, стр. 60.

К. Стефов и М. Николов. За војвода на околиската чета повторно бил поставен А. Петров. Кон крајот на октомври и почетокот на ноември 1901 година биле преземени конретни мерки во насока на консолидација на организациските активности. Ваквата состојба ја потврдил и Чакаларов, кој во својот дневник забележал дека заедно со Москов и Кљашев зборувал за реорганизирање на сите села во Костурско.[234] Во периодот што следува, во поголемиот број села раководството избрало нови селски комитети и нивни претседатели.

Во втората половина на ноември 1901 година, во околијата пристигнал Гоце Делчев. Неговата посета на Костурско била дел од една поголема обиколка или т.н. голем поход низ османлиска Македонија реализиран во втората половина на 1901 и на почетокот на 1902 година. Главна цел на посетата на Делчев на околијата била ревизија и реорганизација на организациските активности.[235] Тој во Костурско пристигнал со Иван Манолев, придружуван од четата на војводата Марко Лерински. Во своите спомени, Кљашев кажува дека „дотогаш знаевме дека Делчев е висок раководител, каков што беше и Груев“.[236] Прва дестинација била селото Кономлади, во кое се собрале голем број револуционерни дејци од реонот, но и претставници од други делови на Битолскиот револуционерен округ. На средбата со селаните Делчев ги сослушал нивните секојдневни тешкотии и проблеми и се обидел да ги разреши според правилата на Организацијата. Тогаш за прв пат во околијата било решено судските работи да ги решава Костурскиот комитет, а на селаните им било забрането да одат во османлиските судови. Во редовите на МРО биле примени голем број мажи од селото, а, исто така, било формирано ново раководно тело и биле назначени десетници. На присутните на овие средби, Делчев детално им ја опишал состојбата во османлиска Македонија и ситуацијата со револуционерното движење. Тогаш, како што забележал во своите спомени Кљашев, „целото село разбра дека дошол најголемиот човек, началникот на Организацијата. ’Поголем од него нема‘.“[237] Се дискутирало и за Коте и неговите соработници, како и за други месни предавници.[238]

---

[234] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, Скопје, 2007, стр. 53.

[235] Хр. Силјанов, *Освободителните борби…*, стр. 168.

[236] *Спомени на П. Кљашев*, стр. 198.

[237] Исто, стр. 198.

[238] За овој проблем, за одлуките и за тоа како и колку биле спроведени, ќе се задржиме подолу во текстот.

По престојот во селото Кономлади, тој во придружба на костурските револуционери ги посетил селата Поздивишта, Д'мбени, Смрдеш, Дреновени, Вишени, Черешница и Загоричани. Присуството на Делчев придонело за тоа повторно да се врати вербата на населението во Организацијата, или, како што напишал Николов во своите спомени, „се врати храброста и се започна со едно масовно посветување".[239] Биле казнети голем број месни отпадници и расипници. Се чувствувала раздвиженост во голем број села, т.е. додека Делчев се наоѓал во едно село, преостанатите костурски раководители посетувале други и ги реорганизирале месните комитети. Во сите населени места што ги посетил Делчев биле одржани општи собранија, на кои говорел за значењето на движењето. Така, на пример, костурскиот четник Стојче Кузманов ни го пренесува следново сведоштво за престојот и говорот на Делчев пред насобраните жители на селото Загоричани: „Кога апостолот се појави (...) сите останаа скаменети." Откако сѐ било подготвено, продолжува Кузманов, „Гоце го започна својот бунтовнички говор, од почетокот тивко, а потоа громогласно и многу воодушевено". Говорот на Делчев траел цели два часа и во него, меѓу другото, му образложил на насобраното население дека „најдрагото нешто за еден народ е тој да биде слободен" и затоа самиот тој „тргнал по села и градови, по гори и планини за да го убеди народот да се подготви за борба со вековните непријатели".[240] Исто така, биле избрани нови раководства, на кои им било објаснето како да дејствуваат во иднина. Детално биле прегледани комитетските сметки, кои дотогаш биле нередовно и непедантно одржувани, при што Кљашев констаитрал: „Делчев ни покажа како да се водат [сметките]."[241] Во селото Смрдеш било формирано женско комитетско друштво со цел да помага во собирањето алишта, во курирските услуги, во криењето на организациските работници и слично. На последното собрание одржано во селото Загоричани, на кое, покрај другите, учествувал и претставникот на Битолскиот окружен комитет Георги Поп Христов, биле донесени повеќе решенија, од кои најважни се следниве: било одлучено да има легално раководство во Костур, кое ќе биде во координација со нелегалното и подвижно раководство; за привремен раководител бил поставен М. Николов додека, ако е во можност, на негово место да дојде Поп Трајков, кој во тој период излегол

239 *Революционното движение вь костурско; спомени оть М. Николовь*, стр. 94.

240 Стойче Кузмановь, „Гоце Дьелчевь вь с. Загоричани", *Илюстрация Илиндень*, София, септемврий-октомврий 1933, стр. 22.

241 *Спомени на П. Кљашев*, стр. 200.

од затвор.[242] Последниот, како легален претставник на Организацијата, останал во своето родно село Д'мбени.

Неможноста да се најдат образовани и способни војводи резултирало со поделба на четата на два дела. Со едниот дел раководел Митре Влашето во Корештата, а за началници на реонот биле поставени Чакаларов и Москов, додека во Пополе за војвода бил именуван А. Петров, а за началници Кљашев и Стефов. Исто така, на собранието се дискутирало и за каналот за пренесување оружје од Грција. Наредниот ден, на 4 јануари 1902 година, Делчев во придружба на Христо Силјанов и на четата на Марко Лерински го напуштил Костурско и се упатил кон леринската револуционерна околија.

Крајот на Делчевата мисија во Костурско го означил почетокот на третата и последна фаза од развојот на МРО во предилинденскиот период, но и повисокиот степен во развој на револуционерното движење во околијата. Последиците од Иванчовата провала веќе биле минато, а реонот бил реорганизиран и оспособен за понатамошно подготвување на населението за востание. Во годината што следува започнала и вооружената конфронтација меѓу силите на МРО и османлиските власти.[243] Ваквата појава се должи на масовизирањето на Организацијата и на зголемената мобилност на организациските претставници во Костурско, но, пред сè, на зголемениот број револуционерни чети во околијата.

Првиот судир се случил ноќта помеѓу 11 и 12 февруари 1902 година во селото Шестево.[244] Имено, организациско-агитациската чета предводена од војводата А. Петров со 6 четници, меѓу кои и Кљашев и Стефов, движејќи се од селото Сетома кон селото Шестово, била забележана од страна на муслиманско население, коешто ја известило османлиската власт во Костур. Веднаш била испратена османлиска жандармерија и утрото на 12 февруари се случил судирот. Во битката загинале двајца четници, од кои едниот бил Кузо Стефов, и двајца од редовите на селската милиција од Шестево. Карактеристично за овој судир е употребата, за првпат, на селската милиција од околните села, но поради безбедното извлекување на преостанатиот дел од четата, таа не била вклучена во битката. По овој настан дошло до обединување на двете чети под водство на Москов, додека Петров се одделил и се приклучил кон Коте. На предлог на последниот, Петров се стационирал во околината на Преспа. Но набргу, поради неговите

[242] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов,* стр. 75.

[243] К. Битоски, „Костурско во револуционерно-ослободителните…", стр. 19.

[244] *Спомени на П. Кљашев*, стр. 207–208.

претходни престапи, Петров бил убиен во селото Брајчино од страна на еден член на Организацијата. Најверојатна причина за неговото убиство била средбата што ја имал со писодерскиот свештеник Ставрос Цамис, на која присуствувал и Коте, а за која дознаваме од писмото на Цамис до Каравангелис.[245] Средбата, се разбира, не останала незабележана од прввенците на МРО во околијата, а казната за ваков престап според Уставот и Правилникот на Организацијата била најригорозна.

На почетокот на февруари 1902 година Чакаларов повторно заминал за Грција. Целта била да го реорганизира каналот, но и да набави поголемо количество оружје. За време на престојот во Грција, тој заедно со другите организациски работници бил под постојано следење од страна на грчките власти. Сепак, и покрај големите пречки и непријатности што ги имале членовите на МРО во Грција, тие успеале да го одржат каналот и да пренесат поголемо количество оружје во околијата, кое понатаму било распределено низ цела Југозападна Македонија. Кон крајот на април 1902 година Чакаларов се вратил во Костурско.[246]

Во средината на мај се случил нов, поголем судир со османлиската војска во селото Трсје, Леринско. Во оваа битка, покрај леринската чета под водство на војводата Марко Лерински, учествувала и дел од костурската чета раководена од Чакаларов и Кљашев. По неколкучасовна битка, опколените револуционери успеале безбедно да се повлечат, додека, за секој случај, на помош била повикана и селската милиција од селото Турије. Како последица од овој настан биле затворени 120 луѓе од селото, а 90 пушки биле предадени на османлиските власти.[247]

Во меѓувреме, константната потреба од способни војводи го принудила Поп Трајков да замине за Софија на консултација со претставниците на ЗП на МРО. Претходно, за истата цел, Делчев го испратил Иван Попов со 7 четници, кои преку Грција требало да пристигнат во Костурско.[248] Поради погрешна информација дека четата на Попов настрадала при пре-

245 Г. Πετσίβας, *Ιωάννης Καραβίτης, Ο μακεδονικός αγών...*, стр. 14.

246 Н. Жежов, *Васил Чакаларов*, стр. 4–51.

247 Судирот во селото Трсје детално го опишале Пандо Кљашев и Васил Чакаларов. *Спомени на П. Кљашев*, стр. 207–208; *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 95–99. Повеќе за овој настан види кај: Александар Трајановски, *Пандо Кљшев – Пандето (1882–1907)*, Скопје, 2014, стр. 67–70.

248 Оваа група се вооружила во Лариса и на пат кон Македонија била фатена од грчките власти, кои три месеци ја држеле во грчките затвори. К. Битоски, „Костурско во револуционерно-ослободителните борби…“, стр. 21.

минувањето на некоја река, Делчев и Поп Трајков решиле да ги испратат Георги Папанчев и Никола Андреев во околијата. Во почетокот на јули 1902 година во Југозападна Македонија пристигнале последниве двајца. Од друга страна, четата на Попов не била целосно изгубена, т.е. при преминувањето на реката Саламбри, поради невнимание, загинале тројца четници, додека преостанатите, на чело со војводата, се упатиле кон костурската околија.[249]

Во летото 1902 година Чакаларов во придружба на четата на војводата Митре Влашето заминал во Нестрамскиот Мудирлак. Престојот на групата во овој дел од околијата имал за цел да ја реорганизира организациската структура на МРО, која речиси целосно била пасивизирана како последица на Иванчовата провала. Присуството на организациските работници ја вратило повторно вербата во револуционерното движење кај голем дел од населението. Организациските претставници потоа се упатиле во Костенаријата, каде што за првпат биле поставени темелите на МРО во тој дел од околијата. Во истиот период Москов заминал во Пополе да се сретне со Н. Андреев, а Кљашев останал во околината на селото Смрдеш, каде што се сретнал со војводата Г. Папанчев.

Разгорувањето на Леринската провала[250] во летото 1902 година и можноста за нејзино прелевање во Костурско го принудило околиското раководство да го испрати Кљашев во Битола на консултации со Окружниот комитет. Тој пристигнал во Битола на 20 јули 1902 година. На консултациите со Лозанчев, на Кљашев му било сугерирано дека доколку провалата се прошири во нивната околија, населението да се евакуира во планините со цел да се избегнат поголеми последици по нив и по самата Организација. Поради тешката ситуација во околијата, Кљашев се интересирал за времето на објавување на востанието. За ова прашање Лозанчев

---

249 *Материяли за историята на македонското освободително движение; Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.), По спомени на Иванъ Поповъ, Смиле Воидановъ, Деянъ Димитровъ и Никола Митревъ,* София, 1926, стр. 9–10.

250 По судирот во селото Трсје и запленувањето на поголема количина оружје, војводата Марко Лерински, сакајќи да спречи слична тенденција и во другите села од својата околија, а особено по предавањето на околу 300 пушки во селото Пателе, со помош на селската милиција влегол во споменатото село. Целта била да се казнат сите оние што доброволно го предале оружјето. Но предадени уште истата вечер, четниците биле опколени од османлиските сили и во обидот да го пробијат обрачот за безбедно да го напуштат селото, Марко Лерински бил смртно погоден. Во судирите загинале уште тројца четници. *Спомени на П. Кљашев*, стр. 212; *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 113–114, 119; Хр. Силјанов, *Ослободителните борби...*, стр. 176–177.

се консултирал со ЦК во Солун, по што го советувал Кљашев дека треба да се издржи уште два месеца.[251] Оваа вест уште од Битола им ја соопштил и на другите раководители на околијата, а од неа јасно се гледаат тенденцијата и одредени планови на поединци во ЦК за отворена соработка со ВМК во настаните што се случиле во есента 1902 година, односно во т.н. Горноџумајко востание.[252]

Како резултат на ваквата информација, по враќањето на Кљашев од Битола, во околијата започнале да се формираат првите селски (востанички) чети. Директниот повод за нивното создавање бил во насока на подготвување на околијата, според информациите од Окружниот комитет во Битола, за скорешното кревање востание. Според Кљашев, селската чета се состоела од поспособните селани, на чие чело бил селскиот војвода потчинет на раководното тело.[253] Првата селска чета била фомирана на 13 август 1902 година во селото Вишени, на чело со војводата Спасо Гергевски.

Со убиството на Лазар Москов на почетокот на 1902 година Костурскиот комитет претрпел нова загуба. Тој, по поставувањето на Г. Папанчев за реонски војвода, се упатил во селото Вишени. Таму, по препорака на ОК во Битола, требало да се формира Комисија за состојбата во Костурско и во Леринско. На договореното место Москов се упатил без придружба, еден ден порано од предвиденото. Во селото влегол вечерта на 2 август, но бил забележан од еден османлиски одред, кој во тој период се наоѓал во Вишени. Заедно со కољо Вишенски бил опколен во куќата во која биле сместени. Долго време давале отпор со надеж дека ќе пристигне помош од селската милиција од околните села. Но такво нешто не се случило и наредниот ден, на 3 август, двајцата биле убиени.[254]

Костурскиот револуционерен комитет и самата околија во втората половина на 1902 година се нашле пред нови искушенија предизвикани од провокацијата на полковникот на бугарската армија Анастас Јанков. Всушност, во согласност со плановите на ВМК и на големобугарската политика

---

[251] *Спомени на П.Кљашев*, 214-215.

[252] Во писмото било наведено: „Тие денови имало приговори од многу луѓе за објавување на востание. Било напишано во Централниот (комитет) и тие биле на исто мислење и почнале преговори со Врховниот комитет во Софија. Се веруваше за еден-два месеци да се трпи и ќе се дигне востанието (...).“ *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 119.

[253] *Спомени на П. Кљашев*, стр. 215.

[254] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 131–133; *Спомени на П. Кљашев*, стр. 215–216.

за предизвикување вооружена провокација во источните погранични делови на османлиска Македонија со Бугарија, полковникот, со добро подготвена чета, требало да предизвика слична акција и во Југозападна Македонија. Дејноста на Јанков во текот на неколкумесечниот престој во Костурско имала негативни последици за развојот на македонското револуционерно движење. А. Јанков, не добивајќи поддршка од МРО за кревање „востание“, понатаму не бирал ниту средства, ниту сојузници во намерата за која бил испратен во овој дел од османлиска Македонија. По пропаѓањето на обидот на 7 септември да биде објавено „востание“, неговата понатамошна активност била насочена кон агитација против македонското ослободително движење. Како резултат на таквата дејност, била создадена конфузија меѓу населението и дошло до опаѓање на неговиот морал.

Во секој случај, заминувањето на полковникот Јанков од Костурско не значело и крај на проблемите на МРО и, пред сè, на неповолната положба на дел од македонското население. Како последица од неговата авантура, во зимата 1902/1903 година биле стационирани османлиски одреди во поголемите селски центри во околијата. Резултатите од ваквата состојба биле: целосно пасивизирање на активностите на Организацијата, намалување на слободата на движење на населението и отежнатата комуникација меѓу селата. Посебен товар за македонското население, како што веќе спомевме, било присуството и движењето на османлиската војска во селата, особено во оние каде што била стационирана.

Во пролетта 1903 година, прва задача на Костурскиот комитет била санацијата на последиците предизвикани од врховистичкиот упад од претходната година. Решението на Солунскиот конгрес од јануари 1903 година за кревање востание подразбирало мобилизација на сите расположливи сили во околијата. Една од првите активности на костурското раководство било обединувањето на патријаршистите и егзархистите,[255] чии односи во тој период биле влошени како резултат на константната агитација на грчката пропаганда предводена од костурскиот митрополит Каравангелис. Ваквиот потег се оправдувал со целта на Организацијата за сплотување на сите незадоволни елементи во борбата за добивање економска и социјална слобода. Овој процес ни го потврдува и српскиот конзул во Битола, Михаило Ристиќ, кој во извештајот од 25 јануари 1903 година, испратен до својот министер за надворешни работи, С. Лозаниќ, констатира: „Во последно време тие (се мисли на членовите на МРО, б.н.) го носеа зна-

[255] *Спомени на П. Кљашев*, стр. 240.

мето за ослободување на [сите] христијани воопшто и за миг започнаа да се обраќаат за помош и соработка меѓу христијаните, без разлика на која народност припаѓаат. Од тој момент тие ги вооружуваа сите христијански села, определувајќи им данок за ’општата работа‘ и пренокуваа слободно кај нив, а овие ги примаа што од страв, но најмногу од заедничкото чувство дека на нив им е сеедно како ќе се викаат оние кои ќе ги ослободат од ова зло и неподносливата положба.“[256]

Следниот чекор на Костурскиот комитет бил повикот за враќање на печалбарите или за нивно задржување во околијата доколку сѐ уште не заминале на печалба. Во хрониката за селото Дреновени стои следниот податок: „За активноста на селаните за подготовка на востанието треба да го спомeнеме и овој момент. Непосредно пред самото востание, војводата Васил Чакаларов му дал едно писмо на селанецот Ламбро Пеев да го однесе во Турција (се мисли на малоазискиот дел од Османлиската Империја, б.н.) кај татко си Христо Пеев, кој бил таму на печалба повеќе години (...) Чакаларов со ова писмо му поставил задача на Христо Пеев да ги извести сите печалбари од костурската околија кои се наоѓаат на печалба во Турција веднаш да се вратат во своите села за да бидат готови и спремни за востание. По ова писмо, за неколку дена многу печалбари се вратија во своите села во Костурско.“[257] Според Кљашев, иницијативата за ваквиот потег била на костурските раководители, а наредбата ја издал Окружниот комитет од Битола.[258]

На 16 февруари во селото Апоскеп бил одржан состанок на раководителите на Костурскиот комитет, на кој се дискутирало за конкретните подготовки за востанието и за мерките што требало да бидат преземени во таа насока.[259] Во средината на март во околијата пристигнал Б. Сарафов со цел одблиску да ги констатира подготовките за настаните што следуваат. Според Иван Попов, за време на престојот на Сарафов им биле дадени неопходните инструкции за водење на востанието, исто така биле определени центровите чети и биле назначени нови војводи. Секој центар се состоел од по 4 до 8 села. Биле избрани 9 центрови чети, и тоа: Д’мбенската на чело со војводата Дичо Андонов, Смрдешката под водство на војводата

---

256 *Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополите и училишни инспектори во Македонија*, ИНИ, Скопје, 1954, стр. 26.

257 АО ИНИ, Дреновени, Костурско, Хр. IV.89, стр. 9.

258 *Спомени на П. Кљашев*, стр. 241.

259 А. Трајановски, *Пандо Кљашев…*, стр. 93.

Атанас Кршаков, Вишенската и Блацката на чело со војводата Иван Попов, Загоричанската предводена од Никола Трифунов, Мокренската раководена од војводата Никола Андреев, Нестрамска под водство на Никола Христов, Сниченската на чело со Стерјо Ташков и Кономладската предводена од војводата Митре Влашето.[260]

Сарафов се задржал во реонот до 3 април, кога во придружба на Чакаларов и на Кљашев се упатил во селото Смилево на закажаниот Конгрес на Битолскиот револуционерен округ. Додека двајцата гореспоменати престојувале во Смилево, целокупната одговорност во организациското подготвување на населението ја презеле другите раководители и војводите на четите, а посебно се истакнале Л. Поп Трајков[261] и Манол Розов[262].

Смилевскиот конгрес бил одржан од 20 до 25 април / 2 – 7 мај 1903 година. На него била донесена конечната одлука за кревање востание во Битолскиот револуционерен округ. Покрај другите решенија, биле формирани и раководни тела на сите околии кои влегувале во округот. За костурската околија биле определени следните раководители: В. Чакаларов, П. Кљашев, Л. Поп Трајков, М. Розов и М. Николов, а Иван Попов бил назначен за војвода со задолжение да организира курсеви за воена обука на населението. По завршувањето на Конгресот, претставниците на Костурскиот комитет се вратиле во својата околија. Набргу биле одржани месни конгреси во селата Д'мбени и Бугарска Блаца, на кои двајцата раководители им го соопштиле решението од Смилевскиот конгрес и на другите претставници на раководното тело и укажале на потребата од забрзана подготовка за организирање на населението.[263]

На почетокот на мај се случил уште еден настан кој оставил тешки последици за организациската дејност и за македонското население во околијата. Тоа бил нападот на селото Смрдеш извршен од страна на османлиската војска ноќта помеѓу 8 и 9 мај 1903 година. Најголемиот дел од селото било опожарено (133 куќи), биле убиени 87 селани, а 50 биле ранети. Освен тоа што селаните останале без своите домови, покуќнина и добиток,

---

260 *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 22–23.

261 Лазар Поп Трајков се вратил во Костурско кон крајот на февруари 1903 година откако бил ослободен од затворот во градот Скопје. Имено, по дознавањето на проблемите што ги предизвикал Јанков во околијата, веднаш тргнал за родниот крај преку Србија, но бил затворен од османлиските власти во Скопје.

262 Манол Розов до тогаш бил учител во своето родно селото Бобиште, по што преминал во илегала.

263 А. Трајановски, *Пандо Кљашев...*, стр. 109.

тие во најголем дел биле и ограбени, а повеќе од 35 жени и девојки биле силувани.[264] Во периодот што следува, повеќето од жителите на Смрдеш биле сместени во соседните села: В'мбел, Д'мбени, Габреш, Брезница и други, а поради големиот страв и паднатиот морал, селаните што останале да живеат во селото избегнувале да им пружат гостопримство на четите и на другите претставници на МРО.[265]

Како и да е, настанот во селото Смрдеш не бил изолиран случај. Периодот до почетокот на востанието бил исполнет со постојани судири меѓу четите на револуционерната организација од една и османлиската војска и башибозукот од друга страна. Османлиското раздвижување било резултат на Солунските атентати од април 1903 година, но и на претпоставките за можно скорешно востание во османлиска Македонија. По палењето на селото Смрдеш, кое настрадало како директна последица на атентатите во Солун, судирите кулминирале со херојската битка кај месноста Локвата и Вињари.[266]

Како резултат на зачестените претреси на османлиската војска, Костурскиот комитет решил да го собере оружјето од селата и да го складира на сигурни места. За време на спроведувањето на ова решение во селото Косинец, четата што влегла во селото била предадена од страна на еден местен шпион. Напуштајќи го Косинец поради приближувањето на војската, на четата предводена од Чакаларов и Кљашев ѝ се приклучиле уште две селски чети, кои заедно со првата броеле околу 70 четници. На 31 мај тие се стационирале на врвот Локвата и Вињарот. На инсистирање на Чакаларов, било одлучено по завршувањето на претресот во Косинец да се нападне османлиската војска, која броела околу 600 војници. Судирот со голема жестокост траел цел ден.[267] Војската во неколку наврати се обидела да ги разбие позициите на четите, но во тие обиди секогаш била одбивана. Во битката загинале 14 четници, меѓу кои и Лаки Поповски[268] од

---

264 *Македония и Одринско (1893 – 1903). Мемоар на Вътрешната организация*, 1904, стр. 203.

265 Исто така, за време на нападот биле уништени 80 пушки, околу 12-13000 куршуми и 25 динамитни бомби. *Спомени на П. Кљашев*, стр. 243–249.

266 Локвата (езеро) и Вињари ја означуваат највисоката точка на тромеѓето помеѓу селата Д'мбени, Смрдеш и Габреш.

267 Поопширно за овој настан може да се види кај: *Спомени на П. Кљашев*, стр. 252–254; Хр. Силјанов, *Освободителните борби...,* стр. 318–319; К. Битоски, „Костурско во револуционерно-ослободителните борби...", стр. 40–41.

268 Лаки Поповски бил одговорен за леарницата за бомби од селото Смрдеш.

селото Смрдеш, Георги Чакаларов (брат на Васил Чакаларов) и војводата на смрдешката чета, Дичо Андонов од селото Лобаница. Од друга страна, за жртвите од редовите на османлиската војска постојат контрадикторни информации.[269] Со приближувањето на ноќта, револуционерните сили успеале безбедно да се повлечат од теренот. Оваа битка се смета за еден од најкрвавите и најжестоки судири во предилинденскиот период, настан кој долго останал врежан во меморијата на месното македонско население.

По битката кај Локвата и Вињари, османлиската војска повторно се стационирала во костурските села, на тој начин враќајќи ги теророт и насилството врз македонското население. Состојбата станувала сè понеиздржлива, а излезот се гледал во што поскорешно започнување на востанието. Кон крајот на јуни во околијата пристигнале Д. Груев и Б. Сарафов.[270] Со костурските раководители се сретнале на В'мбелската Планина. Недовербата што ја искажал Груев кон Костурскиот комитет за време на одржувањето на Смилевскиот конгрес била забележлива и на оваа средба.[271] Поради ваквиот однос на Груев кон нив, костурчани решиле да го манифестираат своето незадоволство со одбивање да ги пренесат потребните информации за состојбите во околијата, односно тие му биле соопштени само на Сарафов.

Во последниот месец пред започнувањето на востанието, Костурскиот комитет бил целосно ангажиран околу подготовката на населението за настаните што следувале. Така, костурското раководство и четите ги посетиле речиси сите делови на околијата, а единствената непознаница останал датумот на неговото објавување. Конечната одлука за кревање на востанието, и покрај големите несогласувања, била донесена од Д. Груев и Б. Сарафов во селото Буф, Леринско, на 1 јули 1903 година. Било одлучено тоа да се објави на 20 јули/2 август 1903 година, на верскиот празник Св.

---

[269] Христо Силјанов изнесува бројка од над 100 загинати османлиски војници, додека Пандо Кљашев споменува бројка од околу 220 загинати војници. Меѓутоа, во османлиските дефтери кои се однесуваат на судирите на османлиската војска со нерегуларните вооружени формации на нејзина територија, за овој настан било запишано дека организациските сили имале 15 загинати борци, додека војската имала само 3 убиени и 6 ранети лица. Хр. Силјанов, *Ослободителните борби...,* стр. 319; *Спомени на П. Кљашев*, стр. 252. *Турски документи за оружените борби во Македонија 1903–1908,* ДАРМ, Скопје, 2007, стр. 44.

[270] Двајцата во Костурско пристигнале како претставници на Главниот штаб (ГШ) на востанието, во кој, покрај споменатите, влегол и Атанас Лозанчев.

[271] На несогласувањата помеѓу Даме Груев и костурските раководители ќе се задржиме подолу во текстот.

Илија. Информацијата за датумот на неговото почнување, и покрај добро организираната курирска мрежа во околијата, костурското раководство ја добила најдоцна, т.е. на денот на неговото започнување. Ваквата вест го израдувала најголемиот дел од македонското население во околијата. Желбата за слобода и фанатичната предаденост на ослободителното дело јасно била покажана со масовно учество на костурчани во Илинденското востание.

# ДЕЈНОСТА НА ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС ВО КОСТУРСКО ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ (1900 – 1903)

## 3.1. НАЗНАЧУВАЊЕ НА ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС ЗА КОСТУРСКИ МИТРОПОЛИТ

Во грчката историографија почетокот на XX век е окарактеризиран како период на „лошо расположение, расипништво и анархија како наследство од една голема криза којашто владеела во целата држава, додека криминални и дезертерски групи се криеле низ целата држава“.[272] Имено, ваквата слика се должела, во најголем степен, на последиците што ги трпела грчката нација поради поразот во грчко-османлиската војна од 1897 година. Политичкиот живот во пресрет на XX век бил пресликан од последната четвртина на претходниот век. Доминантна улога во креирањето на државната политика имале партиите предводени од Теодорос Делијанис и Георгиос Теотокис, кој го заменил починатиот Харилаос Трикупис.[273] Владата на Александрос Заимис (1897 – 1899), која ја наследила владата на Димитриос Ралис[274], се соочила со тежок период на консолидација во сите сфери на општествениот живот. Александрос Заимис бил принуден да ги признае условите од мировниот договор по грчко-османлиската војна, што значело постепена демобилизација на резервниот состав на војската

[272] Κονστ. Παπαρρηγοπουλου, *Ιστορια του ελληνικου εθνους; Συμπληρωμα, απο της μετα του Ελληνικου βασιλειου ενωσεως Θεσσαλιας και Ηπειρου (1881) μεχρι του 1930*, Αθηνα, 1932, стр. 107.

[273] John S. Koliopoulos, Thanos M. Veremis, *Modern Greece: A History since 1821*, 2009, стр. 65.

[274] Владата на Димитриос Ралис (април – октомври 1897 година) ја наследила онаа на Теодорос Делијанис, кој директно бил посочен за „националната катастрофа“ по поразот на Грција во грчко-османлиската војна.

и наметнување меѓународна економска контрола на државата, со што евидентно било зголемено влијанието и мешањето на Големите сили во внатрешните работи на кралството.[275]

Како резултат на гореспоменатиот пораз на грчката држава, започнало да се чувствува постепеното губење на позициите на грчката пропаганда во османлиска Македонија. Војната ѝ покажала на официјална Атина дека секој самостоен обид да се порази „Болниот на Босфорот", а со цел да се изменат границите на Балканот, бил осуден на неуспех. Ваквиот развој на настаните условил грчкото државно раководство да се ориентира кон водење поумерена и добрососедска политика кон официјален Истанбул. Од друга страна, новонастаната ситуација предизвикала загриженост кај одредени грчки националистички кругови, кои предупредувале дека новиот правец во надворешната политика негативно ќе се рефлектира врз грчките национални проекции, пред сè во неможноста целосно да бидат заштитени интересите во европските владенија на султанот.

Истовремено, грчките планови во делови од османлиска Македонија биле загрозени и од засилената дејност на бугарските пропагандни институции, што се пресликува во постојаното губење верници меѓу македонското словенско население. Имено, поради коректното однесување во војната од 1897 година, бугарското кнежество било наградено од Високата порта со издавање три егзархиски берати во Македонија (Битола, Струмица и Дебар). Исто така, Бугарија стекнала право да испраќа свои претставници (т.н. трговски агенти) во османлиската држава, кои заедно со егзархискиот апарат биле главни носители на бугарската национална идеја во Македонија.[276] Опасност за грчкото влијание во османлиска Македонија била детектирана и во програмата и дејноста на МРО, која во овој период веќе навлегла во втората фаза од својот развој, што значело нејзино масовизирање и агитација меѓу целокупното христијанско население во Македонија.

Во секој случај, не поминало долго време откако соодветните анализи за ситуацијата во османлиските владенија на Балканот ја принудиле официјална Атина на „постепена промена на политиката кон елинизмот во империјата".[277] Ваквата промена се должела и на засилениот притисок од страна на разните национални друштва и поединци на територијата на кралството, кои ја увиделе реалната опасност од губење на позициите во

---

275 Κ. Α. Βακαλοπουλος, *Νεοελληνικη...,* стр. 303.

276 *Историја на македонскиот...*, стр. 208.

277 Ю. Константинова, *Балканската политика на Грция в края на XIX...*, стр. 286.

делови од османлиска Македонија. Разбирливо, промената била во границите на непредизвикувачката политика која ја водела владата во Атина кон својот нов „сојузник“. Така, на пример, грчките власти, сметајќи дека одржувањето на редот и мирот во Македонија би било од корист за *елинизмот*, им сугерирале на грчките конзули да бидат блиски со османлиската власт и да се стават на располагање на војската во напорите за сузбивање на македонското револуционерно движење.[278] Неминовно е дека ваквата политика имала негативни ефекти врз грчките интереси. Имено, османлиската власт во своите одмаздннички походи против македонското словенско население не правела разлика меѓу егзархистите и патријаршистите, на тој начин оддалечувајќи ги вторите сè повеќе од грчкото влијание, а истовремено доближувајќи ги до позициите на МРО, во која ги препознале своите интереси, но ја нашле и својата заштита.

Новиот курс на грчката надворешна политика кон османлиска Македонија предвидувал и засилување на пропагандните институции во европскиот дел од империјата. Консолидацијата имала за цел овие институции соодветно да се приспособат кон новите предизвици во конкурентскиот натпревар со другите балкански ривали, но и во борбата против структурите на МРО. На почетокот биле преземени конкретни мерки во консолидирање на црковната пропаганда во османлиска Македонија. Во февруари 1900 година, на барање на грчкото Министерство за надворешни работи, грчките конзули во Македонија составиле список на сите црковни епархии, во кој се наоѓале биографски податоци за митрополитите, оцена за нивниот квалитет и за нивната приврзаност кон грчката национална идеја.[279] Висината на финансиските средства што владата во Атина, преку конзуларните претставништва во империјата, ги испраќала до патријаршиските митрополити зависела од оцените за квалитетот на работата на одреден митрополит.[280]

Промената на политиката на официјална Атина кон Цариградската патријаршија се забележува и во изборот на новиот патријарх. Незадоволството од националната работа на претходните двајца патријарси, Антимос VII и Константинос IX, резултирало со ангажирање на грчката држава во изнаоѓање погодна личност при изборот на новиот патријарх. Официјална Атина сакала на чело на Патријаршијата да застане личност која успешно ќе

278 *Ο Μακεδονικος αγων και εις Θρακην γεγονοτα, Γενικον επιτελειον στρατου...*, стр. 126.

279 Ю. Константинова, *Балканската политика на Грция в края на XIX...*, стр. 287.

280 Ευάγγελος Κωφός, *Μακεδονία, 4000 χρόνια Ελληνικής Ιστορίας και Πολιτισμού*, Αθηνα, 1982, стр. 152.

ги заштитува интересите на *елинизмот* во Османлиската Империја. Грчката влада во 1900 година, тргнувајќи од ваквата идеја, го испратила искусниот дипломат Николаос Маврокордатос на Света Гора со цел да се сретне со поранешниот патријарх Јоаким III[281]. Н. Маврокордатос требало да му ги пренесе на патријархот позициите на грчката влада околу големогрчката национална политика, па доколку тој ја прифати, официјална Атина да го поддржи во изборот за патријаршискиот престол.[282] Јоаким III се согласил владата да ја има раководната улога во решавањето на националните прашања, но да не се меша во црковните работи, сè со цел да не се урива интегритетот на Вселенската патријаршија.[283] На тој начин, во мај 1901 година, со поддршка на грчката влада, Јоаким III на 83-годишна возраст по вторпат бил избран за вселенски патријарх.

Новата политика на водечката грчка пропагандна институција и „заштитник на грчката национална идеја во Македонија" набргу почнала да се спроведува на терен.[284] Новиот патријарх, под притисок и по сугестија на грчката држава, започнал да ги менува митрополитите во „најоспоруваните" македонски епархии, почитувајќи ги на тој начин во целост препораките на владата во Атина.[285] При изборот на новите митрополити се претпочитало тие да бидат млади, амбициозни, добро образовани и целосно посветени на грчката национална кауза. Во периодот што следува биле поставени следните митрополити: Германос Каравангелис во Костур, Хрисосомос Калафатис во Драма, Јоаким Форопулос во Битола и други. Овие митрополити наскоро ќе се истакнат во грчката паравоена интервенција против МРО (1904 – 1908).

Истовремено, во овој период е забележливо економското засилување на грчкиот образовен механизам во османлиска Македонија и новата ориентација на образовната политика во насока на зацврстување на по-

---

281 Јоаким III (1834 – 1912) бил роден во Истанбул, а по потекло бил Влав од градот Крушево. На патријаршискиот престол бил двапати, во периодот 1878 – 1884 и 1901– 1912 година.

282 Ю. Константинова, *Балканската политика на Грция в края на XIX…*, стр. 288

283 Исто, стр. 289.

284 Крсте Битовски, „Ставот на Кралството Грција кон Македонија и кон македонската револуционерна организаиција", *Прилози за Илинден 1978 II*, Скопје 1979, стр. 98.

285 Σοφια Βουρη, *Πηγες για την ιστορια της Μακεδονιας; Εκκλησια και κρατος 1889-1905*, Αθηνα, 1999, стр. 245–247.

зициите на грчката пропаганда.[286] За грчката влада од пресудно значење било зајакнувањето на своите пропагандни институции, кои, всушност, биле и носители на создадената перцепција и на наводните аргументи со кои се докажувал грчкиот карактер на османлиска Македонија. Во периодот пред започнувањето на грчката паравоена интервенција во делови од Македонија, и натаму најсилни аргументи на грчкиот национализам биле: силата и престижот на грчкото образование и на грчкиот јазик, како јазик на религијата и на трговијата; грчките историски права врз територијата и моќта на авторитетот на грчките трговци кои во дел од македонските градови доминирале заедно со Евреите и со Власите.[287]

Поставувањето на Германос Каравангелис за костурски митрополит се совпаднало со делумната промена на надворешната политика на владата во Атина, но и со зачестените барања на грчките националистички фактори во Македонија и во Грција да се започне директна вооружена борба против македонското революционерно движење. Престојот на Каравангелис во Перан била одлична препорака за наредната етапа од неговата црковно-национална дејност. Грчката влада во амбициозниот млад митрополит (кој веќе успешно ги докажал пропагандите способности, но и умешноста во борбата против нив), препознала личност која целосно одговара на поставените критериуми. По инсистирање на грчкиот амбасадор во Цариград, Н. Маврокордатос, и по донесувањето одлука од владата во Атина, тој прифатил да го пополни испразнетото место во Костурската митрополија.[288] Каравангелис допатувал во Костур на 21 октомври 1900 година.[289]

Стратешката местоположба на Костурската епархија, во која успешно се развивала мрежата на МРО, била цврста бариера за експанзионистичките планови на грчката држава кон јужните делови на балканските владенија на Османлиската Империја. Очигледно било дека на владата во Атина не ѝ останал друг избор и ако и понатаму сакала да се надева на териториите од т.н. спорна зона, требало веднаш да преземе конкретени мерки. Имено, грчката држава требало да го „освои“ Костурско доколку сакала да

[286] Σ. Βουρη, *Εκπαιδευση και εθνικοσμος στα Βαλκανια...*, стр. 101, 102.

[287] M. Kaliakatsos, „Ion Dragoumis and ’Machiaveli‘: Armed struggle, propaganda and hellenization...“, стр. 59.

[288] Претходник на Каравангелис во Костурската епархија бил митрополитот Атанасиј, кој во Костурско бил од 1899 до 1900 година. Пред него на истата позиција бил митрополитот Филарет (1889 – 1899).

[289] Каравангелис пред да пристигне во Костур го осигурал својот живот на сума еднаква на своите долгови, кои ги отплатил кога станал митрополит на Перан.

стигне до проектираните северни граници на „историска Грција“. Планот предвидувал уништување на македонското револуционерно движење и неутрализирање на егзархиската пропаганда. Се покажало дека одлуката на грчките институции да го испратат Каравангелис во Костур била од исклучително значење за грчката пропаганда во Македонија. Грчката држава во 35-годишниот Каравангелис пронашла вистинска личност, во чија природа било постојаното докажување и работа во служба на грчката национална доктрина – личност која националната дејност секогаш ја ставала пред религиската. За Каравангелис, желбата на македонското население за слобода претставувала опасна закана за *елинизмот* во османлиска Македонија. Според него, жалната состојба во околијата, како што го опишал Костурско во своите спомени[290], била резултат на агитацијата за „автономија на Македонија“ на Костурскиот комитет на МРО и дејствувањето на месните чети, кои за него биле обични „банди“. Веднаш по пристигнувањето во Костур и проучувањето на состојбата во епархијата, тој започнал „поход“ против Организацијата, при што најчесто не бирал ниту средства ниту методи во неговото реализирање.

## 3.2. ПОЧЕТНИТЕ ОБИДИ НА КАРАВАНГЕЛИС ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВООРУЖЕНАТА БОРБА ПРОТИВ МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАИЦИЈА

Најголема вознемиреност во грчките црковно-училишни пропагандни кругови предизвикало приклучувањето на многубројно македонско патријаршиско население во редовите на Организацијата, со што тие започнале да ја губат контролата врз тој дел од населението. Со загриженост бил набљудуван процесот на сплотување на македонското егзархиско и патријаршиско население во костурската околија и исчезнувањето на црковните разлики, што се должело на програмата на МРО за „борба против турскиот режим“.[291] Ваквата тенденција ја воочил и британскиот дипломатски претставник во Белград, Џорџ Бонам, кој на 12 март 1902 година, во доверливо писмо до маркизот Ленсдаун, државен секретар за надворешни работи на Велика Британија, констатирал дека „хетерогените елементи, од кои е составено населението во Македонија, може да се фу-

---

290 Г. Каравангелис, *Македонската борба*…, стр. 14.

291 *Спомени П. Кљашев*, стр. 167.

зираат во една националност".[292] Британскиот дипломат со право заклучил дека во османлиска Македонија е започнат процес на формирање посебна „националност" во рамките на тогашното разбирање на нациите. Оттука, нарушувањето на проектираните граници на „историска Грција" за грчките пропагандни фактори значело предизвикувачки повод да започнат немилосрдна војна против македонското револуционерно движење, во која еден од клучните протагонисти бил митрополитот Каравангелис.

Во почетокот на 1901 година Каравангелис направил поголема обиколка во Костурската епархија со цел да се запознае со ситуацијата на теренот. По деталното проучување на состојбата во епрахијата, Каравангелис го посетил грчкиот конзул во Битола, Ќузе Пезас.[293] На средбата биле разменети мислења за ситуацијата во Југозападна Македонија и за мерките што требало да бидат преземени за одбрана на *елинизмот*. Откако заеднички го констатирале брзиот развој на револуционерното движење во Костурската епархија и во Пелагонија, Пезас му сугерирал на Каравангелис да испрати извештај до грчката влада. Во овој период МРО на теренот во Костурско навлегла во втората фаза од масовизирањето на движењето и формирањето на нејзините вооружени сили. Оттука, а дејствувајќи по насоката дадена од конзулот, митрополитот веднаш по враќањето од Битола во Костур го испратил својот прв извештај до владата во Атина. Во извештајот посебно внимание посветил на потребата од испраќање грчки паравоени групи во османлиска Македонија. На тој начин Каравангелис отворено „пред грчката влада ја презентирал идејата за [организирано] испраќање вооружени сили од Грција во Македонија".[294]

Меѓутоа, во согласност со надворешната политика на Грција во тој период, владата во Атина не посветила внимание на извештајот и на барањата изнесени во него. По неколку недели, разочаран од молкот во Атина, митрополитот повторно го посетил битолскиот конзул. Тој се надевал дека идејата за испраќање вооружени групи од Грција ќе наиде на разбирање во грчкиот конзулат во Битола. Наспроти ваквите очекувања, во текот на целата 1901 година владата во Атина испраќала јасни инструкции до своите

---

292 Државен архив на Република Македонија, *Британски документи за историјата на Македонија (1901–1904)*, Том VI, Скопје, 2012, стр. 192.

293 Ќузе Пезас ја извршува конзулската дејност во Битола од 1900 година до март 1903 година. I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 43.

294 Весела Трайкова, „Наченки на андарското дело в Македония – Каравангелис, Јон Драгумис и десетината Критяни", *Македонски научен институт; Преглед*, София, г. XXIV, 2001, бр.1, стр. 45.

конзули во Македонија, преку кои им забранувала да се вклучуваат во тајни здруженија или да преземат какви било дејства со кои би се нарушиле добрите односи со Високата порта.[295] Во таа насока бил и одговорот на конзулот: „(...) не само што не ни испраќаат помош, туку и ни пречат. Не можеме ништо да направиме."[296] Каравангелис, одговарајќи му на Пезас, констатирал дека од ден во ден македонското револуционерно движење станува сè посилно, а како резултат на тоа во иднина постои реална опасност Грција да ги загуби „своите" територии во османлиска Македонија. Во ситуација на константно губење на позициите на грчката пропаганда, митрополитот се сметал „за повикан да ја спасува Македонија од убијците на Грците!"[297] На овој начин Каравангелис ја злоупотребил првобитната и единствена своја должност, т.е. верско-духовната, а привилегиите што ги имала оваа црковна функција во османлиското општество ги искористил целосно за организирање националистичко-пропагандна дејност.

Ситуација во која се наоѓал Каравангелис по враќањето во Костур не го деморализирала да изнајде начини за организирање на борбата против МРО. Анализирајќи ја ситуацијата, тој дошол на идеја да формира платенички вооружени групи од месното население, во прв ред од отпадници на МРО, но и да создаде мрежа од свои соработници по селата. Впрочем, и една од целите на неговата обиколка од почетокот на 1901 година била да ја испита на терен можноста за формирање паралелна грчка „организација", чија единствена цел би била борбата против македонското националноослободително движење. Всушност, Каравангелис преку врбување приврзаници сметал дека ќе создаде раскол, нетрпеливост и недоверба меѓу самото македонско население, што во секој случај негативно би влијаело на развојот на македонската национално-револуционерна борба.

Преку конзулатот во Битола, митрополитот го испратил и вториот извештај до владата во Атина. Но, и овој извештај ја доживеал судбината на претходниот. Грчката влада останала индиферентна кон барањата за испраќање помош во луѓе и во оружје. Во исто време, своите ставови и погледи за ситуацијата во Македонија Каравангелис ги презентирал и во атинските весници, а неговите текстови секогаш биле потпишувани со псевдоним (најчесто го користел Костас Георгиу).

---

[295] Ю. Константинова, *Балканската политика на Грция в края на XIX…*, стр. 293–295.

[296] Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 15.

[297] К. Битовски, *Грчката „Македонска...*, стр. 76.

Во секој случај, ако официјална Атина останала незаинтересирана за барањата на Каравангелис, тогаш Патријаршијата била до одреден степен проактивна во борбата против МРО. Во март 1901 година грчките митрополити во османлиска Македонија добиле посебен циркулар од Патријаршијата, во кој им се сугерирало да собираат докази за дејноста на револуционерното движење и да ги испраќаат во Истанбул или кај месните османлиски власти.[298] Идентични директиви, „за олеснување на задачата" на Османлиите, патријаршиските свештеници и учители добиле од грчкиот конзул во Битола, Пезас. Последниот им наредил „да им ги доставуваат на властите сите неопходни сведенија за замислите на Бугарите".[299] Ваквото однесување на еден грчки официјален претставник во империјата го иритирало и рускиот конзул во Битола, Ростковски, кој „пријателски го предупредил". На својот руски колега Пезас му одговорил дека „тој Бугарите-шизматици не ги признава за христијани и, сметајќи ги сите средства за борбата со нив дозволени, нема да престане да им помага на Турците во нивното истребување".[300] На тој начин Каравангелис и другите патријаршиски великодостојници станале сојузници и доушници на османлиската власт, што во тој аспект се поклопило со курсот на грчката држава.

Како и да е, развиената организациска мрежа на МРО, видливото учество на дел од населението во ослободителното движење и големиот број револуционерни чети во предилинденскиот период го правеле невозможно евентуалното испраќање или опстојување на вооружени групи од Грција во османлиска Македонија. Ваквата состојба ја потврдил и Н. Евгенијадис, грчкиот конзул во Солун. Во извештајот до грчката влада од 4 јануари 1904 година, навраќајќи се на еден постар извештај од 30 април 1900 година, конзулот на следниот начин ја опишал тогашната состојба во Македонија: „Чети формирани во Грција и испратени во Македонија не само што нема ништо да ни помогнат, бидејќи не го познаваат ниту теренот, ниту јазикот, ниту луѓето, туку, напротив, можат да станат причина да ги влошиме односите со Турците". На тој начин тој предвидел дека таквите чети „жестоко ќе бидат прогонети од османлиските власти и многу бргу ќе бидат расформирани", сметајќи дека „во бугарофилските (егзархиските, б.н.) реони во кои беа повикани да дојдат, нашите православни славофони

[298] Ю. Константинова, *Балканската политика на Грция в края на XIX…*, стр. 280.

[299] С. Дракул, *Македонија меѓу автономијата и дележот...*, Том I, стр. 402. Исписка од Извештајот од Ст. Сов. Ростоковски, Битола, 16 март 1902.

[300] Исто, стр. 402.

(Македонци патријаршисти, б.н.), со изговор дека можат да бидат прогонети од [османлиската] власт, а, во суштина, затоа што нема да сакаат да имаат никаква претходна врска со нив (грчките чети, б.н.), ќе одбиваат да ги заштитат и со првата закана од страна на власта ќе ги предадат (…).“[301] Во извештајот конзулот доста реално ја образложил неповолната ситуација за испраќање вооружени групи од Кралството Грција во османлиска Македонија. Во својата елаборација тој преку синтагмата „нашите православни славофони“ ги ставил Македонците патријаршисти во корпусот на грчко население во Македонија.[302]

Меѓутоа, контрадикторноста во објаснувањето на Евгенијадис е веднаш воочлива од презентираниот аргумент дека грчките чети би пристигнале во туѓа земја и меѓу население непознато за нив, со кое, патем речено, не би можеле ниту јазично да се разберат. Всушност, со тоа се потврдува тезата за постоење етнички разлики меѓу Македонците и Грците. Исто така, интересен е и податокот изнесен од страна на конзулот во однос на македонското патријаршиско население, кое, според него, би ја одбило соработката со грчките вооружени чети. Имено, неговата констатација дека патријаршистите не сакале да соработуваат со грчките вооружени групи е точна. Меѓутоа, причината за тоа, покрај нивниот страв од османлиската власт, било нивното сè поактивно учество во македонското револуционерно движење.

Идејата за испраќање вооружени групи од Грција во европскиот дел од империјата, конзулот Пезас ја презентирал и пред британскиот заменик-конзул во Битола, Питер Џејмс Мекгрегор, кој, исто така, ја одбил поддршката на „еден таков план“.[303] Во тоа време, барем до некаде, единствено прифатливо решение за грчката влада било финансиски да ги помогнат грчките пропагандни институции во османлиска Македонија со цел тие самостојно да организираат вооружени јадра за борба против структурите

---

301 Извештај на Кралскиот грчки конзулат во Солун, бр. 3, 4 јануари 1904 година (копија од документот има авторот).

302 Грчките пропагандни институции во османлиска Македонија, како и во Кралството Грција, македонското патријаршиско население најчесто го именувале со терминот „Славофони“, што, според нивните сфаќања, значело дека тој дел од населението има „словенска припадност“, но, истовремено, е со некаква си грчка „национална свест“.

303 Βασίλης Κ. Γούναρης, *Τα γεγονότα του 1903 στη Μακεδονία μέσα από την ευρωπαϊκή διπλωματική αλληλογραφία*, Θεσσαλονίκη, 1993, стр. 162.

на МРО.[304] Ваквата тенденција на официјална Атина, т.е. финансиската поткрепа, му одела во прилог на костурскиот митрополит, кој планирал да започне подготовка на теренот за формирање грчки платенички вооружени јадра од месното население.

Во почетниот период од дејствувањето на митрополитот Каравангелис најзначајна негова активност била создавањето организирана (шпионска и вооружена) мрежа во костурските села. Во епархијата формирал „цела мрежа од информатори за движењата на четите, како и мрежа од водичи".[305] Каравангелис заклучил дека борбата против Организацијата мора да ја води самостојно, без официјална поддршка од Атина, но и дека треба „систематски да ја организира"[306] на терен. Мрежата што ја создал ја немала организациската структура на комитетот. Во неа биле вклучени „шпиони, курири, извршители, кои работеле за плата"[307] и кои најчесто биле во роднински или пријателски врски, а од кои митрополитот добивал најразлични информации. Каравангелис постепено започнал да ја плете мрежата на свои соработници со помош на османлиските лири, на уценувања и на закани. Во селата каде што митрополитот имал свои поединци или групи, тие најчесто биле од редовите на патријаршиските свештеници, учители во грчките училишта, селски првенци, одметнати или прогонети членови на МРО, но и некои активни организациски работници, кои паралелно работеле и за двете групации. Од друга страна, информациите што стигале до него во Костур не секогаш биле вистинити. Во голем број случаи соработниците на митрополитот можноста за лесна заработувачка ја користеле испраќајќи му голем број информации, но, како што заклучил и Криќанецот Ефтимијос Каудис, Каравангелис

[304] Грчкиот амбасадор во Истанбул, Н. Маврокордатос, во извештајот од 31 јануари 1900 година испратен до грчкиот министер за надворешни работи, Атос Романос, барал да се организира месна вооружена грчка организација која ќе им се спротивстави на структурите на МРО. Во одговорот на министерот било наведено дека ваквиот метод на работа е прифатлив и дека за таа цел му е испратена поголема сума пари на солунскиот конзул Евгенијадис. Κωνσταντίνος Σβολοπουλος, „Η αποφαση για την οργανωση του ενοπλου αγωνα", *Ο μακεδονικος αγωνας; Συμποσιο, Θεσσαλονικη – Φλωρινα – Καστορια – Εδεσσα, 28 οκτωμβριου – 2 νοεμβριου 1984*, Θεσσαλονικη, 1987, стр. 53.

[305] Ιωάννης Κ. Μαζαράκης Αινιάν, *Ο Μακεδονικός Αγώνας*, Αθήνα, 1981, стр. 54.

[306] Α. Ε. Βακαλοπουλου, *Ο μακεδονικος αγωνας (1904–1908)...*, стр. 29.

[307] В. Трайкова, „Наченки на андарското дело в Македония..., 45.

„многу луѓе го лажат, тој се возбудува и им дава подароци“.[308] Во неговата мрежа биле вклучени луѓе со различна етничка и верска припадност, а информациите што ги прибирал тој биле користени за најразлични цели, а најчесто завршувале и кај османлиските власти.

Ваквата дејност на Каравангелис не можела, а да нема негативно влијание врз македонското революционерно движење во костурската и, делумно, во леринската околија, т.е. на територијата на неговата епархија. Во почетниот период костурското раководство се обидело преку агитација меѓу населението да ги неутрализира негативните последици од неговото дејствување.[309] Меѓутоа, континуираната и засилена активност на Каравангелис и негативните последици од неа, кои биле резултат на зачестените предавства, го принудило Костурскиот револуционерен комитет да преземе поостри мерки. Митрополитот, во согласност со грчката стратегија, ја искористил таквата ситуација да ја наклевети Организацијата дека убива поединци само затоа што се „Грци“, односно патријаршисти. Во своите спомени Пандо Кљашев раскажува дека Каравангелис агитирал меѓу населението да се откаже од Организацијата и дека под негово влијание Османлиите нема да го малтретираат патријашиското население, што кај нив, од една страна, предизвикало чувство на привилегираност, а од друга, отуѓување од Организацијата.[310] Исто така, митрополитот секогаш и секаде бил придружуван од гавазот Емин, по потекло Турчин, но и „со пушките на рамо, јас со малихерка, а тој гра“.[311] Фактот, кој го посведочил и самиот Каравангелис, дека како на христијанин му било дозволено јавно да носи оружје, и покрај тоа што ова било забрането според османлиските закони, само ја потврдува неговата привилегирана положба и соработката со месната османлиска власт. Успех за митрополитот претставувало повторното враќање во рамките на Патријаршијата на костурските села: Руља, Трново, Трсје, Дреновени, Габреш и Черновишта, т.е. населени места кои биле дел од Корешатата, каде што, всушност, било јадрото на МРО во околијата.

---

308 Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, *Φθινοπωρο του 1904 στην Μακεδονια; Το ανεκδοτο ημερολογιο του Μακεδονομαχου Ευθυμιου Καουδη*, Θεσσαλονικη, 1992, стр. 63.

309 Според Васил Чакаларов, раководството најпрвин се обидело со објаснување и убедување да се разоткрие дејноста на Каравангелис и неговите врски со властите. На свештениците што соработувале со митрополитот им ги простувале грешките и не ги принудувале да преминат во Егзархијата. *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 91.

310 *Спомени П. Кљашев*, стр. 195.

311 Г. Каравангелис, *Македонската борба*…, стр. 17.

Во тој период македонското револуционерно движење ја имало насочено агитацијата кон целото македонско словенско и влашко население. Според програмските начела на Организацијата, биле објаснувани нејзините цели без разлика дали населението било дел од егзархиската или од патријаршиската црква, а не била вршена ниту принуда тоа да премине од една во друга црква. Спротивно на овој факт, костурските револуционери биле свесни за дејноста на грчката пропаганда. Тоа се потврдува и со писмото на Лазар Киселинчев испратено од Атина до ЗП на МРО во Софија од 12 април 1902 година, каде што се потенцира: „Грците почнаа систематска пропаганда меѓу нашите Македонци. Секоја недела ги собираат и им зборуваат да не стануваат шизматици, да не им помагаат [на] комитетите. За жал, има многу што ги слушаат."[312] Фактичката ситуација во околијата покажувала дека најголем дел од македонското население ја прифаќа јурисдикцијата на Цариградската патријаршија, па поради тоа Костурскиот револуционерен комитет многу внимателно се однесувал кон црковното прашање. Санкционирањето на престапите секако дека било една од мерките употребувани од МРО. Биле казнувани и егзархисти и патријаршисти, но не поради нивната црковна припадност, како што Каравангелис секогаш го обвинувал македонското револуционерно движење, туку поради предавства, неморал, криминал или престапи, кои биле во спротивност со начелата на МРО.

Грчките пропагандни структури биле во тек со развојот на револуционерното движење, а учеството на патријаршистите во Организацијата не бил непознат факт за нив. Според мислењето на конзулот Пезас, „Комитетот (…) се прошири речиси во сите села без исклуок, и на православните (се мисли на патријаршиските села, б.н.). Веќе нема сомневање дека сите шизматици (егзархисти, б.н.) ги прифаќаат идеите на Комитетот, но (…) и поголемиот број славофони (Македонци патријаршисти, б.н.) (…) ги прифатија истите идеи и покрај нашите совети и спротивставувања."[313] Ваквите податоци му биле познати и на митрополитот, но, како што кажува и самиот Пезас, грчката пропаганда се борела со сите средства да го одвлече македонското патријаршиско население од ослободителното и револуционерно движење. На грчката пропаганда поразувачки дејствувал „односот" на Организација-

---

[312] *Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство на ВМРО в София до края на 1902 г.*, София, 2003, стр. 154.

[313] Извештај на Кралскиот грчки конзулат во Битола, бр. 12, 10 јануари 1902 година (копија од документот има авторот).

та кон патријаршисти во поттикнувањето „да се помират со своите браќа шизматици и да ја поддржат војната на христијаните без да прават разлика меѓу шизматици и православни“.[314]

Карактеристичен пример во поглед на третирањето на црковното прашање и односот на Каравангелис кон МРО била неговата посета на селото Загоричани за време на Божиќните празници, кон крајот на декември 1901 година. Селото, само по себе, претставувало предизвик за грчката пропаганда поради големиот број жители, кои, според различни статистички податоци, броеле над три илјади, но и поради неговата добра местоположба.[315] Интересен е и податокот дека селото уживало одредени привилегии дадени од османлиската власт, што подразбирало дека неговите жители не плаќале данок на османлиските спахии, имале право директно да се жалат кај султанот и за разлика од другите костурски села кои биле чифлизи на османлиските бегови, Загоричани имало одредена самостојност.[316] Костурските митрополити ги иритирал фактот дека селото има слаби врски со патријаршиската митрополија, што, од друга страна, ги принудило грчките црковни великодостојници да му посветат поголемо внимание. Имено, најголемиот дел од жителите на селото ги прекинале врските со грчките црковни претставници уште во 1872 година, додека пет години пред тоа било отворено првото народно училиште во кое учителствувал Георги Динков-Динката.[317] Оттука, Каравангелис бил убеден дека мора да ги врати загубените позиции на *елинизмот* во селото токму во периодот кога Гоце Делчев се наоѓал во него за време на својата голема обиколка низ југозападниот дел од османлиска Македонија.

---

314 Исто.

315 Според Васил К'нчов, селото имало 3 300 жители, додека Бранков споменува 3 672 жители, од кои 3 144 биле Македонци егзархисти, 450 Македонци патријаршисти и 48 Власи. Д. Литоксоу, *Грчката антимакедонска борба I...*, стр. 26.

316 *Загоричани, Споменй по случаи 25 годишнината отъ кланетo извршено отъ грцкитеъ андарти презь 1905 година*, София, 1930, стр. 6.

317 Во своите спомени Илија Патеров напишал дека населението на Загоричани во 1872 година му соопштило на тогашниот костурски митрополит Никифор дека не го признава повеќе за свој духовен поглавар и го предупредило да не доаѓа за Божиќ да служи во црквата. Никифор не го послушал населението и на Божиќ се упатил во селото, но поради противењето на жителите, богослужбата во црквата била невозможна, а митрополитот бил принуден да замине за Костур. *Загоричани, Споменй по случаи 25 годишнината…*, стр. 7–8.

Костурскиот митрополит заедно со својот придружник Емин, вечерта на 24 декември влегол во вербална расправија со жителите на Загоричани за тоа кој прв ќе ја одржи утрешната (Божиќна) литургија. Мнозинското егзархиско население во селото во однос на малцинското патријаршиско наложувало тие први да ја одржат литургијата. Но, откако Каравангелис му се обратил на Емин со зборвите: „(...) оди до кајмакамот, да му кажеш да ни испрати војска“[318], селаните, како и костурското револуционерно раководство, не сакајќи да се изложат на непотребен ризик, а особено да ја донесеат во прашање безбедноста и понатамошната мисија на Делчев, му го исполниле барањето. Митрополитот сметал дека ја исполнил мисијата, која имала за цел да го „наложи“ своето влијание кај населението во селото Загоричани.[319]

Демонстрирањето сила на Каравангелис со цел да создаде јадро во Загоричани, и покрај присуството на Делчев, на дел од костурското револуционерно раководство и на реонските чети од Костурско и од Леринско, било резултат на поддршката што ја добивал од османлиските власти. Во период кога Организацијата во околијата се преструктурирала врз основа на насоките добиени од Делчев, на присуството и провокациите од страна на митрополитот не им се придавало поголемо значење. Но, митрополитот во своите спомени го опишал овој настан како „херојско“ дело што го направил тој и, истовремено, како добиена битка во судирот со МРО. Секако дека револуционерното движење не ја водело борбата против Каравангелис, но доколку сакало да се ослободи од него, тоа можело да го направи и на драстичен начин. Сепак, во период кога Организацијата се масовизирала, убиство на еден висок црковен претставник би имало силно негативно влијание кај населението, би предизвикало жестоки реакции од властите, како и создавање искривена слика за нејзиното дело. Во тоа време било тешко населението да ја разбере мисијата и дејноста на митрополитот против револуционерното движење, уште повеќе поради тоа што бил духовно лице.

Последиците од посетата на Каравангелис на Загоричани се почувствувале набргу. Неколку дена по неговото заминување, организациските дејци најпрвин биле следени, а потоа и предадени на месните османлиски власти од страна на селанец кој работел за митрополитот. Со навременото

318 Г. Каравангелис, *Македонската борба*…, стр. 18.

319 Исто, стр. 19.

известување дека пристигнува војската од Костур биле избегнати какви било поголеми последици за развојот на движењето во околијата.[320]

Во спомените митрополитот тврди дека мрежата од свои доверливи луѓе ја проширил и во други села во костурската и во леринска околија. Шпионската мрежа, која за него претставувала некаков си вид на „одбранбен“ систем , ја проширил и во селата Неред, Желево, Писодери, Богатцко, Поздивишта и Лехово, како и во гратчето Клисура.[321] Меѓутоа, според грчкиот историчар Константинос Вакалопулос, бројот на селата што биле вклучени во оваа мрежа изнесувал многу повеќе.[322] Покрај врбувањето луѓе, митрополитот успеал во одредени села да формира вооружени јадра, кои подоцна прераснале во групи, сето тоа со единствена цел: да му се спротивстават на македонското револуционерно и ослободително движење.

Создадената организирана мрежа на Каравангелис имала големо значење за грчката пропаганда и за османлиските власти во Југозападна Македонија. Таа била активна во предилинденскиот и во илинденскиот период, а особено за време на грчката „македонска борба“. Без нејзиното постоење, т.е. без поддршката од луѓето на митрополитот, шансите за испраќање грчки вооружени групи во Костурско би биле минимални и како такви не би можеле да дејствуваат на теренот.

## 3.3. СОЗДАВАЊЕ ПЛАТЕНИЧКИ ГРУПИ ОД МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Митрополитот Каравангелис бил одлучен да го реализира планот за отпочнување организирана вооружена борба против МРО без разлика што тој не бил одобрен од страна на официјална Атина. Решителноста на

---

320 Васил Чакаларов на следниот начин го опишал овој настан: „Илко Поп Атанасов, под расото на ѓакон, поткупен од грчкиот владика за да ги шпионира и следи комитетските работи, ненадејно влегол во куќата каде што бил Петров со неколку момци. Ми јавија што да правам со Илко. Им реков да го врзат и вечерта да го донесат кај нас (…) Ми јавија дека Илко му избегал на Петров и брзајќи фатил пат за Костур. Вечерта (…) Григор Марков пристигна со двајца луѓе од Куманичево во 4 часот вечерта и ни соопшти дека Илко отишол и им јавил на Турците. Последниве испратиле известување во Костур. Нам не ни останувaше ништо друго, освен да го напуштиме Загоричани (…).“ *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 74.

321 Г. Каравангелис, *Македонската борба*…, стр. 24.

322 В. Трайкова, „Наченки на андарското дело в Македония…“, стр. 47.

митрополитот, и покрај тоа што грчката влада сè уште официјално не го одобрила планот или не размислувала во таа насока, се должела на правата на грчката пропаганда стекнати во империјата и, пред сè, на соработката и на помошта што ја добивал од месната османлиска власт.

Придобивањето членови одметнати од македонското револуционерно движење било еден од начините за охрабрување на владата во Атина и таа сериозно да започне да размислува во насока на реализирање на планот на митрополитот. Сепак, зачестеното апелирање на Каравангелис до институциите во Атина и претставување на работите „во далеку пооптимистички околности отколку оние во реалната стварност“,[323] сè уште не биле сериозно сфатени од државната администрација во Атина. Стратегијата на Каравангелис за реализирање на планот била следната: „(...) требаше да се обидам да придобијам некој бугарофон војвода (…) и да го направам грчки војвода“.[324] На почетокот, неговата одлука паднала на Коте Христов од селото Руља.

Во периодот кога Каравангелис одлучил да формира месна платеничка група, положбата на Коте била крајно неповолна во односите со Костурскиот револуционерен комитет и со османлиските власти. Секако дека овие факти му оделе во прилог на митрополитот. Имено, Коте, поради своите разбојнички афинитети, бил осуден на смрт и од османлиските власти и од МРО. Тој бил изолиран на мала територија, на која бил под постојан притисок и во отворен судир со структурите на Костурскиот револуционерен комитет. Причините за неговото отстранување од Организацијата биле ајдучките особини, среброљубивоста, непокорувањето на одлуките на костурските револуционерни раководители и своеволното однесување додека бил војвода во првата костурска организациска чета. По неуспешниот обид за негова ликвидација во Леринско и откако закрепнал од здобиената повреда, Коте решил да се одмаздува. Преку лажно додворување, тој успеал повторно да стане дел од околиската чета. Имено, Павел Христов одлучил, по извршената обиколка на костурската чета во Корештата и во Пополе, таа да се префрли во Нестрамско. Целта била да се зајакне Организацијата во тој дел од околијата, но и да се обезбеди каналот за пренесување оружје од Грција.

Во такви околности, Коте, како дел од оваа мисија, заедно со своите четници Вељо, Георги и Иванчо (истиот оној што подоцна ја предизвикал

---

323 В. Трайкова, „Наченки на андарското дело в Македония...“, стр. 48.

324 Г. Каравангелис, *Македонскаша борба*..., стр. 15–16.

познатата Иванчова провала), се обидел да ги ликвидира војводата Атанас Петров и Кузо Стефов, еден од повидните костурски револуционерни раководители. Иако неговиот план во целост не успеал, тој со ваквиот потег направил делумен раздор во самата чета. Од друга страна, пак, ваквата постапка на Коте била одлична препорака за костурскиот митрополит во однос на реализацијата на неговиот проект за формирање платенички вооружени групи од месното население. По овој напад Коте целосно се одметнал од македонското националноослободително движење и започнал самостојно да дејствува во селата по течението на Рулска Река, т.е. во крајниот северозападен дел од Костурско.[325]

Каравангелис, врз основа на својата веќе разработена информаторска мрежа, бил запознаен со погорните случувања. Оттука, тој во спомените нагласува дека си поставил задача да го пронајде Коте и да стапи во контакт со него. Од друга страна, врските меѓу грчката пропаганда и Коте датирале и од нешто порано. Имено, за време на грчко-османлиската војна од 1897 година, според грчкиот историчар Герогиос Модис, 28 младинци од Битола, вооружени, се упатиле кон Костурско за да се сретнат со Коте, кој требало да биде нивен водач. Целта била да се дестабилизира тој дел од османлиска Македонија во текот на војната. Меѓутоа, планот не успеал бидејќи младите битолчани не успеале да го пронајдат Коте.[326]

Секако дека Каравангелис ја искористил специфичната ситуација во која се наоѓал отпадникот од револуционерното движење, изолиран во неколку села, но со значајно влијание во нив, што се должело на неговото ајдучко минато како заштитник на мирното население од османлиските самоволија. По неколку обиди, двајцата се договориле да се сретнат во селото Трново.[327] На средбата се покажале дипломатските способности за убедување на митрополитот. Во нивниот разговор, „поточно монолог", како што го претставил Каравангелис во спомените (бидејќи преовладувала неговата реторика), митрополитот ги искористил сите грчки пропагандни адути што му биле на располагање: „Вие сте Грци уште од времето на Александар Велики", му зборувал Каравангелис, „но поминаа Словените и ве словенизираа. Вашиот изглед е грчки и земјата што ја газиме е грчка (...) Впрочем, нашата црква и Патријаршијата секогаш беа во првите ре-

---

[325] Станува збор за селата Писодери, Желево Брезница, Трново, Оштима и Руља.

[326] Г. Х. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη...*, стр. 170.

[327] Средбата меѓу Каравангелис и Коте најверојатно се случила во ноември 1901 година, токму во периодот кога во костурската околија се наоѓал Гоце Делчев.

дови на слободата, додека Бугарија не се покажа способна дури ни самата да се ослободи, туку беше ослободена од Русија. Па чекаш сега таа да ја ослободи Македонија? И си правиш илузии дека е можно некогаш европската дипломатија да ѝ ја даде Македонија на Бугарија, а особено Лерин и Костур, кои се одвај два дена од грчката граница, додека од бугарската се оддалечени седум дена?“[328] Излагањето на Каравангелис било во согласност со тогашните насоки за индоктринација што грчките пропагандни структури ги применувале кај македонското словенско население, а кои се базирале на официјалната грчка историографија и политика. Дали и колку ова пропагандно излагање навлегло во мислите на Коте, не може да се знае, но останува фактот дека за него во дадената ситуација било најважно да најде свој покровител и заштитник. Костурскиот митрополит бил одговорот на неговите проблеми и затоа лесно ги прифатил „фактите“ во говорот на Каравангелис. Од друга страна, непознато е на кој јазик комуницарале двајцата протагонисти, бидејќи во тој период Коте и другите подоцнежни соработници на митрополитот знаеле многу малку или „не знаеле ниту еден грчки збор“,[329] па така најверојатно е дека разговорот се водел со помош на преведувач. Каравангелис убеден дека успешно ја завршил мисијата, својот монолог го завршил со следниве зборови: „Од денес ти ќе бидеш со нас, ќе бидеш прв човек. Ќе те испратам долу (се мисли на Грција, б.н.) за да ги запознаеш грчките цареви, а твоите деца ќе ги испратам да учат во Грција.“[330]

Конечната одлука на Коте, тој и неговите четници да станат верни приврзаници на митрополитот, била, исто така, резултат на месечната плата од 10 лири за него и по две лири за секој од неговите четници. За возврат, тој требало да ја преземе „заштитата“ во селата од неговиот реон, односно да го спречи дејствувањето на МРО во нив. Меѓусебниот договор бил потврден со писмена заклетва, во која Коте се обврзал дека верно ќе му служи на митрополитот. Исто така, Каравангелис подоцна го испратил и во Атина, каде што бил сместен во куќата на Павлос Мелас.[331] Последниот ја искористил шансата „важниот гостин“ да го запознае со видните национални фактори во Грција. Како што напишала Наталија Мела: „Во куќата на Стефанос Драгумис (Наталија Мела била ќерка на Ст. Драгумис,

[328] Г. Каравангелис, *Македонската борба*…, стр. 16.

[329] К. Битовски, *Грчката „Македонска*…, стр. 78.

[330] Г. Каравангелис, *Македонската борба*..., стр. 16.

[331] Исто, стр. 17.

б.н.) веќе не се прават други разговори. Од сабајле до вечер во неговата работна соба имаше само Македонци.“[332] Коте, со цел да ги осигури своите две деца и да ја обезбеди нивната иднина, ги испратил да се школуваат во Атина, во Лицејот „Делиос“.[333] Во прво време, како што кажува и Каравангелис во спомените, Коте работел тајно за грчката пропаганда, без знаење на Костурскиот револуционерен комитет. За соработката меѓу Каравангелис и Коте костурското раководство дознало по враќањето на Васил Чакаларов од неговиот втор престој во Грција, т.е. дури при крајот на април 1902 година.[334]

Костурскиот митрополит во втората половина на 1901 година успеал да го придобие и Вангел Георгиев од селото Стребено. Тој, исто како и Коте, пред да стане платеник на Каравангелис, бил дел од МРО, приклучен во револуционерното дело од војводата Марко Лерински. Како и во случајот со Коте, повторно на дело се покажала добрата информативна мрежа на митрополитот и неговите манипулаторски способности. Тој во овој случај го искористил убиството на патријаршискиот свештеник Димитри од село

---

332 N. Μελα, *Παυλος...*, стр. 166.

333 Во своите спомени Наум Спанос, кој ги пренел децата на Коте во Атина, детално го опишал овој настан. Според него, првата средба меѓу него и Коте се случила во шумата над селото Желево со посредништво на попот Ставрос Цамис од селото Писодери. Се договориле Спанос да ги пренесе Котевите деца во Атина, по што Спанос заминал во Костур и со Каравангелис го направил планот како да се изведе пренесувањето до Атина. По дваесетина дена (на 2 декември 1901 година), Каравангелис го повикал повторно Спанос и му соопштил дека е време да ги пренесе децата во Грција. Додека се наоѓале во Костур, децата на Коте биле сместени во посебна соба во зградата на митрополијата, во која освен на митрополитот, на нивниот татко и на Спанос, на никој друг не му бил дозволен пристап. Спанос, додека децата се наоѓале во Костур, често ги посетувал, им носел храна, им зборувал на „нивниот јазик“ со цел подобро да го запознаат. Од Костур тргнале на 20 декември, но проблем претставувало тоа што децата на Коте немале пасоши. Проблемот бил решен со поткупување на османлиските стражари со 10 лири. На 25 декември пристигнале во Атина и истиот ден Спанос ги однел во куќата на Стефанос Драгумис. Последниот му соопштил на Спанос дека нема веднаш да се врати во Македонија, туку ќе остане 5–6 месеци во Атина и ќе се грижи за нив „додека децата научат грчки јазик (...) и дека трошоците [за нив] ќе ти ги даде МНР“. По петмесечен престој во куќата на Спанос, децата на Коте со финансиски средства на богатата француска принцеза која живеела во Атина, Луиза де Раинкур, биле запишани во училиштето „Делиос“. *Ο μακεδονικος αγωνας, Απομνημονευματα Ναουμ Σπανος,* стр. 362–365.

334 *Сйомени П. Кљашев*, стр. 209; *Дневникоӣ на војводаӣа Васил Чакаларов*, стр. 85.

Стребено извршено од страна на МРО. Откако митрополитот го ракоположил синот на убиениот за нов свештеник во селото преименувајќи го во поп Димитри, во митрополијата го поканил и Вангел, внукот на убиениот свештеник. Причината за убиството на свештеникот била неговата посета на митрополитот, давањето голем број податоци за одредени личности на Костурскиот комитет, но и информации за начинот на дејствување на македонската револуционерна организација.[335] Секако дека за вакви престапи Организацијата не простувала. Каравангелис, употребувајќи ја реториката и префрлајќи ја целосно вината за убиството врз МРО, успеал да го придобие Вангел.[336] Митрополитот, откако пред библија го заколнал Вангел дека ќе работи за грчката пропаганда, му дал оружје и муниција и заедно со новиот свештеник го испратил во селото Стребено, каде што тој создал дружина со 12 четници.

Германос Каравангелис не се задоволил само со придобивањето на Коте и на Вангел. Еден од следните на неговата агенда бил и Вангел Апостол Плачков од леринското село Трсје, или попознат како Геле Трсјански. Слично како и претходните двајца, и Геле на почетокот од своето дејствување бил дел од МРО. Како учител, заедно со свештеникот Никола, бил дури и раководител на месниот револуционерен комитет на МРО во Трсје, а активно бил вклучен и во борбата против грчката пропаганда. Имено, Геле и неговиот соселанец Петре, како терористи на Организацијата, во септември 1900 година го убиле патријаршискиот свештеник Константин Зиси од леринското село Неред.[337] Меѓутоа, како резултат на Трсјенската афера од мај 1902 година, се појавило лично недоразбирање меѓу Чакаларов и Геле, по што последниот се оддалечил од Организацијата. Ваквата ситуација ја искористил Каравангелис, кој кон крајот на мај или во почетокот на јуни 1902 година, со посредство на Коте, се сретнал со Геле во селото Статица.[338] Слично како и во двата претходни случаи, костурскиот митрополит успеал да го убеди и да го придобие Геле да работи во корист на грчката пропаганда. Имено, последниот, заедно со своите луѓе, ја потпишал

---

335 Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 23.

336 Каравангелис на следниот начин му се обратил на Вангел: „Тие ти го убија чичкото, ги убиваат секој ден нашите пријатели и роднини. Треба да се одмаздиш.“ Исто, стр. 24.

337 Д. Димески, *Македонското националноослободително движење во Битолскиот...*, стр. 385; Г. Попхристов, *Револуционата борба...*, стр. 12.

338 Ιωάννης Κ. Μαζαράκης Αινιάν, *Ο Μακεδονικός Αγώνας*, Αθήνα, 1981, стр. 55.

претходно подготвената изјава, со која станал дел од платените вооружени групи на митрополитот.

Истовремено, митрополитот контактирал и со други соработници, од кои најголемиот дел биле врбувани лично од него. Нивното значење за грчката пропаганда во Југозпадна Македонија било непроценливо. Најголемиот дел од нив зеле и активно учество во грчката „македонска борба“. На почетокот тие биле само водичи и јатаци на андартските групи дојдени од Грција, но потоа и активно се вклучиле во нивните дејства. Меѓу најзабележителните треба да се споменат Лакис Дајлакис од селото Врбник, како и блискиот соработник на Коте, Павле Киров од селото Желево, кој често бил во контакт со попот Ставрос Цамис од селото Писодери. Во селото Габреш и околината дејствувал стариот разбојник Димитар Далипот, потоа блиските соработници на Коте, Симо Стојан и Васил (Циљо) Рамо. Од албанофоното село Негован бил поткупен и „капетанот“ Георги Сидер.

Изјавите што ги собирал од новите соработници, митрополитот ги користел како доказ пред грчката влада дека во османлиска Македонија постои и дејствува *елинизмот*, но и дека му е потребна помош од грчкото кралство. Во извештајот до грчкиот премиер Заимис од 4 мај 1902 година, Каравангелис ги опишал придобивките за *елинизмот* од дејствувањето на „прочуениот Коте“. Сепак, за „националното дело“ да биде комплетно „завршено“, доволно било „да се слушне дека под водството на Коте пристигнаа десетици грчки борци“.[339] Кратко време по придобивањето на Геле, Каравангелис испратил нов извештај до владата во Атина: „Испратете ми педесет борци, педесет Криќани, да ги спојам со моите. Така ќе направам дваесет чети и ќе ги распределам од Бистрица до Мариово и до Битола, во Лерин, во Острово, Сетина, Владово, Воден и до Караџова. Времето е соодветно за акција. Голем број првенци, свештеници и учители се посветени на борбата и војводите очекуваат помош од Грција.“[340] Овие негови барања „не се сфаќале сериозно“ од страна на грчката влада[341], а истовремено неговата активност и однесување кај официјална Атина предизвикале страв од можноста османлиските власти да започнат дејства против грчките пропагандни институции во Македонија.

---

339 Γ. Πετσίβας, Ιωάννης Καραβίτης, *Ο μακεδονικός αγών...*, стр. 16; Κ. Σβολοπουλος, „Η αποφαση για την οργανωση..., стр. 55.

340 Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 22.

341 К. Битовски, *Грчката „Македонска…*, стр. 79.

## 3.4. ГРЧКИОТ ПРОПАГАНДЕН ТРИАГОЛНИК ВО ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА

Кризата што ја зафатила грчката држава кон крајот на XIX и во почетокот на XX век на политичката сцена го издигнала Георгиос Теотокис, кој со краткотрајни прекини, сѐ до 1909 година, бил главна фигура во државниот врв на кралството. Првиот мандат на Теотокис (1899 – 1901) се карактеризира со донесување редица мерки и закони за стабилизација и реорганизација на државата, пред сѐ на вооружените сили.[342] Политиката на неговата влада била во насока на постепена консолидација на грчкото кралство и економска стабилизација, на спроведување децентрализација, разбивање на разбојништвото и подобрување на правниот систем. Падот на владата на Теотокис се должи на крвавиот бунт на студентите во Атина од ноември 1901 година предизвикан од т.н. Евангелика. Имено, станува збор за обид на кралицата Олга Библијата да биде преведена на димотоки, т.е. на народен јазик, чија цел била да се доближи содржината на Светото писмо до обичниот грчки народ.[343] Овој настан го означил турбулентниот период во политичкиот живот на грчката држава. Во период од четири години (1901 – 1905), со државата наизменично управувале седум влади.[344] Во вакви околности на крајно неповолна политичка, економска и општествена ситуација, владите во Атина биле и под постојан притисок од страна на грчките националистички кругови, чија цел била да го привлечат вниманието на грчката политичка елита за поенергично настапување и вмешување на грчката држава во насока на „спасување" на *елинизмот* во османлиска Македонија.

Поради ова, грчката влада била принудена да заземе поенергичен став околу т.н. македонско прашање. Промената на политиката на грчката

342 Владата на Теотокис изгласала Закон за повикување странски офицери за организација на војската и на морнарицата, план кој не бил реализиран поради несогласување на дел од Големите сили. Бил изгласан и Закон за генерална управа на војската", која му била доверена на престолонаследникот Констандинос, а, исто така, била создадена и Благајна за националната морнарица, која била искористена за развој на грчките поморски сили. Κ. Παπαρρηγοπουλου, *Ιστορια του ελληνικου εθνους; Συμπληρωμα, απο της μετα του Ελληνικου βασιλειου ενωσεως Θεσσαλιας και Ηπειρου (1881)...*, стр. 108.

343 Κ. Α. Βακαλοπουλος, *Νεοελληνικη...,* стр. 304.

344 А. Заимис (ноември 1901 – декември 1902), Т. Делијанис (декември 1902 – јуни 1903; декември 1904 – јуни 1905), Г. Теотокис (јуни – јули 1903; декември 1903 – декември 1904) и Д. Ралис (јули – декември 1903; јуни – декември 1905).

држава се наложила и како резултат на „изненадувачки“ брзиот развој на македонското револуционерно движење (покрај на засилената дејноста на грчките националистички фактори во османлиска Македонија и во Грција). Каравангелис во своите спомени констатира дека како резултат на активностите на грчката пропаганда во Македонија и на божемните „масовни убиства на Грци (…) започнал да се буди интересот и на јавното мнение во Грција“.[345] Грчките пропагандни фактори во империјата, поддржани од националистичките кругови во Грција, на своја рака започнале да ја организираат борбата против МРО.[346] Така, бил создаден пропагандниот триаголник Атина – Битола – Костур, кој, координирајќи се меѓусебно, самоиницијативно почнал да изнаоѓа начини и да подготвува план за организирано дејствување против македонското револуционерно движење.

Јон Драгумис, како еден од столбовите на грчката пропаганда во османлиска Македонија, со својата дејност и ангажираност во грчките национални работи се истакнал во градот Битола. Во ноември 1902 година бил назначен за секретар во грчкиот конзулат во Битола, функција која му овозможувала голема слобода во дејствувањето. Паралелно со секојдневните обврски, Драгумис ги проучувал извештаите на грчкиот конзул испраќани до грчкото Министерство за надворешни работи, преку кои го констатирал „забрзаното излегување од контрола“ на работите за грчката пропаганда.[347] Слабостите што ги детектирал Драгумис во однос на грчките интереси во османлиска Македонија, според грчкиот историчар Михалис Калиакацос, се темелеле на следните факти: „(...) етничко мнозинство на славофониот елемент меѓу селското христијанско население во Централна и во Северна Македонија (...) и во Западна Тракија; недостаток на грчка национална свест или какви било конкретни [грчки] национални чувства меѓу славофоните патријаршиски селани во Македонија; недостаток на прогрчка национална посветеност меѓу највлијателните гркофони заедници, пред сè меѓу високото православно свештенство, водачите на селата и учителите, и отсуство на месно прогрчко национално или револуционерно движење.“[348]

---

[345] Г. Каравангелис, *Македонскаѿа борба*…, стр. 25.

[346] Тука спаѓале фамилиите Драгумис, Мелас, Политу, Рактиван, Ламброс, Ламбрис, Делиос, Маврос, Варатасис и други.

[347] I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια*..., стр. 44.

[348] M. Kaliakatsos, „Ion Dragoumis and ’Machiaveli‘: Armed struggle, propaganda and hellenization...“, стр. 56.

Преку детектирање на слабостите на грчката пропаганда во османлиска Македонија, грчкиот национален идеолог, всушност, ја пресликал фактичката ситуација во османлиска Македонија. Имено, Драгумис ја потврдува доминацијата на словенскиот елемент во најголем дел од македонската територија, како и фактот дека кај него се забележува „недостаток на грчка национална свест". Оваа состојба во најголем случај се должела на веќе отпочнатиот процес на формирање на македонскиот национален идентитет како резултат на програмата и на дејноста на МРО. Недоволната „национална посветеност" на грчките пропагандни претставници и немањето вооружени јадра кои би ги заштитиле грчките интереси во империјата претставувале недостатоци кои ги воочил Драгумис, но и цел кон која ја насочил својата дејност за време на престојот во Битола.



Јон Драгумис
(1878 – 1920)

Засилена пропагандна активност од страна на Драгумис се забележува од март 1903 година[349], период од кога започнал интензивно „да регрутира свештеници, учители, лекари" за грчките интереси,[350] односно сите оние што ги сметал за погодни во борбата за спасување на *елинизмот* во османлиска Македонија. Набргу ја формирал организацијата „Амина" (Одбрана), која дејствувала исклучиво во Јужна Македонија, во пределите населени со грчко, влашко или со погрчено население. За центар на организацијата бил предвиден градот Битола. Всушност, намерата на Драгумис била да се прикаже дека организацијата е дело на автохтоното патријаршиско население во Македонија, избегнувајќи на тој начин каква било поврзаност со грчката држава. Односно, тој имал за цел да ја заштити владата во

---

[349] На 18 март 1903 година конзулот Кјузе Пезас поради здравствени причини заминал на медицинска терапија, оставајќи го Јон Драгумис да раководи со конзулатот во Битола. I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 44.

[350] Исто, стр. 44.

Атина од каква било јавна поврзаност со „Амина“, со што би се избегнале реакциите од страна на османлиската власт во евентуалниот дипломатски притисок на Портата поради мешањето во нејзините внатрешни работи.[351] Организацијата што ја создал Драгумис повеќе наликувала на групација од меѓусебно неповрзани групи изолирани во одредени населени места, без никаква меѓусебна координација, составени најчесто само од неколкумина членови врбувани лично од Драгумис. Според Уставот, целта на „Амина“ не била борбата против османлиската власт, туку национална заштита и сојуз на грчките општини.[352] Понатаму, раководството на „Амина“ предвидувало вооружување на прогрчките елементи во Македонија и собирање информации за дејноста на МРО, како и дејствување на грчки вооружени чети.[353]

Следниот фактор во грчкиот пропаганден триаголник се наоѓал во Атина. По завршувањето на грчко-османлиската војна и неуспехот на „Етиники етерија“, група млади грчки офицери продолжиле да дејствуваат во насока на „одбрана“ на *елинизмот* во османлиска Македонија. Групата била составена од следните офицери: Георгиос Цонтос-Вардас, Констандинос Мазаракис, Александрос Кондулис, Георгиос Катехакис-Рувас и други. Со особена посветеност кон делото се истакнал Павлос Мелас, кој, според Георгиос Модис, бил „нивниот најголем столб“.[354] Истовремено, поединци од оваа група биле дел од Комитетот за помош на Македонците, кој се наоѓал во Атина и во кој најмногу се истакнувале Јоанис Валаоритис, Марко Драгумис (брат на Стефанос Драгумис), Константин Рактиван и други.[355] Од големо значење за понатамошната дејност на П. Мелас било стапувањето во брак со Наталија Мела, ќерка на Стефанос Драгумис. Според сеќавањата на Н. Мела, куќата на нејзиниот татко секогаш била исполнета со луѓе кои не воделе други разговори освен такви за ситуацијата со *елинизмот* во Македонија.[356]

Павлос Мелас во младоста бил активно вклучен во дејноста на „Етники етерија“. Тој по завршувањето на военото училиште се здобил со чин

351 Исто, стр. 17.

352 Ю. Константинова, *Балканската политика на Грция в края на XIX...*, стр. 295.

353 В. Трайкова, *Наченки на андарското дело в Македония …*, стр. 50.

354 Г. Х. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη...*, стр. 223.

355 Димитар Љоровски Вамваковски, „Грчката политика кон османлиска Македонија (1900 – 1903): Период на реорганизација и дуализам“, *Историја*, Скопје, 2014, стр. 190, 191.

356 N. Μελα, *Παυλος...,* стр. 166.

потпоручник, а војничката должност ја вршел во криптографската служба во пограничните северни реони на грчкото кралство. Во почетниот период од дејствувањето на групата, нивна главна цел била изнаоѓање финансиски средства за грчката пропаганда во османлиска Македонија. Мелас во овој период, но и понатаму, активно го користел авторитетот и познанствата на Стефанос Драгумис.



Павлос Мелас
(1870 – 1904)

Последниот активист од овој грчки пропаганден триаголник бил митрополитот Германос Каравангелис, кој, според грчката историографија, „претставувал лостот за четничкото раздвижување“, додека Јон Драгумис и Павлос Мелас биле „првите што ѝ дале живот [во Грција] на одлуката (…) да се помогне измачениот елинизам во Македонија“.[357]

Соработката на оваа неформална група започнала набргу по пристигнувањето на Драгумис, кој ја претставувал алката на поврзување на идејата за грчка вооружена борба против македонското револуционерно движење, во Битола. Тој ја вршел кореспонденцијата и координацијата меѓу националистичките групи во османлиска Македонија и Кралството Грција. Од друга страна, Драгумис и Мелас во Каравангелис пронашле личност преку која се надевале дека полесно ќе ги реализираат плановите за создавање месни платенички вооружени чети, но и за испраќање паравоени групи од грчката држава во Македонија. Исто така, и Каравангелис, по неуспешните обиди да предизвика внимание кај официјална Атина, конечно пронашол грчки ултранационални дејци, преку кои сметал дека полесно ќе ги реализира плановите, а истовремено се стекнал и со финансиска, морална и со техничка поддршка за претходно започнатата дејност. Така, активистите од

[357] Κ. Σβολοπουλος, „Η αποφαση για την οργανωση..., стр. 59.

грчкиот пропаганден триаголник почнале да функционираат координирано и да ги остваруваат своите зацртани намери.

Јон Драгумис, согледувајќи ја фактичата ситуација во Македонија констатирал дека поголемиот дел од населението е словенско, но и дека, според него, тоа нема „никакви национални чувства“.[358] Исто така, тој заклучил дека теренот за дејствување на грчката пропаганда е погоден, бидејќи кај македонското словенско население „наместо религиозно чувство постои приврзаност кон култот на нивните предци, наместо национално чувство – солидарност, која преку јазикот влијае на нивниот идентитет“.[359] Тој сметал дека треба веднаш да се дејствува, но не во правец на „задржување“[360], туку е потребно „освојување на Македонија од наша страна (од страна на грчката држава, б.н.)“.[361]

Драгумис ја препознал опасноста за грчките интереси, кои, всушност, се темелеле на горенаведените негови тврдења и кои неминовно воделе кон формирање посебен македонски национален идентитет. Тој сфатил дека целта на МРО за формирање посебна македонска држава е во целосна спротивност со плановите на грчката национална политика, при што предлагал грчко „освојување“ на Македонија. Така, во писмото од 27 февруари 1903 година тој му ги претставил целите на МРО на Мелас, констатирајќи го следното: „Четите на Комитетот (МРО, б.н.) се присутни насекаде и немаат намера да ги послушат Русите и Големите сили кои ги советуваат за мир. Дури сега работат поенергично од порано (…) тие не бараат Македонија да ја направат бугарска, туку сакаат автономна држава (Македонија на Македонците).“[362] Оттука, Драгумис сметал дека не е доволна само црковна потчинетост на дел од македонското население, туку и економска, јазична и земјишна контрола на делови од територијата на Македонија. Според него, за реализирање на оваа замисла требало да се дејствува во две насоки: прво, да се задржи земјата во грчки раце, под што подразбирал Грците да купуваат османлиски или еврејски чифлици и да им се забрани да ги продаваат на странци (особено на Бугари), и второ, да се забрани

---

358 Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 48.

359 Исто, стр. 49.

360 Се мисли на задржување на Македонците патријаршисти под нивно влијание и, пред сѐ, нивно задржување во рамките на Цариградската патријаршија.

361 Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 52.

362 Исто, стр. 27.

примањето земјоделци кои немаат грчко потекло во грчките чифлици, а доколку веќе се дел од нив, тие да се грцизираат или да се отстранат.[363]

Во своето писмо до Мелас од 23 јануари 1903 година, Драгумис нагласил дека доколку сакаат нивната борба да успее, треба да се „работи“ во Македонија, а тој и Каравангелис веќе дејствуваат „како што можат“, но им е потребна и „ангажираност во Грција“.[364] Исто така, тој констатира дека „и за двете работи требаат пари“. Во продолжение на писмото Драгумис се интересира за ситуацијата во Атина околу „македонското прашање“, но не испушта и да го советува Мелас во кои насоки треба да се одвиваат нивните активности. Во тој контекст биле поставени и следните негови прашања и сугестии до Мелас: „Што се случува со друштвото, ќе се формира ли? Дали веќе се формира? Има ли пари? Ако има, тргнете на страна една сума за да купиме оружје, може подоцна да имаме потреба (...), ако постои друштво, можеш да ја презентираш идејата од потреба за оружје исто како таа да е твоја. Сега погрижете се, прво, да организирате новинарска [пропагандна] борба за грчките интереси во Европа, што подразбира да имате пари да купите странски весници и луѓе (...) И јас сум спремен [да пишувам] и Ната (Наталија Мела, б.н.) може да пишува, а јас ќе испраќам и информации (...) Второ, потребно е да имате доволно пари со кои ќе можеме да располагаме во секое време.“[365] На овој начин Ј. Драгумис ги поставил основните насоки за дејствување на грчката пропаганда против МРО во овој период, како во Османлиската Империја така и во Грција. Истовремено, Драгумис се залагал и за поведување силна и координирана медиумска кампања пред европската јавност, во која ќе бидат презентирани грчките интереси во османлиска Македонија.

Во Кралството Грција постепено започнале да се собираат финансиски средства за грчката пропаганда во османлиска Македонија. На почетокот тоа се одвивало со одредени потешкотии поради неподготвеноста на грчките финансиери, но и поради сомнежот на националните фактори со оглед на поранешната дејност на „Етники етерија“. Како најголем финансиер за потребите на грчката пропаганда во османлиска Македонија, но и во самата Грција, се истакнувала богатата француска принцеза Луиза де Раинкур, која живеела во Атина. Таа била врбувана финансиски да го помогне де-

---

363 Исто, стр. 49.

364 Исто, стр. 11.

365 Исто, стр. 11–13.

лото од страна на Марика Драгумис, тетката на Јон.[366] Во грчката држава, до финансии за потребите на пропагандната активност се доаѓало и преку роднини, пријатели и богати донатори, додека Стефанос Драгумис барал парични средства и од своите богати пријатели кои живееле во Египет.[367]

Во плановите на оваа група било и организирањето грчки вооружени јадра во делови од османлиска Македонија. За оваа дејност дознавме од неколкуте писма на Јон Драгумис испратени до Мелас. Тој во нив го насочил вниманието кон организирањето на вооружената борба против МРО, дејноста на Каравангелис во Костурската епархија и на правењето анализи за целите и активностите на македонското револуционерно движење. Драгумис сметал дека треба да се дејствува против македонското револуционерно движење со чети создадени од поткупеното месно население во османлиска Македонија. Во писмото испратено до Мелас од 6 февруари 1903 година го напишал следното: „(...) не треба да испраќаме четници од Грција, треба да ги создаваме овде (се мисли во Македонија, б.н.). За среќа, почнавме пред повеќе месеци (речиси без парични средства) (…), парите што си ми ги испратил се потребни за да ја продолжиме привремено одбраната на костурските села. Костурскиот митрополит е единствениот патриот меѓу другите митрополити и работи со ентузијазам.“[368]

За разлика од почетните залагања на Каравангелис да се испратат вооружени групи од Грција во османлиска Македонија, ставот на Ј. Драгумис бил различен. Тој сметал дека се доволни само месни чети, какви што веќе имал формирано костурскиот митрополит.[369] Од писмото јасно се гледа дека неговата цел била создавање нови или одржување на постојните чети со парични средства пристигнати од Грција. Но, нејасно е од кого тие чети требало да го „бранат“ македонското население во Костурско?!

---

[366] Исто, стр. 44.

[367] В. Трайкова, „Наченки на андарското дело в Македония…“, стр. 51. Во писмото од 24 мај 1903 година, П. Мелас го известува Ј. Драгумис дека неговиот татко Стефанос „има за цел да ти побара извештај за сѐ што се случува во Македонија, а потоа да побара пари за вас од пријателите во Египет“. Види: I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 119.

[368] I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 17.

[369] Ист став имал и грчкиот конзул во Солун, Н. Евгенијадис. „Така, само со формирање чети од населението на православните македонски села (македонски патријаршиски села, б.н.) ќе успееме да се спротивставиме на бугарските чети (се мисли на четите на МРО, б.н.). Извештај на Кралскиот грчки конзулат во Солун, бр. 3, 4 јануари 1904 година (копија од документот има авторот).

Имено, целта на Каравангелис и на неговите соработници не била „борбата против османлиските власти“, како што било наведено и во Уставот на „Амина“, туку „национална заштита“ на патријаршиските општини во османлиска Македонија, кои ги сметале за свои, грчки, општини.[370] Така, главната задача на Каравангелис и на неговите соработници била да го спречи македонското патријаршиско население да партиципира во македонската националноослободителна револуционерна борба и да ѝ остане лојално на грчката/патријаршиската пропаганда.

Оттука, јасна била интенцијата на Ј. Драгумис презентирана во цитираниот извештај. Неговиот план бил во насока на дејствување против структурите на МРО, која претставувала и главниот соперник на *елинизмот* во османлиска Македонија. Според информациите што ги добивал од костурскиот митрополит за дејноста на Коте, Драгумис бил убеден дека грчката пропаганда единствено со чети формирани од месното поткупено македонско население успешно ќе може да се спротивстави на македонското револуционерно движење. Според него, таквите чети добро би го познавале теренот на кој би дејствувале, лесно би се засолнувале и би се снабдувале со храна и, истовремено, би можеле да се формираат или да се расформираат според потребите. Целта на Драгумис била очигледна. Токму во периодот кога македонскиот етникум се обединувал околу платформата на МРО, тој сакал да предизвика раздор и нетрпеливост меѓу населението. Драгумис се обидел да прикаже дека постои и етничка различност помеѓу македонското словенско население врз основа на црковната припадност. Затоа, патријаршистите јавно ги прогласил за „Грци“, додека егзархистите за „Бугари“, вклучувајќи ја тука и МРО, која ја третирал како орган на бугарската влада.

Од друга страна, Драгумис ја потценил силата на македонското ослободително движење во предилинденскиот период, и тоа особено добро организираната четничка институција на МРО во костурската околија. Затоа присутвото на каква било вооружена сила која не ги прифаќа Уставот и Програмата на МРО, а особено оние паравоени формации кои биле формирани од соседните пропаганди структури, жестоко била прогонувана или уништувана од четите на револуционерното движење. Грчката пропагандна структура единствено можела да се надева на разбојнички елементи од месното македонско население или на поранешни четници/отпадници од редовите на Организација. Последниве најчесто биле изолирани во не-

[370] Ю. Константинова, *Българи и Гърци в борба...*, стр. 108.

колку села, каков што бил случајот со Коте, принудувајќи го населението на послушност со терор и насилство.

Драгумис во писмото од 27 февруари 1903 година испратено до Мелас заклучува „дека е потребна заштита на православните (патријаршиските, б.н.) села и нивно просветување, затоа што голем број од нив се привлечени“[371] од страна на револуционерното движење. Па така, ако во претходното писмо од 6 февруари не се изјаснил од кого треба да се „бранат“ костурските села, во ова писмо многу јасно упатил на „виновникот“. Исто така, овие отворени искази очигледно алудираат на неговата загриженост поради губењето на патријаршиските приврзаници. Затоа тој уште еднаш се навратил да потенцира дека еден од начините на „заштита“ на, од него прогласениот, „грчки елемент“ во Македонија е формирањето чети од месното население. Во врска со тоа, го известил и Мелас дека „околу Костур има една чета (се мисли на групата на Коте, б.н.) која ги штити нашите (патријаршистите, б.н.)“, за на крај да потенцира дека доколку не успеат да формираат нови такви чети, нема да успеат и во своите намери, ниту ќе може да опстане постојната група на Коте, бидејќи од сите страни е опколена со чети на МРО.

Како и да е, до мај 1903 година Ј. Драгумис не бил подготвен да ја прифати идејата за навлегување на паравоени формации од грчкото кралство на територијата на османлиска Македонија. Тој бил свесен дека вооруженото мешање на грчката држава во „македонскиот проблем“ би ја исправила официјална Атина пред „судот“ на Високата порта и на Големите сили. Од друга страна, според него, за грчката пропаганда предност би претставувале некакви активности преземени од локалното население против „бугарските банди“ под паролата за „спонтана грчка одбрана“, со што сметал дека Европа би била убедена за божемниот грчки карактер на османлиска Македонија, вклучувајќи го тука и грчкиот идентитет на патријаршиското словенско население.[372]

Една од активностите на пропагандниот триаголник била набавувањето оружје за потребите на грчката пропаганда во османлиска Македонија. Во почетниот период (1900 – 1903) оружјето, со парични средства од Грција, најчесто се купувало во Македонија[373], и тоа од муслиманското население

371 Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 27.

372 M. Kaliakatsos, „Ion Dragoumis and ’Machiaveli‘: Armed struggle, propaganda and hellenization...“, стр. 58.

373 Јон Драгумис го известил Павлос Мелас на 30 април 1903 година дека во Македонија купува пушки. Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 91.

и преку шверцерски канали. Според Мелас, испраќањето оружје од грчкото кралство било „невозможно“ затоа што „моментално владата строго го има забрането тоа“.[374] За ваквата ситуација во Грција, Мелас му сугерирал на Драгумис да го извести и Каравангелис. Меѓутоа, само еден месец подоцна, Драгумис со „изненадување“ ја примил одлуката на владата во Атина да му „испрати 200 пушки на костурскиот [митрополит Каравангелис]“.[375] За разлика од податоците во извештајот на Драгумис, Каравангелис, пак, во своите спомени посочил бројка од 100 пушки, со доволен број куршуми и исто толкав број гуни (наметки). Во грчката држава целата акција за снабдување со оружје за потребите на грчката вооружена пропаганда во османлиска Македонија ја координирал Мелас. Тој преку писмо го известил Каравангелис дека оружјето го испратил до градот Каламбака (Тесалија) и дека митрополитот треба да ја добие испорачаната пратка преку неговите доверливи луѓе.[376] Од своја страна, владата во Атина, која била под постојан притисок на грчките националистички кругови, како и поради развојот на настаните и сè поизразеното губење на позициите на грчката пропаганда во европскиот дел од империјата, сепак одлучила затскриено финансиски да ги помогне своите структури во Македонија со цел тие самостојно да организираат вооружени јадра против структурите на МРО.

J. Драгумис во едно од наредните писма испратени до Мелас му соопштил дека „нашата работа досега главно се состои од создавање чети во Костурско, [парично] издржување на Коте и придобивање на Грците (се мисли на патријаршиското население, б.н.), кои се овде (се мисли на Битола, б.н.) и во селата“.[377] Тој, исто така, се грижел и за распределување на финансиите што пристигале од Грција, а биле наменети за грчката пропаганда во Југозападна Македонија. На почетокот парите биле испраќани во Битола преку Министерството за надворешни работи на Кралството Грција, но поради нивното често доцнење, Драгумис му сугерирал на Мелас да ги испраќа лично, преку препорачани писма. Финансиските средства биле давани месечно, а сумата зависела од потребите на грчката пропаганда во османлиска Македонија, но и од можностите на националистичките кругови во грчката држава да соберат парични средства од богатите до-

[374] Писмо од Павлос Мелас до Јон Драгумис, 29 март 1903 година. Исто, стр. 67.

[375] Писмо од Јон Драгумис до Павлос Мелас, 30 април 1903 година. Исто, стр. 91.

[376] Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 25.

[377] Писмото е со датум 12 мај 1903 година. I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 27.

натори.[378] Откако парите ќе пристигнеле во Битола, Драгумис задржувал извесна сума за своите потреби, додека најголемиот дел ги препраќал кај костурскиот митрополит. Последниов ги користел паричните средства за купување оружје, за месечно исплаќање на Котевата чета, за поткупување разни разбојници и за други активности кои биле насочени против македонското егзархиско население и против македонското револуционерно движење. Финансии биле предвидени и за убиства на високи раководители на МРО во Костурско.[379]

Во врска со финансиското работење на Каравангелис, со неговиот начин на исплаќање на соработниците и трошењето на паричните средства пристигнати од Грција, постојат основани сомневања и за финансиски малверзации. Имено, во своите спомени митрополитот тврдел дека само еднаш му биле испратени парични средства од Грција, т.е. од Луиза де Раинкур, во висина од 200 турски лири и дека ги потрошил за исплаќање на четата на Коте.[380] Меѓутоа, од кореспонденцијата водена меѓу Драгумис, Мелас и Каравангелис може да се заклучи дека кај последниот пристигнувале најголемиот дел од финансиите испраќани од грчката држава. Сомневањето дека постои невистинитост во тврдењето на Каравангелис се потврдува и со писмото од 18 јуни 1903 година испратено од Каравангелис до Драгумис. Во него митрополитот потврдува дека пристигнале и други 100 турски лири и дека за нивната распределба треба да биде одговорен лично тој.[381] Во чесноста на Каравангелис се сомневал и самиот Драгумис. Тој во писмото до Мелас од 5 јуни 1903 година напишал: „(...) фалат две-три потврди од костурскиот [митрополит] за некои помали суми кои му ги имам дадено, сè уште немам потврди.“[382] Драгумис бил сигурен дека паричните средства што редовно ги добивал Каравангелис биле препраќани до целта за која биле наменети, но со разочарување му соопштил: „(...) дознав дека Коте

---

[378] Од писмото на Павлос Мелас испратено до Јон Драгумис на 26 април 1903 година се дознава дека за месец април, месечната сума изнесувала 60 турски лири, со можност таа да се зголеми во наредните месеци. Исто, стр. 87.

[379] Во писмо до Германос Каравангелис од 8 мај 1903 година, Јон Драгумис го замолил костурскиот митрополит да им даде 50 турски лири на одредени луѓе во градот Билишта, кои требало да го убијат Васил Чакаларов. Во случај да не успее атентатот врз Чакаларов, парите требало да му бидат вратени на Каравангелис. Исто, стр. 103.

[380] Г. Каравангелис, *Македонската борба...*, стр. 25.

[381] I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 575.

[382] Исто, стр. 135.

нема добиено пари од март, те молам ова прашање да го решиш со него и со другите."[383] Како што минувало времето, недовербата на Драгумис околу финансиското работење на Каравангелис сè повеќе растела, за конечно овие сознанија да му ги пренесе на својот татко Стефанос,: „(...) во последно време почнав да се сомневам и лично во костурскиот митрополит, во неговата чесност околу парите."[384]

Како и да е, Каравангелис, Драгумис и Мелас во месеците пред почетокот на Илинденското востание биле ангажирани околу првичното организирано пристигнување на вооружени поединци и групи од Грција, кои имале цел да се борат против дејствувањето на МРО. Различните погледи и пристапот на оваа „тројка" околу начинот на организирањето на борбата против македонското револуционерно движење не претставувале поголема пречка за реализирањето на нивните националистички планови.[385] Дејствата преземни од „тројката" имале значајно влијание врз идната организирана интервенција на грчката држава во османлиска Македонија, па затоа со право се вели дека Јон Драгумис, Германос Каравангелис и Павлос Мелас се предвесниците на грчката „македонска" борба.[386]

## 3.5. СУДИРИ НА КАРАВАНГЕЛИС СО СТРУКТУРИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Костурскиот револуционерен комитет не им придавал значајно внимание на почетните активности на митрополитот Каравангелис против македонското револуционерно движење.[387] Заканите предизвикани од неговата првобитна дејност во најголем дел биле успешно разрешувани, а дел од неговите соработници неутрализирани. Но, како проблем за организациските раководители се покажало ненавременото откривање на неговите соработници, кои во прво време успешно се прикривале како дел

---

383 Писмо од Јон Драгумис до Германос Каравангелис, 26 јуни 1903 година. Исто, стр. 163.

384 Писмо од Јон Драгумис до Стефанос Драгумис, 18 јули 1903 година. Исто, стр. 189.

385 Во својот дневник Јон Драгумис на 12 август 1903 година забележал: „Владиката сака акција која веднаш ќе донесе резултат за македонското прашање. Јас сакам работа што ќе ги подготви и ќе ги направи луѓето подобри и ангажман кој ќе има некакво влијание на македонското прашање." Исто, стр. 53.

386 A. E. Βακαλοπουλου, *Ο μακεδονικος αγωνας (1904 – 1908)*..., стр. 29.

387 Р. Поплазаров, *Грчката политика спрема Македонија*..., стр. 40.

од организациската мрежа. Имено, таков бил случајот и со Коте, кој долго време бил третиран како отпадник од движењето и разбојник, но не и како верен слуга на митрополитот. Исто така, неосновани биле и тврдењата на Каравангелис за постоење наводна одлука за негова ликвидација.[388] Македонската револуционерна организација практикувала да изрече смртна пресуда за вискои црковни достоинственици доколку оценела дека работат на нејзина штета, без разлика дали ја претставувале Патријаршијата или Егзархијата. Но, во случајот со Каравангелис, активностите на Костурскиот револуционерен комитет и изворните материјали не покажуваат дека постоела таква одлука во предилинденскиот период.[389]

Јон Драгумис на следниов начин ја претставил целта кон која треба да биде насочена грчката пропаганда во османлиска Македонија. Најпрвин тој заклучил дека егзархиското население масовно би учествувало во востание организирано од МРО. Оттука, Драгумис посочил каде грчката пропаганда сè уште има влијание и кон кого треба да биде засилена нејзината активност: „(...) грчко влијание постои таму каде што има православни (патријаршисти, б.н.). Православни се: Грците во Јужна Македонија, Грковласите, Славофоните (патријаршиското словенско население, б.н.) и албанските христијани во Епир. Од сите овие, во овој момент нас нè интересираат само Славофоните."[390] За Драгумис, црковната припадност била главниот критериум во определувањето на „грчкото население" во европскиот дел од империјата. Оттука, а во интерес на грчките национални интереси, тој не водел сметка за културните и за јазичните различности меѓу самото патријаршиско население, па така со знак за равенство се поврзани и Грците, и Грковласите, и Славофоните и Албанците. Исто така, Драгумис ја изоставил и фактичката ситуација дека значаен дел од „славофоното" население веќе е вклучено во револуционерното движење, со што

[388] Г. Каравангелис, *Македонската борба...*, стр. 26–27.

[389] Според Крсте Битовски: „Организацијата во Костурско беше раководена од сериозни и интелигентни револуционери (…), кои сериозно водеа сметка за последиците од делата што ги презеле. Костурско во значителна мера беше патријаршиска околија и речиси целата беше вклучена во македонското револуционерно движење." Се разбира, сите патријаршисти не можеле да знаат дека Каравангелис е тесно поврзан со турските власти и дека е огорчен непријател на македонската ослободителна борба, па неговото ликвидирање тешко ќе можело правилно да се сфати од голем број обични Македонци патријаршисти. К. Битовски, *Грчката „Македонска...*, стр. 78.

[390] Белешки на Јон Драгумис од февруари 1903 година запишани во неговите тетратки. I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 19.

плановите на големогрчката идеја станувале тешко остварливи. Дополнителен проблем кој го воочил Драгумис била агитацијата на македонското ослободително движење меѓу албанското христијанско и меѓу влашкото население, која започнала да се спроведува откако биле „подготвени сите словенски села“, за на крајот да заклучи дека е можно „по кусо време да почнат (се мисли на агитаторите на МРО, б.н.) да се обидуваат да продрат и во чисто грчките [села].“[391]

Во дискредитацијата и борбата против МРО, грчката пропаганда била водена од следните начела: прогласување на македонското националноослободително движење за продолжена рака на бугарскиот двор и нејзино сведување и изедначување со бугарските пропагандни институции во османлиска Македонија; предизвикување нетрпеливост, поделеност и судири меѓу македонското население на црковна основа, настојувајќи на таков начин да се претстави некаква етничка разлика врз основа на припадноста кон Патријаршијата или кон Егзархијата, како и организирање вооружена борба против Организацијата.

Германос Каравангелис бил активно вклучен во сите гореспоменатите дејства. Во почетната фаза од борбата против македонското ослободително движење негов најголем успех претставува привлекувањето на познатиот ајдутин Коте, родум од селото Руља. По отстранувањето на последниов од МРО во октомври 1900 година, па сѐ до започнувањето на неговата платеничка служба во корист на грчката пропаганда во ноември 1901 година, Коте ги продолжил своите разбојнички акции, поради кои бил и осуден на смрт од страна костурските раководители.[392] Меѓутоа, почетокот на Иванчовата провала (јули 1900 година) го спречил Костурскиот револуционерен комитет да ја изврши смртната пресуда. Од друга страна, незавидната положба во која се наоѓало движењето за време на аферата

---

[391] Белешки на Јон Драгумис од 24 јуни 1903 година запишани во неговите тетратки. Исто, стр 58.

[392] Во мај 1901 година Коте со своите луѓе ги нападнал двајцата ќаи на синовите на Касим, кои успеале да побегнат. Османлиската војска, која се појавила на теренот, уапсила жители од селата Кономлади и Брезница. Во јули истата година Коте со својата дружина, во селото Трново за пари нападнал еден османлиски бег заедно со неговиот син. Последниот го убиле, додека бегот се предал. За ова дело Коте успеал да земе само 9 турски лири. Меѓутоа, како последица од него биле уапсени 19 жители од селата Кономлади, Трново, Брезница и Бесвина. *Спомени П. Кљашев*, стр. 188.

ја принудило МРО на соработка со Котевата дружина.[393] Пандо Кљашев во своите спомени потенцира дека поради потребата да се „исчистат предавниците по селата“ и да се ослободат од Иванчо, Васил Чакаларов и Лазар Москов одлучиле да се спојат со Коте и со неговите луѓе.[394] За кусо време оваа вооружена група ликвидирала неколку предавници во околијата, со што повторно била вратена довербата меѓу населението во Организацијата.[395]

Како и да е, и покрај подадената рака за помирување на Костурскиот револуционерен комитет кон Коте, сепак не дошло до целосно негово вклучување во МРО. Постоеле повеќе причини за ваквата постапка. Имено, од една страна бил неговиот разбојничко-ајдутски начин на живот, како и непотчинувањето на организациската структура на МРО. Исто така, тука треба да се спомене и меѓусебната недоверба по неуспешниот обид за негова ликвидација од октомври 1900 година. Од друга страна, во овој период најверојатно биле воспоставени и првобитните индиректни контакти помеѓу Коте и Каравангелис, што, секако, придонело за тоа тој да тактизира во односите со Организацијата. Па така, за време на обидот на костурските револуционери за ликвидација на еден од соработниците на Каравангелис од селото Жупаништа, попот Аргир, Коте одбил да учествува во акцијата и повторно се одделил од организациската чета.[396] Одлуката да биде ликвидиран свештеникот од Жупаништа била донесена претходно, за време на Иванчовата провала, кога тој, во координација со митрополитот, ѝ предизвикал сериозни штети на Организацијата. Имено, во своите спомени Пандо Кљашев на следниов начин ја опишал соработката меѓу властите, Каравангелис и неговите соработници за време на аферата. Кљашев ни пренесува дека селските патријаршиски свештеници го известувале митрополитот за дејноста на костурската организација, по што Каравангелис им ги пренесувал информациите на властите во Костур. „Свештениците“,

---

393 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 35–36.

394 Во овој период заедно со Коте се движеле Митре Влашето и Атанас Петров. *Спомени П. Кљашев*, стр. 194.

395 Во селото Кономлади бил убиен Лазо Колев, додека во септември 1901 година бил убиен Цеманов од селото Д’мбени. *Спомени П. Кљашев*, стр. 194; *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 34.

396 Според Васил Чакаларов, попот Аргир „целото село Жупаништа го мразело, поголем гркоман од него немало. Јавно заплашувал со предавство и агитирал во многу села за тоа (…) Велел, сакал да создаде некаков грчки комитет и други работи.“ *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 44.

продолжува Кљашев, „беа викани како обвинети, а тие, за да се ослободат, ги потврдуваа тврдењата на Иванчо.“[397]

Сепак, од објективни причини, убиството на попот Аргир не било реализирано. Најмногу на тоа се спротивставувал Васил Чакаларов, кој сметал дека свештеникот „како човек на организацијата знаеше многу нешта и добро умееше да постапува“. Според Чакаларов, поради фамилијарните врски на попот во Лариса (т.е. таму живеел неговиот брат), можел да биде донесен во опасност организацискиот канал за вооружување. Имено, костурскиот раководител сметал дека доколку му се случи нешто на свештеникот, тогаш неговиот брат „можеше во многу работи да ни наштети (…) во Лариса знаеше што работам, каде имаме склад за пушките и дури имаме кај него оставено и некои писма и во иднина да се работи за пренесување на оружје од таа месност нема да биде возможно“.[398] Оттука, во ноември 1901 година било одлучено да не се дејствува против попот Аргир. Во секој случај, Костурскиот револуционерен комитет одлучил дека доколку тој не го промени своето однесување, ќе решат што ќе прават со него напролет.[399]

Во случајот со Коте, кој, патем речено, во месец ноември започнал да дејствува како платеник на костурскиот митрополит, било решено тој да биде ликвидиран. Истото било одлучено и за Павле Киров. Треба да се нагласи дека во почетниот период, Костурскиот комитет на МРО немал информации за соработката меѓу Каравангелис и Коте. Оттука, оваа смртна пресуда немала никаква поврзаност со неговата нова дејност, туку таа била изречена како резултат на неговите дотогашни престапи. Одлуката требало да ја реализира војводата А. Петров, кој во меѓувреме повторно бил поставен на чело на организациската чета. Меѓутоа, тој не ја искористил укажаната можност да го убие Коте за време нивната средба во селото Дреновени. Според Чакаларов, причината за неизвршување на зададената задача бил стравот на војводата да не си создаде непријатели, додека пред костурските раководители се правдал дека во нивна близина имало поголема присуство на луѓе и „изложуваше и некои други причини“.[400] Неспорен факт е дека кај војводата Петров постоела претпазливост во однос на влијанието и моќта што ги имал Коте кај дел од населението во околијата, особено во реонот од каде што потекнувал. Долгогодишната ајдутска активност што ја имал

---

397 *Спомени П. Кљашев*, стр. 192.

398 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 44.

399 Исто, стр. 58–89.

400 Исто, стр. 61.

против власта и муслиманскиот башибозук придонела за тоа населението да го доживува како заштитник и симбол на отпорот против османлиските самоволија. Оттука и Коте ја црпел својата моќ пресликана во пркосот кон Организацијата, чувствувајќи се доволно безбеден од поддршката на дел од месното население и имајќи сигурна база во неколку села кои биле под негово влијание. Чакаларов остро реагирал поради нерешителноста на војводата, при што забележал дека Петров „немал право да мисли за последиците, зашто ако е штетно убивањето на Коте, за тоа друг ќе одговара“.[401] За да се извлече од непријатната ситуација, војводата предложил да му напише писмо на Коте, со кое ќе може да го намами да дојде во селото Шестево. Меѓусебното надмудрување меѓу Коте и костурското револуционерно раководство завршило по пристигнувањето на Гоце Делчев во костурската околија.

На околиското советување во Костурско, покрај другите организациски претставници, присуствувал и Коте со својата дружина. Последниов иако ја прифатил поканата на организациските дејци, сепак тактизирал околу денот и местото на средбата. Коте бил свесен дека една од точките на ова советување ќе биде и неговото поведение и односот со Костурскиот револуционерен комитет. Оттука, тој бил убеден дека на овој настан ќе се решава и за неговата судбина и затоа не ја пропуштил можноста да го искаже својот став и одбрана околу сите недоразбирања со костурското раководство. Исто така, самото место на одржување на средбата, т.е. селото Кономлади, му давало одредена комоција на Коте во однос на неговата безбедност. Имено, селото се наоѓало во непосредна близина на неговото родно село Руља и на другите села кои биле под негово влијание.

На средбата одржана на 23 ноември 1901 година во Кономлади, покрај другите работи, се дискутирало и за Коте и за неговите другари. За дел од неговите приврзаници било решено да се донесат индивидуални пресуди откако секој случај поединечно би бил разгледан. Така, на дел од нив им бил прекинат судскиот процес и биле ослободени од сите обвиненија. Во случајот на Нако од селото Шестево било одлучено да биде испратен во четата на Марко Лерински, додека за Насо и за Митре од селото Апоскеп „да се испратат во странство за казна зашто другарувале со Коте“.[402] Според Чакаларов, следниот ден на „посебно заседание“ била донесена одлука Коте да се казни со смрт, „без да се одлага и без да се расправа за неговите

401 Исто.

402 Исто, стр. 62.

злосторства“. Идентична одлука била донесена и за Павле Киров. Откако, според Пандо Кљашев, „му ги опишавме на Делчев делата на Коте, кои ги потврдија Марко (Лерински, б.н.) и Георги Пешков“[403], била донесена одлука тој да биде убиен. Покрај гореспоменатите, на смрт бил осуден и Стојан од селото Апоскеп поради заедничкото дејствување со Коте, но и поради злоупотреба на функцијата раководител на месната организација во неговото село. Најпрвин било одлучено извршувањето на казните да се реализира уште истата вечер.[404] Меѓутоа, поради добиената информација дека е извршено предавство и можноста селото да биде опколено од османлиска војска, македонските револуционери решиле да го напуштат Кономлади и да се упатат кон соседното село Поздивишта. Во тие моменти се појавило несогласување помеѓу Чакаларов, кој настојувал веднаш да бидат ликвидирани осудените, и Делчев, кој барал убиствата да се извршат по нивното заминување од селото Кономлади. Преовладало мислењето на Делчев.[405] Насетувајќи го негативнот исход во врска со нивниот случај, Павле Киров и Нако Пандов уште истиот ден кога се решавало за нивните дела избегале од селото Кономлади.

Во секој случај, предавството што се случило на последниот ден од престојот на раководителите во селото Кономлади го спасило Коте од сигурна смрт. Имено, извесен Трајан, кој бил соселанец на Коте, ја известил власта во Костур за собирот во Кономлади. Па така, поради раздвиженост на војската и честата промена на локациите на четите, не било можно да се изврши смртната пресуда. Чакаларов во својот дневник забележал дека убиството требало да се случи во селото Смрдеш. Сепак, и оваа одлука не била реализирана поради учеството на Коте во акцијата за казнување на учесниците во предавството во селото Кономлади.[406] Искусниот ајдутин дејствувал тактички, надевајќи се дека ќе се спаси од сигурна смрт. Планот му успеал и како резултат на ваквата активност, тој бил помилуван на советувањето во селото Д’мбени. Сите случаи повторно биле разгледани,

---

[403] *Спомени П. Кљашев*, стр. 199.

[404] За таа цел, Чакаларов го повикал Ставро од селото Кономлади, на кого му кажале да најде соодветно место за да се закопаат тројцата. *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 63.

[405] *Спомени П. Кљашев*, стр. 199.

[406] Во акцијата учествувале Васил Чакаларов, Марко Лерински, Коте, Митре Влашето и уште неколку четници. Биле убиени таткото на Трајан и три жени поврзани со предавството. *Спомени П. Кљашев*, стр. 199; *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 64–65.

по што Делчев заклучил дека Коте „заслужил смрт, но претполагал дека во него сè уште има свест (…), и дека во иднина ќе биде добар работник и затоа му се простува".[407] Обвинетиот ги признал своите дела и се извинил, објаснувајќи дека „дотогаш немало кој да му објасни дека толку била сериозна одговорноста".[408] Истовремено, а со цел да се извлече од незавидната ситуација, Коте прифатил да го напушти Костурско и да замине заедно со Делчев.

Сепак, набргу се покажало неговото вистинско лице.[409] Имено, откако му било дозволено да се поздрави со своето семејство, тој заминал во селото Руља во придружба на Митре Влашето. Наоѓајќи се на сигурно, Коте одбил да се придржува на договореното.[410] Во меѓувреме било одлучено да се испрати човек во Костур за да биде убиен соселанецот на Коте, Трајан, кој го извршил предавството во селото Кономлади.[411] Убиството се случило на 3 јануари 1902 година. Четникот Христо, откако го извршил делото во Костур, се обидел да побегне кон најблиското село Апоскеп, но откако забележал дека ќе биде пристигнат од Османлиите, се самоубил.[412]

Во овој период соработниците на Каравангелис редовно го известувале својот претпоставен дека во селата од Корешата и од Пополе има раздвижување и чести собири на македонските револуционери. Информациите

---

[407] *Спомени П. Кљашев*, стр. 200. В. Чакаларов за овој настан во својот дневник напишал: „Му се изброија сите злосторства од кои прозилегува дека тој заслужува смртна казна, што му се прочита во присуство на сите, но му се подари живот." *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 67.

[408] *Спомени П. Кљашев*, стр. 200.

[409] Анастас Лозанчев во своите спомени се послужил со примерот за помилување на Коте за да го опише карактерот на Гоце Делчев. „Тој беше подготвен да му прости на најголемиот душман", споменува Лозанчев и додава дека „доволно беше тој (Коте, б.н.) да вети дека ќе работи за делото." А. Лозанчев, *Илинденското востание*, стр. 29.

[410] „Вечерта добивме писмо од Митре Влаот (…) кого го бевме испратиле со Коте во Руља (…) Митре ни кажа дека Коте заедно со Тасе од Шестево и Павле од Желево се отцепи од дружината." *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 72.

[411] За оваа задача се пријавиле тројца доброволци од четата на Марко Лерински, а одговорноста му била доделена на четникот Христо од Лерин.

[412] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 75–76. Според Пандо Кљашев, Христо не се самоубил, туку османлиската војска, враќајќи се од селото Загоричани, разбрала за убиството на Трајан и почнала да го прогонува извршителот на убиството. Набргу војската го пристигнала Христо и по куса престрелка, тој бил убиен. *Спомени П. Кљашев*, стр. 203.

што ги добивал митрополитот ги препраќал во грчкиот конзулат во Битола, каде што детално биле анализирани и во вид на извештаи испраќани до владата во Атина. Убиството на предавникот Трајан, но и на неговиот татко, конзулот Пезас на претседателот на грчката влада, Заимис, му го претставил како „дрскот на бугарските патриоти“, кое предизвикало „голема чувствителност кај нашите во Костур“,[413] се разбира, мислејќи на Каравангелис и на неговите соработници. Конзулот, според тоа што му имал напишано „светиот (владика) на Костур“, детално го опишал престојот на организациските претставници во селото Загоричани, а особено се осврнал на споменатото предавство извршено од шпион на митрополитот.

Каравангелис во извештаите испраќани до грчките официјални претставници и институции, но и во голем број писма или написи во грчките весници постојано ги потенцирал наводните „злосторства на бугарските комити врз недолжното грчко население“ во неговата епархија. Негова главна цел била потребата да претстави дека постои етничка разлика меѓу македонското словенско население, се разбира, перцепирано врз основа на припадноста на една од двете доминантни православни цркви кои постоеле во Костурската епархија. Идентификувањето на МРО како орудие на бугарската пропаганда требало да предизвика рекции од европската дипломатија, но, истовремено, и да ја принуди официјална Атина и самата да се впушти во вооружени дејства кои тој веќе на некој начин ги имал започнато против македонското ослободително движење.

Спротивно на тоа, Организацијата никогаш не казнувала затоа што некој бил егзархист или патријаршист, туку, пред сè, врз основа на преstapот што одредена индивидуа го имала направено кон револуционерното и ослободително движење и/или во однос на предавствата извршени пред османлиските власти, а за казната секогаш одлучувале нејзините раководители. За разлика од МРО, Каравангелис нарачувал убиства затоа што одредена личност била шизматик и/или дел од МРО. За тоа сведочат и спомените на Наум Спанос, еден од неговите егзекутори. Во есента 1901 година бил убиен егзархискиот свештеник од селото Зеленич единствено затоа што митрополитот сметал дека направил „големо зло“.[414] Имено, станува збор за убиството на попот Коста, во кое покрај Спанос, учествувале и браќата Исеин и Мустафа, муслимани од селото Четирок кои работеле во

[413] Извештај на Кралскиот грчки конзулат во Битола, бр. 12, 10 јануари 1902 година (копија од документот има авторот).

[414] *Απομνημονευματα Ναουμ Σπανος,* стр. 359.

селото Зеленич. Според наредбите на Каравангелис, неговите егзекутори го извршиле убиството во црковната канбанарија во селото Зеленич.[415]

Во меѓувреме, Турците рашириле гласишта дека е убиен патријаршискиот поп од селото, кој, исто така, се викал Коста. На гласиштата им поверувал и митрополитот, кој дури одржал и говор во негова чест во блиското село до Костур, Маврово, во кој кажал „дека е убиен грчки поп од Зеленич од страна на бугарските комити“.[416] Истовремено, Каравангелис ја планирал и одмаздата за божемното убиство. Задачата повторно му ја доверил на Спанос, кого го повикал во Маврово. Поради очигледната возбуденост и еуфорија на митрополитот, Спанос не му ја кажал веднаш вистината, туку поради нивната безбедност, тоа го направил по два дена во градот Костур.[417] Дискусијата што се водела меѓу двајцата во зградата на митрополијата ни открива какви биле критериумите на Каравангелис во однос на поистоветувањето на црковната со етничката припадност на месното македонско население. Кога бил запрашан од Спанос дали го познава егзархискиот поп Коста, тој одговорил: „(...) секако (…) некогаш беше наш поп (патријаршиски, б.н.) и кога стана бугарски (егзархиски, б.н.) поп, јас ракоположив друг, поп Коста, на негово место.“[418] Неизмерна била радоста на Каравангелис кога ја видел главата на мртвиот свештеник, но, истовремено, бил и предупреден од Спанос дека „ако на некого му ги кажеш овие работи, да знаеш ќе те убијам“, за на крајот да заклучи дека митрополитот „беше добар патриот, но и малку плашлив“.[419] Од овој пример може да се забележи со која леснотија митрополитот одлучувал за смртните казни на своите противници и, всушност, колку вредел човечкиот живот за него, уште повеќе што самиот бил духовно лице.

Каравангелис и во спомените со гордост ја опишал соработката со платените егзекутори. Убиствата на дејци на Организацијата, но и на селани за кои сметал дека на каков било начин се поврзани со македонското

---

415 Според Спанос, убиството на свештеникот било реализирано на следниот начин: „Заминавме во саботата околу 4 часот и во 5 часот стигнавме во црквата во Зеленич (…) Штом стигна бугарскиот поп, отиде во канбанаријата. Таму пукав и тој падна, се качивме со Исаин и му ја пресеков главата.“

416 Исто, стр. 389.

417 Според Наум Спанос, костурскиот митрополит не знаел да чува тајни, т.е. бил „малку неодговорен“, а дознавањето на вистината во едно македонско село секако дека ќе имало негативни последици по него и по неговиот соработник.

418 *Απομνημονευματα Ναουμ Σπανος,* стр. 361.

419 Исто, стр. 362.

ослободително движење биле една од неговите примарни цели. Неговиот план бил спроведуван од индивидуи со кои најчесто не контактирал директно, туку со посредници за да не предизвика сомнеж кај османлиските власти. Имено, преку извесен Мито од селото Черновишта, човек од негова доверба, посредно стапил во контакт со двајца муслимани од селото Жервени. На нив двајцата Мито им предал список на „осомничени" луѓе, составен од митрополитот, кои требало да бидат ликвидирани. Според Каравангелис, тие добивале по „пет златни лири за секоја одземена глава".[420] Токму од психолошки аспект, ваквата дејност на митрополитот имала за цел да ги „освои душите" на македонското селско население преку всадување страв, но и директно да ѝ наштетува на дејноста на МРО. Според грчкиот историчар Димитрис Ливаниос, убиствата имале огромна „корист" за грчката пропаганда, т.е. тие значеле „отстранување на истакнати егзархисти и одмазда за смртта на патријаршистите, или пак биле користени како ефикасен начин за отсекување на комитаџиската комуникација помеѓу егзархиските села". Затоа, дополнува Ливаниос, „насилството било одлучувачки фактор во менувањето на верноста на селото", мислејќи на преминувањето на одредено населено место од Егзархијата во Патријаршијата или обратно.[421]

Костурскиот револуционерен комитет, по преструктурирањето на околијата и заминувањето на Гоце Делчев, продолжил со секојдневните организациски активности. Зачестените проблеми предизвикани од соработниците на костурскиот митрополит се обиделе да ги решаваат на најсоодветен начин. Најпрвин бил направен повторен напор да биде убеден свештеникот Аргир да ја прекине соработката со Каравангелис. Така, нивната посета на селото Жупаниште била искористена во таа насока. Средбата со свештеникот во својот дневник ја опишал Чакаларов, кој забележал: „(...) вечерта цела ноќ му ја полнев главата на поп Аргир, го советував да се откаже од блиските односи со владиката Каравангелис и за многу други работи, но мислам дека сѐ ми отиде напразно. Поп Аргир е многу заблуден гркоман."[422] Една недела подоцна, откако увиделе дека нема никакви промени во неговиот однос, било донесено решение и му

420 Г. Каравангелис, *Македонската борба...*, стр. 66.

421 Dimitrios Livanios, „Conquering the souls: nationalism and greek guerrrilla warfare in Ottoman Macedonia, 1904–1908", *Byzantine and Modern Greek Studies*, vol. 23, 1999, стр. 208.

422 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 76.

било соопштено „по 20 дена да си замине зад границата, во спротивен случај ќе биде убиен“.[423]

Паралелно со овој случај, раководството било писмено известено „дека во Загоричани, Геле и двајца бегови решиле да формираат чета од Арнаути и Грци, [додека] тројцата дошле во Костур до владиката да се договорат со него“.[424] Како резултат на засилената активност на грчката пропаганда, се појавиле и првите барања на дел од месното население да се преземат поостри мерки против Каравангелис. Така, на пример, во писмото на Аристид од селото Черешница било напишано: „Добро би било да падне некоја владичка глава“, што само по себе го покажува расположението на еден дел од македонското население кон неговата дејност.

Набавувањето оружје за потребите на револуционерното движење била една од главните преокупации на МРО во предлинденскиот период. Костурската револуционерна околија со својата местоположба била значајна алка во синџирот за снабдување со оружје и муниција на цела Југозападна османлиска Македонија од правец на грчкото кралство. За таа цел, но и со намера да го реорганизира каналот за пренесување оружје, Чакаларов на почетокот на февруари 1902 година повторно отпатувал за Грција. За овој настан, преку своите информатори дознал и костурскиот митрополит. Тој насетил можност да го ликвидира костурскиот револуционер преку свој човек испратен во Атина. Покрај Чакаларов, Каравангелис се надевал дека ќе успее да ја уништи и групата македонски печалбари во Атина, поддржувачи и соработници на МРО. Како најпогоден за изведување на целата акцијата бил избран Георги Ѓамчето од селото Поздивишта. Од спомените на митрополитот се дознава дека патните трошоци за престојот во Грција ги сносел лично тој, но и дека Ѓамчето добил „две лири селски пари (…) и 40 лири (од Коте, б.н.) (…) да донесе пушки“.[425] Очигледна била и намерата да се започе со пренесување оружје од Кралството Грција во костурската околија за потребите на платеничките вооружени јадра на Каравангелис.

Групата предводена од Чакаларов ги имала првите проблеми на грчка територија во градот Трикала. Нејзините членови биле уапсени од страна на грчките власти и држени во затвор 24 часа, а не им успеал ниту обидот

---

423 Исто, стр. 78.

424 Исто, стр. 80.

425 Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 19; Исповед на попот Илија од селото Поздивишта, осомничен како соработник и учесник во заверата против МРО. *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 92.

да се претставаат како Грци испратени во Кралството да набават оружје за грчката пропаганда. Грчките власти дозволувале пренесување оружје само ако се поседува „полномошно од грчкиот владика“ во Костур.[426] За ваквата ситуација бил известен и Г. Делчев преку неколку писма на Лазар Киселинчев, кој бил претставник на МРО во Атина. Во писмото од 28 март 1902 година, Киселинчев му се жали на Делчев за комплицираните услови околу купувањето оружје, при што забележал дека „грчката влада забранува да се продаваат пушки во цела Тесалија. Кога продаваат пушки, трговците треба да ја известат полицијата (...).“[427] Сепак, по ослободувањето на групата предводена од него, Чакаларов успеал да ги зачува паричните средства и предвиденото оружје да го купи во Лариса. Подоцна оружјето било успешно пренесено преку грчко-османлиската граница и складирано во селото Смрдеш.

Следна цел на Чакаларов била грчката престолнина, каде што се сретнал со претставници на МРО. Во Атина веќе се наоѓал Ѓамчето, кој, според директивите на митрополитот, требало да го предаде Чакаларов на полицијата. Во своите спомени Каравангелис го критикувал овој соработник за брзоплетост и неразумно постапување. Имено, откако Ѓамчето ја здогледал својата мета, „му се доближил на еден полицаец и му покажувал од далеку, обидувајќи се да го убеди за да го уапси. Чакаларов го видел, влегол во една кафана и исчезнал.“[428] Според митрополитот, тој требало „прво да ја подготви почвата, да се договори со полицијата, да го следат, да откријат каде е сместен, со кого се дружи и потоа да го уапсат“.[429] Планот бил добро осмислен и затоа тој се надевал дека покрај фаќањето на Чакаларов, грчките служби ќе успееле да ја разоткријат целата група печалбари поврзани со македонското револуционерно движење во Грција.

Во тој период во Атина постоела развиена мрежа на луѓе кои биле на платниот список на полицијата и имале задача да ги следат, да ги шпионираат и да ги малтретираат македонските печалбари, за кои сметале дека на каков било начин се поврзани со МРО. Начинот на дејствување на агентите на најдобар начин ни го претставил Наум Спанос, кој и самиот бил вработен во грчкото Министерство за внатрешни работи, со должност

---

426 *Спомени П. Кљашев*, стр. 206.

427 *Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство...*, стр. 153.

428 Г. Каравангелис, *Македонската борба...*, стр.20.

429 Исто, стр. 19–20.

да собира информации за дејноста на македонските печалбари во грчката престолнина.[430]

Како и да е, Васил Чакаларов на 20 април 1902 година успеал безбедно да ја напушти Атина и преку Волос на 22 април да допатува во Солун, од каде, преку гратчето Соровичево, на 25 април пристигнал во Костурско.[431] Неговата среќа ја немале дел од преостанатите пренесувачи на оружјето. Османлиските власти, откако биле известени од својот конзул во Лариса, но и од самиот Каравангелис за пренесувањето на оружјето, започнале засилена контрола во пограничниот појас со грчката држава.[432] Затоа на 3 март 1902 година, кај месноста Гревенски Мост, од османалиска потера биле пресретнати Наум, брат на Митре Влашето, Васил Митров и Ѓако Василев. Тие биле предадени од еден воденичар откога претходно побарале храна. Во судирот со Османлиите загинале тројцата, а оружјето било одземено.[433]

За време на последната мисија на Чакаларов во Грција, македонскиот револуционер, покрај другото, разбрал и за поврзаноста на Коте со костурскиот митрополит. Ако дотогаш за костурските револуционери тој бил само отпадник од МРО со разбојнички и ајдутски особини, тогаш по оваа мисија Костурскиот револуционерен комитет сфатил дека Коте е дел од мрежата на Каравангелис. На 27 април 1902 година Чакаларов во селото Д’мбени им ги претставил на Кљашев и на Москов новостите околу оваа тема, како и другите случувања од патувањата во Грција. Пред нив тој ги изнел сите сознанија поврзани со соработниците на Каравангелис. Најпрвин раскажал за Ѓамчето и за неговата мисија во Атина, а потоа им ја открил и вистинската улога на Коте и неговите врски со грчката пропаганда.[434] Сериозните обвинувања во прв момент не биле прифатливи за двајцата

---

430 Спанос за своите почетни активности запишал: „(…) имаше едно мало кафеанче, влегов внатре (…) полека, полека, седнав до прозорецот и ја гледам вратата на зградата. Точно во 12.20 часот напладне, беше Св. Димитрија, видов дека излегоа 15 лица кои ги познавам, зашто често ги гледав во кафеаната на ѕидарите во Варвакио. Ги запишав нивните имиња и по 10 минути излегоа 19 лица, исто така ги запишав и нивните имиња. Другиот ден, Св. Нестор, во 10 часот отидов кај г. Стефанос Драгумис, му кажав за сè што се случи и г. Драгумис ме испрати кај г. Панас, секретар во МНР, и му раскажав за сè. Ми кажа да внимавам и да откријам други работи; тогаш веднаш си ја почнав работата.“ *Απομνημονευματα Ναουμ Σπανος,* стр. 357.

431 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 83–84.

432 *Спомени П. Кљашев*, стр. 206.

433 Исто, стр. 206.

434 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 85.

раководители, но по добиеното деталното објаснување, тие се увериле за вистинската улога на Коте.[435] Истовремено, и Лазар Киселинчев го известил Делчев за соработката на Коте со грчката пропаганда. Во писмото испратено до него од 10 мај 1902 година, Киселинчев го пишува следното: „Тука (се мисли на Атина, б.н.) разбрав сè, Коте води преговори со неколку Грци од Костур и со грчкиот владика со цел да работи со нив."[436]

Коте, по заминувањето на Делчев од Костурско, повторно бил осуден на смрт и прогонуван од страна на Костурскиот револуционерен комитет. Кон средината на февруари 1902 година, додека македонските револуционери сè уште немале информации за Котевата соработка со Каравангелис, Лазар Поп Трајков, без консултација со другите раководители, му ги простил дотогашните престапи на Коте. Имено, Поп Трајков, кој бил еден од првите и најактивни членови на револуционерното движење во околијата, бил свесен за влијанието и моќта на Коте меѓу христијанското население во северозападниот дел на Костурско. Оттука, тој, најверојатно, сметал дека во вакви услови најдобро би било Коте да се изолира за да не биде во можност негативно да влијае врз дејноста на МРО. Затоа за Кљашев, ваквото решение претставувало „привремен компромис", додека Коте требало „со четата да оди во Преспа, (…) да не шета низ нашиот реон, да не ги прибира отпадниците кои бегаат од нас".[437] Меѓутоа, додека Чакаларов сè уште бил во Грција, тој испратил писмо до своите соборци во Костурско известувајќи ги за врските меѓу Каравангелис и Коте, а истовремено предложил доколку се во можност, да го ликвидираат.[438] Но неговите предупредувања во тоа време, најверојатно, не биле сериозно сфатени. Подоцна, кон крајот на април, на средба во селото Нестрам, на која учествувале Москов, Кљашев, Чакаларов и Поп Трајков, било одлучено веднаш да се упатат во Корештата и да го убијат Коте. Според предвидениот план, Поп Трајков требало да го пронајде Коте и да договори средба меѓу последниот и другите организациски претставници. Контактот бил воспоставен на почетокот од месец мај 1902 година, по што започнале надмудрувања околу местото и времето на средбата. Коте ја сфатил намерата и извесен период избегнувал близок контакт со организциската чета. Сепак, на 4 мај 1902 година се случила средба меѓу револуционерната чета и Котевата група.

---

[435] *Спомени П. Кљашев*, стр. 209.

[436] *Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство...*, стр. 157.

[437] *Спомени П. Кљашев*, стр. 280.

[438] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 85.

Планот за неговото убиство не се реализирал поради колебањето на дел од четниците. Всушност, најголемиот дел од костурските четници биле млади и не толку искусни во борбените вештини за разлика од оние од придружбата на Коте. Од друга страна, секако дека во очите на одредени четници Коте сè уште претставувал симбол на отпорот против османлиската власт и башибозукот, кон кого чувствувале извесна стравопочит. Исто така, знаејќи за плановите на костурското раководство, Котевата придружба била тактички разместена, подготвена во секој момент да преземе соодветни чекори доколку забележи дека е во опасност животот на нивниот водач. Коте прифатил да разговара единствено со Поп Трајков, на кого му кажал „дека сфатил дека сме мислеле да го убиеме и тоа било скроено однапред (…) знајте, дека отсега не сакам никого да видам и да ме видите", по што станало јасно дека „тајната (за негово убиство, б.н.) е предадена".[439]

Откако пропаднал планот за ликвидација на Коте, Костурскиот комитет одлучил целосно да ја расветли ситуцијата со соработниците на митрополитот од селото Station Поздивишта. Организациските првенци за првпат сериозно му пристапиле на прашањето околу дејноста на шпионската мрежа на Каравангелис во Костурската епархија. Всушност, целта била на теренот да се утврди до кој степен навлегла пропагандната работа на костурскиот митрополит, како влијае на локалното население и, доколку е можно, да бидат преземени соодветни превентивни мерки. Првиот обид за фаќање на соработниците на Каравангелис од селото Поздивишта пропаднал. Имено, дента кога организациската чета пристигнала во селото, Ѓамчето со својот соселанец и истомисленик Илија Ажиов го имале напуштено Поздивишта и заминале во селото Руља кај Коте. Во меѓувреме, костурските раководители се информирале за ситуацијата и во селата Кономлади и Габреш, при што ја констатирале сериозноста на пропагандната дејност на Каравангелис и на неговите соработници и колку таа негативно влијае на населението.[440]

---

[439] Исто, стр. 87.

[440] Селската комисија од Кономлади ги информирала костурските раководители дека „поп Илија од Поздивишта, Ѓамчето, Крсто Коџобашијата и Илија Ажиов, Георги Гогушев и Гушевски од Кономлади, Коле Стасов, Ане Карапетров, постојано држеле собрание и се советувале и се фалеле дека ќе донесат грчка чета и тогаш ќе ни се одмаздат, со помошта на Коте, на владиката и на грчкиот битолски конзул, ќе можеле да пренесуваат оружје од Грција". Слична била и ситуацијата во селото Габреш. Имено, на прашањето на Ването Киров од селото Габреш што да направат во случај да дојдат грчки чети, дали да ги пречекаат или не, раководителите одговориле: „(...) ако дојдат грчките чети, да работат со цел да се добие автономна управа, ние да се сретнеме со нив, а не вие". Исто, стр. 88, 89.

Пропагандата дека ќе бидат увезени вооружени групи од грчкото кралство за да дејствуваат против македонското революционерно движење била во целосна спротивност на Уставот на МРО и директно ја загрозувала агитациската програма на костурските револуционери.

Во меѓувреме, во селото Кономлади четата дознала дека Ѓамчето по престојот во селото Руља се упатил кон Лерин, каде што се сретнал со својот соселанец, попот Илија, и со Крсто Демиров. Последниве двајца по средбата во Лерин се вратиле во Костурско, додека Ѓамчето заминал за Битола, каде што се сретнал со грчкиот конзул. Костурското раководство решило дека треба да се дејствува веднаш, односно да не се чека враќањето на првоосомничениот. Така, тие се упатиле во Поздивишта со цел да ги сослушат другите соработници на грчката мрежа.[441] Меѓутоа, првобитниот план набргу се променил. Од еден селанец дознале дека Ѓамчето во меѓувреме се вратил од Битола и се наоѓа во Поздивишта. Откако било обезбедено присуството на Ѓамчето и на попот Илија, започнало нивното сослушување надвор од селото. Во дневникот на Чакаларов во детали е опишан судскиот процес против двајцата обвинети. Македонските револуционери се интересирале за дејноста на Каравангелис, како и за неговата и за нивната поврзаност со Коте, за врските со грчкиот конзулат итн.[442] Карактеристична била и употребата на посебен метод на испитување од страна на првенците на Костурскиот комитет. Според Чакаларов, по првобитниот обид двајцата да ги негираат обвинувањата, костурските раководители биле принудени да ги разделат и на секого посебно да му посочат дека другиот ги признал сите дела против револуционерното движење. На тој начин обвинетите започнале да ја разоткриваат мрежата, начинот на своето работење и врските со Каравангелис и со Коте.

Костурскиот комитет на МРО уште зимата 1901/1902 година го предупредил попот Илија да ја прекине соработката со митрополитот, при што му било укажано на сите негативни последици за револуционерното дело од нивната дејност. Од советите што му биле дадени во таа пригода,

---

441 Било планирано да бидат фатени попот Илија, Крсто Демиров, Илија Ажиов и Георги Гузевски, а за Ѓамчето се подготвувале да испратат еден од осомничените и да го донесат од Битола. Исто, стр. 90.

442 Во текот на самото испитување, костурските раководители се интересирале да ги дознаат од попот Илија следните работи: „(...) како (…) мислеле со владиката (да работат, б.н.), што кроите со Коте, зошто сте го испратиле Ѓамчето во Грција, зошто одевте со Крсто во Лерин, зошто го испративте Ѓамчето во Битола и кај кого, каде и со кого имавте собрание и зошто се собиравте?“ Исто, стр. 90.

на најдобар начин може да се види дел од програмата на Организацијата и што пропагирала таа меѓу населението. За да ја докаже наводната верност кон революционерното движење, попот Илија изјавил дека ќе ги прекине сите врски со митрополитот, а ако е потребно, ќе ја признае и Егзархијата. Одговорот на организациските раководители бил следниот: „(...) му кажавме дека нема потреба да се откажува никој и не го принудуваме да се откажува, нека си ја признава Патријаршијата, само му се забранува да му кажува на владиката за нашите работи."[443] За македонското ослободително движење не била од суштинско значење припадноста на одредена индивидуа кон Патријаршијата или кон Егзархијата, докажувајќи на тој начин дека не прави разлика меѓу припадниците на овие две цркви.

Како и да е, на последното сведочење попот Илија целосна ја разоткрил дејноста на групата на Каравангелис. Тој признал дека уште зимата (1901/1902) кога бил посетен од митрополитот, дискутирале за дејноста на Чакаларов и за неговиот прв престој во Грција. Двајцата одлучиле дека е најдобро тој да биде убиен. Потоа, по завршувањето на организациското собрание во селото Поздивишта и веќе споменатиот разговор меѓу организациските раководители и свештеникот, последниот во целост му ја пренел дискусијата и на Каравангелис. Од друга страна, митрополитот го иницирал и зближувањето меѓу Коте и попот Илија. Во периодот што следува, „тајниот грчки комитет"[444] од Поздивишта започнал на „собранија" да размислува како да биде убиен Чакаларов, но и како да се донесе вооружена група од Грција со цел да дејствува заедно со Коте. Тогаш решил да го испратат Ѓамчето во Атина. Тој требало да го ликвидира Чакаларов, а со себе носел и „препорака" до грчката влада, во која се барало испраќање оружје и грчка вооружена група во османлиска Македонија. Според Чакаларов, во текот на испитувањето свештеникот ги признал целите на групата која требало да пристигне од грчката држава во костурската околија. Од неговиот исказ јасно била воочлива намерата по секоја цена да дејствуваат против Организацијата во тој дел од османлиска Македонија.[445] Според свештеникот Илија, костурскиот митрополит бил главниот иницијатор, чии „совети" ги следеле и другите членови на групата[446], додека носители

443 Исто, стр. 91.

444 Во своите спомени Пандо Кљашев така ја нарекол групата собрана околу попот Илија од селото Поздивишта. *Спомени П. Кљашев*, стр. 209.

445 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 92.

446 Исто, стр. 92.

и главни протагонисти на целокупната дејност покрај Каравангелис, биле Коте, Ѓамчето и тој самиот.

Деталниот исказ и неговото сведоштво му ја одредиле судбината на попот Илија. Според Чакаларов, претходно искажаното сведочење му било дадено да го напише своерачно, но истовремено да напише и писмо до костурскиот митрополит. Содржина на писмото, кое се наоѓа во дневникот на Чакаларов, била следната: „Многу свети свештеници станаа жртва следствено на твоите лукави поуки, многу свет си натерал да работи против народот и народните маси. Со твоите лукави поуки ме натера и мене да работам против народот и себап стана да бидам убиен. Ако бидам убиен, на душата да ме имаш мене и моите деца, ѓавол да ти ја земе душата, да гориш во пеколот. Поп Илија. 15 мај.“[447]

Потоа следувало испрашување на Ѓамчето. Најпрвин тој се обидел да ги негира делата што му се припишувале, но откако увидел дека попот признал сѐ, му станало јасно дека нема повеќе што да крие. Оттука, тој ја признал целта на патувањето во Атина, средбата што ја имал со еден од министрите од грчката влада, од кого барал оружје, на што добил негативен одговор.[448] Следно, Ѓамчето ја објаснил целта на престојот во грчкиот конзулат во Битола. Според Чакаларов, Ѓамчето заминал во конзулатот по желба на Коте. Имено, тој од конзулот Константинос Кипреос[449] побарал да интервенира кај грчката влада со цел да му дозволат на Павле Киров, кој во тој период бил во Атина, да пренесе оружје и грчка вооружена група во османлиска Македонија. Кипреос го одбил ова барање. Истовремено, конзулот преку Ѓамчето договорил средба со луѓе на Коте во градот Лерин. Неговото фаќање од страна на костурските револуционери го спречило да ја изврши последната задача. Според Чакаларов, кога го слушнале неговото сведочење и без многу да мислат или да чекаат наредба, вознемирени од неговиот исказ, четниците веднаш го ликвидирале. Неговите последни

---

447 Исто, стр. 92, 93.

448 За време на својот престој во Грција, Ѓамчето во Атина го сретнал попот Аргир од селото Жупаниште и му ја раскажал својата мисија за убиство на Чакаларов, но последниот не го прифатил тоа. Исто така, посведочил дека во грчката престолнина не бил добро примен од македонските печалбари и дека поради немањето никаква поткрепа, бил принуден да се врати во Костурско. Исто, стр. 93.

449 Констандинос Кипреос ја извршувал фунцијата грчки конзул во Битола од крајот на април 1903 година, а во Битола пристигнал од конзулатот во градот Скадар. I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 44.

зборови биле: „Јас не сум виновен, ме зедоа на тилот (врат, б.н.) Коте, Владиката и поп Илија, тие ме тераа да ги вршам тие работи!“[450]

По уште едно испитување, судбината на Ѓамчето ја доживеал и попот Илија. Нивните тела биле закопани во густата шума на врвот Лисец во Корештата.[451] Погубувањето на двајцата предавници имало негативни последици за грчката пропаганда во северниот дел од костурската околија. Според Каравангелис, убиствата предизвикале „паника во целата околија, особено меѓу нашите во Корештата“.[452] Од друга страна, вознемиреноста кај митрополитот се должела и на фактот што овој настан можел да го ослабне неговото влијание и авторитет, особено во селата под контрола на Коте. Поради тоа, тој сметал дека е потребна брза одмазда за убиството на неговите соработници.[453]

Во секој случај, овој настан јасно ги покажува тенденциите и начинот на дејствување на МРО. Костурскиот револуционерен комитет во овој случај морал да реагира брзо и соодведно, бидејќи за првпат се соочил со месна група добро организирана од грчката пропаганда, чија цел била да дејствува против македонското ослободително и револуционерно движење. Самиот процес, кој завршил со смртна казна за дел од соработниците на Каравангелис, упатува на тоа дека костурските револуционери настојувале ваквите појави да ги сузбијат уште во нивниот зародиш, но и да го вратат делумно изгубениот авторитет на Организацијата меѓу дел од населението. Секако, во тогашните услови, една од мерките кон непријателите на ослободителното дело била и изрекувањето смртна казна, што за другиот дел од населението би послужило како пример и предупредување дека слични такви дејанија нема да бидат толерирани во иднина. Имено, ситуацијата налагала дека за организација од ваков тип, т.е. тајна и илегална, најважна е

---

450 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 93.

451 Погубувањето на двајцата предавници, според Чакаларов, се случило вечерта на 15 мај 1902 година, иако Кљашев во своите спомени го навел 5 мај како датум на нивното убиство. Сепак, како историски извор во овој случај поверодостоен е дневникот на Чакаларов и затоа како датум за нивното убиство ќе го земеме 15 мај 1902 година. *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 93–94; *Спомени П. Кљашев*, стр. 209.

452 Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр.20.

453 Во своите спомени костурскиот митрополит навел дека по убиството на двајцата негови соработници, како одмазда, Геле убил двајца комити. Ова негово тврдење треба да се прифати со претпазливост, бидејќи, како што кажал самиот, овој настан се случил во 1901 година. Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 22.

лојалноста и верноста на населението од кое произлегло револуционерното движење, од кое ја црпело својата сила, но од кое зависел и опстанокот на самиот терен.

Како и да е, по убиството на овие двајца соработници на митрополитот Каравангелис драстично се влошиле односите меѓу револуционерното движење во костурската околија и грчките пропагандни фактори во османлиска Македонија и во Грција. Во периодот што следува започнале апсења на припадници на македонското население во Кралството Грција, особено на оние што на каков било начин биле поврзани со МРО.[454] Според податоците што ги добивале организациските првенци од страна на поединци кои биле уапсени во Грција, нивниот број варирал од 30 до 70 притворени во градовите Лариса, Трикала и Атина.[455] Според Л. Киселинчев, уапсените во Атина биле обвинети за „соучество во убиства, грабежи и насилство против грчки граѓани низ разни места во Македонија“[456], додека за оние во Лариса, Дамјан Илиев информира дека биле обвинети како „агенти на некаков си комитет“[457]. Информациите за македонските емигранти во грчката држава, според тврдењето на Киселинчев, грчките власти ги добивале од соработници на грчката пропаганда од Костурско, што, несомнено, води до заклучок дека тие дејствувале по директиви на костурскиот митрополит.[458] Поради тоа, а со цел да го спречи ваквиот тек на настаните, Костурскиот комитет одлучил да побара од „костурскиот владика (…) да

---

454 Првите информации во тогашниот грчки печат за апсењето и за судскиот процес на индивидуи поврзани со МРО датираат од почетокот на јуни 1902 година. Исто така, се дознава дека нивното апсење било изведено во периодот од 20 до 22 мај истата година. Τάσος Κωστόπουλος, Αντα Ψαρρά, Δημήτρης Ψαρράς, „Οι κομιτατζήδες των Αθηνών“, *Εφημερίδα των Συντακτών*, Αθηνα, 25.8.2013.

455 Во своето писмо од 12 јули 1902 година, Лазар Киселинчев, кој се наоѓал во затворот Палестрон во Атина, го известил Делчев дека во Тесалија има 27 затворени и десетмина во Атина, додека Дамјан Илиев, кој се бил во затворот во Лариса, преку поштенска карта од 5 август 1902 година го известил Климент Шапкарев за следново: „Во Атина има околу 40 души уапсени. Во Трикала 5 и 20. Тука, со нас, 15 души. *Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство...*, стр. 164, 166.

456 Писмо на Лазар Киселинчев до Гоце Делчев од 29 мај 1902 година. *Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство...*, стр. 158.

457 Поштенска карта од Дамјан Илиев до Климент Шапкарев од 5 август 1902 година. *Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство...*, стр. 166.

458 Писмо од Лазар Киселинчев до Гоце Делчев од 29 мај 1902 година. *Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство...*, стр. 158.

напише до министерството во Атина да се ослободат арестуваните“.[459] Исто така, костурските револуционери избрале неколкумина т.н. гркомани од селата Смрдеш, Косинец и Лобаница „да го замолат и во краен случај да го исплашат“ Каравангелис дека доколку не ги „ослободат притворените, ќе се откажат сите села од него“, т.е. ќе ја напуштат Патријаршијата.[460]

Неговиот одговор бил остар. Митрополитот ги информирал дека ќе напише писмо да бидат ослободени притворените, но ако претходно ветат дека во иднина нема да учествуваат во акции на МРО. Во истиот период бил убиен егзархискиот поп Васил. Убиството за 20 лири повторно го извршиле муслимани од селото Четирок ангажирани преку посредници на митрополитот.[461] Костурското раководство одлучило да го испрати Кирјако Трповски во Битола со цел да го извести Битолскиот окружен комитет за последните случувања поврзани со грчката пропаганда во околијата. Од Окружниот комитет било побарано да се погрижи за убиството на Коте, бидејќи тој ја продолжил дејноста против македонското револуционерно движење. Така, на пример, во меѓувреме, Коте на членовите на селската комисија од Кономлади им испраќал заплашувачки писма. Новонастанатата ситуација го принудила и Кљашев да замине во Битола на дополнителни консултации со окружното раководство. Посебен проблем за костурските раководители претставувал планот за „уништувањето на Коте, зашто станува сѐ поопасен“.[462] Биле донесени следните одлуки: Л. Москов да остане во Корештата за им сугерира на патријаршистите да се обратат кај костурскиот митрополит и да побараат ослободување на притворените во Грција, додека Васил Чакаларов да замине за Нестрам, „каде се претпоставува дека ќе пристигнат некои грчки чети“.[463]

Во нестрамскиот дел од костурската околија доминарало словенското патријаршиско население, кое било под силно влијание на Каравангелис. И покрај силните заложби на митрополитот да се оневозможи развојот на македонското револуционерно движење во овој дел од околијата, сепак тоа постепено успеало и таму да ја прошири својата мрежа. Грчката пропаганда,

---

[459] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 111.

[460] Исто, стр. 111.

[461] Исто, стр. 112

[462] Исто, стр. 114.

[463] По барањата искажани од македонското патријаршиско население, но и поради притисокот извршен врз костурскиот митрополит, во есента 1902 година притворените биле ослободени. Исто, стр. 114, 123.

исто така, со загриженост го следела и учеството во раководните функции на МРО во Нестрамско на голем дел од патријаршиските свештеници и на наставниот кадар во грчките училишта, кои своето образование го стекнале во Грција.[464]

На 27 јули 1902 година поради предавство била извршена уште една егзекуција од страна на МРО. Бил убиен смрдешанецот Лазар Кирчов, кого Каравангелис во спомените го нарекол „голем грчки патриот".[465] Покрај Л. Кирчов, требало да биде убиен и Илија Ковач, исто така од селото Смрдеш, но тој во последен момент успеал да ѝ избега на организациската чета. Одлуката да бидат убиени овие двајца поранешни организациски дејци била донесена поради предавството што го извршил Кирчов. Имено, тој му ги предал на Каравангелис Кљашев и Георги Папанчев (последниов заедно со Никола Андреев испратен од Гоце Делчев и од Лазар Поп Трајков да го засили четничкиот институт во Костурско), кои во тој период го обучувале населението од селото Смрдеш за воени вештини. Како резултат на ова предавство се раздвижила османлиската војска во селата Смрдеш и Д'мбени, а постоела и голема опасност да биде откриено и новопристигнатото оружје од Грција. [466]

Во секој случај, и понатаму една од главните цели на костурските раководители била ликвидацијата на Коте и на неговата дружина, на која многу често ѝ се придружувал и Геле од селото Трсје. Исто така, било планирано покрај уништувањето на неговата чета, да бидат организирани Желево, Оштима, Трново и Руља, села во кои доминирало влијанието на Коте.[467] Покрај тоа, Костурскиот комитет започнал со агитација меѓу

---

[464] Во својот дневник Васил Чакаларов на 28 јуни 1902 година напишал: „Од Лариса дојде (во Нестрам, б.н.) мојот познајник Христо Калојанов (поранешен грчки учител од Нестрам) многу добар човек, дејствителен и член од минатата година." На 7 јули 1902 година во селото Сничени биле повикани „Апостол Сапунов и неговите двајца синови: Зиси и Васил (Зиси, грчки учител и Васил, студент по медицина во Атина, кој завршува годинава). Со нив многу зборувавме, а особено со студентот Васил, кој во Грција не беше толку од фанатиците и противник на комитетот. Тука се покажа горешт патриот, го покрстив." На 11 јули Чакаларов напишал дека во селото Жужелци вечерта се прибрале кај учителот по грчки Никола, додека на 14 јули во селото Старичени истото го направиле кај грчкиот учител Кирјако. Исто, стр. 118, 121–123.

[465] Г. Каравангелис, *Македонската борба*..., стр. 56.

[466] *Спомени П. Кљашев*, стр. 213–214; *Дневникот на војводата Васил Чакаларов,* стр. 125–128.

[467] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 134.

населението против грчката пропаганда, а особено била објаснувана пропагандната дејност на Каравангелис. Ваквата активност до одреден степен дала резултати. Се развивала свеста на населението, кое започнало да ги информира организациските дејци за соработниците на митрополитот во своите села. Така, Чакаларов добил писмо од извесна Трпена Поп Димитрова, во кое го известила дека „грчкиот владика ја повикал жената на Зисо Голиот од Апоскеп, и ѝ ветил парична награда за да ја предаде четата, а таа ветила" дека ќе го исполни барањето на Каравангелис.[468]

На 15 август 1902 година, по неколку неуспешни обиди да бидат фатени Коте и неговата дружина, Костурскиот револуционерен комитет одлучил да ги прекине сите други активности и да вложи максимални напори за конечно решавање на ова прашање. Потрагата започнала во северниот дел од околијата, во селото Поздивишта. Следејќи ги трагите, организациските чети ги поминале селата Кономлади, Статица и Трново. Пристигнувајќи во селото Оштима, раководството дознало дека Коте со дружината е во блиската шума која води кон селото Желево. По распоредувањето на четата предводена од Георги Папанчев, Чакаларов, Кљашев и Христо Силјанов, се слушнале првите истрели. Во битката, која била водена на 19 август 1902 година, имало еден убиен и еден ранет четник од Котевата дружина. Сепак, по пробивањето на обрачот, Коте успеал да се повлече на безбедно. Истовремено, на организациската чета предводена од Никола Андреев (Мокренски) ѝ поставил заседа Котевиот истомисленик Геле со својата дружина. Набргу на помош бил испратен Папанчев со неколку четници, а откако борбата се разгорила, пристигнал и Чакаларов. Геле по нападот успеал да се сокрие, но зад себе оставил еден мртов и двајца заробени другари, додека организациските чети поминале без никаква загуба.[469] Во наредните денови револуционерните чети биле во постојана потрага по Котевите другари, кои по битката над селото Оштима се криеле низ разни села. Исто така, повторно била засилена агитацијата во селата против дејноста на Коте и на костурскиот митрополит. За револуционерното движење и понатаму останало проблем селото Поздивишта, во кое сѐ уште се чувствувало влијанието на грчката пропаганда. Поради тоа,

---

[468] Исто, стр. 136.

[469] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 140–145; *Спомени П. Кљашев*, стр. 216–217.

Организацијата со тепање казнила неколку привrзаници на претходно убиениот поп Илија.[470]

## 3.6. АВАНТУРИСТИЧКИОТ ПОХОД НА ПОЛКОВНИКОТ АНАСТАС ЈАНКОВ ВО КОСТУРСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОКОЛИЈА

Подготовките за врховистичката паравоена интервенција од есента 1902 година, позната уште и како „Горноџумајско востание", започнале во претходната 1901 година. Таа била дело на Врховниот македонски комитет во Софија на чело со Стојан Михајловски и генералот Иван Цончев, зад кои стоеле бугарскиот кнез и министерот за одбрана во бугарската влада. На ВМК, доколку сакал да организира посериозна вооружена акција во османлиска Македонија, му биле неопходни бази на македонска територија. Такви бази во пооделни предели започнале да бидат создавани во летото 1901 година преку испраќање чети во пограничните реони, кои прво биле предводени од познати разбојници (Дончо Златков, Хаљо и други), а потоа и од бугарски офицери. Сите овие со помош на агитација, поткупување, терор, предавства и убиства успеале да се наметнат кај дел од населението во пограничните реони на Струмичкиот и на Серскиот револуционерен округ. До летото 1902 година тие успеале да создадат каква-таква база во одредени села, а со тоа и можност тука, во определено време, да ги префрлат своите чети и да прогласат „востание".[471] Тоа требало да изгледа дека е востание на месното македонско население, а пак тие, четите од Бугарија, дека се повикани да му помогнат![472]

---

470 Со 15 удари со стап бил казнет братот на попот Илија, Крсто Демиров добил 30 удари како привrзаник на попот и уште 15 зашто „другарувал" со спахиите и не сакал да даде жито како другите селани. Георги Гучевски бил казнет со 20 удари со стап како привrзаник на попот Илија и на Коте, Илија Хаџов, кој претходно бил казнет со смрт, добил 20 удари откако ветил дека понатаму нема да го следи Коте, а Ванчо Саријата 15 удари бидејќи сакал да ја предаде револуционерната чета по убиството на попот Илија. *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 148–149.

471 Отчет на Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО во Солун, јуни 1902 година. В. Ѓорѓиев, *1893–1903; преглед...*, стр. 233–250.

472 Повеќе за плановите на ВМК и за самото „Горноџумајско востание" види кај: Крсте Битовски, *Македонија и Кнежеството Бугарија (1893–1903)*, Скопје, 1977; Марија Пандевска, *Струмички револуционерен округ (1893–1903)*, Книга I, Скопје, 2002.

Целта и намерата на ВМК да иницира востание во османлиска Македонија, планирајќи со тоа да ја принуди Европа да го постави „македонското прашање“ на дневен ред, предизивикале жестоко противење кај МРО. Тоа добило форма на вербално и формално конфронтирање меѓу двете страни и довело до расцеп во емигрантската организација во Бугарија. Сепак, немало сила што можела да го спречи ВМК да го реализира направеното сценарио во пограничните реони, па оттука Организацијата се концентрирала на агитација и борба за што поголемо негово локализирање. Акциите на ВМК, сепак, не се сведувале само на пограничните реони, туку тој направил обид за нивно проширување и во подалечните делови на османлиска Македонија.

Во рамките на тој план било решено да се предизвикаат немири и во реоните најоддалечени од бугарската граница, т.е. во Битолскиот револуционерен округ. Таа задача му била доверена на полковникот на бугарската армија Анастас Јанков, по потекло од селото Загоричани. Тој со чета од стотина добро вооружени четници, офицери и подофицери, кон крајот на јуни 1902 година ја поминал бугарско-османлиската граница и се упатил кон леринско-костурскиот крај со цел да испровоцира востание во почетокот на септември, приближно тогаш кога главните врховистички сили требало да го направат истото во Горноџумајско и во соседните реони. Според планот и агитацијата на полковникот Јанков, „востанието“ во Костурско требало да започне на 7 септември 1902 година, при што „гарантирал“ дека Македонија ќе биде ослободена за две недели, а тоа го поткрепувал со божемното навлегување на „руските генерали од Шипка“, кои „заедно со Цончев ќе ја поведат бугарската војска“.[473] Очигледна била манипулацијата од негова страна со намера да предизвика брзоплета акција со краток период на траење, без да води сметка за последиците и за понатамошното развивање на револуционерното движење во костурската околија. Јанков му давал лажни ветувања на месното население дека Македонија ќе биде ослободена со руска помош како што била ослободена и Бугарија, што, секако, било неостварливо со оглед на тогашната констелација на меѓународните односи.

Јанков долго патувал до Костурско. МРО го следела неговото движење, а сигурно ја знаела и неговата цел, при што уште на почетокот покажала интерес да го спречи продолжувањето на неговиот пат до Битолско.[474] Во

---

473 *Спомени П. Кљашев*, стр. 218.

474 М. Пандевска, *Струмички револуционерен округ...*, стр. 245–249.

втората половина на јули Јанков ја преминал реката Вардар, а за тоа ЦК на МРО го известил ЗП во Софија со писмо дури при крајот на август.[475] Во август бил информиран и Окружниот комитет во Битола од ЦК за скорото пристигнување на четата на Јанков. „Му напишавме ласкаво и учтиво писмо и го замоливме да не презема ништо без да се консултира со нас во Окружниот комитет. Добивме одговор", пишува А. Лозанчев, „во кој ги напаѓа сите легални и нелегални раководни тела и се заканува дека никој не е во состојба да му наредува и дека ќе дејствува по своја волја, без никакви влијанија од страна."[476] Инаку, насекаде по патот од бугарско-османлиската граница до Костурско, меѓу населението со кое доаѓал во контакт тој агитирал за востание и, наводно, сите биле готови за востание освен раководителите на МРО, кои биле против, нарекувајќи ги со најпогрдни имиња: „кокошкари", „багабонти", „коцкари" и слично.

Костурскиот револуционерен комитет бил известен директно од ЦК од Солун за мисијата на Јанков непосредно пред неговото пристигнување во Костурско.[477] Насоките од највисокиот орган на МРО биле јасни: „(...) да се соберат веднаш сите чети од реонот, да се вооружат и селаните и да се пресретне Јанков 'со оган'."[478] Водејќи се од начелата и од програмата на МРО, како и од ставот на организациските првенци и на Битолското окружно раководство, Костурскиот комитет го одбил планот на Јанков и остро се спротивставил на неговите намери. Во спречување на обидите да се предизвика какво било поголемо раздвижување во тој дел од османлиска Македонија, особено се истакнал војводата Чакаларов. Последниов, заедно со другите раководители и со организациската чета, бил во постојано движење и агитирање меѓу населението, кај кое била создадена конфузија од

---

[475] *Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство...*, стр. 17.

[476] А. Лозанчев, *Илинденското востание*, стр. 35. Во спомените на Анастас Јанков се претставени двете споменати писма: првото, од Окружниот комитет до Јанков, е со датум 31 август 1902 година, додека второто писмо, од Јанков до Окружниот комитет, е со датум 7 септември 1902 година. *Спомени на Анастас Янков, маиор Димитър Думбулаков, поручик Борис Сарафов, инж. Христо Станишев, Георги Белев, Коста Шахов*, София, 2003, стр. 158–160.

[477] Писмото од ЦК на МРО, потпишано од Димитар Мирчев, било испратено во градот Костур до членот на Костурскиот комитет Михаил Николов, кој потоа го препратил до другите костурски раководители. Материали изъ миналото на костурско, *Революционното движение въ костурско; спомени отъ М. Николовъ*, стр. 117.

[478] Исто, стр. 117

невистините и клеветите за револуционерното движење изнесени од страна на Јанков. За неговото пристигнување дознале и османлиските власти, кои ги засилиле воените потери и посетите во селата од костурската околија. Тоа, од друга страна, негативно влијаело врз револуционерното движење и врз моралот на населението.

Како и да е, не вродила со плод ниту „засилената преписка меѓу Окружниот комитет во Битола од една, и полковникот Јанков и костурските раководители од друга страна"[479], а со цел врховистичкиот полковник да биде разубеден во својата намера да крене „востание". Јанков, не наоѓајќи поткрепа во вооружената сила на околиската организација за реализирање на планот, своето внимание го насочил кон придобивање на Коте. Грчките пропагандни фактори не би испуштиле ваква шанса да го деградираат ослободителното дело и големото влијание што го имало македонското револуционерно движење во Костурско. Од друга страна, ним им се пружила можност да најдат нови сојузници во борбата против МРО, а, во исто време, и непосредно да бидат во контакт со сите случувања на теренот.[480] На 2 септември бил воспоставен првиот контакт меѓу Коте и Јанков, додека наредниот ден вториов го известил Чакаларов дека ќе се упати кон врвот Лисец за да се сретне со Коте. Без резултат останале обидите на Чакаларов да го разубеди врховистичкиот водач да не оди на договорената средба, објаснувајќи му ги позициите на Коте и неговата соработка со Каравангелис. За Јанков од приоритетно значење била потребата да најде база во селата под влијание на Коте за да ѝ се спротивстави на дејноста на МРО.

Средбата меѓу Јанков и Коте се случила во близина на селото Руља. На неа Коте искажал голем број клевети и невистини за дејствувањето на Костурскиот револуционерен комитет, што секако дека му одело во прилог на бугарскиот полковник, т.е. нив ги искористил во агитацијата против МРО

---

479 А. Лозанчев, *Илинденското востание*, стр. 36.

480 Улогата на Коте за време на врховистичката провокација во Југозападна Македонија доста реално ја опишал Н. Г. Коемтозопулос во биографското дело посветено токму на дејноста на Коте. Коемтозопулос напишал: „Коте одлучи да не ја одбие средбата, надевајќи се дека ќе има придобивка од неа и, доколку е можно, да направи раздор меѓу Јанков и МРО, дело кое му успеа, бидејќи кога Јанков, по средбата со Коте, се врати во (...) Смрдеш на 23 октомври 1902 година, влезе во расправија со Чакаларов и го обвини дека проневерил илјада лири на Комитетот, со што создаде непријателство меѓу нив и поради што беше принуден да се врати кај Коте и да остане заедно со него еден месец сè до своето враќање во Бугарија преку Грција." Ν. Γ. Κοεμτζοπουλου, *Καπεταν Κωττας; Ο πρωτος μακεδονομαχος*, Αθηναι, 1968, стр. 93, 94.

меѓу населението во околијата.[481] Всушност, Јанков воопшто не бил или многу малку бил запознаен со дотогашниот развој на револуционерното движење во Костурско и со соработката на Коте со грчката пропаганда, па оттука и лагите на својот нов соработник ги прифатил со леснотија. Затоа, со право, Кљашев во своите спомени заклучил дека „Јанков и Коте се зближија и станаа најдобри пријатели".[482] Како резултат на ваквиот развој на ситуацијата, според Чакаларов, на 4 септември Костурскиот револуционерен комитет испратил писма „по сите села, да не го слушаат Јанков и неговата дружина".[483] Меѓутоа, подготовките за „востание" добиле на интензитет. Врховистичкиот водач со своите соработници, вклучувајќи го тука и Коте, направил план за дејствување во повеќе места во Костурско, додека главниот напад било предвидено да биде изведен во градот Лерин. На 7 септември, денот предвиден за почеток на востанието, Јанков добил писмото од Окружниот комитет во Битола, во кое се посочува дека не треба ништо да презема бидејќи населението сè уште не е подготвено за таква крупна акција. Во писмото била детално опишана состојбата во костурската околија и неподготвеноста на населението и на самата Организација за авантурата во која сакал да се впушти полковникот, а истовремено во него го замолиле: „(...) застанете, за Бога, додека е време. Не втурнувајте го во ужас убавото Костурско, за кое сте решени да умрете. Не газете ги коските на толку вредни народни дејци, не правете да се стиска срцето на толку затвореници кои жртвуваа сè, а зошто?"[484]

Но тој, следејќи ги насоките на ВМК, не ја почитувал ниту оваа одлука и вечерта на 7 септември се доближил до градот Лерин со 70 вооружени луѓе, најголемиот дел жители на селата кои биле под влијание на Коте, „некои со само 4-5 патрони, а 20-тина со лопати и дикли".[485] Уште истиот ден тој им напишал писма на сите познаници на Коте, преку кои им порачал да го пречекаат, да му донесат газија и дека градот вечерта ќе биде запален. Неупатеноста на Јанков и довербата што ја имал во Коте резултирале со предавство на леринскиот патријаршиски митрополит, кој ја известил власта за планираниот напад на градот, а последицата од тоа било испраќањето големи воени единици од Битола. Јанков, наоѓајќи се

[481] *Спомени на Анастас Янков*, стр. 139, 140.

[482] *Спомени П. Кљашев*, стр. 222.

[483] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, 158.

[484] *Спомени на Анастас Янков*, стр. 159.

[485] *Спомени П. Кљашев*, стр. 224.

во незавидна ситуација, одлучил вечерта на 8 септември да се повлече кон селото Желево.

Периодот што следува бил исполнет со надмудрувања меѓу Костурскиот комитет и врховистичкиот полковник, со меѓусебни обинувања и закани, обиди за помирување, но и со агитација и контраагитација.[486] Организацијата имала конкретен став за целокупната врховистичка провокација, за таа во Горноџумајско, но и за онаа на Јанков во Југозападна Македонија. Во писмото на ЗП од Софија до ЦК на МРО во Солун од септември 1902 година недвосмислено се потенцира дека „сакаме да бидеме доследни во сите активности. Како што дискутираме преку теоријата дека тркалото на нашите работи треба да се движи од самата Внатрешна организација, а не од некакви си надворешни фактори, биле тоа комитети или влада, така и во практиката треба да докажеме дека центарот на тешижтето е, и треба да биде, во Македонија и никаде на друго место. Сега е времето кога треба да го покажеме тоа. Јасно е дека во моментов организацијата ја поминува најголемата криза.“[487] Покрај месното население, разбирливо е дека најголемата штета од ваквата ситуација во околијата ја трпела организациската структура на МРО, а единствена корист од анархијата што ја создал Јанков имале османлиската власт и грчките пропагандни структури.

Покрај неповолната ситуација во која се наоѓало револуционерното движење за време на престојот на Јанков во Костурско, тоа продолжило да ги чувствува и последиците од дејноста на костурскиот митрополит и на неговите соработници. Како резултат на таквата ситуација било решено да биде ликвидиран предавникот Васил и патријаршискиот свештеник од селото Желине. Двајцата претходно добиле директиви од Каравангелис и со пари добиени од него поткупиле двајца муслимани од истото село со цел да го убијат егзархискиот свештеник Динко.[488] Поради ова дело тие биле осудени на смрт, но казнет бил единствено Васил. За жал, во текот на изведувањето на акцијата, во несреќен случај, извршителите на МРО ги убиле и ќерката и внукот на осомничениот Васил, што, всушност, отстапува од утврдената практика на Организацијата да нема непотребни цивилни жртви.[489]

486 Н. Жежов, *Васил Чакаларов*, стр. 73–78.

487 *Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство...*, стр. 44.

488 *Спомени П. Кљашев*, стр. 229.

489 Во спомените Пандо Кљашев на следниов начин го опишал овој настан: „Нашите отидоа, влегоа во куќата на Васил кој не сакал да излезе надвор, па го отепале внатре. При пукањето загинал и неговиот внук, а ќерка му била ранета и набрзо умрела. *Спомени П. Кљашев*, стр. 229.

Престојот на Јанков во Костурско бил одлична можност за Каравангелис да ѝ зададе сериозен удар на МРО. Во писмото до солунскиот митрополит од 10 септември 1902 година, Каравангелис констатира дека состојбата во неговата епархија навлегла „во поинаква фаза“.[490] Костурскиот митрополит мошне вешто го искористил раздвижувањето и јавното пропагирање за кревање востание од страна на Јанков. Во продолжение на неговото писмо тој соопштува дека информациите што ги добива од своите шпиони ѝ ги пренесува на османлиската власт, која во Костур стационирала 2 000 жандарми и војници.[491] Митрополитот бил свесен дека интервенцијата на властите може да му наштети единствено на револуционерниот комитет и на неговата организациска мрежа. Од Каравангелис бил побаран список на сите негови шпиони, кои би помогнале во походот на османлиската војска. Неговиот одговор на ова барање бил следниот: „(...) за да бидат уништени бугарските банди, ќе треба во една ноќ да се опседнат најмалку 40 села и живи да се фатат сите членови на бандите, му испратив и список од тие села.“[492] Од оваа изјава се гледа која била неговата главна цел. Првенствено, користејќи го присуството на Јанков, Каравангелис сметал дека со помош на османлиската власт ќе успее да ја уништи организациската стрктура на МРО во својата епархија. Овој став е поткрепен и од фактот што вооружената група на Јанков броела само неколку десетини четници, за кои и не била потребна толку голема воена сила, со што е очигледно кон кого митрополитот планирал да биде насочена османлиската потера.

Двојната игра што ја практикувала грчката пропаганда во однос на Јанков и на дејноста на македонското револуционерно движење се воочува и од писмото на попот Ставрос Цамис од селото Писодери до грчкиот конзул во Битола од 8 октомври 1902 година.[493] Писмото се однесува на периодот по повлекувањето на Јанков од Леринско и неговото „дружење“ со Коте во селата што биле под негово влијание. Цамис го известил конзулот Пезас дека средбата меѓу него и Јанков со посредство на Коте се случила на 12 септември во селото Желево. Средбата била остварена кога Коте веќе имал речиси едногодишен „стаж“ како соработник на митрополитот Каравангелис. Оттука, тенденциозен е обидот на бугарската историографија да прикаже дека поврзувањето на Јанков и Коте се случило кога вториот уште не бил

[490] Г. Каравангелис, *Македонскаѿа борба…*, стр. 141.

[491] Исто, стр. 142.

[492] Исто.

[493] I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 519–521.

во грчка служба и дека тој, наводно, дури „подоцна преминал на страна на грчките андарти".[494] Во оваа пригода Јанков изнел редица неосновани клевети и обвинувања на сметка на македонското револуционерно движење, кои потоа биле злоупотребени од грчката пропаганда. Воден единствено од идејата да се предизвика реакција на османлиските власти во Југозападна Македонија, тој му соопштил на писодерскиот свештеник дека е потребно македонското население од костурската, преспанската, megленската и од пелагониската околија да се снабдува со оружје и муниција од Грција затоа што е блиску до грчко-османлиската граница. Јанков бил дел од бугарската армија и како таков бил далеку од реалноста да го организира и да го подготвува месното население за борба против османлиската власт. Едноставно, тој никогаш не дејствувал на овој терен како агитатор и организатор на револуционерното движење, не бил во тек со проблемите што ѝ ги создавала грчката пропаганда на МРО; тој ги следел само директивите на ВМК и на бугарската влада. Поради тоа, Јанков не ги знаел тешкотиите со кои се соочило костурското раководство при набавувањето оружје од Грција и дејствата што биле преземени од грчката држава и од костурскиот митрополит за спречување на тој процес. Во продолжение на своето писмо до конзулот Пезас, попот Цамис сметал дека му е должност да го извести за следниве предлози на полковникот Јанков:

„1. Мораме да го убиеме Васил Чакаларов, кој уби многу православни (патријаршисти, б.н.). Им дадов наредба на селата или да го убијат или да го предадат на Турците.
2. Оние шизматички (егзархиски, б.н.) села што не го признаваат светиот костурски и мегленски митрополит мораме да ги убедиме да го прифатат, да одржат литургија и да му ја исплатат годишната давачка.
3. Откога ќе се оствари сето ова, да се сретнеме со конзулот и да разговараме што треба да се направи и да ја замолиме грчката влада за помош."[495]

Како и да е, отворената понуда за соработка упатена од Јанков до грчките пропагандни структури ја покажува целта на ВМК и на неговите пулени: да се оцрнува МРО и да се прикажува како обична мафија била практика на сите комитетски врховистички офицери. Оттука, полковникот

[494] *Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство...*, стр. 20, 21.

[495] I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 519–521.

Јанков бил само еден од низата високо рангирани членови на ВМК кои не само во Бугарија туку и на теренот во османлиска Македонија ја спроведувале ваквата политика. Тој го докажал тоа во Костурско во судирот со околиското раководство на МРО, а најдобро може да се забележи од разговорот што го водел со попот Цамис. Тој не бирал средства да ја компромитира Организацијата, великодушно ѝ ја нудел Јужна Македонија на Грција бидејќи е многу поблиску до неа отколку до Бугарија, барал да се убие Чакаларов, кој Каравангелис го прогласил за најголем „злосторник“.

Кон крајот на октомври 1902 година Јанков преку Нестрамско ја напуштил костурската околија и се упатил кон Грција. До грчката граница го придружувал Коте, на кого, според П. Кљашев, му ја подарил и својата малихерка.[496] Ова ни го потврдува и В. Чакаларов, кој во дневникот забележал дека по враќањето во својот реон, Коте и неговите четворица придружници имале вкупно десет пушки, од кои пет како вишок ги продавале.[497] Анастас Јанков преку Атина се вратил во Бугарија, додека костурскиот реон во зимата 1902/1903 година ги трпел последиците од неговата „востаничка“ авантура. Кљашев и Чакаларов споменуваат дека османлиската власт презела конкретни мерки за уништување на македонското револуционерно движење. Во поголемите селски центри во околијата била стационарана постојана војска, која била на товар на месното население, а поради нивното присуство се пасивизирала до одреден степен и дејноста на МРО.[498] Лозанчев во своите спомени на следниот начин го доловува карактерот на Јанков и неговата авантура во Југозападна Македонија: „Воопшто од преписката што ја разменив со него и од неговите колебања, видов дека Јанков не само што не е сериозен човек туку речиси е неурамнотежен (...) Една од големите пакости која Софија му ја нанесе на Битолскиот округ се вика Јанков.“[499]

---

496 *Спомени П. Кљашев*, стр. 233.

497 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 194.

498 Според Пандо Кљашев, во селото Смрдеш имало 120 војници, во Руља 70, Поздвишта 90, Кономлади 110, Вишени 150, Загоричани од 150 до 200, Костур 500, Хрупишта 300, Нестрам 100 и во Билишта 200 војници, додека кај Васил Чакаларов се сретнуваат следниве бројки: Смрдеш 100 војници, Билица 90, Кономлади 110, Вишени 150, Загоричани 200, Нестрам 100, Костур 500 до 600, Хупишта 250 до 300 и Билишта 200 војници. *Спомени П. Кљашев*, 233. *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, 202.

499 А. Лозанчев, *Илинденското востание*, стр. 36, 37.

## 3.7. КОСТУРСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОКОЛИЈА ВО ПРЕДВОСТАНИЧКА АТМОСФЕРА

Од втората половина на 1902 година во Костурската епархија започнало да се чувствува засилувањето на грчката пропаганда предводена од митрополитот Каравангелис, а насочена против македонското револуционерно движење. Ваквата дејност на патријаршискиот митрополит ги принудило раководителите на Костурскиот револуционерен комитет да преземат соодветни мерки со цел да го спречат негативното влијание врз ослободителното дело. Имено, испраќањето писма до Каравангелис претставувало само еден од начините преку кои МРО го искажувала незадоволството од неговата дејност.

Преземањето ваков чекор од страна на Костурскиот комитет ја покажува немоќта на МРО во тој период целосно да ѝ се спротивстави на дејноста на костурскиот митрополит. Тоа се должело, пред сѐ, на специфичните услови во развојот на револуционерното движење во костурската околија, на црковната поделеност на населението, на влијанието на Каравангелис кое произлегувало од неговиот црковен статус, како и на неговите пријателски односи со месната османлиска власт. Од друга страна, пак, ваквиот начин на комуникација укажува на вискиот морал на МРО во изнаоѓањето најсоодветни решенија во тогашните услови. Почитувајќи го начелото на Уставот на Организацијата, костурското раководство се залагало за сплотување на целото население во борбата за создавање независна македонска држава. Токму со едно од барањата до митрополитот, „кога ги обиколувате нашите села, да проповедате меѓу народот да се сака“, само се потврдува тезата дека револуционерното движење не правело разлика на црковна основа меѓу македонското словенско население. Во писмата отворено се зборува за тоа дека единствен непријател им е османлиската власт, со тоа негирајќи ги тврдењата на Каравангелис за некаков непријателски однос спрема „Грците“ во османлиска Македонија.

Од дневникот на Васил Чакаларов дознаваме дека првото писмо испратено до митрополитот датира од декември 1902 година.[500] Тоа писмо, за жал, сѐ уште не е достапно за историографската наука. Меѓутоа, од второто писмо испратено до него со датум 5 јануари 1903 година, објавено во делото на Георгиос Пецивас „Τα Τετραδια του Ιλιντεν“ (Тетратките за Илинден), се потврдува постоењето на првото, како и реакцијата на митро-

---

[500] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 227–231.

политот на неговата содржина.[501] Оттука, воведниот дел од второто писмо се однесува на претходното, за кое костурското раководство со жалење констатирало дека до нив не стигнал никаков директен повратен одговор од Каравангелис. Сепак, до организациските претставници индиректно, преку населението, пристигнале негативните реакции на митрополитот на нивното прво писмо. Па така, тие во второто писмо заклучиле: „(...) ние знаевме дека нашето прво писмо многу ќе Ве налути, затоа во него се наведени сите Ваши итроштини и незаконски работи.“ Понатаму тие го потсетуваат и го предупредуваат да размисли „колку е страшна работа некој да е предавник на своите браќа! Уште повеќе еден митрополит, еден претставник на Христос да си го предава своето стадо, за кое треба тој прв да се жртвува и да им даде пример на своите потчинети. Ние лично, како што гледате од приложените Ваши престапи, веќе се згрозивме од Вас! А што со народот, домашните и со роднините на оние што се сè уште живи, но мораат да станат жртва бидејќи и понатаму ги насочувате, а тие ја продолжуваат штетната дејност и стануваат предавници. Ви пишавме и во првото писмо и овде ќе Ви повториме“, продолжуваат понатаму костурските раководители во обраќањето до Каравангелис и го советуваат дека „ќе дојде ден кога ќе Ви судат и ќе бараат да бидете казнети и оние ваши расипнички следбеници што ги собирате околу себе, со кои работите сега, а тој ден не е далеку. Запрете, свети Митрополите, додека сè уште има време, затоа што потоа ќе биде доцна и гледајте со почисти, патриотски очи.“

Костурчани не испуштиле да му ги предочат на митрополитот праведноста на својата борба и поддршката што ја добиваат од секаде. „Гледате дека цела Европа е со нас! (...) дека секој трча да помогне и секој му помага со сè што може на нашиот страдалнички македонски народ; така, од далечниот Сибир и од туѓите националности се пружа помош на поробениот Македонец и од сите страни на светот се слуша да ѝ се дадат права на Македонија!!! (...) а, Вие, несреќници! Само вие останавте сојузници на гнилата Османлиска Империја, која ги измеша своите расипани планови и не знае кој пат да го фати! (...) сè уште се надевате дека ќе ја задржите Турција во селата, создадена од лепрозни војници? Уште се надевате дека ќе се загуби континуитетот или дека ќе ги исплашите со нив и им се заканувате на уште некои села да формираат војска? Уште ли се надевате, заедно со вашите предавници, дека ќе уживате во она што копнеете“? На зачестените тврдења на Каравангелис за негов прогон од страна на МРО, од костурчани

501 Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 74–82.

му било одговорено дека е можно населението кое ја поддржува програмата на Организацијата да го напушти него, т.е. Патријаршијата, сè додека „Вие (се мисли на Каравангелис, б.н.) не мислите да престанете да му пречите“.

Во продолжение на писмото костурските раководители му поставиле неколку прашања, со кои сакале да му укажат на неговите (не)дела против Организацијата и против македонското население. „Какви добра му правите на Комитетот (МРО, б.н.) за тој да го сврти погледот кон Вас? Каква помош дадовте досега? Во колку села одржавте говор за Комитетот? Ги охрабривте ли некогаш исплашените работници (се мисли на членови на МРО, б.н.)? Советувавте ли некои од потурчените христијани да не вршат предавства? За жал, го правевте спротивното. Колку пати помисливте да ставите крај на црковното прашање поставено во одредено село? Или мислите дека ќе уживате со тоа што ги држите затворени црквите во Смрдеш, Лобаница и други села. Какво задоволство е тоа?“ Костурските раководители, откако му посочиле дека османлиската власт започнала да ја „своднува главата пред силата на националната волја и на Комитетот (…)“, го запрашале митрополитот: „(...) а Вие? Вие уште продолжувате да сеете омраза и да му правите штети на народот“, по што заклучиле: „(...) не мораме да го продолжиме прогонот против Вас, бидејќи Вие сте веќе полош и од самите Турци.“ Во последниот дел од писмото Костурскиот комитет му поставил седум услови, т.е. барања на митрополитот Каравангелис, кои доколку ги исполни, ќе ја добие нивната целосна поддршка. Барањата биле следниве:

„1. Да ѝ сугерирате на грчката влада да не ѝ пречи (на МРО, б.н.) и таму (во Атина, б.н.) да не ни предизвикува тешкотии.
2. Сите предавници и расипници кои се собираат околу Вас да ги советувате и да ги водите кон правиот пат за да не нè предаваат, да дојдат и да побараат извинување, кое ќе им го дадеме, и така од нив ќе добиете поголема наклонетост и никогаш нема да ви судат.
3. Обидете се да се отвори патот на Комитетот во Костур, да соберат помош од која има голема потреба за затворениците, за поддршка на страдалниците и друго.[502]

---

[502] Во втората половина на 1902 година Костурскиот комитет, поради постојаната потреба од финансии за набавка на оружје и за издржување на четите, одлучил да се обрати со писма до повидното христијанско население и до некои османлиски бегови во градот Костур со цел да се соберат парични средства. *Материали изъ миналото на костурско, Революционното движение въ костурско; спомени отъ М. Николовъ*, стр. 108–113.

4. Затворените цркви во селата да се отворат, со тоа ќе ја добиете наклонетоста на бугарските (егзархиските, б.н.) свештеници, учители и на целиот народ.
5. Да не собирате учители и свештеници насилно во оние села каде што не сакаат и да не ги заплашувате дека ќе испратите аскер во нивните села, затоа што со тоа создавате поголеми непријателства и кај тие селани го губите своето значење како митрополит.
6. Кога ги обиколувате нашите села, да проповедате меѓу народот да се сака, а не како досега, да се мрази и да советувате што е потребно и каде можеме да ги употребиме нашите сили, додека во тие села каде што постои аскер, да ги преземете потребните мерки заедно со селаните да го дигнат (протераат, б.н.), затоа што притисоците, штетите, нечесноста кон жените се неописливи, па ние, христијаните, не можеме да страдаме и да гледаме ладнокрвно.
7. Да нѐ запознаете со сите планови и цели на турската влада, нешто кое зависи од Вашата сила, откако ќе одредиме посебни курири и пунктови за предавање на информации и друго.“[503]

Сосема на крајот, костурското раководство побарало од Каравангелис да ги прифати овие барања, од кои биле убедени дека тој ќе добие „големо нешто, освен тоа и народот кој денес Ве мрази, ќе Ве сака и ќе Ве цени. Од овие наши барања ништо не губите и лесно можете да ги исполните. Тогаш и ние ќе побараме да ја бакнеме Вашата света десна рака, ќе заборавиме сѐ од минатото и ќе се надеваме дека ќе има ред во борбата за да ја видиме светлината од Вас, ќе мораме да се здружиме во борбата за живот и да го развиеме нашето знаме под кое мораме да се бориме сите во борбата на живот или смрт и да извикаме: Долу Турција, да живее Македонија“. Во секој случај, еден од ризиците по Костурскиот комитет од испраќањето на овие писма, во кои отворено била наведена целокупната негативна активност на костурскиот митрополит, била можната нивна злоупотреба од страна на Каравангелис и, во краен случај, тие да бидат предадени на османлиската власт.

Паралелно со овој процес, во истиот временски период кога Каравангелис ја засилува дејноста против МРО (втората половина на 1902 година), кај организациските првенци од костурската околија се забележува засилена агитација за убедување на патријаршиското население да ја

[503] Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 74-82.

напушти Вселенската црква и да премине кон Егзархијата. Зачестеното практикување на оваа појава претставува карактеристика на целата наредна година. Првенствено, одлуката на Костурскиот комитет била донесена како резултат на негативното влијание кое костурскиот митрополит го ширел меѓу патријаршиското население, но и на засилената агитација против македонското револуционерно движење. Од друга страна, овој процес претставувал и своевиден притисок врз пропагандните политики на Каравангелис. Според грчкиот публицист Георгиос Пецивас, еден од можните мотиви за ваквата постапка на првенците на македонското револуционерно движење во околијата се должи на одлуката од 1902 година, според која, „Патријаршијата даде наредба за патријаршистите да се повлечат од соработката во подготовките за востанието“.[504] Исто така, тогашниот член на Окружниот комитет во Битола Анастас Лозанчев, во своите спомени вели дека се наметнува следното прашање: „(...) гркоманските села да се откажат од Патријаршијата и да се вклучат во Егзархијата.“[505] Според Лозанчев, Организацијата немало да учествува во овој процес, а и на Егзархијата не ќе ѝ дозволела да се занимава со тоа прашање, односно „секој сам може да се откаже од Патријаршијата“.[506] Како причини за немешање на Организацијата во ова прашање, Лозанчев го навел следното: „(...) прво – четите беа еднакво примани и кај егзархистите и кај патријаршистите, и второ – бидејќи помалку биле надгледувани од власта, кај последните (патријаршиските) села наоѓаа поголема заштита и сигурност“.[507]

Меѓутоа, ситуацијата во Костурско била специфична и не можела да се спореди со онаа во другите околии во османлиска Македонија, а тоа, пред сè, се должело на засилената грчка пропаганда, во прв ред на дејноста на митрополитот Каравангелис. Потврда за ваквата констатација наоѓаме и во дневникот на Чакаларов, кој забележал дека на „општото собрание“ во селото Бапчор, одржано на 29 август 1902 година, покрај за другите организациски работи, се дискутирало и „за однесувањето на владиката и Грците кои прават пакости и ги затвораат нашите луѓе“, при што жителите од тој крај „признаа дека Грците се нашите врагови и се согласија да се откажат од владиката“.[508] По неколку дена тоа било побарано и во

[504] Γ. Πετσίβας, *Ιωάννης Καραβίτης, Ο μακεδονικός αγών...*, стр. 17.

[505] А. Лозанчев, *Илинденското востание*, стр. 38.

[506] Исто, стр. 38.

[507] Исто, стр. 38.

[508] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 153.

селото Статица: „(...) им рековме да се одделат од Патријаршијата и да си ја признаат својата народност (селото Статица беше гркоманско). Сите го примија тоа на драго срце и со задоволство.“[509] Според П. Кљашев, на 28 февруари 1903 година била донесена одлука „да се смират егзархистите и гркоманите“ во Смрдеш, „кои повеќе од 12 години меѓу себе беа непријатели“.[510] Во продолжение на текстот Кљашев нè информира дека по само две недели селото Смрдеш преминало во Егзархијата, а овој пример го следеле и други села. Во март 1903 година, според него, Егзархијата ја признале следните села: Косинец, В’мбел, Врбник, Жупаништа, Апоскеп, Габреш, Кономлади, Бапчор и други.[511]

Во меѓувреме, Каравангелис за време на една од своите посети на Битола ја искористил можноста за пред австроунгарскиот конзул во градот, Аугуст Крал, да ја искаже вознемиреноста од случувањата во Костурската епархија. Сличен ваков настан потврдил и српскиот конзул во Битола, Михаило Ристиќ, кој не го соопштил името на конзулот пред кој се „исповедал“ Каравангелис, но дека пред него митрополитот „говорел (...) дека останал без епархија“.[512] Конзулот Крал за состојбата во епархијата испратил извештај до својот министер за надворешни работи, грофот Агенор фон Голуховски. Крал потврдил дека голем број „словенски села“ преминале во Егзархијата, но и го пренел стравот на Каравангелис за можноста околијата целосно да стане егзархиска врз основа на молбите што биле испраќани од селата. Според Крал, „обезбедувањето на еден митрополитски берат за Костур ќе биде само прашање на време“.[513] Вината за ваквата состојба во епархијата тој не ја гледал во македонското револуционерно движење, туку директно го посочил костурскиот митрополит за тоа. Исто така, конзулот го известил својот претпоставен во Виена дека „револуционерите покажуваат

509 Исто, стр. 161.

510 За Кљашев, борбата меѓу нив била жестока; егзархистите немале цркви и канбани, а се молеле во училиштето. Според него, помирувањето меѓу нив би се случило тогаш кога патријаршистите би ја отвориле црквата и за егзархистите. *Спомени П. Кљашев*, стр. 240.

511 Исто, стр. 240.

512 *Извештаи од 1903 година на српските конзули...* стр. 194. Извештај на Мих. Г. Ристиќ, генерален конзул во Битола, до Љуб. Новаковиќ, министер за економија, Битола 21 април 1902 година.

513 *Τα γεγονοτα του 1903 στη Μακεδονια μεσα απο την ευρωπαϊκη διπλωματικη αλληλογαφια,* εισαγωγη Βασιλης Γουναρης, Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, Θεσσαλονικη, 1993, στρ. 158.

одлучност да го казнат со смрт (...) отцепувањето и шпионството, [додека] митрополитот ги поттикнува неговите да ги предаваат (на Турците), акт кој претставува највисоко ниво на расипаност и меѓусебно непријателство“.[514]

Реакцијата на дел од христијанското население во Костурската епархија било очекувано со оглед на негативната кампања на митрополитот Каравангелис во однос на МРО. Оттука, македонските патријаршисти, препознавајќи ја и прифаќајќи ја програмата на Организацијата за ослободување на Македонија од османлиска доминација, во ликот и дејноста на Каравангелис виделе непријател на сопствените интереси и како реакција на тоа започнале да ја напуштаат Патријаршијата како своја црковна определба.

Во текот на март 1903 година Костурскиот комитет решил да направи уште еден обид во напорите да бидат неутрализирани негативните последици од дејноста на Коте. Претходно, несупешен бил и обидот на Тома Давидов (во септември 1902 година Давидов бил назначен од Делчев за војвода на ревизиската чета во Битолскиот револуционерен округ), кој заминал во Преспа да се сретне со Коте „и последен пат да се обиде да го донесе на вистинскиот пат“.[515] Било решено костурската чета со неколку луѓе од селата Косинец, В’мбел и Смрдеш да замине во селото Руља и во другите села по течението на Рулска Река. За време на престојот во Руља, жителите, од една страна, се жалеле од поведението на својот соселанец, а, од друга страна, со радост ја примиле веста дека Организацијата има намера да се помири со него. Сепак, Коте останал на својата позиција и им се заканил на своите соселани дека ќе го изгори селото доколку се појават на собранието организирано од раководителите на Организацијата.[516] Планот да се посетат и другите населени места кои биле под контрола на Коте пропаднал поради предавство. Османлиската војска веќе наредниот ден, на 18 март, извршила претрес во селата Желево, Писодери и Оштима.[517]

---

514 *Τα γεγονοτα του 1903 στη Μακεδονια μεσα απο την ευροπαϊκη...*, стр. 158.

515 А. Лозанчев, *Илинденското востание*, стр. 38.

516 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 257.

517 Предавството на организациската чета било потврдено и од Кузо Поп Хараламбов. Тој на 22 март 1903 година бил повикан од Костур и му соопштил на Васил Чакаларов дека предавството било направено од Коте со посредство на Каравангелис. Исто така, последниот му се исповедал на Хараламбов за следново: „Сега е битисана веќе Чакаларовата, тој бил со 100 души во Желево, за да се помири со Коте, но Коте не сакал: сега веќе чекаме најмалку петнаесет глави ќе се донесат (…).“ Исто, стр. 260.

Во тој период во околијата пристигнал Борис Сарафов, кој подоцна заедно со претставниците на Костурскиот комитет се упатил на Смилевскиот конгрес. Сарафов го прифатил решението на Костурскиот комитет за ликвидација на Коте. Од друга страна, последниот го искористил присуството на Сарафов и на 23 март му испратил писмо во кое го поканил на средба, без присуство на костурските војводи, за да „види како народот се жалел од нив“.[518] Сепак, Сарафов не му поверувал и целосно застанал зад ставовите на Костурскиот комитет. Паралелно со обидот на Коте да се претстави како позитивна и конструктивна личност, од веќе споменатиот извештај на српскиот конзул во Битола дознаваме дека Коте истовремено испратил писмо и до грчкиот конзулат со барање да се испратат андарти од грчката држава, а со цел да се борат против силите на македонското револуционерно движење.[519] На 28 март дел од костурското раководство заедно со Сарафов, за време на престојот во селото Смрдеш било предадено на османлиската власт во градот Костур од страна на Каравангелис.[520] Овој чин на митрополитот уште еднаш докажува дека тој не бирал средства во борбата против костурските сили на МРО, а тоа најчесто го правел како доушник на месната османлиска власт. Македонските револуционери успеале безбедно да се повлечат од опколениот Смрдеш по координираната акција на комитите кои биле во Смрдеш и на селската милиција која била повикана од околните села, а кои ја нападнале војската од зад грб.[521]

Во исто време од Атина се вратил и претставникот на МРО во Грција, Лазар Киселинчев, кој го пренел негативниот однос на официјалните грчки органи кон членовите на револуционерното движење, како и улогата на Каравангелис во тие процеси. Подоцна бил направен повторен обид да се стапи во контакт со Коте за да се убеди да започне да работи во согласност со принципите на Организацијата. Тоа се случило пред заминувањето на костурчани на закажаниот конгрес во селото Смилево. Коте повторно ја

518 Н. Жежов, *Васил Чакаларов*, стр. 85.

519 *Извештаи од 1903 година на српските конзули...* стр. 194. Извештај на Мих. Г. Ристиќ, генерален конзул во Битола, до Љуб. Новаковиќ, министер за економија, Битола 21 април 1902 година.

520 Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 63, 64.

521 Повеќе за самата битка во селото Смрдеш види кај: Н. Жежов, *Васил Чакаларов*, стр. 86–88.

одбил средбата, а овој пат како изговор му послужило убиството на Геле од селото Трсје.[522]

Ликвидацијата на еден од најблиските соработници на костурскиот митрополит предизвикало паника и лавина негодувања кај грчките пропагандни служби во Македонија. Според Каравангелис, убиството на Геле било извршено од четата на Б. Сарафов,[523] додека Кљашев споменува дека убиството било направено по наредба на Сарафов.[524] Меѓутоа, за овој настан најрелевантни податоци ни оставил Чакаларов. Во својот дневник тој го запишал сведоштвото на леринскиот војвода Петар Тинев, кој бил задолжен од Сарафов да го изврши убиството. Покрај Геле, биле фатени уште двајца негови соработници, но по нивното сослушување и соодветното казнување биле пуштени на слобода. Геле бил убиен на 25 март 1903 година во блиската планина над селото Трсје, Леринско, додека наредниот ден истата судбина ја имала и неговата сопруга, од која биле одземени 20 лири, пари кои Геле ги собирал од селаните.[525] Откако дознал за судбината на својот соработник, Каравангелис, „потресен и вон себе", испратил телеграма до Патријаршијата, во која ја поднел својата оставка.[526] Разбирливо, таа била одбиена, бидејќи неговото присуство било од исклучителна важност за грчката пропаганда во тој дел од Македонија.

Како и да е, во периодот кога МРО забрзано се движела во насока на кревање востание, претставниците на грчката пропаганда започнале да ја испитуваат можноста за испраќање вооружени групи од грчката држава во делови од територијата на османлиска Македонија. Најзаслужни за реализирање на оваа идеја биле П. Мелас и група млади грчки офицери, додека најактивен иницијатор бил митрополитот Каравангелис. Во подготовките за пристигнување на првата група андарти од Грција активно учествувал и Ј. Драгумис. Последниот, иако бил против идејата за испраќање параво-

---

522 Васил Чакаларов забележал дека писмото до Борис Сарафов е напишано од Апсотол Чакаларов (соработник на Коте и на Атанас Јанков и братучед на Васил Чакаларов), а потпишано со грчки букви од Коте. Во него било запишано следното: „Не сакам да се сретнам со вас, зошто знам веќе дека Геле е убиен по ваше желание, затоа црпам примери и за себе си, дури најдобро ќе биде да не доаѓате во нашиот реон ако сакате да не отвараме работа на некои весникари во некоја слободна држава." *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 272.

523 Г. Каравангелис, *Македонската борба...*, стр. 23.

524 *Спомени П. Кљашев*, стр. 237.

525 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов,* стр. 273–274.

526 Г. Каравангелис, *Македонската борба...*, стр. 23.

ени формации од Кралството Грција, ги вложил сите напори за успешно реализирање на планот. Имено, Драгумис сметал дека најдоброто решение за „одбрана“ на *елинизмот* во Македонија се четите составени од месното население. Првите информации што стигнале до него за планот за испраќање вооружени луѓе во османлиска Македонија датираат од крајот на март 1903 година, а му биле испратени лично од Мелас.[527]

На почетокот на април 1903 година Каравангелис заминал на консултации во грчкиот конзулат во Битола. Во едно од писмата на Мелас до Драгумис, со датум 12 април 1903 година, се појавуваат првите сомнежни за дејноста на Коте, и покрај тоа што во тој период истиот на неколку пати децидно ја одбил соработката со МРО. Гласиштата што стигнале до Атина се однесувале на помошта што наводно ѝ ја дал на опколената чета на преспанскиот војвода Славејко Арсов.[528] Мелас побарал од Драгумис да го потврди или да го негира овој настан. Исто така, со цел да се осигури верноста на Коте кон грчката пропаганда, Мелас предложил да му се „нареди (…) да убие неколку Бугари“.[529] Ваквите сомнежи биле негирани од страна на Драгумис, но, сепак, го известил Мелас дека одново ќе му пише „на костурскиот (митролопит, б.н.) да внимава на Коте“.[530]

Решението на Смилевскиот конгрес за кревање востание во Битолскиот револуционерен округ значело преземање конкретни мерки за негово што поуспешно реализирање. Во таа насока, костурското раководство на МРО одлучило на Коте и на неговата дружина да им предложи да се самораспуштат, а потоа да се приклучат кон селските чети или пак да останат на располагање на Костурскиот комитет додека не пристигне решението од ОК во Битола за нивната понатамошна дејност. Исто така било предвидено да се покани населението од четирите села (Руља, Желево, Оштима и Трново),

---

527 Писмо од Павлос Мелас до Јон Драгумис од 29 март 1903 година. Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 67.

528 Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 79. Најверојатно станува збор за битката во селото Љубојно, која се случила кон крајот на февруари 1903 година, но во спомените на Славјеко Арсов не се споменува дека во неа била побарана помош од Коте или дека тој учествувал во судирот со Османлиите. *Спомени С. Арсов*, стр. 91–94. Од друга страна, конзуларните претставници во Битола најверојатно имале погрешни информации дека во оваа битка учествувал и Коте и дека, всушност, неговата група била опколена во Љубојно. *Извештаи од 1903 година на српските конзули*... стр. 148.

529 Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 79.

530 Писмо од Јон Драгумис до Павлос Мелас, 21 април 1903 година. Исто, стр. 83.

кои биле под контрола на Коте, активно да учествува во подготовките и во текот на востанието.[531] Овој потег на МРО имало за цел да постигне што поголема сплотеност на македонското население во моментите кога му се нудела можност само да одлучи за својата судбина. Од суштинско значење за обединувањето на христијаните во османлиска Македонија, па оттука и во Костурско, било надминувањето на црковните разлики и меѓусебното несогласување предизвикано од разните туѓи пропаганди. Тоа го забележал и австроунгарскиот конзул во Битола, А. Крал. Во делото „Македонската криза 1904 – 1907", Стефанос Драгумис ни го пренел ставот на Крал: „(...) австриskиот конзул во Битола им предложи на претставниците од жителите на селото Смрдеш да водат сметка да ги зближат Коте и Комитетот и ако не успеат, да го убијат [Коте] како разбојник."[532]

Немањето повратен одговор од страна на Коте и на другите соработници на костурскиот митрополит значело неприфаќање на подадената рака за помирување со револуционерното движење. Поради тоа било решено да се навлезе во селата што биле под влијание на Каравангелис со цел да бидат неутрализирани неговите соработници. Во дневникот на Чакаларов се опишани подготовката за изведување на акцијата, целта и луѓето што се планирало да бидат казнети. За жал, дневникот од 21 мај до 24 јуни 1903 година е прекинат, односно неговите издавачи наведуваат дека тие страници се изгубени или уништени. На 20 мај Чакаларов, откако ги набројал сите оние што требало да бидат казнети, соопштил дека костурската организациска чета се поделила на два дела. Тој, Кљашев и Иван Попов со половина од четниците се упатиле кон селото Писодери, додека Л. Поп Трајков, М. Розов и Митре Влашето со другата половина заминале за селото Желево.[533] Според Попов, откако дознале дека во Писодери има османлиска војска, го промениле својот правец на движење и се упатиле кон Желево.[534]

Овој настан го опишал и патријаршискиот свештеник од Писодери, Ставрос Цамис, во писмото испратено до Мелас од 23 мај 1903 година. Цамис информира дека на 21 мај војводата Чакаларов со 180 четници влегол во селото Желево, а на претходницата предводена од Митре Влашето се обиделе да ѝ се спротивстават десетина вооружени селани, но сепак не се

---

[531] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, 302.

[532] Στεφανος Δραγουμης (Γνασιου Μακεδονου), *Μακεδονικη κρισις; Η τουρκικη διακοινωσις και διακοινωσις των δυο 1904-1907*, εν Αθηναις, 1907, стр. 65.

[533] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 305.

[534] *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 26.

случил никаков посериозен судир. Целта на МРО била да се казнат единствено соработниците на грчката пропаганда, а не да се тероризира мирното население во селото. Овој факт му бил добро познат и на попот Цамис, кој, сепак, напишал: „(...) тогаш Митре, а никој не знае од која причина, започна да се однесува пријателски кон жителите на Желево.“[535] Во меѓувреме се случило предавство, кое, според И. Попов, било направено од жители на селото Желево.[536] Имено, од селото Писодери пристигнале 100 војници, со кои најпрвин се судрила четата на Митре Влашето, а на која подоцна ѝ дошле на помош и преостанатата поголема група четници предводени од Чакаларов. Треба да се спомене дека Павле Киров со неколку жители на Желево се приклучил да ѝ помогне на османлиската војска.[537] Подоцна во селото пристигнале и 40 коњаници од Лерин, но веднаш биле нападнати од четниците, кои успеале да убијат еден коњаник. По овој настан коњаницата се повлекла во селото Писодери. Судирот траел до доцните вечерни часови, по што организациската чета се повлекла.

Како и во други случаи, и овој пат предавството било главната причина за неуспехот на акцијата. Во писмото испратено на 13 јуни 1903 година, на францускиот конзул во Битола, Констанс, му било соопштено дека „Коте, гркоман, непријател на Чакаларов, им јави на турските војници во Писодери“.[538] Воедно се споменува дека од османлиската војска имало 4 загинати војници, додека организациската чета се повлекла без никакви загуби. Пандо Кљашев во своите спомени наведува дека „во битката од наша страна падна Крсто од Статица, а ние отепавме 10-12 Турци, меѓу кои и неколку коњаници кои сакаа да ни дојдат зад грб“.[539] Како резултат на ова предавство, веќе наредниот ден во Корештата пристигнале османлиски одреди од Костур, Билишта и од Преспа.

Во предвечерјето на Илинденското востание се случил вербален конфликт меѓу претставник на востаничкиот Главен штаб и костурското раководство. Имено, кон крајот на јуни во Костурско пристигнале Груев и Сарафов. На средбата со претставниците на ГШ на 27 јуни на Бесфинска

---

[535] Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 564.

[536] *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 26.

[537] На крајот во писмото има едно дополнување од Јон Драгумис, во кое напишал: „Ние ги вооружуваме и ги охрабруваме жителите на Желево.“ Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 564.

[538] *Τα γεγονοτα του 1903 στη Μακεδονια μεσα απο την ευρωπαϊκη...*, стр. 153.

[539] *Спомени П. Кљашев*, стр. 249.

Планина биле присутни Л. Поп Трајков, В. Чакаларов, П. Кљашев и М. Розов. Покрај искажаната недоверба од страна на Груев кон Костурскиот комитет, вознемиреноста кај костурчани кулминирала со неговото тврдење „дека Коте не бил толку лош, дека тој не е агент на грчкиот владика и бараше писмени докази дека е предавник“.[540] Ваквото мислење на Груев најверојатно се должело на недоволната информираност за состојбите во костурскиот револуционерен реон, имајќи го предвид фактот дека пред само неколку месеци излегол од затвор. За толку кусо време тој не можел да биде запознаен со целокупната дејност на Коте против МРО. Поради таквиот негов став, костурчани одлучиле известување за состојбата во околијата да му дадат само на Сарафов. Последниов, исто така, го убедувал Груев дека и тој бил цел на предавство од страна на Коте и дека не треба понатаму да инсистира на негова поддршка. По вербалната расправија меѓу Сарафов и Груев, последниот изјавил: „Коте е светост, но вие го расипавте со клевети. Но, бидејќи инсистирате да се убие, се согласувам, нека се убие.“[541] Ваквата негова изјава, според Кљашев, претставувала „смртна навреда за нас, кои се боревме со (против, б.н.) Коте, знаевме каков е тој, а сега еден началник така да се изрази за него“.[542] Веќе наредниот ден (28 јуни), на состанокот на раководителите на Костурскиот комитет на В’мбелската Планина било одлучено да бидат ликвидирани извесен соработник на Каравангелис и Коте од селото Брезница, потоа да бидат казнети поддржувачите на Каравангелис во селото Смрдеш и шпионите од селото Желево кои биле одговорни за предавството на револуционерните чети на 21 мај. Одговорноста за реализирање на овие дела му била доверена на војводата Атанас Кршаков.[543]

Од друга страна, на почетокот на мај 1903 година во османлиска Македонија биле испратени четворица Криќани: Ефтимијос Каудис, Георгиос Диконимос-Макрис, Ламбринос Вранас и Георгиос Перакис. Најзаслужни за подготвувањето на оваа мисија биле грчките офицери П. Мелас и Георгиос Цонтос-Вардас. Тие ги испратиле Криќаните во Југозападна Македонија со цел „да ги испитаат можностите за организација на грчки-

---

540 Исто, стр. 253.

541 Исто, стр. 253.

542 Исто, стр. 253.

543 *Извадки од „моето тефтерче“ или Дневникът не един комита – Лазар Киселинчев, Дневник на костурския воивода Лазар Киселинчев 1903 – Югозападна Македония – 1905*, събрал, съставил и коментирал Христофор Тзавела, София, 2003, стр. 60

от отпор“.[544] Мелас обезбедил финансиски средства и дозвола од грчките државни органи, додека Вардас ги регрутирал луѓето. Главна дестинација на „четворката“ биле градовите Битола и Костур, но до нив успеал да стигне единствено одговорниот на мисијата, Г. Перакис. На другите тројца, по симнувањето од брод во Солун и престојот во грчкиот конзулат, заменик-конзулот Кондогурис не им издал дозвола да ја продолжат мисијата.[545] Според историчарот Ангелос Хоцидис, пак, „само Перос (Перакис, б.н.) успеа да ги убеди османлиските власти дека е трговец со добиток и стигна до Битола“.[546] Тој најпрвин се сретнал со Каравангелис, кому му предал писмо од Мелас, а потоа ги посетил Лерин и Битола, каде што се сретнал со месните претставници на „Амина“. Исто така, се сретнал и со Вангел од Стребено.[547] По престојот во Македонија, Перакис се вратил во Атина и ги известил своите претпоставени за состојбата во османлиска Македонија, но и со „наредба на митрополитот (костурски, б.н.) да се врати што побргу, со што поголем број Криќани“.[548]

## 3.8. ВОЕНАТА „ПРОПОВЕД“ НА КАРАВАНГЕЛИС ВО КОСТУРСКО И ПРВАТА ГРЧКА ПАРАВОЕНА ЧЕТА – ДЕСЕТТЕМИНА КРИЌАНИ

Митрополитот Каравангелис никогаш не ја напуштил својата идеја за организирање грчки паравоени формации и нивно испраќање на територијата на османлиска Македонија. Тој постојано се обидувал да изнајде начини за реализирање на вака замислениот концепт на „грчката одбрана“ и покрај противењето и негативниот став на владата во Атина. Нова шанса за оваа идеја тој препознал во младите, иредентистички задоени офицери на грчката армија предводени од П. Мелас, Г. Цонтос-Вардас и Констандинос Мазаракис. Јон Драгумис, без разлика што со скептицизам гледал на ваквиот план, сепак активно учествувал во неговото реализирање. Планот на Каравангелис започнал да го реализира Мелас, на чие барање Вардас

[544] А. А. Χοτζιδης, *Ευθυμιος Καουδης, Ενας κρητικος...*, стр. 12.

[545] В. Трайкова, „Наченки на андарското дело в Македония…“, стр. 53.

[546] А. А. Χοτζιδης, *Ευθυμιος Καουδης, Ενας κρητικος...*, стр. 12.

[547] В. Трайкова, „Наченки на андарското дело в Македония…“, стр. 53.

[548] Писмо од Павлос Мелас до Јон Драгумис, 24 мај 1903 година. Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 119.

одбрал 11 луѓе по потекло од островот Крит. Кон групата биле приклучени и четворицата Критјани кои претходно, на почетокот на мај 1903 година, престојувале во Солун. Решителноста за испраќање оружена група во османлиска Македонија станала нагласена токму по враќањето на Перакис во Атина, каде што го пренел уверувањето дека таму постојат луѓе што се „подготвени да жртвуваат сè за нацијата“.[549]

Мелас и Вардас ја презеле логистиката за екипирање и снабдување на групата со оружје, како и за изнаоѓање финансиски средства без кои не била возможна реализацијата на мисијата. Финансиите, според грчкиот историчар Димитрис Литоксоу, ги обезбедила Французинката Луиза де Раинкур, која за таа цел издвоила три илјади драхми.[550] Бугарската историчарка Весела Трајкова, користејќи како извор едно писмо испратено од Мелас до Вардас, публикувано од Лазар Киселинчев, наведува дека Мелас побарал од Французинката 10 000 франци, но дека таа му ставила на располагање 15 675 драхми.[551] Вардас, со одобрување на Мелас, го направил и изборот на луѓето кои требало да заминат во османлиска Македонија, поточно во Костурско. Од единаесеттемина што биле избрани во март, отпаднале тројца, а на нивно место биле вклучени други двајца.[552] На тој начин групата се намалила на десетмина.[553] Овие поединци, поради големиот број разбојнички и криминални дејанија и постојаниот прогон од османлиските власти, биле принудени да го напуштат островот Крит. Најголемиот дел од нив живееле во Атина, при што за да преживеат, се занимавале со најразлични активности. Така, на пример, Ефтимијос Каудис заминал од Крит поради убиството на извесен Виудас, водач на разбојничка банда, чиј член бил и самиот тој.[554]

Оттука, Критјаните без двоумење го прифатиле предизвикот кој им овозможил да го прават она што најдобро го знаат, т.е. војување, ајдутство и убивање. Ако за организаторите на оваа мисија целта била јасна, тогаш таа во целост не била разбрана од нејзините учесници. Последните „требало

---

549 *Ο Μακεδονικος αγων και εις Θρακην γεγονοτα, Γενικον επιτελειον στρατου...*, стр. 128.

550 Д. Литоксоу, *Грчката антимакедонска...*, стр. 33.

551 В. Трайкова, „Наченки на андарското дело в Македония…“, стр. 52.

552 Исто, стр. 54.

553 За османлиска Македонија тргнле следниве *македономахи*: Г. Сејменис, Г. Зуридис, Г. Стратинакис, Н. Лукакис, Е. Бонатос, Л. Вранас, Е. Каудис и Г. Диконимос-Макрис. Γ. Πετσίβας, *Ιωάννης Καραβίτης, Ο μακεδονικός αγών...*, стр. 17.

554 Α. Α. Χοτζιδης, *Ευθυμιος Καουδης, Ενας κρητικος...*, стр. 11.

да ги засилат месните чети (од типот на оние на Коте и на Вангел, б.н.) и да помогнат да се организираат други“[555] во борбата против македонското револуционерно движење. Меѓутоа, во писмото на Ј. Драгумис до П. Мелас од 20 јуни 1903 година само се потврдуваат нереалните ставови и амбиции на грчките пропагандни фактори за ситуацијата во османлиска Македонија.[556] На Криќаните им било кажано дека „татковината и нацијата“ им се во опасност и со цел да ја спасат, треба да заминат во Македонија. Сепак, ним не им било објаснето против кого треба да се борат и какво население живее на таа територија. Историчарот Георгиос Модис ни пренесува доста детален опис на Криќаните и на ситуацијата во која се нашле за време на својот престој во империјата. Модис во делото „Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη μακεδονικη ιστορια“ запишал: „(...) можеби некои не знаеја каде се наоѓаат. Им кажаа дека далеку во Македонија се случува една посебна и чудна патриотска војна, за која се потребни храбри и решителни борци. И истрчаа (…) не е тешко некој да си го претпостави првиот впечаток кога стигнаа во Стребено. Дотогаш од своите дедовци имаа научено само за еден непријател, Турчинот, тука главен непријател беше Бугаринот. Различна беше и целата област. Планините, дрвјата природата беа место каде што воопшто не виреe маслинката. Различни беа и луѓето, кои зборуваа туѓ јазик.“[557]

Особено внимание привлекува писмото од 17 јуни 1903 година, во кое Мелас го известил Драгумис за пристигнувањето на Криќаните. Имајќи го предвид ставот на Драгумис за создавање чети исклучиво од месното население, Мелас за целата мисија го известил откако работата била завршена, т.е. кога Криќаните веќе биле на пат за Македонија. Драгумис, иако се противел на идејата за испраќање вооружени групи од кралството, сепак по нивното пристигнување во османлиска Македонија активно учествувал во помагањето или во изнаоѓањето решенија како тие на најдобар можен начин

555 N. Μελα, *Παυλος...*, стр. 76.

556 Драгумис, очекувајќи го доаѓањето на десеттемина Криќани со очигледна возбуда, му напишал на Мелас дека „околу Битола и на друго место во внатрешноста има манастири каде што можеме да оставиме наши луѓе (…) некои можат да одат во Света Гора и оттаму да дојдат овде (таму ќе одат или облечени како монаси од Грција или ќе се облечат штом ќе стигнат тука). Некои можат да дојдат директно овде, но мораат да земат фалсификувани турски пасоши или документи. Два-тројца можат да дојдат и јавно како грчки државјани (…).“ Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 155.

557 Г. Х. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη...*, стр. 178–179.

да ги реализираат зададените задачи. Мелас не сакал да го навреди братот на својата сопруга и во писмото му навестил дека „пред да преминам во некои подробности, за да не се вознемируваш, ти велам дека од овде заминаа, минатата недела, 11 (се однесува на 10, а не на 11, како навел Мелас, б.н.) луѓе кон граница“.[558] Не сакајќи да го открие својот удел во целата работа, тој во писмото продолжува: „(...) од момент во момент чекам телеграма од Констандинос Мазаракис за да ми ја кажат причината за нивното заминување“, за, на крајот, целосно да ја отфрли одговорноста за организацијата на тројцата Кри́кани, кои по враќањето од Солун започнале со „дејства за мобилизирање на своите приврзаници“, додека неговата задача, наводно, се состоела „само“ од „нивна подготовка и, особено, од наоѓање пушки“.[559] Разбирлива била ваквата постапка на Мелас кон Драгумис. Таа се должела на чувството на вина поради игнорирањето на ставот на Драгумис, а потоа и поради прикривањето на целокупното организирање на мисијата и од негова страна и од страна на Каравангелис.

На 13 јуни 1903 година Кри́каните тајно ја преминале грчко-османлиската граница со лажни нифузи (лични карти). За нивното пристигнување до границата најзаслужен бил потпоручникот на картографската служба, К. Мазаракис, додека во Каламбака за вооружувањето се погрижиле поручникот Влахојанис, лекарот Рамос, полицискиот капетан Кутрувидас и капетанот Икономидис. Последниот податок јасно ја покажува вмешаноста на дел од грчките државни структури во организирањето на целата акција, со што целата дејност на македонски терен може да се дефинира единствено како паравоена. Тие на 21 јуни пристигнале во Костурско. Најголемиот дел (осуммина Кри́кани) се засолниле во манастирот Св. Никола во селото Чирилово, додека другите двајца, Перакис и Макрис, од Каламбака тргнале за Костур, сместувајќи се во зградата на митрополијата. Тие во митрополијата му го предале на Каравангелис писмото адресирано од П. Мелас и К. Мазаракис со датум 11 јуни 1903 година. Каравангелис во спомените кажува дека во писмото Мелас му напишал: „(...) кога ќе го научат добро теренот, да ги направиш војводи.“[560] Но, според Весела Трајкова, во писмото објавено во спомените на К. Мазаракис, покрај основното запознавање на Каравангелис со андартите, се нагласува дека треба „да се образложи околу сигурноста и да не се компромитираат како грчката држава и армија, чии

---

558 Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, *стр.* 149.

559 Исто, стр. 155.

560 Г. Каравангелис, *Македонската борба*…, стр. 27.

службеници ја поттикнале андартската операција, така и Патријаршијата, чиј службеник е Каравангелис; [за таа цел] се воведуваат шифри. Во писмото се наведува дека Перакис лично требало да му предаде на митрополитот шифриран речник. Последниот, пак, бил обврзан да ја научи шифрираната кореспонденција од еден од соработниците на Мелас.“[561] Понатамошната кореспонденција меѓу андартите и организаторите во Атина се водела преку куси писма, во кои на Криќаните им се нагласувало да не разгласуваат од каде доаѓаат.[562]

Набргу со помош од доверлив човек на Каравангелис, во манастирот во селото Чирилово пристигнале Перакис и Макрис. Уште првиот ден од нивниот престој во манастирот Св. Никола бил избегнат судир со четата на Чакаларов, која истата вечер поминувала покрај манастирот и побарала да се види со игуменот.[563] Попладнето на 22 јуни, по наредба на митрополитот, Вангел од селото Стребено ги прифатил андартите, со кои неговата чета достигнала бројка од 25 луѓе. Макрис во своите спомени на следниот начин ги опишал првите впечатоци за Вангел и за нивното заедничко движење: „(…) заминавме веднаш за Лехово и за Стребено. Со Вангел бевме слободни да се движиме по цел ден, затоа што тој имаше дозвола од Хусеин-паша, пријател на митрополитот, да има чета и да ги прогонува Бугарите. И така поминавме и од Лехово, јавно, преку ден.“[564] На 26 јуни тие се стационирале во леринското село Лехово, кое било населено со доминантно православно албанско население. Во селото, групата разбрала дека Каравангелис се подготвува за обиколка низ леринските села Лехово, Стребено, Зеленич, Ајтос и Негован.

Токму во моментите кога МРО го подготвувало македонското население за долгоочекуваното востание, костурскиот митрополит, кој бил добро информиран за настаните што следуваат, решил дека е вистинското време сериозно да ѝ наштети на Организацијата. Оваа своја намера тој ја изнел и пред британскиот заменик-конзул, Питер Џ. Мек Грегор, за време на неговата посета на Битола веднаш по завршувањето на обиколката низ селата од Костурската епархија. Во извештајот од 31 јули 1903 година,

---

561 В. Трайкова, „Наченки на андарското дело в Македония…“, стр. 55.

562 Исто, стр. 55.

563 Писмо од Г. Перакис до П. Мелас, Белакмен, 3 јули 1903 година. Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 577.

564 Γ. Δικωνυμος-Μακρης, *Ο Μακεδονικος Αγων, απομνημονευματα*, ΙΜΧΑ, Θεσσαλονικη, 1959, стр. 1.

Мек Грегор го известил британскиот генерален конзул во Солун, Р. Грејвс, за дејноста на Криќаните во Костурско, при што напишал: „(...) во текот на својот последен престој овде (се мисли за престојот на Каравангелис во Битола, б.н.) ја соопшти својата намера да ги клевети и да им нанесе штета на Бугарите со секое расположливо средство.“[565] Митрополитот бил уверен дека грчката пропаганда во Југозападна Македонија ќе успее да го смени текот на настаните преку групите на Вангел и на Криќаните од една и преку онаа на Коте од друга страна.

Плановите за дејноста на овие вооружени групи Каравангелис му ги соопштил и на Ј. Драгумис. Според него, планот бил следниот: откако Криќаните ќе се соединат со Вангел, „да се сретнат со Коте и Павле (Киров, б.н.). Оттаму ќе одат во Врбник, каде што наш следбеник ќе ни го предаде Чакаларов. Верувам дека наредната недела ќе биде убиена целата чета на Чакаларов. Подоцна ќе продолжиме северно. Во Неред ќе наредам убиство на бугарскиот поп, па дури и убиство на голем број Бугари. Исто и во Косинец, но во почетокот на јули. П.С. Бидејќи на 28 и на 29 овој месец заминувам во обиколка, испрати ми 20 лири за првата обиколка.“ Седум дена подоцна, во ново писмо до Драгумис, откако Криќаните биле веќе пристигнати во Македонија, Каравангелис со очигледно задоволство и голем ентузијазам напишал: „(...) јас лично од Лехово ќе одам да ги средам работите (за парите, б.н.), така што вие не грижете се, бидејќи се вознемирува Комитетот, работам на тоа да се испрати аскер и верувам дека оружје ќе им дадам само на оние што сакаат да се обединат со четата на Вангел. Не кажувајте дека имам пушки, зашто покрај жителите на Лехово, и други села почнаа да бараат, така што пушки ќе давам само на четниците, селаните нека си купуваат сами со свои пари.“

Запознаено со идејата за скорешното востание, населението во Костурската епархија на секој можен начин се обидувало да дојде до оружје. Овој процес бил воочен и од самиот митрополит, при што се обидел да го ограничи вооружувањето на населението така што делел оружје само на свои доверливи луѓе. Во продолжение на писмото, Каравангелис во детали му го образложил планот на Мелас: „Вангел во митрополијата се договори со кајмакамот да оди по селата и да прогонува, тајно и со валијата. Бидејќи постои опасност од судир со аскерот (…) Доставив и 80 лири, кои ќе ги добие (Вангел, б.н.) кога ќе го нападне Чакаларов, така ќе работиме посистематски и посигурно, истовремено и другите чети ќе работат тајно

---

565 *Τα γεγονοτα του 1903 στη Μακεδονια μεσα απο την ευρωπαϊκη...*, стр. 161.

под надзор на Вангел. Чакаларов се наоѓа некаде близу до нас, не отиде во Врбник (…) Му благодарам на Мелас за револверот што ми го испрати. Извести го Мелас дека треба да ја зголеми месечната плата зашто четите се многу, а треба плати и за нашите."[566]

Во посочениот период, од двете писма на костурскиот митрополит се открива целокупната дејност на грчката пропаганда во тој дел од османлиска Македонија. Каравангелис имал на располагање вооружена група составена од месното население и паравоени сили од грчката држава, кои на теренот, со премолчена дозвола на дел од пониските структури на османлиската власт, дејствувале како полурегуларна воена формација. Финансирањето на групата била под директна контрола на официјални лица од грчката држава, која, исто така, преку свои канали внела извесно количество оружје. Целта на Каравангелис била ликвидацијата на Чакаларов и, по можност, на други припадници на Организацијата и/или на егзархискиот клер. На овој начин тој сакал да предизвика што е можно поголем удар врз структурата на МРО, но и врз егзархиската пропаганда во костурската околија, надевајќи се дека така би го вратил изгубеното влијание на Патријаршијата.

На 29 јуни Каравангелис започнал обиколка низ дел од селата во епархијата под негова јурисдикција. Пред да тргне, костурскиот кајмакам му доделил и придружба од 25 војници (најголемиот број Албанци) на чело со капетанот Рустем-беј, исто така Албанец. Првата средба на оваа мешана дружина, составена од Каравангелис, османлиската придружба и од Криќаните, со Вангел се случила меѓу леринските села Стребено и Лехово. Митрополитот се запознал и со другите 8 андарти, кои „беа вооружени и носеа чизми и критјански качкети".[567] Во тие моменти, за „борците" по потекло од Крит и за османлиските војници се случила една несекојдневна ситуација. Појавувањето на Каравангелис со неговите османлиски сојузници претставувало збунувачка слика за Криќаните, кои освен „Турците-неверници", не познавале друг непријател. Од друга страна, Рустем-беј, здогледувајќи ги андартите од Крит, зачудено го прашал митрополитот: „Кои се овие?"[568] Следејќи ги јасните директиви на своите претпоставени од Атина, а со цел да не се компромитира грчката држава,

---

[566] Првото писмо од двете што Каравангелис ги испратил до Ј. Драгумис е датирано на 18 јуни 1903 година, додека второто е од 25 јуни 1903 година. I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 575–576.

[567] Г. Каравангелис, *Македонската борба*…, стр. 28.

[568] Исто, стр. 28.

Вангел, но и Криќаните се обиделе да се претставаат како „Македонци од елинофоната зона, значи, едни од Сјатиста, други од Конско, трети од Богатцко итн.“[569] Меѓутоа, Рустем-беј многу лесно ги препознал. Имено, тој еден период од својот живот поминал во Атина, каде што завршил и гимназија, додека еден од неговите придружници, Сафхат-чауш, порано служел во жандармеријата на Крит. Откако Каравангелис им ја објаснил мисијата на андартите дојдени од грчката држава, тие заедно со четата на Вангел и со османлискиот одред се засолниле во селото Лехово. Педесетчлената вооружена група ја поминала вечерта во меѓусебно запознавање. Во своите спомени костурскиот митрополит на следниот начин го опишал заедничкото дружење: „(...) вечерта на Св. Апостоли се одржа голема веселба со печено месо и многу вино. Луѓето од придружбата се опијанија и почнаа да се бакнуваат меѓу себе. Такво беше збратимувањето, што нè правеше да не се плашиме веќе дека Турците ќе нè предадат.“[570]

На 3 јули 1903 година костурското раководство ги добило првите конкретни сознанија за дејствувањето на грчката платеничка група. На тој ден Чакаларов во својот дневник забележал: „Уште од зори ми донесоа неколку писма со разни непријатни содржении. Од Мокрени ми пишуваат дека грчкиот костурски владика бил во Елхово (селото Лехово се сретнува и како Елхово и Елеово, б.н.) со предателот Геле (Вангел, б.н.) и со 40 души аскер, ги турнале под иследување елеовените, дали одат комити во нивното село, колку пушки имаат, дали и јас сум бил таму и кога сум бил, за каде сум заминал итн. Загоричани и тие се жалат од циркулирањето на Геле по селата заедно со аскерите. И Попов пишува дека една дружина од 10 души испратена од Коте, под предводителство на Апостол Чакаларов била околу Бапчор… (Од друго место научивме дека Коте влегол во споразумение со Гелето од Сребрено, за да дејствуваат против нас).“[571]

Од селото Лехово преку селата Сребрено и Невеска, костурскиот митрополит со својата шаренолика вооружена свита пристигнал до првата цел на обиколката – леринското рамничарско село Зеленич. Селото било населено со доминантно егзархиско население и со мал број патријаршисти и муслимани. Со околу 350 фамилии, ова населено место претставувало вистински предизвик за аспирациите на митрополитот. Во спомените тој раскажал дека во Зеленич „дваесет и пет години нема влезено патријаршиски

[569] А. А. Χοτζιδης, *Ευθυμιος Καουδης, Ενας κρητικος...*, стр. 45.

[570] Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 28.

[571] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 311–312.

архиереј (…) Селото имаше четири попа Бугари, односно егзархисти, дури еден од нив бил Грк од Пелопонез, а бил бугаризиран[572]. Патријаршиски бил само еден поп, попот Димитри, кој заедно со петнаесет фамилии, а посебно Граменопулите и нивните роднини, му останал верен на *елинизмот*."[573] Повторното враќање на еден висок патријаршиски службеник во селото било најавено со пукотници на грчката оружена група. Неочекуваните „гости" се сместиле во куќата на попот Димитри. Намерата на Каравангелис да одржи литургија во големата црква најпрвин му ја соопштил на својот домаќин, а потоа наредил да се повикаат муфтарот и селските првенци. Од нив ги побарал клучевите од црквата, а притоа не испуштил да им се закани со зборовите: „Оставете ги шегите (…) јас ќе ја извршам светата литургија. Имам војска. Вистински јунаци. Сите офицери. Помина времето што го знаевте, сите под нож ќе ве поминеме."[574] Митрополитот се чувствувал доволно моќен да им упати вакви закани на жителите на Зеленич, што се должело на присуството на Криќаните, но и на неформалното сојузништво со османлиската власт. Меѓутоа, селските првенци, по консултациите направени со другите селани, одбиле да му ги предадат црковните клучеви. Во тие моменти разгневениот Каудис се обидел да го убие селскиот муфтар, но Каравангелис го спречил во таа намера. На крајот, на митрополитот му биле дадени клучевите откако бил физички нападнат муфтарот, но и по повторните закани на Криќаните дека ќе го опожарат селото.[575] На таков начин, со закани, „'слугата божји' (…) потпрен врз турската војска се чувствувал многу силен, влегол во црквата и одржал 'божја служба'."[576]

Својата прва „победа" костурскиот митрополит ја прославил во манастирот Св. Богородица под влашкото гратче Невеска. Игуменот ги

---

[572] Каравангелис го употребил овој термин за да означи дека свештеникот преминал во егзархиска служба.

[573] Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 28.

[574] Исто, стр. 29.

[575] На овој настан накусо се осврнал и Чакаларов во својот дневник, во кој на 12 јули 1903 година пишува: „Вечерта дојдоа кај мене Поп Трајков и Розов. Им напишав на леринци да ги доведат четите и да ни определат место за средба, за да го нападнеме предавникот Вангел Геле Сребренецот. Тој предавник, со помош на грчкиот владика, почнал да прибира околу себе разни елементи и да ги преследува нашите чети. Пред неколку дена, владиката заедно со аскер и Геле отишле во Зеленич; ја скршиле вратата на црквата и после ја запечатиле. Притвориле неколку работници и си заминале." *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 325.

[576] К. Битовски, *Грчката „Македонска…*, стр. 80.

пречекал со богата трпеза, на која гостите не можеле да ѝ одолеат, а во најголем дел и се опијаниле, а гркофилот Рустем-беј дури ја испеал и грчката национална химна.[577] Леринското село Ајтос било следната цел на оружената група на митрополитот. Во селото тој одржал литургија, за чија цел повторно биле употребени заканите и заплашувањето на населението со оружјето на грчките платеници.

За време на подготовките на оружената група да се упати од Ајтос кон селото Негован, Каравангелис добил предупредувачко писмо од Невеска. Имено, писмото било испратено од жител на гратчето кој бил дел од структурите на МРО, но и дел од шпионската мрежа на митрополитот. Од него Каравангелис бил информиран дека четата на војводата Александар Турунџев поставила заседа меѓу селата Ајтос и Негован, токму на патот по кој требало да помине тој со својата придружба. Критјаните, имајќи ја предвид оваа информација, вечерта поставиле заседа меѓу селата Негован и Долно Котори. Во изворниот материјал постојат контрадикторни информации за текот на битката и за загубите од двете страни. Еден од Критјаните, Макрис, во спомените за своите противници го забележал следното: „(...) беа околу дваесетмина. Последниот влечеше една голема букова гранка за да ги избрише трагите од патот. Стрелавме и веднаш паднаа шестмина. Другите избегаа и само еден, ранет, го фативме жив."[578]

Австрискиот конзул во Битола, А. Крал, на 1 август 1903 година го известил претпоставениот во Виена, А. Голуховски, дека Вангел „изврши напад заедно со војската кај Негован против војводата Алекси од Екши-Су и му нанесоа загуба од 5 луѓе. Еден револуционер, кој беше ранет во ногата од пушка 'гра' (значи не е од пушка на турската војска), беше пренесен овде. Војниците имаа двајца мртви."[579] Каравангелис, пак, во спомените го кажал следново: „(…) битката не траеше долго. Алексо сфати дека беше во опасност да биде опколен и затоа откако исфрли неколку истрели без да погоди, за среќа, некој од нашите се повлече во шумата и исчезна. Но, критјаните фатија тројца Бугари, двајцата ранети. Едниот беше курир и другите двајца снабдувачи на Алексо. Нив ги зедовме со нас и се вративме во манастирот на Ајтос (…) Оттаму ги испратив во Лерин во затворот како убијци (…)."[580] Иако недоволно јасни, сепак од овие изворни податоци

---

[577] Д. Литоксоу, *Грчката антимакедонска борба…*, стр. 35.

[578] Γ. Δικωνυμος-Μακρης, *Ο Μακεδονικος Αγων...,* стр. 4.

[579] *Τα γεγονοτα του 1903 στη Μακεδονια μεσα απο την ευροπαϊκη...*, стр. 162.

[580] Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 30.

може да се заклучи дека леринската чета на МРО имала последици, пред сè во загубата на човечки животи. Ваквиот исход во корист на грчките платеници во прв ред се должел на подобро заземените позиции, кои им ги овозможил Каравангелис преку својата разгранета шпионска мрежа.

Како и да е, наредното место кое го посетил Каравангелис било селото Негован, населено со православни Албанци. Митрополитот во селото организирал чета од месните жители „на чело со Никола, стар борец, ајдук, му дадов за него една офицерска сабја што сум ја купил во Битола и оружје за неговите борци".[581] Потоа обиколката ја продолжил во леринските села Котори и Кучковјани. Со писмото од 3 јули 1903 година Перакис го известил Мелас дека „оттаму митрополитот тргнува со 26 Албанци за Лерин, а оттаму за Битола, а ние, 22 четници, заедно со нашиот капетан се враќаме и си ја вршиме нашата работа".[582] Каравангелис ја завршил „турнејата" на 18 јули 1903 година, враќајќи се во Костур придружуван од османлискиот одред на чело со Рустем-беј. Во овој период Криќаните заедно со Вангел најчесто се движеле околу селото Лехово, каде што и го дочекале почетокот на Илинденското востание.

Паралелно, покрај присуството на Вангел и на Криќаните во источниот дел на Костурската епархија, дејноста против македонското револуционерно движење во Корештата ја продолжил и Коте. Во овој период во Атина повторно се рашириле гласишта за наводната соработка меѓу Коте и четите на МРО, со кои бил нарушен неговиот углед кај грчките пропагандни фактори. Меѓутоа, Коте набргу ја оправдал верност кон грчката пропаганда. На 8 јули 1903 година имало судир меѓу него и четата на Атанас Кршаков кај чешмата Бели Кладенци над селото Смрдеш. Во битката биле убиени двајца од четата на Кршаков, а тешко бил ранет и самиот војвода.[583]

Со почетокот на Илинденското востание, авантурата на десеттемина Криќани и ентузијазмот на Каравангелис поради нивното доаѓање во османлиска Македонија набргу исчезнале. Присуството на Криќаните во никој случај не можело да го смени текот на настаните. Нивниот престој имал само симболичен карактер, т.е. нивното присуство во овој дел од Македонија било исто толку симболично колку и она на врховистичкиот полковник Јанков од претходната година. Патем кажано, речиси идентично

---

[581] Исто, стр. 30.

[582] Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 577.

[583] *Дневникош на војводаша Васил Чакаларов*, стр. 337; *Сйомени П. Кљашев*, стр. 254; Γ. Χ. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη...*, стр. 172.

било дејствувањето на овие две групи, кои, впрочем, и ги претставувале грчката и бугарската пропаганда во османлиска Македонија. И двете вооружени формации имале за цел, директно или индиректно, да дејствуваат против организациската структура на МРО. Оттука, тие, во суштина, се бореле и против идејата за ослободување на Македонија и за создавање независна македонска држава.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

# ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС И ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

## 4.1. ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ: РЕАКЦИИТЕ НА КРАЛСТВОТО ГРЦИЈА И НА ГРЧКИТЕ ПРОПАГАНДНИ ИНСТИТУЦИИ ВО ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА

Во предилинденскиот период е воочлива хаотичната ситуација во повеќе сегменти од општествениот живот во османлиска Македонија. Ваквата состојба на безизлезност во која се нашла османлиската власт се должела на низата отворени и/или нерешени прашања во Македонија, кои биле резултат на внатрешни и/или на надворешни влијанија. Разнишаната османлиска доминација, која е карактеристична за поголемиот дел од европските владенија на султанот, била предизвикана, покрај другото, и од дејноста на македонското националноослободително и револуционерно движење. Високата порта на своја страна и како свои сојузници во судирот со структурите на МРО ги имала владите на Големите сили и соседните балкански држави, кои „определувајќи се за политиката на статус-кво, му го продолжиле векот на османското господство во Македонија“.[584]

Меѓутоа, генералниот инспектор на трите македонски вилаети, Хусеин Хилми-паша, во своите изјави пред европските конзули во Солун се жалел дека доколку сака успешно да му се спротивстави на револуционерното движење, треба да се „пресмета“ со целото население, на што Европа остро би реагирала.[585] Секако дека европските сили не ѝ го ускратувале правото

[584] Манол Пандевски, „Безизлезите на османската власт во Македонија спроти Илинденското востание во 1903 година“, *Македонија на Балканот XIV–XX: историски координати*, Скопје, 1990, стр. 55.

[585] М. Пандевски, „Безизлезите на османската власт во Македонија спроти Илинденското...“, стр. 56.

на Портата да интервенира против Организацијата, но најчесто реагирале кога власта го тероризирала мирното христијанско население. Сепак, колку и да биле силни напорите на Големите сили да се спречат овие појави, како се ближел почетокот на Илинденското востание така притисоците врз македонското христијанско население во османлиска Македонија станувале сè пожестоки. Па така, на 29 април 1903 година британскиот генерален конзул во Солун, Алфред Билиотели, го известил државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, маркизот од Ленсдаун за тоа дека „егзархистите и патријаршистите се толку исцедени што е прашање како тие преживуваат“.[586] Во продолжение конзулот заклучува: „(...) со еден збор, никаде немало таков терор каков што владее сега во Македонија, и никакви злосторства што ги вршеле Турците не предизвикале таква мизерија како што владее сега во големите и густо населени области.“[587] Во тој контекст, српскиот конзул во Битола, Мих. Ристиќ, констатира дека „христијанскиот свет непрекинато живее во некое очекување дека нешто ќе се случи што ќе направи да заврши оваа неподнослива ситуација (...).“[588]

Оттука, веќе не било тајна дека во летото 1903 година ќе има востание во османлиска Македонија. Врховистичката провокација од есента 1902 година и солунските атентати од крајот на април 1903 година предизвикале масовен терор од страна на османлиската власт, што, од друга страна, ја принудило МРО да преземе мерки за самоодбрана, при што „преплетувајќи се и надополнувајќи се едно со друго, ги создало неопходните објективни претпоставки за избувнување на Илинденското востание“.[589] Соодветни сознанија за настаните што следуваат покрај османлиските власти, имале и европските сили преку информациите што ги добивале од своите дипломатски претставници, како и балканските држави, кои располагале со детални податоци од своите официјални пропагандни институции во османлиската држава. На пример, во еден доверлив извештај на австрискиот конзул во Битола од 19 јули 1903 година детално биле опишани подготовките на македонското револуционерно движење за претстојното востание, оружената

---

[586] ДАРМ, *Британски документи за историјата на Македонија (1901–1904)*, стр. 303.

[587] Исто, стр. 304.

[588] *Извештаи од 1903 година на српските конзули*... стр. 221. Извештај на Мих. Г. Ристиќ, генерален конзул во Битола, до Пав. Дениќ, претставник на Министерството за надворешни работи во Белград. Битола, 4 мај 1903 година.

[589] М. Пандевски, „Безизлезите на османската власт во Македонија спроти Илинденското...“, стр. 67.

тактика на востаниците, па дури бил наведен и бројот на револуционерните чети и имињата на нивните водачи по околии во Битолскиот Вилает.[590]

Официјална Атина располагала со доволен број сознанија за подготовките, па дури и за точниот датум на објавување на востанието.[591] Грчката влада во континуитет добивала информации од османлиска Македонија со оглед на широко распространетата пропагандно-шпионска мрежа, па затоа настаните не биле дочекани со изненадување. Меѓутоа, програмските начела и текот на востанието предизвикале вознемиреност и паника во кралството. Целта на востаниците била преку вооружена борба да се стигне до автономија на Македонија како преодна фаза во создавањето независна македонска држава. Востанието било систематски подготвено и изведено од страна на МРО. Тоа со својот динамичен почеток ја изненадило „султанско-беговската власт, како и потенцијалните балкански претенденти за анексии и дележи на Македонија".[592] Изненадување придизвикало и масовното прифаќање на целите и идеите на Организацијата од речиси сето христијанско население. Паниката и стравот кај соседните држави биле оправдани во однос на нивните експанзионистички планови и резултатите што можеле да произлезат од едно успешно востание. За националните политики на балканските држави била неприфатлива реалноста дека голем дел од христијаните застанале зад програма, која предвидувала создавање автономна држава под паролата „Македонија на Македонците".

Загриженоста на грчката држава се должела и на учеството на македонското патријаршиско население во востанието. Од информациите што ги добивала грчката влада од османлиска Македонија, на официјална Атина ѝ станало јасно дека мора да преземе мерки, и тоа веднаш, доколку и понатаму сака да се „повикува" на историското право да претендентира на делови од територијата на османлиска Македонија. Директивите што биле

---

590 *Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници во Македонија*, превод, редакција и коментар Данчо Зографски, ИНИ, Скопје, 1955, стр. 42–48. Извештај на Аугуст Крал, австриски конзул во Битола, до грофот Агенор фон Голуховски, министер за надворешни работи на Австро-Унгарија, Битола, 19 јули 1903 година.

591 Во извештајот на грчкиот конзул во Битола, Константинос Кипреос, од 24 јули 1903 година до грчкиот премиер Димитриос Ралис, конзулот, врз основа на информации добиени од група селани извесен период пред почетокот на востанието, соопштува дека востанието ќе започне таа недела, на празникот Св. Илија. Μουσειο μακεδονικου αγωνα, *Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904); 100 εγγραφα απο το Αρχειο του Υπουργειου των Εξωτερικων της Ελλαδος*, Θεσσαλονικη, 1996, стр. 73.

592 М. Пандевски, *Илинденското востание...,* стр. 248.

испратени од грчкото МНР до грчките конзуларни претставници биле јасни: „на секој начин и по секоја цена нашите[593] и бугарофоните (патријаршисти, б.н.) да се одвојат од шизматиците (егзархистите, б.н.)“.[594] Сепак, јалов бил обидот на грчките пропагандни структури да прикажат постоење на етничка разлика помеѓу македонското православно население без разлика на неговата црковна припадност. Конструираните факти што официјална Атина ги ширела низ Европа уште од самото прогласување на востанието за наводните права на Грција врз османлиска Македонија, базирани на божемниот грчки карактер на населението, неповратно еродирале, т.е. се „покажало дека Грција во Македонија останала без свој народ“.[595] Имено, грчката влада се обидела да прикаже дека Илинденското востание било производ единствено на егзархискиот, односно, според грчката перцепција, на бугарскиот елемент во османлиска Македонија и дека другите религиозни и црковни групи или се противеле или биле незаинтересирани за востаничките акции. Дури се тврдело дека покрај месното население, има и голем број „офицери на бугарската војска“, кои, наводно, вршат напади врз местата населени со лица од „грчка националност“.[596] Истовремено, се пласира ставот дека „против селата верски врзани со Патријаршијата се применуваат силни заплашувања: палежи, грабежи, уцени и варварско однесување кон луѓето, грабање на жени и деца и нивно одведување во планини за да се компромитираат тие заедници пред турската власт“.[597]

Меѓутоа, реалната ситуација била целосно спротивна во однос на информациите што пристигнувале од грчките претставници во Битола. Јон Драгумис во писмото од 25 јули 1903 година го известил својот татко Стефанос дека „имаме словенско востание во Македонија (…) Сите славофони го следат Комитетот, православни и шизматици, и тоа поголемиот

---

[593] Под „нашите“, официјална Атина го подразбира грчкото, погрченото и влашкото население, додека терминот „бугарофони“ се користи со цел да се означат Македонците патријаршисти, податок кој јасно покажува дека Грција правела разлика помеѓу грчкото и македонското патријаршиско население.

[594] Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 207. Писмо од МНР на Грција до грчкиот конзулат во Битола, Атина, 28 јули 1903 година.

[595] К. Битовски, *Грчката „Македонска...*, стр. 85.

[596] *Илинден во француските дипломатски документи*, Архив на Македонија, Скопје, 1993, стр. 117. Писмо на Дипломатската мисија на Република Франција во Грција, Моруан, до министерот за надворешни работи на Франција, Атина, 14 август 1903 година.

[597] Исто, стр. 117.

дел доброволно“.[598] Слични сознанија пренел и грчкиот конзул во Битола, Константинос Кипреос, кој на 26 јули 1903 година го информирал грчкото МНР дека „целата земја му се приклучи на движењето (…) востанатото население е убедено дека сега се бори за своето ослободување и ништо не може да ги запре нивните револуционерни убедувања“.[599]

Грчките пропагандни институции не успеале да ѝ докажат на османлиската власт дека „нивниот“ елемент во османлиска Македонија не учествувал во Илинденското востанието. Бескорисни останале упатствата од грчкото МНР испраќани до грчките претставништва во империјата со цел да ја прикажат пасивноста на патријаршистите во востаничките дејства. Грчката влада ја констатирала фактичката ситуација по задушувањето на востанието во градот Крушево од страна на османлиската војска. Грчкиот премиер Ралис се обидел да го искористи фактот што најмногу настрадал влашкиот дел од градот, кој од официјална Атина бил сметан за „грчки“. Имено, тој им го припишал овој настан на востаниците, против кои барал и воена интервенција од Големите сили.[600] Меѓутоа, за владата во Атина, страдањата на сите граѓани, патријаршисти и егзархисти, претставувале јасен показател за тоа дека без основа и без придобивки останала помошта што им ја понудиле на османлиските власти против востаниците. Настаните во Крушево докажале дека османлиската војска и башибозукот не правеле никаква разлика меѓу патријаршистите и егзархистите во редовите на востаниците и кај цивилното население.[601]

Несомнено дека официјална Атина била добро информирана за настаните во османлиска Македонија пред почетокот на востанието. Но, без резултат останале константните алармирања на грчките пропагандни служби во империјата за случувањата на самиот терен во периодот пред почетокот на Илинденското востание. Во грчките иредентистички кругови

598 Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 195.

599 Д. Литоксоу, *Грчката антимакедонска...*, стр. 20.

600 Далибор Јовановски, „Грчките реакции за Илинденското востание“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, кн. 65, Скопје, 2012, стр. 73, 74.

601 Италијанскиот конзул во Битола, Џулијано де Визар, на 18 август 1903 година му испратил опширен извештај на маркизот Маласпина, на кого му ги опишал „ужасните вести во врска со освојувањето на Крушево“. Де Визара забележал дека „муслиманите не прават разлика меѓу Бугарите (егзархистите, б.н.) и другите христијани (патријаршистите, б.н.); за нив тоа е одлична можност да ги уништат и да ги ограбат сите ’ѓаури‘.“ Silvano Gallon, *Rapporti politici dei regi consoli d’Italia a Monastir (1895-1916)*, Bitola, 2004, стр. 185.

постоела разочараност бидејќи грчкото кралство не посветило доволно внимание во насока на соодветно реагирање за и понатаму да се задржи какво било влијание во Македонија. Недоволната заинтересираност на официјална Атина за активностите на македонското револуционерно движење се должела, пред сè, на „зашеметеноста од поразот во 1897 година (…)“, па затоа „се однесувала крајно резервирано кон сè што се случувало во Македонија“.[602] Од друга страна, владите во Атина му давале приоритет на критското прашање, иако одредени кругови во Атина, па и самиот крал Георги I, постојано нагласувале дека вистинската опасност за *елинизмот* се наоѓа во османлиска Македонија.[603]

Директната информираност на грчките пропагандни служби во османлиска Македонија и индиректната на владата во Атина се потврдуваат и со претпоставките за можниот, па дури и за точниот датум за почеток на Илинденското востание. Грчката држава, не можејќи да се спротивстави или, евентуално, да го спречи текот на настаните, се обидела да ги насочи во своја корист и на тој начин лесно да профитира од пожртвуваноста на македонското население. Тргнувајќи од своите сознанија за сплотеноста на населението околу целите и идеите на МРО, Јон Драгумис во едно писмо до Мелас од пролетта 1903 година предложил: „Ако заедно со шизматичкото славофоно население (егзархистите, б.н.) се дигнат [на востание] и нашите славофони (патријаршистите, б.н) (…), што да направиме за да ги задржиме? Мораме да извлечеме корист од движењето и со делење знамиња и друго да му дадеме грчки карактер на востанието.“[604]

Паралелно со ова, Драгумис во една анализа за ситуацијата во османлиска Македонија од февруари 1903 година, покрај другото, предложил три можности за грчко дејствување во случај да започне „востание на Македонците“.[605] Во првиот предлог се задржал на следното: „(...) да изјавиме дека не го прифаќаме движењето и да се бориме против него на секаков начин“, но во таков случај предвидел дека со таа постапка ќе „го изгубиме секое влијание во славофоните (патријаршиските, б.н.) села. Ниту ќе нè послушаат, ниту ќе нè разберат и ќе одат јавно со оние што ги поттикну-

[602] К. Битовски, *Грчката „Македонска…*, стр. 61.

[603] Во периодот од 1897 до 1903 во Грција се смениле 6 влади, кои наизменично и во повеќе наврати ги предводеле Теодорос Делијанис, Александрос Заимис, Георгиос Теотокис и Димитриос Ралис.

[604] I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 93.

[605] Исто, стр. 21.

ваат", за на крајот да заклучи: „што ги интересира нив елинизмот, а ние ќе останеме во нашата голотија со помалиот број" од нив.[606] Од друга страна, пак, неговиот таткото Стефанос Драгумис предлагал за време на Илинденското востание да се создаде грчка милиција, која би дејствувала против четите на МРО.[607] Втората можност за Јон била „да останеме неутрални и да ги оставиме да прават што сакаат", но и во таков случај бил убеден дека македонските патријаршиски села „ќе одат со оние што ги поттикнуваат и ние остануваме сами".[608] Според него, третата и последна можност била во случај да започне востание, „и ние да ги дигнеме [со оружје] сите наши (Грци, Грковласи, Гркоалбанци и славофони православни) во Македонија и во Епир и да се бориме за нивната слобода".[609] На крајот од оваа анализа Драгумис заклучил: „(...) да го признаеме движењето, да го присвоиме, да го воопштиме и да му дадеме димензии кои нам ќе ни одговараат. Значи, останува третото, ако сме сигурни дека ќе постои бунт."[610]

Како и да е, востанието било кренато, но планот за негово преземање останал негова неостварлива замисла. Грчката пропаганда не можела да присвои или да преземе едно дело кое се подготвувало десетина години, автохтоно, со своја програма и јасни цели во борбата. Од друга страна, доколку сакале самите тие да кренат востание во такви услови, јасно било дека востание не се прогласува со одлука од денес за утре, туку за тоа е потребна систематска подготовка на населението и, пред сè, организација која ќе го спроведе на дело.

Во секој случај, по избувнувањето на Илинденското востание, Јон Драгумис го променил ставот околу испраќањето паравоени формации од грчкото кралство во османлиска Македонија. Имено, тој сметал дека со нивното присуство на теренот би била предизвикана граѓанска војна меѓу христијанското население. Целта била да се прикаже присуството на грчки елемент во населените места каде што доминира македонското словенско население и дека тоа не ги прифаќа целите на востанието.[611] Сличен став имал и грчкиот премиер Ралис. Последниот, откако пред францускиот амбасадор во Атина ги обвинил востаниците за наводниот терор врз Гр-

---

606 Исто, стр. 21.

607 Ю. Константинова, *Българи и Гърци в борба...*, стр. 61.

608 I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 21.

609 Исто, стр. 21.

610 Исто, стр. 23.

611 M. Kaliakatsos, „Ion Dragoumis and 'Machiaveli': Armed struggle, propaganda and hellenization...", стр. 58

ците во Македонија, ја спомнал можноста за „граѓанска војна меѓу двата христијански елементи“.[612] Тенденцијата била со помош на паравоените формации од грчката држава да се предизвика вооружен конфликт меѓу патријаршискиот и егзархискиот елемент во востанатите области, стратегија која била невозможна со оглед на нивната сплотеност околу целите на Илинденското востание. Истовремено, не можело да стане збор за граѓанска војна со борци увезени од друга држава, како што предвидувал Драгумис. Во тој случај, тоа би било само паравоена агресија од грчкото кралство врз територијалниот суверенитет на Османлиската Империја. Периодот 1904 – 1908 година само ќе го потврди овој факт.

## 4.2. ПОЧЕТОКОТ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО КОСТУРСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОКОЛИЈА: АКТИВНОСТА НА ГАВАСКИОТ ОДРЕД НА КАРАВАНГЕЛИС

Илинденското востание во костурската околија било објавено на 20 јули / 2 август 1903 година.[613] Востаничките дејства започнале следниот ден, и покрај тоа што биле предвидени да започнат ноќта меѓу 20 и 21 јули. Имало обид востанието да започне во предвидениот термин, но поради објективни причини, тоа не се случило. Имено, писмото од Главниот востанички штаб (ГШ) во кое се известувало за датумот на почеток на востанието стигнало истиот ден за кога било предвидено и неговото објавување. За ова Чакаларов во својот дневник запишал: „(...) за наше големо чудење видовме дека ни пишуваат дека ноќта спрема 21 јули (значи вечерва!) се објавува востание во цела Македонија. Тоа многу нè зачуди и нè изненади, зошто не допушта никакво време за да ги направиме нужните распоредувања.“[614] Според кажувањата на Иван Попов, писмото од ГШ пристигнало неколку дена порано, но бидејќи куририте не можеле

612 *Илинден во француските дипломатски документи*, стр. 22. Атина, 13 август 1903 г.

613 Повеќе за почетокот, текот и за крајот на Илинденското востанието во костурската околија види кај: Крсте Битоски, „Костурско во револуционерно-ослободителните борби на Македонија во втората половина на XIX и почеток на XX век“, *Гласник на Институтот за национална историја*, Скопје, г. XXX, 1986, бр. 1–2; Димитар Димески, *Македонското национално ослободително движење во битолскиот вилает (1893 – 1903)*, Скопје, 1981; Христо Силјанов, *Ослободителните борби на Македонија II*, Скопје, 2004.

614 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 338.

да ги пронајдат костурските раководители и четите, тие успеале да им го предадат дури на 20 јули.[615] Ваквото тврдење на И. Попов е поткрепено и со податокот на Кирјак Шкутров, учесник во востанието, кој забележал дека писмото уште на 12 јули се наоѓало во костурската околија.[616] Од овие искази може да се заклучи дека писмото на ГШ во околијата пристигнало неколку дена пред предвидениот почеток на востанието, но најверојатно поради постојаното движење на костурското раководство, куририте на МРО не успеале да го достават навреме.

На почетокот од востанието најголемиот дел од костурските раководители, војводи и чети се наоѓале северно од градот Костур, во околината на селото Дреновени. По почетната весела и еуфорична атмосфера што владеела меѓу востаниците, костурските организациски првенци се зафатиле со давање на општите инструкции и насоки за што поуспешно водење на востаничките акции. Потоа уште истиот ден, откако извршиле делумна регрутација на селаните од околните села, востаниците се приближиле до градот Костур, стационирајќи се во селото Апоскеп. Востаничкиот план предвидувал да се изврши диверзија и напад на Костур. Сепак, поради објективни причини, тој не бил реализиран. Акцијата пропаднала поради доцнењето на писмото од ГШ, кое, според Иван Попов, „доколку го добиевме навреме и бевме распоредени според планот, сигурно ќе го заземевме Костур, во кој имаше до 800 војници".[617] Секако дека ваквиот исказ на Попов е произволен. Во тие услови, покрај големиот број османлиски војници во Костур, востаниците ќе ја немале поддршката од населението во градот, бидејќи тоа во најголем дел било грчко, погрчено и турско. Попов го занемарил фактот дека во околните села имало и османлиски гарнизони, кои веднаш можеле да им пристигнат на помош на османлиските сили во градот или да ги нападнат од зад грб востаниците. Од друга страна, според Христо Силјанов, причината за неуспехот била „раздвижувањето на аскерот", кој логорувал во шатори на крајот од градот, при што „го осуетиле влегувањето на четниците (…) и го принуди раководството да го смени планот".[618] Таа вечер единствената успешна акција била прекинувањето на електричната мрежа и на телеграфските врски на Костур со околните населени места.

615 *Спомени на Иванъ Попов*, стр. 30.

616 *Дневници и спомени за Българската историяа; Дневници и спомени за илинденско-преображенското въстание*, София, 1984, стр. 61.

617 *Спомени на Иванъ Попов*, стр. 31.

618 Христо Силјанов, *Освободителните борби...*, стр. 346.

Дел од востаничките сили, уште додека се наоѓале во селото Апсокеп, биле распоредени на разни места во Корештата и во Пополе. Целта била да се направи потребното регрутирање на луѓето, но и соодветно да се подготви теренот за оружените акции што следувале. На 20 јули четата на војводата Митре Влашето се стационирала во северниот дел од околијата, во селото Кономлади, Манол Розов се упатил кон исток, во селото Загоричани, додека Пандо Кљашев со својата чета заминал североисточно, кон селото Блаца. Следниот ден, по неуспешниот обид за напад на Костур, преостанатите војводи се распределиле северно и северозападно од градот. Па така, Поп Трајков се упатил за селото Д'мбени, северозападно од градот Костур, Васил Чакаларов кон селото Шестево, т.е. северно од Костур, а кон селото Вишени, кое било соседно село на Шестево, заминал Иван Попов.[619] Целта на костурското раководство во првите акции била да се разбијат селските гарнизони, кои биле стационирани во поголемите села во северниот дел од околијата. Првиот судир меѓу востаниците и османлиската војска се случил на 21 јули во селото Вишени. Имено, во Вишени бил стациониран османлиски гарнизон со околу 100 војници, кои по нападот го напуштиле селото и се повлекле во Костур.[620] По овој судир, војската и од другите села успешно се повлекла во Костур, на тој начин вршејќи прегрупирање на своите вооружени сили.

На ослободувањето на Клисура му претходеле два оружени напади од страна на македонските востаници. Првиот напад се случил на 22 јули 1903 година, кога на своја рака и без координација со другите раководители мокренскиот војвода Никола Андреев (Коле Мокренски) со четата извршил напад на Клисура. Поради доброто утврдување, но и поради побројниот непријател, оваа акција завршила неславно.[621]

---

619 *Спомени на Иванъ Попов*, 31; *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 338–339.

620 *Историја на македонскиот...*, стр. 309.

621 Сведоштво за овој настан можеме да сретнеме во едно писмо на грчкиот учител од Клисура, кое денес се наоѓа во грчкото МНР, во досието Битола 1903. Во него е наведено: „На 22 јули 1903 година војводата Коле од Мокрени со 200 борци ја истакна паролата за востание во селата околу Клисура, издигнувајќи црвено знаме кај ридот на манастирот Пророк Илија. Малобројната војска која се наоѓаше во Клисура излезе да ги прогони, но не ќе успееше да ги избрка ако од Костур не пристигнеше војводата Вангелис со 6 борци и 18 војници. Значи, благодарение на Вангелис, кој во полза на нацијата дејствуваше во подуправата на Костур, а поранешниот помошник на заменик-управникот, г. Г. Колетис, беше примен во служба на владата и на Костурската митрополија, не само што ги извадија Бугарите од рововите туку и се дадоа во бегство, оставајќи 7 мртви.“ Г. Πετσίβας, *Ιωάννης Καραβίτης, Ο μακεδονικός αγών...*, стр. 899.

На 23 јули 1903 година се случил вториот напад на Клисура. Подготовките за него се одвивале додека траел првиот обид за ослободување на градот. Уште на почетокот од востанието управникот на клисурската нахија ја напуштил својата позиција и се засолнил во Битола, на тој начин ослабнувајќи ја одбраната на градот од нападот на востаниците.[622] Костурските раководители и востаници започнале да се собираат во месноста Врбица над селото Загоричани. На 23 јули Чакаларов и Кљашев со една група од околу 60 востаници влегле во Загоричани со цел да го вклучат населението во востанието откако пред тоа османлиската војска го напуштила селото.[623] Додека тие се наоѓале во Загоричани, војводата И. Попов со неколку чети бил стациониран кај месноста Врбица и во селото Бобишта, на половина пат меѓу Загоричани и Клисура. Според Попов, првобитниот план бил, откако селата Загоричани и Бобишта ќе се кренат на востание, да се нападне Клисура од две страни.[624]

Но, додека востаниците се распоредувале на предвидените позиции, ги забележала османлиската војска од Клисура, при што и таа зазела борбени позиции на крајот од градот. Освен тоа, во исто време била забележана војска која се приближувала кон Клисура од правец на градот Кајлари. Во согласност со новонастанатата ситуација, војводата Попов направил ново прераспределување на востаничките сили. На постојните позиции, четата од селото Шестево требало да ја задржи османлиската војска од градот Клисура, а други две чети биле поставени на позиции лево и десно на патот по кој се движела војската од Кајлари, кон која директно се упатил Попов со својата чета.[625] Востаниците, поради подобрите позиции, успеале да ја поразат кајларската војска и да ја принудат на бегство, успевајќи да присвојат поголемо количество воен и санитетски материјал, како и прехранбени продукти.

По оваа битка востаниците се упатиле кон позициите на своите соборци, кои веќе се бореле со војската од Клисура. Во меѓувреме, Попов ги известил Чакаларов и Кљашев, кои сè уште се наоѓале во Загоричани, да се упатат кон градот од страна на Которска Планина и да ја нападнат војската од зад

622 Архив на Македонија, *Турски документи за Илинденското востание*, Скопје, 1993, стр. 103.

623 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 341.

624 *Спомени на Иванъ Попов*, стр. 34.

625 Исто, стр. 34.

грб.[626] На почетокот Манол Розов со 150 четници се упатил кон Клисура, но по второто писмо на Попов, во кое тој нагласува дека е потребно сите вооружени сили да се концентрираат околу градот, Чакаларов и Кљашев со 250 до 300 востаници се упатиле кон Которска Планина од страна на селото Куманичево.[627] Додека востаниците предводени од Чакаларов се приближувале кон позициите, битката на другата страна од градот веќе била разгорена. Попов, заедно со своите чети, војувал 4 часа со османлиската војска стационирана во Клисура. Појавата на новите востанички сили ги изненадила Османлиите и тие по краток судир биле принудени да ги напуштат утврдените позиции надвор од градот. Групата што настапувала од селото Куманичево, по протерувањето на османлиската војска која се наоѓала над Клисура, направила ново распоредување. Дел од востаниците останале на претходните позиции на војската, како заштита од евентулен контранапад од страна на Османлиите, додека другите од неколку правци започнале да навлегуваат во градот. Преостанатиот и поброен аскер кој се наоѓал во Клисура, според Чакаларов, откако видел „дека момчињата настапуваат без запирање и со викови ’ура‘“, започнал панично да го напушта градот.[628]

По овој напад, македонските востаници се стационирале на влезот на Клисура, кај црквата Св. Илија, по што биле направени потребните прераспоредувања околу градот. Тука, во воен ред и со песна, пристигнале четите предводени од Попов, кој соопштува дека сите биле љубезно пречекани од влашкото население во Клисура.[629] Непопречувани од никого, востаниците влегле во градот; според Чакаларов, тоа го направиле најпрвин раководителите со 15–20 луѓе, а потоа и другите четници, додека, според Попов, во градот влегле сите востаници.[630]

За бројот на востаниците што учествувале во акциите за ослободување на градот Клисура постојат различни податоци. Христо Силјанов наведува бројка од над 600 востаници, додека Иван Попов во своите спомени кажува дека во завршните акции имало околу 800 луѓе.[631] Во Мемоарот на МРО се сретнува бројка од 500 востаници.[632] Користејќи ги споредбените

---

626 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 341–342.

627 Исто, стр. 342.

628 Исто, стр. 343.

629 *Спомени на Иванъ Попов*, стр. 34.

630 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 343; *Спомени на Иванъ Попов*, стр. 35.

631 Х. Силјанов, *Ослободителните борби...*, стр. 347; *Спомени на Иванъ Попов*, стр. 35.

632 *Македония и Одринско (1893 – 1903). Мемоар...*, стр. 139



Македонски востаници во Клисура

извори и расположливи материјали, можеме да заклучиме дека бројот на востаниците кои учествувале во ослободувањето на Клисура се движел околу 600 луѓе. Бројката што ја изнел Попов се должи, најверојатно, на вкупниот број востаници кои наредниот ден се собрале во градот. Имено, тој ден пристигнале и селските чети од В'мбел и од Куманичево.[633]

Пред насобраното население во слободна Клисура, говор одржале костурските раководителите Чакаларов, Кљашев и војводата Попов, а Кузо Попдинев преведувал на грчки јазик.[634] Како и во многу претходни случаи во костурската околија, целите и идеологијата на МРО биле на најдобар начин претставени од нејзините водачи, без оглед на етничката разлика меѓу македонските востаници и влашкото население од градот. Говорите биле насочени кон поттикнување на сите христијани во остварувањето на единствената цел – автономија на Македонија, а воедно раководителите ги поканиле клисурчани активно да се вклучат во востаничките акции.[635]

---

633 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 344.

634 *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 35. Кузо Попдинев имал завршено грчка гимназија. *Историја на македонскиот…*, стр. 309.

635 Х. Силјанов, *Ослободителните борби...*, стр. 347; *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 35.

Вечерта на 23 јули, како мерка на претпазливост, организациските првенци поставиле стража на сите стратешки места и височинки над Клисура, очекувајќи контранапад од страна на османлиската војска. Сепак, такво нешто не се случило. Истовремено, востаничкото раководство од безбедносни причини го забранило минувањето на муслиманите низ теснината Даула.[636]

Во Клисура, освен гарнизонот од околу 300 војници, било сместено и седиштето на мудирлакот. Мудирот, по кажувањата на клисурчани, побегнал уште додека траела акцијата за ослободување на градот.[637] Наредниот ден, на 24 јули, востаничкото раководство со 15–20 востаници се упатило кон управната зграда, каде што била запалена целокупната архива, а воедно биле запленети и неколку пушки „гра" и 4 коњи, кои востаниците им ги подариле на раководителите.[638] Потоа, како што забележал и Чакаларов во својот дневник, биле направени неколку фотографии, на кои било овековечено ослободувањето на градот. На првата фотографија, според Чакаларов, се: „јас [Чакаларов], Кљашев, Розов и Николов, друга поза јас и Кљашев качени на коњи, па, по желба на фотографот, јас сам качен на коњ".[639] Имало уште една фотографија, која Чакаларов не ја споменува во својот дневник, а се однесува на заедничкото фотографирање на костурското раководство со сите востаници што учествувале во ослободувањето на градот. Откако востаниците се снабдиле со потребните намирници, по 30-часовно присуство во Клисура, го напуштиле градот и се упатиле кон Врбица, каде што биле направени неопходните распоредувања за идните акции.

На 24 јули 1903 година, кај дел од костурските востаници што се наоѓале во северозападниот дел од околијата стигнала информацијата дека е ослободено гратчето Клисура. Емоциите меѓу востаниците се менувале од момент во момент, од неверување до радост и еуфорија. За чувствата меѓу востанатото население, траги оставил Лазар Киселинчев, кој на доста сликовит начин ни го доловил овој момент.[640] На тој ден дел од востаниците предводени од војводата Поп Трајков се наоѓале во селото Габреш. Имено, „по извесно време дојде еден востаник и донесе едно писмо од Чакаларов

[636] Н. Жежов, *Васил Чакаларов*, стр. 117.

[637] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 343.

[638] *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 36; *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 343, 344; *Дневници и спомени за Българската историяа; Дневници…*, стр. 63.

[639] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 344.

[640] *Извадки од „моето тефтерче" или Дневникътъ не един комита – Лазар Киселинчев...*, стр. 89, 90.

и Кљашев", раскажува Киселинчев, несвесен за радосната вест која пристигнала. Писмото му било предадено на Поп Трајков, кој во еден здив го прочитал „без да му мрдне ниту една жила на лицето". Војводата, кому не му се верувало што прочитал, го повикал Киселинчев и му го предал писмото за да се увери и тој во напишаното. „Клисура е веќе преземена од нашите!", била првата реакција на Киселинчев, кој продолжува: „го прочитав целото писмо, со кое ни соопштуваа како востаниците на 23 [јули] го презеле градот (...)." Киселинчев веднаш ги повикал центровите војводи, на кои им соопштил да ги соберат сите востаници. „Веста за преземањето на Клисура како гром одекна кај сите и востаниците веднаш се собраа и се наредија на едно гумно". Свечен говор одржал Поп Трајков, кој на крајот ги повикал востаниците „да извикаат во чест на костурските востаници едно силно 'ура'!". Опишувајќи ја атомосферата меѓу востаниците, Киселинчев го забележува следното: „Тоа 'ура' не беше обичното 'ура' кое се извикува за човек да си ја искаже силата или радоста; тоа 'ура' личеше како да излегува од дното на земјата, тоа беше гласот на востанатиот роб, кој си ја мери силата со својот господар!"

Според постојните историски извори, ослободувањето, како и 23-дневниот слободен живот влашкото население на Клисура ги дочекало со благонаклонетост. Уште додека траеле борбите за ослободување на градот, „веќе можевме да видиме како населението дошло да нè пречека", раскажал во своите спомени за овој настан војводата Марко Иванов, кој бил воодушевен од извиците на клисурчани: „да живеат комитите".[641] Во тие моменти македонските востаници за Власите од градот биле христијански браќа, а нивната солидарност и восхит „не можеле да бидат поматени од (…) грчката пропаганда против македонското движење, ниту пак од турската".[642] Позитивните реакции на жителите на Клисура во извесна мера ги изненадиле востаниците, кои биле предупредени од Чакаларов „да не се јаде и пие ништо во прво време, затоа што постоеше можност од труење".[643] Меѓутоа, веднаш потоа, востаниците по улиците сретнувале радосно население, кое викало „ура" и „добредојдовте".[644] Војводата Попов во своите спомени забележува дека тие и селаните од околните села кога и да посакале оделе на пазар во Клисура како во свој град и дека до „14

[641] Стр. Раз., „Из споменить на Марко Ивановь", *Сб. Илинден*, София, 1922, стр. 41.

[642] *Историја на македонскиот*…, стр. 310.

[643] Стр. Раз., „Из споменить на Марко...", стр. 41.

[644] Исто, стр. 42.

август бевме целосни господари, дење и ноќе трубевме, пеевме, се вееја знамињата, кои се гледаа до Костур".[645] В. Чакаларов, пак, на 10 август во својот дневник на следниот начин го опишал нивниот последен престој во слободна Клисура: „(...) не знам колку им е по волја и дали го симпатизираат нашето одење во нивниот градец, но клисурени се однесуваат многу мило пред нас и со особени комплименти. Направивме многу купувања за обување и облекување на нашите боси и голи востаници."[646]

Најголемиот дел учесниците во ослободувањето на Клисура кои оставиле изворен материјал не сведочат дека била формирана востаничка власт. Градот Клисура бил дел од поголема ослободена територија во Корештата и во Пополе, за која во почетната фаза од востанието костурското раководство настојувало колку што може повеќе да ја прошири и стратешки да ја обезбеди. Војводата Марко Иванов во своите спомени запишал дека по прогонувањето на Османлиите било неопходно да се организира ред во градот. Според Иванов, биле формирани две комисии чија задача била да го обезбедуваат престојот на востаниците во Клисура и да собираат доброволна помош од граѓаните. Тој, исто така, се присетува дека од редовите на граѓаните бил избран и кмет, но потврдува дека постоела востаничка власт која се грижела за секојдневниот живот и за спроведување на правдата во градот.[647] Оттука, историчарот Никола Минов смета дека за разлика од Крушево, управите на градовите (се мисли на Клисура и на Невеска) немале време (ова се однесува, пред сè, на градот Невеска) и услови да се претворат во вистински механизми на власта и се ограничиле на задачи за осигурување на исхраната и на нормалниот живот на населението.[648] Како и да е, слободниот живот на граѓаните на Клисура и на околните села траел до 14 август. На тој ден започнала големата османлиска офанзива против востаничките упоришта во костурската околија. Македонските востаници, по постојаната иницијатива и напади на османлиските сили, по овој датум преминале во дефанзива, а кога имало услови за тоа, најчесто ги избегнувале судирите со надмоќниот противник.

Во периодот пред избувнувањето на востанието Каравангелис се наоѓал во Битола, каде што покрај средбите со претставниците на грчката

[645] *Сйомени на Иванъ Пойов*, стр. 36.

[646] *Дневникоӣ на војводаӣа Васил Чакаларов*, стр. 356.

[647] Стр. Раз., „Из споменить на Марко..., стр. 41, 42.

[648] Никола Минов, *Влашкоӣо ӣрашање и романскаӣа ӣройаѓанда во Македонија (1860–1903)*, Скопје, 2013, стр. 391.

пропаганда, остварил контакти и со дел од европските дипломати во градот. Својата средба со Каравангелис, австрискиот конзул Крал ја опишал во еден подолг извештај од 22 јули 1903 година испратен до австроунгарскиот министер за надворешни работи, Голуховски. Крал ја забележал „возбуденоста“ на митрополитот „поради штетата што ја претрпи грчката партија од тероризмот на четите, особено од Чакаларов“.[649] Каравангелис се жалел на постојаното ослабнување на позициите на Патријаршијата за сметка на Егзархијата. Овој процес следователно, според него, би предизвикал назначување егзархиски епископ во Костурската епархија, што би „претставувало само прашање на време“.[650] Митрополитот се обидел да ја искористи позицијата што ја имал во османлиското општество за да ги наметне грчките позиции пред европските дипломати. Меѓутоа, конзуларните претставници на европските сили имале добро развиена мрежа за собирање информации, а со тоа солидно биле запознаени со ситуацијата во османлиска Македонија. Но, не треба се заборави и дека основна цел на европските дипломати во Османлиската Империја била да ги заштитат и да ги протежираат интересите на своите матични држави. Во тој контекст, на обвинувањата на Каравангелис на сметка на МРО дека „револуционерите (...) се решени веднаш да казнуваат со смрт за отпаѓање и шпионажа“, Крал го констатира следното: „(...) епископот ги поттикнува своите (патријаршистите, б.н.) на предавства, што ја доведува до кулминација деморализацијата и меѓусебното огорчување во неговата епархија.“[651] Конзулот на крајот заклучил дека со ваквите постапки тој „нема многу да им помогне на Грците, туку на противниците само ќе им даде повод за нови убиства“.[652]

Почетокот на Илинденското востание костурскиот митрополит го дочекал целосно ангажиран околу дејноста на десетчленета паравоена група. Најпрвин презел мерки за нивно безбедно враќање во Костур. Во тој период Криќаните и дружината на Вангел се наоѓале во селото Лехово. Групата на пат кон Костур успеала да направи уште еден „подвиг“. Имено, тие на 21 јули во атарот на селото Куманичево нападнале „околу 15 луѓе, повеќето старци, од кои само тројца биле вооружени (...).“[653] Каудис и Макрис во

---

649 *Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници во Македонија*, стр. 50.

650 Исто, стр. 50.

651 Исто, стр. 50.

652 Исто, стр. 50.

653 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 344.

своите спомени се обидуваат жртвите да ги претставаат како дел од четата на Чакаларов. Овој настан се споменува и во писмото на Криќаните до Мелас од 25 август 1903 година, кога веќе ја напуштиле Македонија и се наоѓале во Волос: „Исто така, се боревме и кај Куманичево, каде што убивме неколкумина, а еден фативме жив и го обезглавивме."[654] Биле убиени меѓу четворица и шестмина селани. На 22 јули Криќаните заедно со групата на Вангел му дошле на помош на османлискиот гарнизон во Клисура, кој бил нападнат од четата на мокренскиот војвода Никола Андреев. Во дневникот Чакаларов забележал дека поради лошите позиции што ги имале востаниците, единствено тие дале 5 жртви.[655] Судирот меѓу востаничките сили и османлиската војска се посочува и во османлиските дефтери. Во нив е наведено дека војската во близина на Клисура убила седуммина востаници.[656]

Криќаните пристигнале во Костур на 23 јули. Токму од нив Каравангелис дознал за заземањето на Клисура од страна на востаниците. Овој настан митрополитот го дочекал со вознемиреност и загриженост, бидејќи тој го сметал гратчето за база и центар на грчката пропаганда во западниот дел од костурската околија. Од друга страна, од десеттемина Криќани, во Костур дошле само деветмина, без Георгиос Сејменис.[657]

Околу загинувањето на Сејменис, во изворниот материјал постојат неколку верзии. Современиците на овие настани, како и грчката историографија, ја имаат прифатено теоријата дека тој бил убиен од востаниците.[658] Во спомените Каравангелис забележал: „Сејменис поради болест, остана во Лехово и таму го најде и го уби Чакаларов."[659] Нешто слично во своите

---

654 *Извадки од „моето тефтерче" или Дневникът не един комита – Лазар Киселинчев...*, стр. 240.

655 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 344.

656 *Турски документи за оружените борби во Македонија 1903–1908*, ДАРМ, Скопје, 2007, стр. 71. Убиените 7 востаници биле дел од мокренската чета. Биле погребани во дворот на црквата Св. Илија. Анастасъ Симеоновъ, *Мокрени (моето родно село)*, Варна, 1931, стр. 13.

657 Георгиос Сејменис од грчката историографија подоцна бил прогласен за прва жртва на грчката „македонска борба".

658 Во споменатото писмо на Криќаните до Мелас од 25 август 1903 година, меѓу другото, било наведено: „Љубезен господине, со жал Ве известуваме за смртта на нашиот другар Георгиос Сејменис, кој бугарските комити го фатија во Лехово и потоа беше обесен." *Извадки од „моето тефтерче" или Дневникът не един комита – Лазар Киселинчев...*, стр. 239.

659 Г. Каравангелис, *Македонската борба*…, стр. 31.

спомени запишал и соборецот на Сејменис Ефтимијос Каудис.[660] Постои уште една верзија за непристигнувањето на Сејменис во Костур. Во едно писмо од Перкис до Цонтос се вели дека „за убиството на Сејменис ќе дознаете подробно при нашата прва средба. Тој бил убиен во борбата за Клисура.“[661] Овој податок покажува дека е можно Сејменис да не бил убиен во селото Лехово, туку во Клисура. Интересна информација дал и грчкиот историчар Георгиос Модис, кој напишал: „(...) еден ден Сејменис исчезна. Како што ми кажа Каудис, скришно отиде кај комитите за да се бори на нивна страна против Турците.“[662] Наспроти тоа, во дневникот на Кирјак Шкутров се наведува дека откако Османлиите ја напуштиле Клисура, меѓу другите работи што ги оставиле и се случиле додека бегале од востаниците било и заробувањето на „еден андартин по име Георгаки, родум од островот Крит“.[663] Според оваа верзија, можно е Сејменис да загинал на 23 јули во вториот успешен обид за ослободување на Клисура. Единствена енигма, според оваа верзија, останува фактот дали тој загинал како дел од востаничките сили што учествувале во нападот на градот Клисура или пак бил убиен од страна на востаниците. Ако се прифати информацијата на Модис дека Сејменис се приклучил кон востаниците, тогаш причината за оваа негова одлука била едноставна. Во психологијата на дел од Криќаните, под влијание на долгогодишните борби со османлиската власт, и понатаму најголеми непријатели останале да им бидат Османлиите.

По неколкудневен престој во зградата на Костурската митрополија, Криќаните, пред да ја напуштат османлиска Македонија, учествувале во својата последна мисија. Тие биле претходница на османлиската војска во нападот на селото Косинец, кое речиси целосно било запалено (освен 8 куќи), а биле убиени и 14 селани. Стационирањето огромна војска во костурската околија го направило непотребен нивниот понатамошен престој во Македонија. Неуспешен останал и обидот на митрополитот на секаков начин да ги задржи покрај себе. Кај османлиската управа не поминала ниту измамата на Каравангелис дека тоа се месни луѓе кои се грижат за неговата сигурност. За

660 „Еден ден додека бевме во Лехово“, пишува Каудис, „видовме дека планините се наполнија со луѓе, тие се (…) дигнаа на востание (…), еден од нас беше болен и остана таму, но како што дознавме подоцна, го зедоа Бугарите и го убија.“ А. А. Χοτζιδης, *Ευθυμιος Καουδης, Ενας κρητικος...*, стр. 48–49.

661 Д. Литоксоу, *Грчката антимакедонска...*, стр. 83. Писмото е со датум 4 септември 1903 година.

662 Г. Χ. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη...*, стр. 179

663 *Дневници и спомени за Българската историяа; Дневници…*, стр. 63.

нивното заминување, Каудис во спомените напишал: „(...) моите луѓе сакаа да заминат, но митрополитот се развика за да останат, но тоа беше невозможно. Јас не сакав да заминам, сакав да останам со Вангел, но митрополитот ми рече да заминам штом другите заминуваат.“[664] На таков начин завршила авантурата на првата организирана андартска група испратена во предилинденскиот период од Грција во Македонија со цел да се бори против МРО.

## 4.3. ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА НЕВЕСКА

Ослободувањето на градот Невеска има посебно место во многубројните херојски борби на македонските востаници во текот на Илинденското востание.[665] Значењето на овој настан, покрај високиот степен на покажаната борбена ефикасност со минимални загуби по востаничките сили, е во тоа што станува збор за последната крупна победа на востаниците во текот на востанието токму во периодот „кога турската влада имала концентрирано огромна армија во Битолскиот вилает и кога Хилми-паша пред нив се фалел (се мисли на европските конзули во Македонија, б.н.) дека востанието ќе биде задушено за десетина дена“.[666] Истовремено, за грчката пропаганда во османлиска Македонија, особено за костурскиот митрополит, заземањето на градот Невеска од страна македонските востаници претставувало силен удар. Нив ги загрижувала местоположбата на градот во однос на грчките аспирации кон овој дел од османлиска Македонија и посебно етничкиот состав на населението, т.е. според грчките проекции, влашкото патријаршиско население било носечкиот столб на грчкиот елемент онаму каде што на теренот, во суштина, го немало.

---

[664] А. А. Χοτζιδης, *Ευθυμιος Καουδης, Ενας κρητικος...*, стр.51.

[665] Градот Невеска се наоѓал во границите на Леринската Каза во рамките на територијално-административната поделба на Османлиската Империја кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Истовремено, градот бил и нахиски центар, во кој бил сместен османлискиот мудир. Во Невеска имало телефонско-телеграфска станица и гарнизон со околу 70 војници, чиј број во текот на востанието се зголемил за неколкупати. Градот бил населен со влашко население, чиј број, според бугарскиот етнограф Васил К’нчов, изнесувал 2 300 жители, додека според одредени учесници во востанието и некои автори, бројот на жителите се движел околу 5 000 до 6 000. В. Кънчов, *Македония, Етнография…*, стр. 250; *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 36; *Историја на македонскиот…*, стр. 312.

[666] *Историја на македонскиот…*, стр. 312.

Идејата за организирање напад на Невеска дошла веднаш по битката меѓу здружените востанички сили од костурската и од леринската околија и осмалинската војска во најсеверниот дел од костурската околија, кај месноста Бигла, од 4 август 1903 година.[667] Планот за реализирање на акцијата почнал да се разгледува неколку дена пред да се спроведе во дело. Имено, градот бил последното воено-административно упориште на османлиската власт на граничната територија меѓу леринската и костурската околија. По преземањето на контролата врз околните села и врз градот Клисура од страна на востаниците, Невеска останала последното населено место под контрола на османлиската администрација. И покрај тоа што не се наоѓал на територија под ингеренции на костурските востаници, градот имал важно стратешко место за обезбедување на слободната територија во костурската околија, но и за нејзиното понатамошно проширување кон исток, односно кон населените места од леринскиот реон.

Првиот чекор бил направен преку детално извидување на ситуацијата. Востаничкото раководство се интересирало за бројниот состав на војската што била стационирана во градот. Ваквите информации биле од особена важност за востаниците. За нив, покрај бројниот состав на османлискиот аскер, од исклучителна важност било и количеството оружје и муниција кое се наоѓало во градот, а кое требало да послужи за натамошно успешно водење на оружените дејства. За таа цел, на 7 август Чакаларов наредил да се испрати доверлив човек од селото Прекопана во Невеска.[668] По два дена, на 9 август, кај месноста Врбица, костурчани се сретнале со леринските чети предводени од тамошниот раководител Михаил Чеков. Целта на првите била да се организира координирана акција на востаниците од двете околии за ослободување на Невеска. Чакаларов во својот дневник забележал дека најголемиот дел од леринските востаници „од сè срце сакаа да го нападнеме аскерот,“ меѓутоа „Михаил Чеков се колебаше“.[669] Тој ден, повторно според Чакаларов, било најпогодно да се нападне градот, бидејќи во него, според добиените информации, се наоѓале околу 80 војници од резервниот состав на османлиската армија. Но, поради нерешителноста на Чеков, како и поради замената на резервниот состав од градот со нови 180 војници од редовната војска, костурчани решиле да се упатат кон селото Мокрени, каде што престојувал Розов, со цел да ги направат неопходните

---

[667] Г. Попхристов, *Революционата борба...*, стр. 40.

[668] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 355.

[669] Исто, стр. 355.

подготовки за организирање на акцијата. По престојот во Мокрени, на 10 август востаниците преку Клисура се упатиле кон месноста Врбица на последното советување и на изготвување на планот за напад на Невеска. Чеков и на оваа средба негодувал и се колебал во успехот на планот, според кој леринските чети требало да го нападнат градот од северната страна. Според Чакаларов, а по кажувањето на Чеков, причината поради која вториов се противел на акцијата е таа дека леринчани откако „востанале ниеднаш не влегле во вооружен судир, а само така скитале (...)“.[670] Поради тоа Попов го нарекол „страшливец“ кој повторува дека неговите четници дотогаш не учествувале во ниту еден вооружен судир.[671] Сепак, леринските војводи, поддржани од костурското раководство, остро реагирале на ваквите ставови на својот раководител и одлучиле дека ќе учествуваат во нападот на Невеска.[672]

Како и да е, според прецизно изработениот план, кој бил направен на месноста Врбица на 11 август, било предвидено градот да се нападне од четири страни: од северната страна, според Попов, биле распоредени леринските чети, кои требало први да го започнат нападот, на западната страна, под водство на Розов, биле стационирани Смрдешката и Загоричанската централна и Загоричанската селска чета, Н. Андреев со Прекопанската, Сребренската и Мокренската централна чета требало да нападнат од исток и од југоисток, додека Казнената чета под водство на војводата Ристо Гучов со неколку централни и селски чети било предвидено да настапуваат кон градот од јужната страна.[673] Било одлучено главниот командант Чакаларов да раководи со акцијата од една височинка и како заднина да интервенира и да пополнува одредени празнини, доколку биде потребно, или да ги спречи евентуалните интервенции на османлиската војска, која би пристигнала како поддршка на Османлиите во градот.

---

670 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 356–357.

671 *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 41.

672 Во македонската историографија постои дилема околу тоа дали во акцијата за ослободување на Невеска воопшто учествувале леринските востаници. Ваквата ситуација се должи на недостатокот на историски извори, но, пред сè, на контрадикторните искази во достапните материјали поврзани со овој настан. Така, според овие извори, има две верзии за настанот: првата, која ја потврдуваат најголемиот број учесници во акцијата, дека во борбите за Невеска учествувале леринчани, и втората, која се потпира на категоричниот исказ во дневникот на главниот командант на акцијата, В. Чакаларов, дека леринските чети не биле дел од борбите за ослободување на градот.

673 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 357; *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 42.

Акцијата, според предвидениот план, започнала во раните утрински часови на 12 август. На тој ден, според Попов, околу 700 востаници се упатиле кон Невеска, додека во и околу градот имало 250 до 350 војници. Првиот проблем се појавил кога групата предводена од Попов се приближила на 600 метри до османлиските позиции и наишла на војнички шатори. Причина за нивното поставување надвор од градот била постепеното зголемување на бројот на војници протерани од околните села и немањето можност тие да бидат сместени во постојната касарна. Според првобитниот план, нападот требало да го започнат леринските чети од северната страна на градот, но, според Чакаларов, откако не се случило тоа, било направено ново распоредување на силите.[674] Во македонската историографија постои мислење дека нападот на градот започнал во доцните попладневни часови. Ваквото тврдење, пред сè, е преземено од Христо Силјанов.[675] Сепак, од изворите јасно се гледа дека акциите започнале во претпладневните часови, односно со двочасовно одлагање поради вообичаената замена на османлискиот одред од градот со ист таков од Лерин.[676]

Исто така, постои контрадикторност околу тоа кој го дал сигналот за почеток на нападот која е поврзана со дилемата дали во акцијата за ослободување учествувале леринчани. Имено, Попов, кој требало да го започне главниот напад, во своите спомени вели дека сигналот за почеток на акцијата го дале леринчани, додека Чакаларов во својот дневник запишал дека го известил Попов „да не отвора оган тој, туку да чека ние да отвориме (...) Прво јас отворив оган од нашата страна.“[677] Како и да е, офанзивата на востаниците кон градот започнала по дадениот општ сигнал, односно, во

---

674 Чакаларов наредил востаничките сили предводени од Попов и од Розов да го заземат десното крило и да се поврзат со Андреев, додека тој и групата на Васил Кономладски да настапат по левото крило. *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр 358.

675 Според Силјанов, „тактиката на востаниците да напаѓаат доцна по ручек, овде му помогна на непријателот (...) да се извлече од источната страна, користејќи го доаѓањето на ноќта“. Х. Силјанов, *Ослободителните борби*…, стр. 351.

676 Според Иван Попов, околу 7:30 часот еден османлиски одред го напуштил градот и се упатил кон Лерин, а на негово место пристигнал друг. Конечно, нападот започнал по два часа. *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 43.

677 *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 358. Според кажувањата на Манол Кочов, учесник во востанието во четата на Митре Влашето, и на Наум Масалинков, исто така учесник во востанието како дел од четата на Стерјо Стерјовски, „леринските чети, со кои немавме врска, беа набљудувачи и служеа само како заштита од север – од кај гр. Лерин“. *Дневници и спомени за Българската история; Дневници*…, стр. 214.

прв момент, кон војничките шатори распоредени околу Невеска. Османлискиот аскер, изненаден од нападот, се дал во панично бегство, додека во исто време македонските востаници, заштитени од заднинската поддршка, јуришале кон нивните позиции. Напуштајќи ги позициите, едни војници бегале во правец на селото Зеленич, додека другите се повлекле кон градската касарна. Во празните шатори било запленето поголемо количество оружје и воена опрема. Веднаш потоа Андреев од едната страна и Попов од другата влегле во градот, додека Розов до вечерта не можел да се пробие и да влезе во Невеска.[678] Додека настапувале кон центарот на градот, тие биле во постојана престрелка со делови од војската, која се повлекувала кон околните ридови. Главната цел на раководителите на акцијата била заземањето на мудирската зграда и на касарната, каде што биле стационирани и давале посериозен отпор османлиските војници и чиновници. Касарната била опколена и синхорнизирано нападната од повеќе страни. По краток судир, еден дел од војниците им се предале на востаниците, додека поголемиот дел успеале незабележано да го напуштат објектот и безбедно да се повлечат од градот.[679] Истовремено додека траеле борбите за заземање на касарната, Чакаларов и Кљашев со дел од вооружените сили се упатиле кон мудирската зграда. Мудирот успеал навреме да го напушти градот, но тоа не им успеало на седум војници и на озлогласениот, меѓу локалното население, заптија Сулејман. Бидејќи давал отпор, тој бил ранет, а од војниците еден бил убиен, додека другите се предале. На овој начин завршила борбата за ослободување на Невеска.

Македонските востаници во текот на акцијата за ослободување на градот успеале да присвојат поголемо количество оружје, прехранбени продукти, воен и санитетски материјал и облека.[680] Биле заробени неколку војници, додека за бројот на убиените има контрадикторни податоци. Така, на пример, во македонската историографија, како и кај најголемиот број учесници во акцијата што зад себе оставиле некакво пишано сведоштво, се наведува бројка од околу 20-ина убиени Османлии. Според турските

[678] Според Иван Попов, тие со песна влегле во градот и покрај постојаните пукотници што доаѓале од војската која се наоѓала во него. *Сйомени на Иванъ Пойов*, стр. 43.

[679] Стр. Раз., „Из споменитъ на Марко..., стр. 42, 43.

[680] Само од османлиската касарна, според Попов, биле земени околу 40 пушки од типот „маузер“, а според Чакаларов, 34 пушки и големо количество куршуми (околу 6 000). Исто така, пушки биле запленети од османлиските логори, кои биле први нападнати, како и од мудирската зграда. *Сйомени на Иванъ Пойов*, стр. 41-44. *Дневникоѿ на војводаѿа Васил Чакаларов*, 358-360.

дефтери, пак, многу контрадикторно и сомнително, се посочува дека немало загинати османлиски војници, туку единствено петмина биле ранети.[681] Од востаниците имало само еден загинат, 20-годишниот Јото Зурљов од селото Д'мбени, а неколкумина биле ранети. Биле запалени касарната и целокупната архива на мудирската управа, биле уништени телеграфските апарати во поштенската станица и била прекината телеграфската мрежа. Интересен податок сретнуваме во спомените на леринскиот раководител Георги Поп Христов, кој посведочува дека во зградата на мудирот „најдовме многу портрети на наши раководители".[682] Иако од овој податок не може да се утврди дали станува збор за фотографии или за слики, сепак тој претставува одличен пример којшто сведочи за добро развиената османлиска информаторско-разузнавачка мрежа, но и за врските меѓу османлиските власти и грчките пропагандни структури во османлиска Македонија, кои безрезервно им помагале на месните власти во борбата против МРО.

Од достапниот архивски материјал може да се констатира дека населението на Невеска со воодушевување и радост ги дочекало македонските востаници. Во текот на нападот на градот постоело неверување и изненаденост меѓу жителите на градот. На почетокот, како што тврди војводата Марко Иванов во своите спомени, во Невеска владеело „мртвило, жива душа не можело да се види".[683] Меѓутоа, уште додека траеле борбите за ослободување на градот, постоеле поединци кои им помагале на востаниците, каков што бил примерот со месниот лекар, кој ги згрижувал и ги лекувал повредените борци.[684] Во спомените на леринскиот раководител Михаил Чеков го сретнуваме следниот податок: „Власите, исто така, беа полни со ентузијазам, при што самоволно собраа 70 лири и му ги предадоа на Георги Поп Христов во полза на ослободителното дело. Двајца младинци Власи со оружје служеа со големо внимание како курири."[685]

Сепак, од достапните извори може да се утврди дека и покрај кусиот престој на востаниците во Невеска од само два дена, тие успеале да воспостават управна власт во градот, при што „уредена била градска комисија за управување со градот".[686] Во спомените на Г. Поп Христов, кој не учеству-

---

681 ДАРМ, *Турски документи...*, стр. 83.

682 *Спомени на Г. П. Христов*, стр. 306.

683 Стр. Раз., „Из споменить на Марко...", стр. 43.

684 *Спомени на Иванъ Поповъ*, стр. 44; *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 359.

685 *Илинденско-преображенското въстание 1903–1968*, София, 1968, стр. 262.

686 *Илинденско-преображенското въстание…*, стр. 47.

вал во ослободувањето на градот, но пристигнал во него наредниот ден, е наведено дека било свикано општо собрание во куќата на Мисарлијата.[687] На собранието одржал говор Поп Христов, кој пред насобраниот народ зборувал за востанието и за неговата цел. Во таа пригода тој кажал: „(...) се бориме за автономијата на Македонија. Слободата ќе биде еднаква за сите народности. Треба и вие да земете учество во борбата на каков начин можете.“[688] Оттука, академик Манол Пандевски смета дека леринското востаничко раководство на општото собрание избрало „народна управа, ’Привремена комисија за управување на градот‘, одбирајќи го за нејзин претседател домаќинот на куќата, Мисарлијата“.[689] Сепак, кусиот престој во градот поради османлиската офанзива не дозволил понатамошно надградување и усовршување на народната власт во Невеска.

Како и да е, вечерта на 12 август костурските востаници се повлекле кон базата кај месноста Врбица, додека во околината на градот останале леринските чети. Наредниот ден, „откако видоа (…) дека не доаѓа турска војска“,[690] леринчани влегле во Невеска и таму останале цел ден. Последниве ги поканиле костурските чети да присуствуваат на прославата по повод ослободувањето на градот, која требало да се одржи на 14 август, дента кога почнала големата османлиска офанзива против востаничките сили во тој дел на османлиска Македонија. Новонастанатата ситуација ги принудила костурчани да се откажат од намерата да влезат во Невеска, а леринчани, од истите причини, да го напуштат градот. Реално оценувајќи ги сопствените сили, востаниците согледале дека давањето отпор е бесмислено и во согласност со стратегијата за водење на оружените дејства, решиле без борба да се повлечат од Невеска, отстапувајќи од градот пред воената офанзива на османлиската војска.

За македонската националноослободителна борба во периодот по крајот на Илинденското востание, токму ослободувањето на гратчињата Крушево, Клисура и Невеска, како епски настани, ќе бидат постојан поттик и веднаш

---

687 Г. Попхристов, *Револуционаӣа борба...*, стр. 41. Според историчарот Никола Минов, Мисарлијата бил член на влијателното семејство Цирле. Н. Минов, *Влашкоӣо ӣрашање и романскаӣа...*, стр. 392.

688 Г. Попхристов, *Револуционаӣа борба...*, стр. 41.

689 Манол Д. Пандевски, *Илинденскоӣо восӣание во Македонија...*, стр. 313–314. Исто така, според Пандевски, учесниците на собранието долго во ноќта ги оцртувале плановите за братско сожителство во автономна Македонија, додека жителите на Невеска давале заклетва дека ќе ги извршуваат наредбите на својата народна Управа.

690 *Сӣомени на Иванъ Поӣов*, стр. 45.

ќе станат жива историска традиција во усните преданија. Во денешницава, пак, на ослободувањето на Клисура и на Невеска при годишните традиционални чествувања на Илинденското востание, за разлика од ослободувањето на Крушево, не им се придава заслужената почит и внимание. Поради ваквиот однос кон овие настани, постои опасност од нивно постепено изгледување. А за тоа постојат објективни причини. Кога станува збор за месното македонско население во костурската околија, денес, како и во поблиското минато, имало обиди за државно и систематско влијание за губење на историската меморија. По Букурешкиот договор од 1913 година и поделбата на османлиска Македонија, во јужниот дел на Македонија започнал процес на градење на грчката нација со директно влијание врз етничкиот идентитет и со трансформирање на луѓето од една област во луѓе на една нација-држава.[691] Се разбира, овој процес имал за цел и водел кон постепено губење на меморијата на месното македонско население за сопственото историско минато. Од друга страна, влашкиот етникум од Клисура и од Невеска, кој не учествувал во борбите за ослободување на градовите, уште пред приклучувањето на тој дел од Македонија во рамките на грчката држава бил во голем степен грцизиран и кај него никогаш не бил создаден мит или култ кон овие два настана, ниту кон Илинденското востание воопшто. На оваа стварност се надоврзува и фактот дека засега е невозможно Република Македонија со своите институции да организира или да учествува на официјално чествување на овие два настана како што го прави тоа секоја година во Крушево.[692]

## 4.4. СОРАБОТКАТА НА ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС СО ОСМАНЛИСКАТА ВЛАСТ ВО ТЕКОТ НА ВОСТАНИЕТО

Во текот на најжестоките судири меѓу османлиската војска и македонските востаници, рускиот министер за надворешни работи, грофот Ламсдорф, примил извештај од рускиот амбасадор во Истанбул, И. Зиновјев.[693] Извештајот, кој е со датум 21 август 1903 година, бил целосно

691 Anastasia Karakasidou, „Politicizing culture: Negating ethnic identity in Greek Macedonia“, *Journal of modern greek studies*, 1993, стр. 1.

692 Димитар Љоровски Вамваковски, „Ослободувањето на Клисура и Невеска во текот на Илинденското востание“, *ГИНИ*, Скопје, 2009, стр. 118.

693 Симон Дракул, *Македонија меѓу автономијата и дележот; Зборник руска дипломатска документација, 1894–1913*, Том II, Куманово, 1996, стр. 322–323.

посветен на обидите за соработка меѓу официјална Атина и Истанбул, а во насока на што побрзо задушување на востанието. Информациите на рускиот амбасадор се однесувале на плановите на османлиската власт да формира „два баталјона од Грци и Куцовласи“ кои би биле командувани од офицери на грчката армија. На прв поглед, целта на овие баталјони требало да биде борбата против македонските востаници. Меѓутоа, овој дипломатски маневар на османлиската власт повеќе бил насочен кон обезбедување на својата јужна граница на Балканот. И покрај информациите на Зиновјев дека османлискиот предлог бил целосно прифатлив за грчкиот крал Георгиос I и за грчкиот премиер Ралис, сепак не постојат конкретни историски податоци дека овој план бил реализиран.

Како и да е, од страна на грчката држава била понудена, а воедно и дадена безрезервна помош во настојувањето на османлиската власт што побрзо да го задуши востанието. Ваквата позиција на Грција во голема мера ѝ го олеснила дејствувањето на османлиската војска, која масовно се стационирала кон границата со Бугарија, а покрај тоа „ѝ овозможило на Портата да ги префрли сите свои војски од македонско-грчката граница на север, во востанатите области“.[694] Исто така, во текот на востанието грчките конзуларни и црковни претставници биле во постојан контакт со месните власти во Битолскиот Вилает, на кои безусловно им ги нуделе сите информации за случувањата на теренот. На 26 јули 1903 година конзулот Кипреос го известил грчкото МНР за активностите преземени од нивна страна во напорите да им помогнат на османлиските власти во задушувањето на востанието.[695] Освен шпионската активност на грчките пропагандни структури на самиот терен, тие заедно со османлиската власт дејствувале и против востанатото население.[696] Оттука, официјална Атина, поради погоренаведените активности на грчката држава и на грчките

[694] Р. Поплазаров, *Грчката политика спрема Македонија…*, стр. 52; Х. Силјанов, *Ослободителните борби...*, стр. 347.

[695] I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 587.

[696] Австрискиот конзул во Битола, А. Крал, го известил министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија, Агенор фон Голуховски, дека главниот инспектор Хусеин Хилми-паша избрал една комисија составена од угледни муслимани и Грци (патријаршисти), која имала налог „да ги наговори избеганите селани да се вратат [во своите домови], а востаниците да го положат и предадат оружјето“. *Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници во Македонија*, стр. 99. Битола, 1 септември 1903 година.

пропагандни институции во османлиска Македонија, се надевала дека ќе извлече одредена корист за сопствените национални интереси.[697]

Во текот на офанзивата на османлиската војска во костурската околија, без резултат останале напорите на Каравангелис пред месните власти да прикаже постоење на етничка разлика меѓу македонските егзархисти и патријаршисти. Тој ги „советувал" властите во Костур, како што напишал во едно писмо до патријархот Јоаким III, дека постои потреба „од препознавање на православните од расколниците".[698] Во едно од своите следни писма до патријархот, Каравангелис оди подалеку во барањата за мерките што требало да ги преземат османлиските власти. Митрополитот предложил „да му се нареди на Хусни-паша (…) да не продолжи со палење други села, а пред да почне со такво нешто, да се договара со мојата Митрополија и да ни ги соопшти селата што има намера да ги запали за да му кажеме кои му припаѓаат на нашиот род".[699] За Каравангелис, но и општо за грчката политика, црковната припадност на македонското население (македонофони, албанофони и влахофони) претставувала главен доказ и маркер за нивната припадност кон *елинизмот*. Од друга страна, пак, неговата слобода при искажувањето барања кон османлиските власти била резултат на чувството на привилегираност, која се должела на соработката со месната османлиска управа. Од информациите што ги добивал, Каравангелис со сигурност знаел дека значаен дел од патријаршистите во неговата епархија учествуваат во востанието, но кај него во тие моменти најважна била потребата од извлекување корист за грчката пропаганда. Единствената приоритетна цел на Каравангелис била заштитата на неговите информатори и шпиони во костурските села. Најдобар доказ дека напорите на Каравангелис останале залудни и дека османлиската војска не правела разлика во походот низ костурскиот реон претставува писмото на грчкиот конзул во Битола, Кипреос, до грчкото МНР од 28 август 1903 година. Грчкиот конзул, информирајќи за случувањата околу задушувањето

---

697 Во тој период грчките весници пишувале дека е договорено скорешното приклучување на островот Крит кон Кралството Грција и дека „принцот Ѓорги ја свикал Високата комисија на Кипар, за прогласување на автономија, во согласност со британското височество (...)." *Илинден во француските дипломатски документи*, стр. 137, 138. Атина, 22 август 1903 година. Извештај на дипломатската мисија на Република Франција во Грција.

698 Д. Литоксоу, *Грчката антимакедонска...*, стр. 23.

699 Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 603. Писмо на Каравангелис до патријархот, 24 август 1903 година.



Германос Каравангелис фотографиран со османлиска војска

на востанието, напишал дека „не се прави никаква разлика меѓу нашите (патријаршистите, б.н.) и шизматичките села кога станува збор за (…) палењето на селата“.[700]

Информациите за почетниот успех на Илинденското востание со загриженост ги примил и Јон Драгумис. Тој одлучил дека е неопходно да отиде во Костур откако констатирал дека развојот на настаните е неповолен за грчката пропаганда. Драгумис сметал дека *елинизмот* е најзагрозен во костурскиот предел, поради што било потребно да му помогне на Каравангелис на кој било начин. Во однос на дејствувањето на грчката пропаганда, во тие моменти постоеле одредени разлики меѓу Каравангелис и Драгумис.

[700] Исто, стр. 604.

На 12 август 1903 година Драгумис во својот дневник забележал: „(...) митрополитот сака работа која веднаш ќе донесе добар резултат за македонското прашање. Меѓутоа, јас сакам активност што ќе ги подготви и ќе ги подобри луѓето, и оваа дејност ќе има некакво влијание врз македонското прашање."[701] Драгумис се обидел да ја консолидира грчката пропаганда во Костур и да даде упатства за идните нејзини дејства. Тој во дневникот пишува дека „во весникот 'Алитја' (Вистина) од Солун се испраќаат новинарски написи од Костур, каде што се опишуваат сите наши дејства, а ова многу ни штети"[702], алудирајќи на акциите преземени од Каравангелис. Исто така, тој нагласил која е неговата главна цел која го принудила да замине во костурската околија: „(...) одам во Костур зашто не сакам да го заземат [востаниците] (…) Нека се обидат да се приближат, ќе бидам и јас таму и ќе ја земам пушката (…) Градот е грчки. Нема да влезат во него тие гнасни луѓе."[703] Од друга страна, Драгумис во текот на 1903 и на 1904 година постојано ги истакнувал улогата и значењето на Патријаршијата за *елинизмот* во османлиска Македонија. Според него, од „грчката нација" во Македонија, која била со „мултијазичен карактер", го отфрлил јазичниот критериум и сметал дека негркофоните патријаршисти „ако не се 'чисти' како нивните гркофони истоверници", тогаш ќе бидат „Грци сѐ додека се под јурисдикција на грчката Патријаршија".[704] Оттука, јасна била загриженоста на Драгумис за случувањата во костурската околија, во која покрај тоа што голем број села преминале од Патријаршијата во Егзархијата, и значителен дел од патријаршистите учествувале во востанието.

Костурскиот митрополит во текот на Илинденското востание ја зацврстил соработката со османлиските власти, чија заедничка цел била побрзо пасивизирање на костурскиот реон. Меѓу другото, Каравангелис ги следел инструкциите на Патријаршијата, која со циркуларно писмо ги известила своите службеници да ги предаваат на властите востаниците и нивните истомисленици.[705] Оттука, зградата на Костурската митрополија честопати била посетувана од османлиски воени чиновници, при што тие детално биле информирани за движењето на востаниците. Информациите

701 Исто, стр. 53.

702 Исто, стр. 191.

703 Исто, стр. 211.

704 M. Kaliakatsos, „Ion Dragoumis and 'Machiaveli': Armed struggle, propaganda and hellenization...", стр. 62.

705 Г. Даскалов, *Българите в Егейска Македония...*, стр. 46.

што им ги доставувал Каравангелис на Османлиите најчесто ги добивал од своите многубројни соработници. Особено била впечатлива неговата блискот со, како што самиот го нарекол, „мојот пријател Хусеин Хусни-паша“.[706] Последниов бил назначен за командант на османлиската војска во костурската околија. Блискоста и пријателството што постоеле меѓу двајцата најдобро можат да се забележат во спомените на Каравангелис, каде што запишал дека „Хусеин Хусни-паша на моја молба и укажување (…) ги запалил (…) само чисто бугарските Бобишта, Бомбоки, Вишени, Дреновени (…), вкупно околу 25 села“.[707] Митрополитот дури и го поттикнувал грчкото население од Костур да бара од османлиската воена управа да му даде оружје со цел да се бори против востаниците.[708]

Во почетниот период од Илинденското востание, во координација со османлиската војска најчесто дејствувале Криќаните и Вангел, но како што се ближел неговиот крај, во походот на војската и на башибозукот против востаниците и во уништувањата на македонските села учествувал лично и Каравангелис. Така, на почетокот од големата османлиска офанзива на 14 август, митрополитот, вооружен со пушка, ја придружувал војската во походот против македонските востанички сили.[709] Бугарскиот трговски агент во Битола, Начович, во еден извештај до бугарското МНР, врз основа на очевидци информира дека за време на опустошувањата на селата Блаца, Черешница и Вишени заедно со османлиската војска, „присуствувал [митрополитот] облечен во турска офицерска облека“.[710] Исто така, митрополитот учествувал и во заземањето на селото Загоричани од османлиската војска.[711]

Секако дека ваквата негова дејност имала негативно влијание врз населението во последната етапа од востанието. Чакаларов, на пример, во својот дневник забележал: „(...) мнозина почнаа да бараат начин за да се зближат со Турците и со грчкиот владика“,[712] додека Кљашев бил уште поконкретен: „(...) грчкиот владика со 600 души војска одеше низ Пополе и во Олицкиот

---

706 Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 31.

707 Исто, стр. 31.

708 Г. Даскалов, *Българите в Егейска Македония...*, стр. 46.

709 Х. Силјанов, *Ослободителните борби…*, стр. 424; *Дневници и спомени за Българската историяа; Дневници и...*, стр. 214.

710 Величко Георгиев, Стаико Трифонов, *Гръцката и сръбската пропаганди в Македония; Краят на XIX-началото на XX век*, София, 1995, стр. 29

711 *Загоричани, Споменй по случаи 25 годишнината отъ...*, стр. 7.

712 *Девникот на војводата Васил Чакаларов…*, стр. 372.

манастир за да ги убедува семејствата да ги викнат востаниците да се предадат, а тој ќе ги заштител – ако станат гркомани (…) Подоцна, кон крајот на септември, сите кои сакаа да одат во туѓина, требаше од грчкиот владика да добијат дозвола за пасош. Инаку не им се издаваа пасоши.“[713] Ваквите случувања ги потврдил и Начович. Тој забележал дека во селата зафатени со востанички акции митрополитот испраќа писма во кои го повикува населението да го прифати за свој духовен водач и во таков случај луѓето ќе „бидат оставени на мира“ од властите. Исто така, доколку некој „се осмелел да протестира против ваквите грчки постапки, веднаш бил предаван на власта како престапник и бил апсен“.[714] Кон крајот на востанието слично писмо добил и војводата Л. Киселинчев. Каравангелис во писмото барал од Киселинчев да се согласи да го предаде целото оружје од својот реон. Во таков случај митрополитот „ветувал“ дека ќе интервенира кај власта да не му се случи „ништо лошо“ на Киселинчев и дека ќе даде „тескере“ (писмена дозвола) за војводата да замине за Грција.[715] По два дена, на 12 септември Киселинчев добил уште едно слично писмо, но овој пат покрај потписот на Каравангелис, стоел и службен печат од османлиската управа со потпис од извесен Рашид-паша.[716] Ваквото однесување на митрополитот наишло на остра осуда кај Киселинчев и кај востаниците што биле сведоци на овие настани.

Соработката и заедничката помош меѓу османлиската власт и костурскиот митрополит најдобро се забележува во текот на борбите меѓу востаничките сили и војската кои се воделе во близината на градот Костур. На 29 август 1903 година 450 востаници предводени од војводата Чакаларов се упатиле кон Костур. Востаничките сили биле распоредени над селото Апоскеп, кое се наоѓало во близина на Костур, односно северно од езерото. Тие наредниот ден го нападнале османлискиот одред со 200 војници, кои веќе два дена ги измачувале селаните на Апоскеп барајќи од нив да го предадат скриеното оружје. Според Христо Силјанов, во судирот Османлиите имале загуби од десетина мртви и ранети.[717] Овој настан ја активирал петилјадната османлиска војска во Костур, но, исто така, предизвикал и паника во самиот град поради „овој дрзок напад на востаниците,

713 *Спомени на П. Кљашев*, стр. 256.

714 В. Георгиев, С. Трифонов, *Гръцката и сръбската пропаганди…*, стр. 29.

715 *Извадки од „моето тефтерче“ или Дневникът не един комита – Лазар Киселинчев...*, стр. 101.

716 Исто, стр. 103

717 Х. Силјанов, *Ослободителните борби…*, стр. 426.

(…) и тоа само на 5-6 километри од Костур“.[718] Додека траеле борбите во околината на градот, османлиските чиновници, но и Каравангелис, ги смирувале костурчани. Х. Силјанов запишал дека „грчкиот митрополит со својата вооружена свита ја олеснуваше задачата на пашата, храбрејќи ги православните (се мисли на патријаршистите, б.н.) и барајќи да ѝ помогнат на војската“.[719] Сепак, со силна контраофанзива придружена со голем број жртви од османлиска страна, војската успеала да ги потисне востаниците на безбедно растојание од градот.[720] Оттука, јасно се воочува дека за Каравангелис од приоритетно значење било градот да остане под контрола на османлиските власти, со што тој би ги зачувал своите привилегии и позиции во однос на патријаршиското население и, воопшто, грчките интереси во тој дел од османлиска Македонија.

## 4.5. ДЕЈНОСТА НА ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС ЗА ВРЕМЕ НА ЗАДУШУВАЊЕТО НА ВОСТАНИЕТО

По заминувањето на критските андарти од османлиска Македонија, костурскиот митрополит не се откажал од намерата да донесе нова, поголема вооружена сила од Кралството Грција во својата епархија. Имено, пред враќањето на Криќаните бил направен нов обид за испраќање грчка паравоена формација во османлиска Македонија. Меѓутоа, дваесетчлената вооружена група предводена од Леонидас Папамалекос и Стилијанос Клидис, додека сѐ уште се наоѓала во Тесалија, била известена од Павлос Мелас да не заминува кон османлиска Македонија поради започнувањето на Илинденското востание.[721] За сериозноста на ситуацијата бил свесен и митрополитот, кој во своите спомени забележал: „(...) не би требало да имаме претензии дека една шепа луѓе можат да уништат во период од неколку дена едно дело (мислел на дејноста на МРО, б.н.) кое се градеше цели десет години.“[722] Сепак, и од кореспонденцијата меѓу Каравангелис, Мелас и

[718] Исто, стр. 426.

[719] Исто, стр. 427.

[720] Според турските дефтери, во овој судир биле убиени 27 востаници, додека од османлиските сили загинал еден војник, а четворица војници биле ранети. ДАРМ, *Турски документи*..., стр. 85.

[721] *Ο Μακεδονικος αγων και εις Θρακην γεγονοτα*, Γενικον επιτελειον στρατου..., стр. 130.

[722] Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια*..., стр. 58. Писмо на Каравангелис од 13 август 1903 г..

Драгумис можат да се забележат обидите за екипирање и испраќање нова чета од Грција во костурската околија, но и за придобивање на месното население од елинофоната зона од Јужна Македонија. На 3 август 1903 година Мелас го информирал Драгумис дека „на границата има многу пушки за уште стотина месни луѓе кои ќе ми ги испрати Каравангелис, со кого веќе се договорив“.[723] Единствената цел на новата грчка паравоена група која евентуално би пристигнала во Југозападна Македонија требало да биде борбата против востаничките сили и ликвидирањето видни раководители на МРО. Ваквите ставови се потврдуваат и со писмото на Драгумис од 17 август, во кое тој ја прецизирал нивната дејност: „(...) новата чета не треба да оди со аскерот, туку да ги прогонува комитите по планините и во селата“.[724] Сепак, со стационирањето огромна османлиска војска[725], присуството на каква било грчка чета од 20 до 50 луѓе било непотребно и бескорисно, а сигурно и проблематично за самиот Каравангелис.

Во текот на востанието пристигнувале предлози од владата во Атина и од разни национални здруженија во грчкото кралство за формирање грчка милиција во елинофоните села во османлиска Македонија.[726] Првенствена цел на оваа оружена формација би била борбата против востаниците, но и претставување пред европската јавност и дипломатија дека грчкото население во Македонија е против целите на востанатото население. Така, на пример, претседателот на друштвото „Македонија“ од Атина, доктор Јорбанис, предал петиција до османлиската амбасада во грчката престолнина. Друштвото преку петицијата „моли на населението од трите царски вилаети, каде нема редовна царска војска и кои се бојно поле на секојдневни напади на четите, да му се пружи помош во вооружување од страна на Високата влада, под гаранција на мухтирите“.[727] Јон Драгумис дури предлагал „да дојдат нашите и да се случи граѓански судир меѓу христијаните во востанатите реони“.[728]

---

[723] Исто, стр. 213.

[724] Исто, стр. 233. Писмо од Јон Драгумис, кој споменува делови од писмото од 16 август 1903 година што го добил од П. Мелас, во кое се зборува за новата грчка чета.

[725] Во Костурско биле стационирани околу 15 000 војници на чело со Хусеин Хусни-паша.

[726] *Турски документи за Илинденското востание од султанскиот фонд „Јилд'з“*, Архив на Македонија и Матица македонска, Скопје, 1997.

[727] *Турски документи за Илинденското востание...*, стр. 54, 55.

[728] Писмо на Јон Драгумис до Павлос Мелас од 28 август 1903 година. Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 45.

Двете горенаведени барања биле неосновани. Прво, доколку се создадела грчка милиција, таа би можела да се формира и да дејствува единствено во најјужните делови од османлиска Македонија каде што живеело грчко, погрчено и влашко население, реони во кои немало востанички дејства. Второ, граѓански судир не можел да се случи бидејќи грчките платеници и отпадници од МРО од типот на Коте и на Вангел биле навистина малобројни, неутрализирани и немоќни да ѝ направат што било на добро организираната востаничка сила. Исто така, не бил возможен граѓански судир со борци увезени од друга држава, зашто во таков случај веќе станува збор за агресија од една соседна земја врз друга. Мислењето на грчкиот историчар Василиос Гунарис за состојбата во Југозападна Македонија за време на востанието и евентуалната можност за испраќање грчки чети е следното: „(...) криењето ’странци‘ (се мисли на луѓе испратени од Грција да се борат против востаниците, б.н.) во малиот свет на западните македонски села било (…) сосема невозможно (…) Организацијата имала создадено добри односи со месната одбрана, но и една мрежа која имала големи резултати во ширењето на информациите.“[729] Освен тоа, неосновани биле тврдењата на Каравангелис и на другите грчки пропагандни структури во османлиска Македонија дека „нивното“ население во востанатите области е принудено од МРО да учествува во востанието.[730] Населението, без разлика на која од двете цркви ѝ припаѓало, доброволно ѝ се приклучило на борбата за добивање автономија на Македонија под паролата „Македонија на Македонците“. Во одредени случаи навистина постоела колебливост, па дури и одбивање на одредени поединци или села да се вклучат во востанието. Но причината за тоа било вкоренетото чувство на страв и на неверување дека е можно „робот да се крене против својот господар“.[731]

[729] Βασιλης Κ. Γουναρης, *Φθινοπωρο του 1904 στη Μακεδονια – Το ανεκδοτο ημερολογιο του μακεδονομαχου Ευθυμιου Καουδη*, ΜΜΑ, Θεσσαλονικη, 1992, стр. 12.

[730] Каравангелис тврдел дека селаните „едни доброволно, а другите насилно“ учествувале во востанието, односно „поголемиот број на нашите села принудени со сила, закани и смрт“ се активирале во него. Г. Каравангелис, *Македонската борба…*, стр. 31; I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 592. Писмо на Каравангелис до патријархот Јоаким III.

[731] На 22 јули 1903 година Лазар Киселинчев во својот дневник забележал дека дел од жителите на селото Д’мбени со неверување ја прифатиле веста за почетокот на востанието и во првите моменти одбиле да го земат оружјето и да се приклучат кон востаничките сили. *Изводки од „моето тефтерче“ или Дневникьт не един комита – Лазар Киселинчев...*, стр. 85.

Составувањето списоци на лица што изразуваат протест и принудното откажување на населението од принципите на МРО се само дел од акциите преземени од страна на грчките пропагандни структури во Македонија. Со нив се настојувало да се прикаже дека во востанието учествуваат само егзархисти, односно дека тоа не е прифатено од страна на патријаршистите. Целта на овие протести најдобро може да се забележи во писмото на Драгумис испратено до Каравангелис, во кое се потенцира: „(...) се сметаше за потребно да се потпишат изјави во тој дух од страна на Грците во разни градови (…) Погрижете се да успее потпишувањето на еден таков протест во Костур и на други места (…), да се испратат во весниците во Атина, Цариград и секаде каде што е можно на друго место. И на агите ќе им остави добар впечаток и ќе се слушне во Европа.“[732] Изјавите на протест биле составувани од самите иницијатори на оваа акција. Протесната петиција во Лерин била составена од Драгумис, додека онаа во Костур од Каравангелис, а на нив биле потпишани одредена група граѓани кои на некаков начин соработувале или имале контакти со грчката пропаганда во османлиска Македонија. Петицијата од градот Костур датира од 20 август 1903 година. На неа биле потпишани 210 граѓани на Костур, кои соопштуваат дека „долупотпишаните православни христијани (…) изјавуваат дека вооружените органи на погубниот Словенски комитет (…) го повлекуваат грчкото земјоделско население (…) со цел да го натераат да се изјасни (…) и да го претстават во вештачкото и насилно псевдовостание на теренот (…) како и тоа да учествува во него“.[733] Каравангелис на 24 август испратил писмо до вселенскиот патријарх, во кое, покрај другото, се наоѓале и протесните петиции направени во Југозападна Македонија. Митрополитот во писмото напишал: „Ви испраќам докази од Костур и од Хрупишта за (…) откажување од принципите на Комитетот, кои можете да ги употребите каде што е потребно.“[734] Оттука, покрај пропагандните придобивки, за што првенствено биле наменети овие петиции, грчката пропаганда јасно декларирала дека е против „принципите“ на МРО, т.е. дека не се залага за создавање автономна македонска држава, но и дека е против социјалната, правната и економската револуција на македонското население.

По заминувањето на Криќаните од османлиска Македонија, Каравангелис останал да се потпира на Коте и на Вангел, кои биле врбувани од

---

[732] I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 191.

[733] Исто, стр. 55.

[734] Исто, стр. 603.

поодамна. И покрај фактот што кон Коте се пројавиле сомнежи за неговота верност кон грчката пропаганда, сепак неговото присуство било од големо значење за грчките национални интереси во тој дел од Македонија. Непосредно пред почетокот на Илинденското востание Драгумис заклучил: „(...) без разлика дали ќе се случи или не (се мисли на востанието, б.н.), Коте треба да го задржиме."[735] Од друга страна, Кљашев во своите спомени кажува дека Л. Поп Трајков и покрај тоа што бил добро информиран за врските меѓу Коте и Каравангелис, „на 23 јули (…) се смири со Коте, без наша согласност".[736] Ваквата одлука Кљашев ја објаснува со потребата од заедничко дејствување во текот на востанието. Истото го потврдува и војводата Киселинчев, кој бил сведок на настанот. Тој во својот дневник на 23 јули забележал дека Поп Трајков го имал следниот став: „До кога ќе го следиме тој Коте, кој, како сакаш кажи, е една сила. Денес, кога цела Македонија востана, ние не треба да поддржуваме една непотребна караница со Коте".[737]

Средбата меѓу востаниците и групата на Коте се случила во селото Желево. Според договореното, вооружената група на Коте, која броела од 120 до 140 луѓе, требало да се движи во реонот на Желевска Река и во селата од Долна Преспа.[738] Меѓутоа, Коте, како и неколкупати претходно, и во овој случај не го одржал докрај својот збор. Поради неговото неодговорно однесување, голем дел од востаниците кои биле под негова команда почнале да го напуштаат. Според Драгумис, тоа било резултат на „посебните упатства" дадени на Коте од нивна страна.[739] Сепак, намалувањето на бројноста на четата на Коте на само 20 луѓе се должело на нивниот одлив во други чети, кои, пак, активно учествувале во востанието. Ваквиот процес го потврдува и Чакаларов, кој во својот дневник на 17 август 1903 година запишал: „(…) ја најдовме брезничката чета, избегала од Коте, зошто тој пак почнал да работи со владиката."[740] Оттука, дејноста на Коте во текот на

[735] Исто, стр. 25.

[736] *Спомени на П. Кљашев*, стр. 254.

[737] *Извадки од „моето тефтерче" или Дневникът не един комита – Лазар Киселинчев...*, стр. 87.

[738] Исто, стр. 89.

[739] Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 611–612. Писмо на Драгумис до МНР во Атина од 4 септември 1903 година.

[740] *Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, стр. 362.

востанието била во најголем степен пасивизирана и ограничена во селата кои и пред востанието биле под негово влијание.

Грчката пропаганда во Македонија со цел да прикаже наводен терор на востаниците врз „грчкото", т.е. македонското патријаршиско население, искористила еден настан во селото Брезница, кој се случил на 29 август 1903 година. Имено, на тој ден во селото биле убиени четворица луѓе од страна на една востаничка чета предводена од Чакаларов и од Кљашев. Овој настан детално го опишал писодерскиот свештеник Ставро Цамис во едно писмо испратено до П. Мелас. Цамис како причина за нивното убиство го навел фактот дека тие биле „православни Грци".[741] Вистинската причина за убиствата, т.е. за извршувањето на смртната казна врз овие селани била сосема друга. Кљашев во своите спомени запишал дека двајцата, таткото и братот на извесен Стојан Жојков, биле казнети поради убиството на Лавро Гацов, член на МРО од селото, додека „друг дел од Котевата чета го отепа Дине Јанев, под влијание на грчкиот владика".[742] Според Кљашев, погубувањето и на другите двајца, Георги Карола и селскиот мухтир Доно Јутов, било извршено поради убиството на Гацов. Во својот дневник и Чакаларов во детали го опишал овој настан. Покрај причините наведени кај Кљашев, тој додава дека брезничани под влијание на гореспоменатите одбиле да им дадат храна на востаниците. Исто така, бил пружен и отпор од куќата на Жојковци, при што бил убиен востаникот Ристо Гушлев.[743] Како резултат на постојаната пропагандна дејност на Каравангелис и на неговите следбеници во Костурската епархија и особено поради контраофанзивата на османлиската војска, дошло до видно опаѓање на моралот на населението. Костурското востаничко раководство не можело да дозволи во текот на најжестоките борби со османлиската војска и со башибозукот меѓу македонското словенско население да се појавуваат елементи кои негативно би влијаеле врз општата состојба. Костурчани биле добро запознаени со ваквите поединци, против кои биле преземани најостри мерки. Во врска со ваквите случаи и со улогата на Каравангелис во нив, Чакаларов во својот дневник наведува: „(...) проклетиот владика (…), испратил окружно писмо по селата, со кое го заблудува простото население", поради што „сите гркомани ја изменија клетвата (се мисли на заклетвата што ја дале пред МРО, б.н), макар и да сум ги поставил и на

---

[741] Г. Х. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη...*, стр. 190–191.

[742] *Сӣомени на П. Кљашев*, стр. 255.

[743] *Дневникоӣ на војводаӣа Васил Чакаларов*, стр. 374–375.

најдобрите должности.“[744] Покрај личната ангажираност на митрополитот, неговите платеници и усно ја ширеле пропагандата на својот претпоставен, предизвикувајќи на тој начин страв кај востанатото население. За ваквата појава Чакаларов напишал: „Крсто Демировски (четник на Коте, б.н.), кој бил во Костур кај владиката (...) им раскажувал на селаните дека во Костур има многу аскер (…) нема да остане ништо христијанско од оние кои прават ѓурултии.“[745]

Илинденското востание го довело и Коте во незавидна ситуација. Неговиот обид на почетокот да игра двојна улога, т.е. да биде коректен и кон востаниците и кон Каравангелис, набргу бил разоткриен. Несомнено, желбата на Коте да учествува во востанието била голема, но престојот на неговите деца во Атина бил преголем залог активно да се вклучи во востаничките акции подолг период. Акциите што ги преземал во текот на востанието морале да бидат координирани со грчките пропагандни фактори во османлиска Македонија. На 14 јули 1903 година Ј. Драгумис го известил Мелас дека „Коте прашува: ’Што да правиме со нашето население ако востанието биде општо од бугарофоните села и ако тогаш се привлечени и се дигнат и нашите села (патријаршиски)?‘“[746] На почетокот на востанието, како што претходно споменавме, околу Коте се собрале голем број востаници. Таквата ситуација го принудила во почетниот период да земе активно учество во востаничките акции, но во понатамошниот тек неговото дејствување се карактеризирало со предавства и опструкции на востаниците. Ангел Андреев, војвода во преспанскиот реон, во своите спомени вели дека Коте сам дал иницијатива да се нападне селото П’пле. Коте во оваа битка учествувал со 100 борци и активно се борел против 60 османлиски војници кои биле опколени во селото. По освојувањето на селото, тој останал во него 7 дена заедно со преспанските востаници, а потоа се упатил кон својот реон, но паднал во заседа на војската, при што на помош му дошол Андреев и му помогнал во пробивот на османлискиот обрач.[747] Грчкиот историчар Георгиос Модис за ситуацијата на Коте пишува: „(...) не било можно Коте да не биде дел од движењето од 2 август (…) Ако постапел на друг начин, ќе го изгубел своето влијание и ќе ги

---

744 Исто, стр. 366–372.

745 Исто, стр. 350–351.

746 I. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 201.

747 *Сйомени на А. Андреев*, стр. 324–326.

оправдал Чакаларов и неговите следбеници (…) кои ќе го обвинеле дека е субјект на митрополитот Каравангелис и на Турците."[748]

Како и да е, почетното однесување на Коте не било според планот и интересите на Каравангелис и на Драгумис, а преку нивните информации, и на официјална Атина. Од една страна, согледувајќи дека на востанието му се ближи крајот, Коте решил да ја исправи „грешката" што ја направил на неговиот почеток, но, од друга страна, да ги заштити и селата што биле под негово влијание. На 22 август 1903 година тој му испратил писмо на Каравангелис, во кое напишал: „Јас, долупотпишаниот (…) денес решив да одговорам за сѐ, да знаете дека ги добив вашите аманети и колку што можам се обидувам да не бидат уништени нашите села (…) Отсега натаму (…) колку што можам ќе ги чувам. За Чакаларов и јас сакам и имам желба (да биде убиен, б.н.), но тој е со многу борци, има повеќе од илјада, не можам да го прогонувам (…), те молам да ми јавиш што се случува, да не заборавиш, им останувам верен на твоите наредби."[749]

Исто така, Драгумис во еден извештај до грчкото МНР се обидел позитивно да ја разјасни положбата во која се наоѓал Коте: „(...) ситуацијата секогаш беше многу тешка, затоа тој не смее строго да се критикува (…) Селата на Коте беа опфатени од мислата на општиот бунт (…) ако не беше тој таму (…) селата од неговиот реон ќе беа под раководство на Чакаларов и на другите."[750] Драгумис го посведочил она од што најмногу се вознемирувала грчката пропаганда во османлиска Македонија, т.е. дека христијанското население во Костурската епархија, без разлика на црковната определба, ги прифатило целите на Организацијата и доброволно се вклучило во востанието, на тој начин побивајќи ги тезите на грчката држава дека МРО ги принудила патријаршистите да учествуваат во него. Сепак, како резултат на недовербата и на сомнежот на грчката држава кон него, „Министерството одлучи да прекине да ги издржува децата на Коте, бидејќи тој покажа лошо однесување".[751] Секако дека ваквата одлука била од уценувачки карактер. Тоа се потврдува и со фактот што бил повикан во

[748] Г. Х. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη...*, стр. 175.

[749] Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 613.

[750] Исто, стр. 611. Извештајот е од 4 септември 1903 година.

[751] Исто, стр. 311. Писмо на Драгумис до Мелас од 5 октомври 1903 година. Драгумис овој период се наоѓал во Сер, каде што бил поставен како одговорен да го управува грчкиот конзулат. Кон крајот на јануари 1904 година повторно се вратил во Битола и останал таму до крајот на април истата година, кога го напуштил градот и се упатил кон Грција.

Атина во зимата 1903/1904 година, наводно, за да ги посети своите деца. Разбирливо е дека престојот во грчката престолнина бил искористен за да го искритикуваат за неговото однесување во текот на Илинденското востание, а вооедно да му дадат и соодветни инструкции за понатамошното дејствување.

Во текот на востанието Каравангелис успеал да го укине егзархиското училиште во градот Костур. Митрополитот ја искористил ситуацијата и гневот на османлиските власти за да ја реализира оваа задача. Во постоењето на ова училиште тој гледал голема пречка за успешното реализирање на грчките планови, при што констатирал дека „од таа гимназија излегоа најзначајните и најфанатичните [кадри] на бугарскиот комитет (МРО, б.н.), кои му нанесоа најголемо зло на грцизмот“.[752] Потребата за затворање на гимназијата ја согледал и Драгумис, кој уште пред почетокот на востанието го советувал Каравангелис дека „шизматиците ќе бидат спремни да се вратат во православието штом ќе биде фатен бугарскиот (егзархискиот, б.н.) учител од Костур. Добро би било да се затвори (…) училиштето таму.“[753] Постапката што ја презел митрополитот сигурно не доликувала на едно духовно лице, но во своите спомени тој со гордост забележал: „(...) влегов во гимназијата и растурив сѐ пред мене. Мебел, прибор, клупи, средства за учење, карти, библиотеки (…) Толкава беше катастрофата, така да оттогаш оваа школа не се отвори никогаш повеќе.“[754] За разлика од ваквото негово тврдење, костурчанецот Константинос Пихеон, објаснувајќи за недоследностите во спомените на Каравангелис, како пример го наведува и настанот „за затворањето на бугарското училиште во Костур, кое не ја прекина сосема работата, туку само привремено и пак продолжи да работи до грчко-бугарската војна од 1913 година“.[755] Задоволен од своето дело, митрополитот понатаму нагласил дека Османлиите покрај гимназијата во Костур, ги изгореле „и училиштата по селските населби“.[756] Исто така, постои податок дека Каравангелис ги посетил повеќето села во својата епархија, каде што се распрашувал за книги напишани на старословенски јазик со цел да ги уништи.[757]

Во текот на востанието во градот Костур функционирало сиропиталиште формирано од Каравангелис. Покрај хуманиот карактер, една од

---

[752] Г. Каравангелис, *Македонскаѿа борба…*, стр. 33.

[753] Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 157–159. Пимото е од 23 јуни 1903 година.

[754] Г. Каравангелис, *Македонскаѿа борба…*, стр. 33.

[755] *Απομνημονευματα Καπεταν Φιλοτα; Ανθυπιλαρχου...*, стр.1

[756] Г. Каравангелис, *Македонскаѿа борба…*, стр. 33.

[757] *Сйомени на свещ. Злаѿко Караѿанасовъ*, стр. 43.



Фотографија на Германос Каравангелис со штитеници
во неговото сиропиталиште

целите на оваа институција била и воспитувањето во грчки дух на децата на убиените месни соработници и шпиони на митрополитот. Низ ова сиропиталиште поминале околу 70 македонски деца. Нивните денови, според Каравангелис, минувале на следниот начин: „децата се хранеа и преноќуваа таму (во сиропиталиштето, б.н.), преку денот учеа во грчки училишта во Костур“.[758] Откако ќе го завршеле образованието во Костур, тие најчесто биле испраќани во Кралството Грција и со државни пари биле запишувани на воени училишта или на универзитети.

Костурскиот митрополит посебно се чувствувал горд на засолништето дадено на дел од македонското население во текот на најжестоката офанзива на османлиската војска против востаниците. Во спасувањето на своите животи, селаните од Костурската епархија биле принудени на ваков потег токму поради сознанијата за поврзноста на Каравангелис со османлиската власт. Најпрвин во Костурската митрополија успеале да пристигнат околу 300 селани, егзархисти и патријаршисти. Ваквиот тек на настаните Каравангелис се обидел да го прикаже како покајување на првите за учеството во востанието, а на вторите како одбивање да учествуваат во него.[759] Овие

[758] Г. Каравангелис, *Македонскаӣа борба*…, стр. 34.

[759] Исто, стр. 32.

тврдења на митрополитот биле сосема неосновани. Селаните во тие моменти единствениот излез, најверојатно, го гледале во засолнување во зградата на митрополијата. Тоа го потврдува и самиот Каравангелис во 1907 година во еден извештај до патријархот Јоаким III, признавајќи дека „поминаа скоро четири години (…), ниту еднаш не дојдоа тие неблагодарници, да искажат барем еднаш само ’благодарам‘“.[760]

Како и да е, по опожарувањето на македонските села во костурската околија, населението се нашло во една крајно тешка и безизлезна ситуација. Селаните останале без своите домови и храна, без поголема заштита од четите, а постоела можност во секој момент да бидат нападнати од војската и од башибозукот. Поради стационирањето на многубројна османлиска војска и постојаното прогонување на востаниците, костурското раководство одлучило да ги раздели силите и да ѝ го оттргне вниманието на војската од најпогодените реони. Така, дел од востаниците се упатиле кон Костенаријата, други кон Леринско, Воденско и кон Мариовско, а само еден дел под раководство на Кљашев останал во Корештата и во Пополе. Во таква ситуација, околу 5 000 селани од североисточниот дел на Костурската епархија се собрале во манастирот Св. Бедници над селото Загоричани. На безизлезната ситуација на ова население се осврнал и британскиот генерален конзул во Солун, Р. В. Грејвс, кој во писмото до британскиот амбасадор во Истанбул, Н. Р. О’Конор, од 16 септември 1903 година напишал: „(...) во Клисура дојдоа околу 4 000 бегалци од соседните бугарски села, каде што нивното присуство им претставуваше голем товар на луѓето од градот (...) Изгледа ги снашла голема неволја овие бездомници на планините и бегалците во малите градови. Бугарските процени за овие бегалци изнесуваа 60 000 души, а со приближувањето на зимата нивната положба ќе стане уште поочајна, бидејќи не е направен никаков организиран обид за да се вратат во нивните разурнати домови. Тие немат ни засолниште, ни храна, ни жито, ни добиток, кој беше однесен од Турците и продаден по минимална цена (...).“ [761]

Не гледајќи друг излез, можноста да се спаси населението ја нашло кај костурскиот митрополит, надевајќи се дека неговото пријателство со властите би им ја гарантирало безбедноста. Митрополитот во сите свои извештаи во детали го опишал овој настан, т.е. „церемонијата на заедничкото

760 Исто, стр. 90. Извештај на Германос Каравангелис до патријархот Јоаким III, 11 март 1907 година.

761 ДАРМ, *Британски документи за историјата на Македонија (1901–1904)*, стр. 416.

откажување од Егзархијата на (…) македонски[те] селани“.[762] Настанот се случил на 28 август 1903 година, кога во придружба на четата на Вангел и на група муслимани, Каравангелис се појавил пред селаните. Тој во писмото до пелагонскиот митрополит од септември 1907 година наведува: „(...) во манастирот испратив леб и сол зашто таму сите се болни, од таму ги поканив првенците и свештениците на селата (…) Навистина пристигнаа во Клисура водени од Вангел и од некои други од неговата чета.“[763] На селаните што се упатиле во Клисура не им преостанал друг избор освен да ги прифатат барањата на митрополитот. На ваквата одлука на селските првенци и свештеници несомнено влијаело и присуството на османлиската војска во градот, која, како што констатиравме, повторно го зазела на 14 август 1903 година. За овој настан Каравангелис напишал: „(...) се појавив пред сите претставници, зборував пред нив, прочитав молитва за прочка, додека шизматичките свештеници (…), барајќи помилување од црквата и откако се покајаа поради своето отцепување, во согласност со одредбите на светите канони во светиот олтар се заколнаа дека ќе ѝ бидат верни и предани на мајката црква и така ќе биде до гроба.“[764] Откако покажале добра „волја“, на сите фамилии им поделил брашно и пари, но не заборавил и да ги „посоветува“ селаните да им го предадат оружјето на властите. Во писмото митрополитот задоволно констатирал дека се вратил во Костур „откако од сите жители на овие шизматички села зедов изјави, за владата и за митрополијата, дека ја отфрлаат шизмата и бараат да се отповикаат бугарските учители и дека понатаму ја признаваат Патријаршијата како своја црковна власт, т.е. бараат да им се изменат личните документи“.[765]

Сведок и, истовремено, жртва на уцените на костурскиот митрополит бил и егзархискиот учител и свештеник Златко Каратанасов од селото Бибишта. Во своите спомени тој вели: „Каравангелис се ангажира да ме погрчи откако ме остави да се заколнам дека се откажувам од Егзархијата.“[766] Ова сведоштво претставува уште еден показател за изедначување на црковната определба со тогашното сфаќање за националната припадност, што само по себе ја покажува непостојаноста и флуидноста, најчесто под

[762] Д. Литоксоу, *Грчкаша аншимакедонска...*, стр. 28.

[763] Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр.608. Писмо на Г. Каравангелис до пелагонискиот митрополит, 1 септември 1903 година.

[764] Исто, стр. 608.

[765] Исто, стр. 608.

[766] *Сйомени на свещ. Злашко Карашанасовь*, стр. 43.

присила, на ваквиот тип заедници. Покрај Каратанасов, заклетва дека се откажуваат од Егзархијата дале и уште неколку свештеници од селата Бобишта, Горенци и Мокрени.[767]

Грчката пропаганда не бирала ниту средства ниту начини околу придобивање на македонското христијанско население во Костурската епархија. Грчката влада и националните друштва ја искористиле за пропагандни цели хуманитарната катастрофа на населението настрадано во текот на задушувањето на востанието. Имено, низ разни места во Грција се собирале средства за помош на настраданите, а владата во Атина на 23 август го известила османлискиот пратеник во грчката престолнина за намерата да им испрати финансиски средства на оние жители на битолскиот регион на кои им е најпотребна помошта.[768] Кон крајот на септември 1903 година во костурската околија допатувал грчкиот пратеник Кавтенѕоглу, кој „им подели пари од грчката влада на избеганите селани".[769]

Од друга страна, костурскиот митрополит бил загрижен поради друга една тенденција во неговата епархија. Всушност, станува збор за премолчаниот обид на османлиските власти во Костур да го спречат враќањето на христијаните во нивните села. На 24 август 1903 година Каравангелис за ваквата ситуација го алармирал и патријархот Јоаким III, при што нагласил дека е можно „да се опустоши околијата и да се насели со мухаџири, нешто што за нас ќе биде ужасно".[770] Овој случај го покажува реалниот пристап на митрополитот Каравангелис кон муслиманската и кон османлиската доминација во Македонија, при што самиот бил свесен дека без христијани во Костурската епархија, би останала бесцелна целокупната негова црковна и национална дејност. За митрополитот секако дека првенствено било меѓуцрковното ривалство со Егзархијата, но тоа не значи дека ги занемарувал положбата и интересите на христијаните во однос на владејачката политичка и религиозна заедница во Османлиската Империја.

Желбата на митрополитот да биде погубен некој од раководителите на Костурскиот комитет на МРО конечно му се исполнила со убиството на Лазар Поп Трајков. Тешко ранет во битката кај Чаништа (Мариовско),

---

767 Според Каратанасов, заклетвата гласела: „Ја плукнуваме шизмата, се откажуваме од Бугарската шизматичка егзархија, ја признаваме светата Вселенска патријаршија, Господ Бог наш да ни е на помош." Исто, стр. 43.

768 Д. Јовановски, „Грчките реакции за илинденското...", стр. 79.

769 Г. Х. Μοδης, *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη...*, стр. 192.

770 Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 603.

Поп Трајков, и покрај можноста да замине во Бугарија, решил да се лекува во родниот крај. Најпрвин со писмо му се обратил на Георги Поп Христов, кој се наоѓал во околината на селото Неред, од кого побарал засолниште.[771] Наместо кај Поп Христов, Поп Трајков заминал во селото Издивишта кај свои роднини.[772] Оттаму тој му се обратил за помош на Коте. Поп Трајков се надевал дека тој ќе се придржува кон договорот што го склучиле на почетокот на востанието. Меѓутоа, „Коте решил да го искористи ранетиот и немоќен Поп Трајков за да стекне богатство и да ја докаже својата 'верност' кон митрополитот Каравангелис".[773] Наградата од 50 лири, која ја понудил митрополитот, била доволен мотив за тоа по наредба на Коте, Поп Трајков да биде убиен на спиење.[774] Како директни извршители на ова дело се посочуваат Павле Киров, Наум и Трајко, сите од селото Желево.[775] Отсечената глава на Поп Трајков, Коте преку своите соработници ја испратил во Костур кај нарачателот на убиството.[776] Последниот, покажувајќи ја својата верност, главата на убиениот организациски раководител ја испратил кај османлиските власти. Кајмакамот го изложил „трофејот" во центарот на градот за да служи како опомена и заплашување за македонското население, а во исто време и да биде охрабрување за грчкиот и за муслиманскиот елемент во градот и во околината.[777]

---

771 Г. Попхристов, *Револуционата борба...*, стр. 46.

772 А. Трајановски, *Пандо Кљашев*…, стр. 158.

773 *Историја на македонскиот*…, стр. 344.

774 Модис се обидува да прикаже дека главна причина за убиството на Поп Трајков е одмаздата на Коте за настанот во селото Брезница. Секако дека ова не е вистина, бидејќи во тој настан не учествувал Поп Трајков.

775 Панајот Робев, учесник во востанието од селото Апоскеп, во својот дневник забележал дека во селото Трново разбрал за убиството на Поп Трајков, кое било извршено од „Котевите четници". *Дневници и спомени за Българската историяа; Дневници*…, стр. 82.

776 Во своите спомени Каравангелис кажува дека убиството на Поп Трајков го извршиле желовјаните Павле Киров, Наум и Трајко, додека свештеникот од село Писодери, Ставрос Цамис, во писмото испратено до Павлос Мелас од 22 октомври 1903 година запишал: „(...) вчера разговарав со Коте, кој ми кажа сѐ во врска со убиството на проклетиот Лазар Поп Трајков." Цамис во понатамошното раскажување за овој настан не заборавил да спомене и за финансиската добивка што ја стекнал од мртвиот Поп Трајков: „Најдов врз Лазар Поп Трајков само 8 лири (…)." Ι. Δραγουμης, *Τα Τετραδια...*, стр. 618.

777 Во исто време, Г. Поп Христов во своите спомени запишал дека и самиот тој кон крајот на ноември 1903 година бил цел на Коте, но поради одредени среќни околности не се реализирал нападот врз четата на Поп Христов. Г. Попхристов, *Револуционата борба...*, стр. 46, 47.

* * *

Илинденското востание претставува пресвртица во политиката на грчката држава кон османлиска Македонија. Владата во Атина сфатила дека е неопходна промена во националната доктрината во однос на „македонското прашање“ доколку и понатаму сака да се надева на делови од македонската територија. Од друга страна, официјална Атина повеќе не можела да остане индиферентна кон повиците на националистичките кругови за нејзино активно ангажирање во македонските работи. Кралството Грција било принудено „да размислува на поконкретни и поекстремни мерки за ’спасување‘ на елинизмот (…) загрозен од револуционерното движење во Македонија“.[778] Промената на политиката во насока на засилен ангажман на грчките државни институции значела и отпочнување вооружена интервенција на грчката држава на делови од територијата на османлиска Македонија, т.е. почеток на т.н. грчка „македонска борба“, насочена не кон османлискиот режим, кој го сметале за свој сојузник, туку против силите на МРО и кон Егзархијата. Во овие настани активно бил вклучен и костурскиот митрополит. Тој веднаш по завршувањето на востанието си поднел оставка од функцијата митрополит поради одбивањето на грчката влада да го прифати неговото настојување за енергична акција во Македонија. Се разбира, неговата оставка била одбиена. Меѓутоа, со отпочнувањето на грчката „македонска борба“, претходното искуство на Каравангелис во овој дел од Македонија било од круцијално значење за масовното испраќање грчки паравоени групи во костурскиот реон. Неговото познавање на теренот, мрежата од платени шпиони, соработката со османлиските власти – сето тоа било од исклучителна корист. Каравангелис бил главниот координатор на сите пристигнати андартски чети. Тој се грижел за нивниот престој и за безбедноста, ги осмислувал нивните акции, ги заштитувал пред властите и го обезбедувал нивното безбедно враќање во Кралството Грција. Едноставно кажано, без присуството на Каравангелис во југозападниот дел од османлиска Македонија, „македонската борба“ немало да претставува некоја организирана закана за структурите на МРО.

[778] К. Битовски, *Грчката „Македонска ...,* стр. 93.

# ЗАКЛУЧОК

Во историјатот на Македонската револуционерна организација (1893 – 1908) секој револуционерен округ, околија или реон, и покрај тоа што ги следел општите фази во развојот на Организацијата, имал и свои одделни специфики. Ваквите карактеристики биле резултат на одредени локални погодности во развојот на револуционерното дело, но и на мноштвото потешкотии и проблеми кои морале тековно да се решаваат. Во костурската револуционерна околија, која била дел од Битолскиот револуционерен округ, специфичностите произлегувале од географската позиција на овој регион во однос на близината на границата на грчката држава, како и од фактот дека таа претставувала лимитрофна зона меѓу македонскиот и грчкиот елемент, со голем број енклави со османлиско, влашко, албанско, ромско и со еврејско население. Поволните услови за развој на револуционерното движење во оваа околија, пресликани преку бројната македонска словенска популација и погодната географска конфигурација, придонеле за брзо и масовно прифаќање на програмата на МРО од страна на мнозинството од населението. Истовремено, блискоста на грчката држава била важен сегмент во развојот на македонското ослободително движење во Костурско. Имено, костурската револуционерна околија имала важно значење во одржувањето на каналот за снабдување со оружје на Битолскиот револуционерен округ од грчката држава. Исто така, најголем дел од логистиката на каналот, т.е. базата на МРО на грчка територија биле поединци од Костурско кои емигрирале во Грција или пак таму привремено живееле како сезонски работници. Од друга страна, костурскиот предел бил високо на агендата на грчкиот иредентизам во однос на османлиска Македонија. Во плановите на грчката политика за подлабоко продирање во средишниот дел на Македонија, костурскиот реон бил прва и неопходна етапа што требало да биде „освоена“. Костурско се сметало за отскочна штица кон приоритетната цел: оцртување на замислените северни граници на *елинизмот*. Оттука, грчкиот иредентизам детектирал опасен непријател во програмата на МРО за посебна македонска држава, при што, неминовно, костурскиот предел се претворил во конфликтна зона меѓу македонското

националноослободително движење и грчките пропагандни институции во османлиска Македонија.

Специфичните околности во кои се развивала и се водела револуционерната борба во костурската револуционерна околија биле силно оптоварени од фактот што поголемиот дел од неа припаѓал кон Костурската патријаршиска епархија, на чие чело во есента 1900 година застанал митрополитот Германос Каравангелис. Широко распространетата дејност на Каравангелис, која вклучувала употреба на разни методи и средства за интересите на *елинизмот*, имала очигледни последици за развојот на македонското националноослободително движење во Костурската епархија. Во своето дејствување тој се покажал како интелигентен, опасен, вешт и лукав непријател на Организацијата. Костурскиот митрополит во програмата на МРО препознал сериозна пречка за реализирање на големогрчката идеја. Тој чувствувал одговорност кон грчкиот национализам и затоа сметал дека со сите свои сили треба да му се застане на веќе трасираниот пат на македонското ослободително движење за создавање посебна македонска држава.

Дејноста на митрополитот Каравангелис била насочена и против ширењето на црковно-училишните институции на Егзархијата во Костурската епархија. Во овој сегмент примарна цел на Каравангелис била да се оневозможи поставувањето егзархиски митрополит во неговата епархија. Тој бил свесен дека доколку се реализира тоа, грчкиот национализам ќе остане без најголемиот дел од патријаршиското население во Костурско, што само по себе, според тогашните сфаќања, би значело и без мнозинството од „грчкото“ население во тој дел од османлиска Македонија. Каравангелис, водејќи се од националните интереси на грчкото кралство, се ставил целосно во служба на грчкиот национализам и иредентизам, на тој начин напуштајќи ја својата основна дејност, т.е. верско-духовното водство на својата паства, која на почетокот на XX век сѐ уште се раѓала и умирала со единствената верба во Бога. Митрополитот многу вешто ја користел ваквата духовна состојба на патријаршиските верници, најчесто манипулирајќи со нивните чувства во корист на грчките националистички интереси.

Од друга страна, македонскиот човек не можел да ја најде својата религиозна верба и утеха кај митрополитот Каравангелис – „свето лице“, олицетворение на Бога на Земјата. Притоа, како верски фанатик, тој својата борба против, за него, шизматичката Егзархија ја насочил и кон сето христијанско население во својата епархија кое си „дозволило“ да посака богослужбата да се изведува на разбирлив словенски јазик. Оттука, духовноста и простувањето не биле дел од мисловниот дискурс на митрополитот

Каравангелис. Напротив, неговите аргументи биле употребата на оружјето, насилството, поткупот, предавствата и шпионирањето, а простувањето било загарантирано само за оние што верно го следеле или пак за поединци и за групи кои биле доведени во незавидна положба и биле принудени да бараат помош од него. Во последниов случај, единствениот услов на митрополитот бил тие да станат или да ѝ останат верни на Цариградската патријаршија. Имено, целта на Каравангелис била остварена. Па така, и покрај многубројното егзархиско население во Костурската епархија, додека тој бил митрополит во неа (1907), но и до крајот на османлиското владеење со Македонија (1912), Бугарската егзархија не успеала да издејствува поставување на свој митрополит во Костурско.

За една од битките водени во костурската револуционерна околија зборува и поемата „Локвата и Вињари“, чиј автор е македонскиот револуционер Лазар Поп Трајков. Имено, ова дело е посветено на битката меѓу костурските револуционери и османлиската војска одиграна на 31 мај 1903 година на споменатиот врв Локвата и Вињари. Поп Трајков, кој и самиот учествувал во овој настан, ја напишал поемата неколку недели подоцна, т.е. на 21 јуни. Поемата сама по себе претставува исклучително дело на македонското поетско творештво, и покрај фактот што била напишана од човек што докрај не ја совладал поетската вештина. Стиховите во неа се исполнети со јасен восхит кон херојскиот чин на македонските револуционери за време на битката, но и со очигледна надеж и ентузијазам за иднината на нивната борба, сето тоа испреплетено со романтичарски занес. Од друга страна, оваа поема претставува и интересно изворно градиво.

Целта на македонското националноослободително движење олицетворена во борбата со османлиските власти е основната тема на оваа поема. Иако стиховите на Поп Трајков се однесуваат, главно, на дејноста на МРО во костурскиот предел, сепак тие, генерално, ја одразуваат централната платформа на Организацијата на целата територија на османлиска Македонија. Македонските револуционери се бореле за слободата на својата татковина, Македонија, и за слободата на македонското население, со крајна цел – остварување на сонот за посебна македонска држава. Овие аспекти од агендата на МРО јасно се воочуваат и во следниве стихови на Поп Трајков:

„За одмазда жедна сплотената чета
со куршуми бие, со зборови гласи:
Тиранството долу! Со слобода света,
македонска земјо, прославена да си!“

Во друг дел од поемата нејзиниот автор употребувајќи го етнонимот Македонци, недвосмислено посочува кој етникум бил носечкиот столб во ослободителната дејност против османлиската доминација, на тој начин ставајќи им до знаење на властите и на балканските претенденти на територијата и населението на Македонија дека борбата има автохтон карактер и произлегува од стремежот и од потребите на самото население. Тој напишал:

„Македонци, ние без среќа сме биле
во оваа борба со душманот пален,
но венец на слава пак ние сме свиле
пред светот на подлост, и гнасен и кален.“

Македонските револуционери од костурската револуционерна околија биле свесни дека освен со османлиската власт, на теренот се соочуваат и со уште еден сериозен непријател пресликан во лицето на грчката пропаганда. Лазар Поп Трајков прецизно ја детектира дејноста на грчката држава и на нејзинте претставници во Империјата против македонското ослободително движење преку следниве стихови:

„Па нека се полнат затворите мрачни,
од другари горски тела да се сејат,
над нашите битки јуначки и мачни
владиците грчки жолчно да се смејат.

И Грција нека не затвора бесно,
и нека ги граби, и пцуе, и гони
паталците наши во кралството тесно,
што плашливи само го крепат евзони.“

Преку овие стихови македонскиот револуционер директно ја посочил дејноста на митрополитот Каравангелис против македонското националноослободително движење во Костурско, и тоа во насока на активностите преземени против целите и програмата на Организацијата за слобода и создавање посебна македонска држава. И покрај фактот што Каравангелис по приклучувањето на најголемиот дел од Македонија во рамките на грчкото кралство (1912 – 1913) бил високо издигнат во хиерархијата на грчките национални херои кои, божем, се бореле за слободата на Македонија, неговата дејност во овој период го посочува сосема спротивното. Начинот и методите

на неговото дејствување во Костурската епархија најдобро можат да се проследат токму преку ликвидацијата на Лазар Поп Трајков. Имено, преку овој случај, од моментот кога митрополитот понудил награда за убиството на Поп Трајков, потоа морбидноста на неговото обезглавување од страна на соработниците на митрополитот, па сè до пристигнувањето на главата на македонскиот револуционер во зградата на митрополијата во Костур и нејзиното предавање на османлиските власти, целосно се разобличува целокупната дејност на Каравангелис. За митрополитот, единствената „вина" на Поп Трајков била неговата борба за слобода и остварување на македонската државност. Каравангелис во борбата против МРО создал широко распространета шпионска мрежа од свои соработници и ренегати, кои за својата верност кон него или биле финансиски наградувани или пак добивале месечна плата. Исто така, високо на неговата агенда била и соработката со месната османлиска власт, која ја користел на секаков начин во борбата против македонското националноослободително движење. Оттука, неминовно се поставува прашањето на кој начин митрополитот дејствувал со цел да ја ослободи Македонија кога, всушност, соработувал со оние против кои требало да се бори за нејзината слобода?!

# ABSTRACT

During the history of the Macedonian Revolutionary Organization (1893-1908) each of the revolutionary districts and regions had their own characteristics, even though they followed the general phases of development of the Organization. These distinctions were a result of the different local amenities in the process of development of the revolutionary activities, as well as a result of the hardships and challenges which had to be continuously solved. In the Kostur revolutionary region (which was a part of the Bitola revolutionary district of MRO), the distinctions arose from the geographical vicinity of the region to the Greek border, as well as from the fact that it was a limitrophe zone between the Macedonian and Greek ethnic element and had many enclaves with Ottoman, Vlach, Albanian, Roma and Jewish population. The suitable conditions for development of the revolutionary movement together with the suitable geographical configuration of the terrain, contributed to a quick and vast acceptance of the program of MRO (from 1896. SMORO, from 1905. IMORO) by the majority of the population. At the same time, the vicinity of the Greek border was important segment of the development of the Macedonian liberation movement in the area of Kostur (Kastoria). That area played an important role in the illegal arms supply channel from Greece to the Bitola revolutionary district. Also, the biggest part of the channel logistics, i.e. the base of the MRO on Greek territory, were individuals from the region of Kostur (Kastoria) who emigrated in Greece, or lived there temporarily as seasonal workers.

Nevertheless, this region was also on top of the agenda of the Greek irredentism towards Ottoman Macedonia. Greek politics had plans for a deeper penetration into the central part of Ottoman Macedonia, with Kostur (Kastoria) region being the first and necessary stage to be "conquered". The Kostur (Kastoria) region was considered a stepping stone to the main goal - marking the imaginary northern borders of *Hellenism*. Hence, the Greek irredentism detected a dangerous enemy in MRO's program for forming the independent Macedonian state, which made the Kostur (Kastoria) region a conflict zone between the Macedonian national liberation movement and the Greek propaganda institutions functioning in Ottoman Macedonia.

The specific circumstances of the development of the revolutionary struggle in the Kostur (Kastoria) revolutionary region were highly strung by the fact that the majority of the population belonged to the Kostur (Katstoria) Patriarchal Eparchy, headed by the Bishop Germanos Karavangelis since the autumn of 1900. The widespread work of Karavangelis, which involved use of different means and methods towards the interests of *Hellenism*, caused obvious consequences in the development of the Macedonian national liberation movement in the Kostur (Kastoria) eparchy. Through his actions, Karavangelis proved to be an intelligent, dangerous, skilled and cunning enemy of the Organization. The Kostur Bishop saw a serious threat to the idea for Greater Greece within MRO's program and thus believed that he should, by all means, obstruct the guerillas activities of the Macedonian national liberation movement.

The actions of the Bishop Karavangelis were also directed against spreading the church-school institutions of the Bulgarian Exarchate in the Kostur (Kastoria) Eparchy. In this segment, his prime objective was to prevent the installment of an Exarchate Bishop in his Eparchy. He was aware that if that were to happen, then the Greek nationalism would lose the majority of the patriarchal population in Kostur (Kastoria), thus weakening the majority of the so called "Greek" population in this part of Ottoman Macedonia. Led by the national interest of the Greek Kingdom, Karavangelis completely devoted himself to the Greek nationalism and irredentism, and thus abandoned his primary mission as a guide of the faith and spirit of his flock. In the beginning of the XX century the population of all religions and faiths was still born and died with the sole faith in God. The Bishop skillfully used these spiritual needs of the believers in the Patriarchy, often manipulating their feelings in benefit of the Greek national interests. Therefore, the Macedonian Slavic population could not find religious faith and comfort with the Bishop Karavangelis- "a holy person"- a personification of God on Earth. At the same time, as a fanatic, he channeled his struggle against the "schismatic" Exarchate and towards the entire Slavic population under his jurisdiction, which "allowed" themselves to ask for Communion to be held in an understandable, Slavic language. Hence, spirituality and forgiveness were not part of Bishop Karavangelis' discourse. On the contrary, his arguments were the use of weapon, violence, bribery, betrayal and spying, while forgiveness had been granted only to his loyal followers, or to groups and individuals who were in an unenviable situation and were forced to ask him for help. In the latter case, the Bishop's only condition was for the people to become or remain loyal to the Ecumenical Patriarchate of Constantinople. Through all this, Karavangelis' goal was accomplished. Thus, even with a significant number of Macedonian

Exarchate populations in the Kostur (Kastoria) Eparchy, the Bulgarian Exarchate did not succeed in appointing their Bishop in the Kostur (Kastoria) region neither at the time when Karavangelis was Bishop (1907), nor until the end of the Ottoman rule over Macedonia (1912).

One of the battles fought in the Kostur (Kastoria) revolutionary region was described in the poem "Lokvata and Vinjari", written by the Macedonian revolutionary Lazar Pop Trajkov. This piece was dedicated to the battle between the Macedonian guerillas from Kostur (Kastoria) region and the Ottoman army which happened on the 31st May 1903, at the mountain peak named Lokvata and Vinjari. Pop Trajkov, who was a part of this battle himself, wrote the poem a few weeks later – on 21st June. The poem itself represents a remarkable piece of the Macedonian poetic creativity, even though it was written by a person who did not fully master the poetic craft. Its lines are filled with distinct admiration towards the heroic act of the Macedonian revolutionaries at the time of the battle, but they are also filled with obvious hope and enthusiasm for the future of their struggle. All of this is, at the same time, entwined with romantic infatuation. This poem, also, represents an interesting original historical source.

The Macedonian national liberation movement's goal, which is shown through the fight against the Ottoman authorities, is the main topic of this poem. Even though Pop Trajkov's lines refer mainly to MRO's activity in the Kostur (Kastoria) region, still they reflect the central platform of the Organization for the whole territory of Ottoman Macedonia. The Macedonian revolutionaries fought for the freedom of their homeland, Macedonia, as well as for the freedom of the Macedonian population. Their end goal was the gaining of a separate Macedonian state. These aspects of MRO's agenda are clearly seen in the following lines of Pop Trajkov's poem:

A revenge thirsty troop entwined
With bullets kill, with words demand:
"Down with tyranny! With freedom divine
Land of Macedonia, illustrious you shall become.

In another part of the poem, the author concisely points out which ethnicity was the pillar in the liberation activities against the Ottoman domination by using the ethnonym Macedonians. By doing this he lets the authorities and the Balkan contenders for the territory and population of Macedonia know that the fight has an autonomous character and that it rises from the aspirations and needs of the population itself. He wrote:

Fellow Macedonians, luckless we turned out to be
In this battle with our torching fiend,
But still a garland of fame wrap did we,
Before a world mean, and filthy and muddened.

The Macedonian revolutionaries from the Kostur (Kastoria) region were well aware that, apart from the Ottoman authorities, they faced another serious enemy in the field, represented through the face of the Greek propaganda. Lazar Pop Trajkov detected the activities of the Greek state and its representatives in the Empire against the Macedonian liberation movement very precisely in these verses:

"Let the somber prisons be crowding
With our friends' rattled bodies.
And over our battles, heroic and drowning
Let Greek bishops continue laughing"

"And let Greece contain us viciously,
And let them grasp, and curse and chase,
Our sufferers in this Kingdom miniscule,
Which is only by fearful Evzones kept."

Through these verses he directly pointed out the work of the Bishop Karavangelis against the Macedonian national liberation movement in Kostur (Kastoria).

Even though, after the Greek occupation of the largest part of Ottoman Macedonia (1912-1913) Karavangelis was high within the Greek national heroes hierarchy, and had allegedly fought "for the liberation of Macedonia from the Turks", his actions during this period show the opposite. The means and methods of his actions in the Kostur (Kastoria) Eparchy can best be seen through the elimination of Lazar Pop Trajkov. Through this whole incident, from the moment the Bishop offered a reward for the killing of Pop Trajkov and the morbidity of his decapitation by the Bishop's collaborators, up to the arrival of the Macedonian revolutionary's head at the building of the Kostur (Kastoria) Eparchy and its handing over to the Ottoman authorities, Karavangelis' activities were completely exposed. According to the Bishop, Pop Trajkov's only "sin" was his fight for freedom and the gaining of Macedonian statehood. In his fight against MRO, Karavangelis made a widely spread spy network, made of his

collaborators and renegades who were financially rewarded for their loyalty, or got monthly payments. Another thing high on his agenda was the collaboration with the local Ottoman authorities, which he used in any way possible against the Macedonian national liberation movement. From all of this, the question about how the activity of the Bishop helped in “the liberation of Macedonia from the Turks”, when he collaborated with those who he was supposed to fight against, is inevitable?!

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ


Андерсон Бенедикт, *Замислени заедници*, Скопје, 1998.

АО ИНИ, Статица, Леринско, Хр.IV.47.

АО ИНИ, Дреновени, Костурско, Хр.IV.89.

Архив на Македонија, *Турски документи за Илинденското востание*, Скопје, 1993.

*Απομνημονευματα Καπεταν Φιλοτα; Ανθυπιλαρχου Φιλολλου Πηχεων*, αριθ. ειχ. 17346, Επιμελεια Αναστασιου Πηχιων.

Битоски Крсте, *Дејноста на Пелагонискатa митрополија (1878–1912); Грчки религиозно-просветни и вооружени акции*, Скопје, 1968.

Битовски Крсте, *Македонија и Кнежевството Бугарија (1893–1903)*, Скопје, 1977.

Битоски Крсте, *Македонија во време на Големата источна криза (1875–1881)*, Скопје, 1982.

Битовски Крсте, *Солунските атентати 1903,* Скопје, 1985.

Битовски Крсте, *Континуитетот на македонските националноослободителните борби во XIX и почетокот на XX век*, Скопје, 1998.

Битовски Крсте, *Грчката „Македонска борба"*, Скопје, 2001.

Битовски Крсте, „Преглед на историјата на Грција во XIX и почетокот на XX век"*, Педагошки завод на Македонија*, Скопје, 1992.

Битовски Крсте, „Некои аспекти на илинденските националноослободителни борби*", Сојуз на историчарите на Република Македонија; Историја*, Скопје, г. XXXIX, 2003.

Битоски Крсте, „Прилог кон прашањето за бројот и националниот состав на населението во Македонија во почетокот на XX век", *Гласник на Институтот за национална историја,* Скопје, г. XXVI, бр. 1, 1982.

Битоски Крсте, „Костурско во револуционерно-ослободителните борби на Македонија во втората половина на XIX и почеток на XX век", *Гласник на Институтот за национална историја*, Скопје, г. XXX, бр. 1-2, 1986.

Битоски Крсте, „Костурско во револуционерно-ослободителните борби на Македонија во втората половина на XIX и почеток на XX век", *Гласник на Институтот за национална историја,* Скопје, г. XXIX, бр. 3, стр. 1985.

Битовски Крсте, „Ставот на Кралството Грција кон Македонија и кон македонската револуционерна организаицја", *Прилози за Илинден 1978 II*, Скопје 1979.

Браун Кит, *Верни до смрт: Довербата и теророт во револуционерна Македонија*, Скопје, 2014.

Брејлсфорд Хенри Ноел, *Македонија; Нејзините народи и нејзината иднина*, Скопје, 2003.

Βακαλοπουλος Α. Κωνσταντινος, *Νεοελληνικη ιστορια (1204-1940)*, Θεσσαλονικη, 1990.

Βακαλόπουλος Α. Κωνσταντίνος Α, *Ο Βόρειος Ελληνισμός κατά την πρώϊμη φάση του Μακεδονικού Αγώνα (1878–1894); Απομνημονεύματα Αναστασίου Πηχεώνα*, Θεσσαλονικη, 1983.

Βακαλοπουλου Ε. Αποστολου, *Ο μακεδονικος αγωνας (1904–1908) ως κορυφαια φαση των αγωνων των Ελληνων για τη Μακεδονια*, Θεσσαλονικη, 1985.

Βακαλόπουλος Α. Κωνσταντίνος, „Το πολιτικό καθεστώς του ελληνισμού της Μακεδονίας στις παραμονές του Μακεδονικού Αγώνα (1904–1908)“*, Ο Μακεδονικός αγώνας: Συμπόσιο (1984)*, Θεσσαλονικη, 1987.

Βλάχου Νικολάου, *Το μακεδονικόν ως φάσις του ανατολικού ζητήματος*, Αθήναι, 1935.

Βουρη Σοφια, *Εκπαιδευση και εθνικοσμος στα Βαλκανια; Η περιπτωση της βορειοδυτικης Μακεδονιας 1870-1904*, Αθηνα, 1992.

Βουρη Σοφια, *Πηγες για την ιστορια της Μακεδονιας; Εκκλησια και κρατος 1889-1905*, Αθηνα, 1999.

Георгиев Величко, Трифонов Стайко, *Гръцката и сръбската пропаганди в Македония; Краят на XIX – началото на XX век,* София, 1995.

Георгиев Величко, Трифонов Стайко, *История на Българите 1878–1944 в документи*, Том I, 1878–1912, част втора, София, 1996.

Gallon Silvano, *Rapporti politici dei regi consoli d'Italia a Monastir (1895–1916)*, Bitola, 2004.

Γούναρης Βασίλης, *Τα γεγονότα του 1903 στη Μακεδονία μέσα από την ευρωπαϊκή διπλωματική αλληλογραφία*, Θεσσαλονικη, 1993.

Γουναρης Κ. Βασιλης, *Φθινοπωρο του 1904 στη Μακεδονια – Το ανεκδοτο ημερολογιο του μακεδονομαχου Ευθυμιου Καουδη*, ΜΜΑ, Θεσσαλονικη, 1992.

Даскалов Георги, *Българите в Егейска Македония: мит или реалност*, София, 1996.

Димески Димитар, *Македонското национално ослободително движење во битолскиот вилает (1893–1903)*, Скопје, 1981

Димески Димитар, „Македонската револуционерно ослободително движење (1893–1903)“, *Зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“* – Скопје, 1993.

*Дневници и спомени за Българската история; Дневници и спомени за илинденско-преображенското въстание*, София, 1984.

*Дневникот на војводата Васил Чакаларов*, Скопје, 2007.

Дракул Симон, *Македонија меѓу автономијата и дележот; Зборник руска дипломатска документација, 1894–1913*, Том I, Куманово, 1995.

Дракул Симон, *Македонија меѓу автономијата и дележот; Зборник руска дипломатска документација, 1894–1913*, Том II, Куманово, 1996.

Државен архив на Република Македонија, *Британски документи за историјата на Македонија (1901–1904)*, Том VI, Скопје, 2012.

Δέλτα Πηνελόπη, *Ελευθέριος Κ. Βενιζέλος*, Αθηνα, 1988.

Δικωνυμος Γ. – Μακρης, *Ο Μακεδονικος Αγων, απομνημονευματα*, ΙΜΧΑ, Θεσσαλονικη, 1959.

Δραγουμης Στεφανος (Γνασιου Μακεδονου), *Μακεδονικη κρισις; Η τουρκικη διακοινωσις και διακοινωσις των δυο 1904–1907*, εν Αθηναις, 1907.

Δραγουμης Ιωνος, *Τα Τετραδια του Ιλιντεν*, Γιωργος Πετσιβας, Αθηνα, 2000.

Ѓорѓиев Ванчо, *Подземната република; Дамјан Груев и македонското револуционерно движење*, Скопје, 2010

Ѓорѓиев Ванчо, *ВМРО 1893–1903; преглед низ документи*, Скопје, 2013.

Ѓорѓиев Ванчо, „Солунската провала на ТМОРО во 1901 година (Повод: 110 години од настанот)", *Гласник*, Скопје, 2011, стр. 105–117.

εφ. Ελευθεροτυπια, 7.7.2002.

Жила Ленина, „Детерминација на Балканските војни од гледна точка на сфаќањата за 'животоспособност' на државите", *100 години од Балканските војни; прилози од научниот собир одржан на 3–4 декември 2012 година*, МАНУ, Скопје, 2013.

Жежов Никола, *Васил Чакаларов*, Скопје, 2014.

*Загоричани, Споменй по случаи 25 годишнината отъ клането извршено отъ гръцкитеъ андарти презь 1905 година*, София, 1930.

*Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници во Македонија*, превод, редакција и коментар Данчо Зографски, ИНИ, Скопје, 1955.

*Извадки од „моето тефтерче" или Дневникьт не един комита – Лазар Киселинчев, Дневник на костурския воивода Лазар Киселинчев 1903 – Югозападна Македония – 1905*, сьбрал, сьставил и коментирал Христофор Тзавела, София, 2003.

*Из архива на Гоце Делчев. Задграничното представителство на ВМРО в София до края на 1902 г.*, София, 2003.

*Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополите и училишни инспектори во Македонија*, ИНИ, Скопје, 1954.

*Илинденско-преображенското вьстание 1903–1968*, София, 1968.

*Илинден во француските дипломатски документи*, Архив на Македонија, Скопје, 1993.

*Историја на македонскиот народ*, том 3, Скопје, 2003.

Јовановски Далибор, *Грчката балканска политика и Македонија (1830–1881 год.)*, Скопје, 2005.

Јовановски Далибор, „Грчките реакции за илинденското востание", *Годишен зборник на Филозофски факултет*, кн.65, Скопје, 2012.

Каракасиду Анастасија, *Полиња жито, ридишта крв*, Скопје, 2002.

Каракасиду Анастасија, „Протокол и парада: Како се славаше нацијата во северна Грција", Марк Мазовер, *Откако војната заврши*, Скопје, 2007.

Каравангелис Германос, *Македонската борба (мемоари)*, превод Васко Караџа, Скопје, 2000.

Кар Халет Едвард, *Што е историјата?*, Скопје, 1990.

Катарџиев Иван, *Борба до победа, Пирин се буди*, Том I, Скопје, 1983.

Колг Ричард, *Историја Грчке новог доба,* Београд, 2000.

Константинова Юра, *Балканската политика на Грция в края на XIX и началото на XX век,* София, 2008.

Константинова Юра, *Бьлгари и Гьрци в борба за османското наследство*, Фабер, 2014.

Кънчов Васил, *Орохидрография на Македония*, Пловдивь, 1911.

Кънчов Васил, *Македония, Етнография и Статистика*, София, 1900.

Кузмановь Стойче, „Гоце Дъелчевь вь с. Загоричани“, *Илюстрация Илиндень*, София, септемврий-октомврий 1933.

Kaliakatsos Michalis, „Ion Dragoumis and 'Machiaveli': Armed struggle, propaganda and hellenization in Macedonia and Thrace (1903-1908)", *Journal of Modern Greek Studies*, volume 31, number 1, may 2013.

Karakasidou Anastasia, „Politicizing culture: Negating ethnic identity in Greek Macedonia“, *Journal of modern greek studies*, 1993.

Katsiadakis Gardikas Helen, *Greece and the Balkan imbroglio: Greek foreign policy*, Athens, 1995.

Karpat Kemal, „Millets and nationality: the roots of the incongruity of nation and state in the post-ottoman era“, *Christians and Jews in Ottoman Empire: The functioning of a plural society*, New York, London, 1982.

Koliopoulos S. John, Veremis M. Thanos, *Modern Greece: A History since 1821*, 2009.

Καραθανασης Ε. Αθανασιος, „Τα απομνημονευματα του Μακεδονικου αγωνα. Μια πρωτη προσεγγιση και καταγραφη“, *Ο μακεδονικος αγωνας; Συμποσιο, Θεσσαλονικη – Φλωρινα – Καστορια – Εδεσσα, 28 οκτωμβριου – 2 νοεμβριου 1984*, Θεσσαλονικη, 1987.

Κοεμτζοπουλου Γ. Ν., *Καπεταν Κωττας; Ο πρωτος μακεδονομαχος*, Αθηναι, 1968.

Κωστόπουλος Τάσος, Ψαρρά Αντα, Ψαρράς Δημήτρης, „Οι κομιτατζήδες των Αθηνών“, *Εφημερίδα των Συντακτών*, Αθηνα, 25.8.2013.

Κωφός Ευάγγελος, *Μακεδονία, 4000 χρόνια Ελληνικής Ιστορίας και Πολιτισμού*, Αθηνα, 1982.

Лапе Љубен, „Селото и градот во Македонија од крајот на XVIII век и почетокот на XIX век“, *Историја*, број 1, Скопје, 1973.

Литоксоу Димитрис, *Грчката антимакедонска борба I; Од Илинден до Загоричани (1903–1905)*, превод Васко Караџа, Скопје, 2004.

Лозанчев Анастас, *Илинденското востание*, Скопје, 2003.

Livanios Dimitrios, „Conquering the souls: nationalism and greek guerrrilla warfare in Ottoman Macedonia, 1904-1908“, *Byzantine and Modern Greek Studies*, vol.23, 1999.

Λιθοξόου Δημήτρης, *Μειονοτικά ζητήματα και εθνική συνείδηση στην Ελλάδα – Ατασθαλίες της ελληνικής ιστοριογραφίας*, Λεβιάθαν, Αθήνα, 1992.

Љоровски Вамваковски Димитар, „Создавање на грчката нација-држава: градење на националниот мит“, *ГИНИ*, Скопје, 2014.

Љоровски Вамваковски Димитар, „Грчката мегали идеја и османлиска Македонија: појава, дилеми и флуктации“, *ГИНИ*, бр.1-2, Скопје, 2013.

Љоровски Вамваковски Димитар, „Грчката политика кон османлиска Македонија (1900-1903): Период на реорганизација и дуализам“, *Историја*, Скопје, 2014.

Љоровски Вамваковски Димитар, „Ослободувањето на Клисура и Невеска во текот на Илинденското востание“, *ГИНИ*, Скопје, 2009.

Мазовер Марк, *Балканот: кратка историја*, Скопје, 2003.

*Македония и Одринско (1893–1903). Мемоар на Вътрешната организация*, 1904.

*Македонски дневник; Спомени на отец Трпо Поповски*, София, 2006.

*Материяли за историята на македонското освободително движение; Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.), По спомени на Иванъ Попов, Смиле Воидановъ, Деянъ Димитровъ и Никола Митревъ,* София, 1926.

*Материали изъ миналото на костурско, Революционното движение въ костурско; спомени отъ М. Николовъ*, София, 1937.

*Материали изъ миналото на костурско, Черковно училищната борба (1868–1903 г.); Спомени на свещ. Златко Каратанасовъ*, София, 1937.

Минов Никола, *Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860–1903)*, Скопје, 2013.

Митрова Македонка, *Кралството Србија и османлиска Македонија (1903–1913): политика на интервенција*, Скопје, 2012.

Маркεζινη Σπ. Β., *Πολιτικη ιστορια της νεωτερας Ελλαδος 1828–1964*, Ατηναι, 1966.

Μαζαράκης Αινιάν Ιωάννης Κ., *Ο Μακεδονικός Αγώνας*, Αθήνα, 1981.

Μελα Νaταλια, *Παυλος Μελας*, Αθηνα, 1926.

Μουσειο μακεδονικου αγωνα, *Οι απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903-1904); 100 εγγραφα απο το Αρχειο του Υπουργειου των Εξωτερικων της Ελλαδος*, Θεσσαλονικη, 1996.

Μουσειο Μακεδονικου αγωνα, *Φθινοπωρο του 1904 στην Μακεδονια; Το ανεκδοτο ημερολογιο του Μακεδονομαχου Ευθυμιου Καουδη*, Θεσσαλονικη, 1992.

Μοδης Γ. Χ., *Μακεδονικος αγων και μακεδονικες αρχηγοι*, Θεσσαλονικη, 1950.

Μοδης Γ. Χ., *Ο Μακεδονικος αγων και η νεωτερη μακεδονικη ιστορια*, Θεσσαλονικη, 2007.

Орвел Џорџ, *Во чест на Каталонија*, Скопје, 2014.

*Ο Μακεδονικος αγων και εις Θρακην γεγονοτα,* Γενικον επιτελειον στρατου; Διευθυνσις ιστοριας στρατου, Αθηνα, 1979.

*Ο μακεδονικος αγωνας, Απομνημονευματα Π. Αργυροπουλος, Α. Ζαννας, Κ. Μαζαρακης – Αινιαν, Α. Σουλιωτης – Νικολαιδης, Ναουμ Σπανος, Β. Σταυροπουλος,* Θεσσαλονικη, 1984.

Павловић Стеван, *Историја Балкана*, Београд, 2001.

Пандев Константин, *Националноосвободително движение в Македония и Одринско ( 1878–1903)*, София, 1979.

Пандевски Манол*, Националното прашање во македонското ослободително* движење (1893–1903), Скопје, 1974.

Пандевски Манол, *Јане Сандански и мис Стон*, Скопје, 1992.

Пандевски Манол, *Илинденското востание во Македонија 1903*, Скопје, 1978.

Пандевски Манол, *Македонија и Македонците во годините на Источната криза 1876–1878*, Скопје, 1978.

Пандевски Манол, *Македонското ослободително дело во XIX и XX век,* том петти, Скопје, 1986.

Пандевски Манол, „Преродбенското движење во Струмичко до 70-тите години на XIX век“, *Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата*, МАНУ, Скопје, 1968.

Пандевски Манол, „Безизлезите на османската власт во Македонија спроти Илинденското востание во 1903 година“, *Македонија на Балканот XIV–XX: историски координати*, Скопје, 1990,

Пандевски Манол, „Македонската револуционерна организација меѓу 1893–1918 – формирање и развиток“, *Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание,* Скопје, 1994.

Пандевска Марија, *Струмичкиот револуционерен округ (1893–1903)*, Скопје, 2002.
Пандевска Марија, *Присилните миграции во Македонија 1875–1881*, Скопје, 1993.
Пандевска Марија, „Периодизация великого восточного кризиса (1875–1881)", *Балканот и Русија: општото и специфичното во историскиот и културниот развиток*, Институт за национална историја и Институт за славистика при РАН, Скопје, 2010.
Пандевска Марија, „На патот кон Илинден: формирањето и активностите на првата чета на ТМОРО", *Гласник*, Скопје, 2003, 63–75.
Петров Тодор, *Нелегалната армия на ВМРО в Македония и Одринско (1899–1908)*, ЕООД, 2002.
Поплазаров Ристо, *Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век*, Скопје, 1973.
Поп Трајков Лазар, *Локвата и Вињари*, Матица Македонска, Скопје, 1993.
Попхристов Георги, Р*еволюционата борба във битолския округ*, София, 1933.
Pandevska Marija, „The term Macedonian(s) in Ottoman Macedonia: on the map and in the mind", *Nationalities papers*, The Journal of Nationalism and Ethnicity, A publication of the Association for the Study of Nationalities , Volume 40, Issue 5, 747–766, 2012.
Putinja Filip, Zoslin, Stref-Fenar, *Teorije o etnicitetu*, Beograd, 1997.
Παξιμαδοπουλου-Σταυρινου Μιραντα, *Η διπλωματια των Δυναμεων και οι μεταρυθμισεις στη Μακεδονια, 1903–1904*, Αθηνα, 2009.
Παπαρρηγοπουλου Κονστ., *Ιστορια του ελληνικου εθνους; Συμπληρωμα, απο της μετα του Ελληνικου βασιλειου ενωσεως Θεσσαλιας και Ηπειρου (1881) μεχρι του 1930*, Αθηνα, 1932.
Πετσίβας Γιώργος, *Ιωάννης Καραβίτης, Ο μακεδονικός αγών, απομνημονεύματα, εκδόσεις Πετσίβα*, τ. Α, Αθηνα, 1994.
Силјанов Христо, *Ослободителните борби на Македонија*, Том I, Скопје, 2003.
Силјанов Христо, *Ослободителните борби на Македонија,* Том II, Скопје, 2004.
Силянов Христо, *Писма и изповеди на еден четник; Спомени од Странджа; Од Витоша до Грамос*, София, 1984.
Симеоновь Анастась, *Мокрени (моето родно село)*, Варна, 1931.
Сьюз на македонските емигрантски организации в България, *Мемоар от Костурско-Леринско-Кайлярската емиграция в София*, София, 1913.
*Спомени на Ѓорче Петров*, Скопје, 1950.
*Спомени: С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров*, Култура, Скопје, 1997.
*Спомени на Анастас Янков, маиор Димитър Думбулаков, поручик Борис Сарафов, инж. Христо Станишев, Георги Белев, Коста Шахов*, София, 2003.
Стр. Раз., „Из споменить на Марко Ивановь", *Сб. Илинден*, София, 1922.
Стојановски Страшко, *Од милет до нација; Создавање на нациите и национализмите на Балканот*, Штип, 2016.
Στάϊκος Μιχαήλ, „Η συμβολή του μητροπολίτη Καστοριάς Γερμανού Καραβαγγέλη στον μακεδονικό αγώνα", *Εταιρεία Μακεδονικών Σπουδών, „Μακεδονικός αγών: εκατό χρόνια από τον θάνατο του Παύλου Μελά", επιστημονικό συνέδριο*, Θεσσαλονίκη, 2004.

Σβολοπουλος Κωνσταντίνος, „Η αποφαση για την οργανωση του ενοπλου αγωνα“, *Ο μακεδονικος αγωνας; Συμποσιο, Θεσσαλονικη – Φλωρινα – Καστορια – Εδεσσα, 28 οκτωμβριου – 2 νοεμβριου 1984*, Θεσσαλονικη, 1987.

Татарчев д-р Христо, *Спомени, документи, материали*, София, 1989.

Трајановски Александар, *Црковно-училишните општини во Македонија,* Скопје, 1988.

Трајановски Александар, *Пандо Кљашев – Пандето (1882–1907)*, Скопје, 2014.

Трайкова Весела, „Наченки на андарското дело в Македония – Каравангелис, Јон Драгумис и десетината Критяни“, *Македонски научен институт; Преглед*, София, г. XXIV, 2001.

*Турски документи за оружените борби во Македонија 1903–1908*, ДАРМ, Скопје, 2007.

*Турски документи за илинденското востание од султанскиот фонд „Јилд’з“*, Архив на Македонија и Матица македонска, Скопје, 1997.

Успенски Фјодор И., *Источно питање*, Београд, 2003.

Хобсбаум Ерик, *Нациите и национализмот по 1870. Програма, мит, стварност*. Скопје, 1993.

Хрох Мирослав, *Општествени предуслови за националната преродба во Европа; Компаративна анализа на општествениот состав на патриотските групи кај помалите европски нации*, Скопје, 2014.

Hart Kain Laurie, „Culture, civilization, and demarcation at the northwest borders of Greece“, *American ethnologist*, 26(1), 1999.

Χοτζιδης Αγγελος Α., *Ευθυμιος Καουδης, Ενας κρητικος αγωνιζεται για τη Μακεδονια: Απομνημονευματα (1903-1907)*, Μουσειο Μακεδονικου Αγωνα, Θεσσαλονικη, 1996.

Clogg Richard, „The Greek Millet in the Ottoman Empire“, *Christians and Jews in the Ottoman Empire: The Functioning of a Plural Society*, New York and London, 1982.

Шнапер Доминик, *Заедница на граѓани: кон модерната идеја за нацијата*, Скопје, 2003.